ФЈОДОР М. ДОСТОЕВСКИ

ЗАПИСИ ОД МРТВИОТ ДОМ

ФЈОДОР М. ДОСТОЕВСКИ

ЗАПИСИ ОД МРТВИОТ ДОМ

Наслов на оригиналот

Ф. М. ДОСТОЕВСКИЙ
ЗАПИСКИ ИЗ
МЕРТВОГО ДОМА

Превел од руски
ЦВЕТКО МАРТИНОВСКИ

Лектура и коректура
ЛИЗА ВАРСОВА
ЕЛИСАВЕТА ВЕЖАНОВСКА

Ликовно обликување
ВОЈА МИЛИЌ

Уредувачки одбор
ВАСКО АНАСТАСОВ
СЛАВКО ЈАНЕВСКИ, претседател
БОЖИН ПАВЛОВСКИ
БРАНКО ПЕНДОВСКИ
ДУШКО ЦРВЕНКОВСКИ

Печат
Графички завод
„ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"
Скопје

Ф. М. ДОСТОЕВСКИ

ЗАПИСИ ОД МРТВИОТ ДОМ

МИСЛА
МАКЕДОНСКА КНИГА
НАША КНИГА
КУЛТУРА
1980

У В О Д

Во оддалечените краишта на Сибир, сред степите, планините и непреодните шуми, понекогаш се среќаваат мали гратчиња, со една, најмногу две илјади жители; неугледни, со дрвени куќарки, со по две цркви — една во градот, другата на гробишта — гратчиња што повеќе прилегаат на добро крајмосковско село одошто на град. Обично тие се исполнети сосем достатно со полицајци, судии и секакви други помали чиновници. Во Сибир воопшто без оглед на студот, на тие што служат им е необично топло. Луѓето што живеат таму се едноставни, нелиберални; обичаите се стари, утврдени, закрепени со векови. Чиновниците, што со право имаат ролја на сибирско племство, се или тамошни, вкоренети Сибирци, или дојденци од Русија, во поголем дел од столниците, примамени со даваната поголема плата, двојна патнина и соблазнивите надежи за иднината. Оние од нив што умеат да ја разрешат гатанката на животот речиси секогаш остануваат во Сибир и со задоволство се вкоренуваат таму. Потем тие принесуваат богати и благи плодови. Но на другите, лекомислени луѓе што не умеат да ја решат гатанката на животот, скоро им додева Сибир, и тие со тага се прашуваат: „Зошто дошле таму?“ Нестрпливо го отслужуваат својот законски рок на служба, три години, и по неговото поминување, уште веднаш бараат преместување и се враќаат дома, карајќи и исмејувајќи го Сибир. Тие не се прави: не само службено, туку и во многу други односи, во Сибир може среќно да се по-

минува. Климата е превосходна, има мошне многу богати и гостољубиви трговци; многу вонредно достојни инородци. Девојките цутат како трендафили и се морални сосем до крајност. Дивеч има на секоја стапка и сам му се вовира во торбата на ловцијата. Шампањ се пие прекумера многу. Ајварот е прекрасен. Во поодделни места се раѓа по петнаестократно повеќе жито од засеаното . . . Воопшто, земјата е благословена. Треба само да се умее да се користи. Во Сибир умеат да се користат од неа.

Во едно од таквите пријатни и задоволни со себе гратчиња, со најмилозливо население, споменот за кого останува неизбришлив во моето срце, го запознав Александра Петровича Горјанчиков, населеник што во Русија бил роден како благородник и поседник, а потоа станал престапник — осуденик од втор степен, поради убиство на жена си и, кој по одлежувањето на определениот од законот десетгодишен рок на одлежување, кротко и нечујно го доживуваше својот век како населеник во градот К. Нему заправо му било одредено да живее во една општина близу до градот, но живееше во него, имајќи можност да добива барем некаква вадачка од поучување на деца. Во сибирските градови често се среќаваат учители, што се испратени во прогонство, населениците ним не им вртат грб. Тие предимно предаваат француски јазик, толку неолходен во животот и за кого, да не беа тие, во оддалечените краишта на Сибир не ќе имаа ни претстава. За првпат го сретнав Александар Петрович во куќата на еден старински, заслужен и гостоприемен чиновник, Иван Иванич Гвоздиков, којшто имаше пет ќерки на различна возраст, што ветуваа прекрасни надежи. Александар Петрович им предаваше по четири часови во неделата, за по триесет сребрени копејќи на час. Неговата надворешност ме заинтересира. Беше необично блед и слабунест човек, уште млад, на триесет и пет години, мал и слабичок. Секогаш беше облечен мошне чисто, по европски. Ако заприкажевте со него, тој ве гледаше не мигнувајќи и необично внимателно, со строга учтивост ќе го ис-

лушаше секој ваш збор, како божем задумувајќи се за него, како божем вие со вашето прашање да сте му поставиле задача или сакате да научите од него некаква тајна и, најпосле, ќе ви одговореше јасно и кусо, премерувајќи го секој збор од својот одговор, така што вам наеднаш којзнае зошто ќе ви станеше неудобно и вие, на крајот, сами ќе се радувавте од завршувањето на разговорот. Јас уште тогаш го распрашав Иван Иванич за него и научив дека Горјанчиков живее беспрекорно и морално и дека Иван Иванич не би го повикал да им предава на неговите ќерки, но дека тој е страшно недружељубив; од сите се крие, вонредно е учен, многу чита, но зборува сосем малку и дека воопшто со него може мошне тешко да се разговара. Други тврдеа дека тој навистина е поместен со умот, иако наоѓаа дека тоа всушност уште не е така голем недостаток; дека мнозина од почитаните членови на градот се готовни на секаков начин да му сторат пријатност на Александар Петрович, дека тој би можел дури да биде полезен, да пишува молби и др. Претпоставуваа дека тој во Русија бездруго има добри роднини, можеби дури и видни луѓе, но знаеја дека тој уште со своето протерување во прогонство упорно ги прекинал сите односи со нив — со еден збор, сам себеси напакостил. Покрај тоа сите кај нас ја знаеја неговата историја, знаеја дека тој ја убил жена си уште во првата година на своето сопружништво, ја убил од љубомора и самиот им се пријавил на властите (коешто многу му ја олеснило казната). На такви ете злосторства секогаш гледаат како на несреќи и ги сожалуваат. Но без оглед на сето тоа, чудаков упорно ги избегнуваше сите и се јавуваше сред луѓето само кога предаваше часови.

Јас отпрвин не му обрнував особено внимание, но, не знаејќи самиот зошто, тој лека-полека почна да ме интересира. Имаше во него нешто загадочно. Немаше ни најмала можност човек да заприкаже со него. Се разбира, на моите прашања тој секогаш одговараше и дури со таков изглед, како божем да го

сметаше тоа за своја првенствена должност; но, по неговите одговори, мене некако ми дотежнуваше да го распрашувам понатака; па и на неговото лице секогаш по таквите разговори се огледуваше некакво страдање и замореност. Паметам, една прекрасна летна вечер јас и тој се враќавме откај Ивана Иванича. Наеднаш мене ми дојде на ум да го поканам за малку кај себе да испушиме по една цигара. Не можам да опишам колкав ужас се изрази на неговото лице; тој сосем се збрка, почна да мрмори несврзани зборови и наеднаш откако ме погледна злобно, се впушти да бега во спротивна страна. Јас дури се зачудив. Оттогаш, сретнувајќи се со мене, тој ме гледаше како божем некако исплашено. Но јас не се смирив, мене нешто ме привлечуваше кон него и еден месец подоцна јас, ни пет ни шест, самиот наминав кај Горјанчиков. Се разбира, јас постапив глупаво и неделикатно. Тој живееше на самиот крај на градот, кај некоја тамошна старица, чија ќерка беше болна од офтика, а којашто пак имаше вонбрачна ќерка, од десетина години, убавко и веселкаво девојченце. Во тој миг, кога влегов во одајата, Александар Петрович седеше со неа и ја учеше да чита. Штом ме виде, тој толку се збрка, како божем да сум го фатил во некаков престап. Тој сосема се изгуби од ум, скокна од столот и се зацари во мене со ококоравени очи. Ние, најпосле, седнавме, тој внимателно го следеше секој мој поглед, како божем да имаше сомнение дека во секој од нив има особена таинствена смисла? Јас се сетив дека тој до побркување е измачуван од сомнение. Тој ме гледаше со омраза, одвај само што не прашува: „Па ќе си одиш ли скоро оттука?“ Јас заприкажав со него за нашето гратче, за дневните новости; тој премолчуваше и злобно се насмевнуваше; се покажа дека тој не само што не ги знае најобичните, познати на сите градски новости, туку дури и не сака ни да ги знае. Потоа заприкажав за нашиот крај, за неговите потреби; тој ме слушаше молкум и толку чудно ме гледаше в очи, така што мене најпосле ми стана срамно од нашиот разговор. Меѓутоа, јас за малку само што не го раздразнив со

новите книги и списанија; тие ми беа в раце, тукушто добиени од пошта, јас му ги предложував уште нерасечени. Тој ги погледна желно, но уште веднаш ја промени намерата и не сакаше да ги прими изговарајќи се со немање време. Најпосле, јас се поздравив со него, и, излезен откај него, почувствував како ми спаднала од срце некаква неподнослива тежина. Ми беше срам и ми се стори премногу глупаво да му се натурам на човек, којшто заправо си поставува како главна своја задача — колку што е можно повеќе да се скрие од сиот свет, но стореното беше сторено. Паметам дека јас не забележив речиси никакви книги и, бездруго, не било вистина што зборуваа за него дека тој многу чита. Сепак, поминувајќи еден-двапати многу доцна ноќе покрај неговото живеалиште, јас забележив дека неговите прозорци се осветлени. Што ли работеше тој, пробдејувајќи до зора? Да не пишуваше? А ако пишуваше, што заправо?

Околностите ме оддалечија за три месеци од нашето гратче. Кога веќе зимата се вратив дома, јас научив дека Александар Петрович есента умрел, умрел самотен и дури ни еднаш не повикал лекар. За него беа веќе речиси заборавиле во гратчето. Неговото живеалиште беше останато празно. Јас незабавно се запознав со стопанката на покојникот намерувајќи да узнам од неа: со што всушност се занимавал нејзиниот кирација и да не пишувал тој нешто? За двогривеник[1]) таа ми донесе цел куп хартии, што ги оставил покојникот. Старицата си призна дека две тетратки таа веќе ги искинала. Таа беше намуртена и молчалива жена, од која беше тешко да се научи што и да е од вредност. За својот кирација таа не можеше да ми расправи ништо особено ново. Спрема нејзиното кажување, тој речиси никогаш ништо не работел и по цели месеци не отворал книга и не земал перо в рака; затоа пак по цели ноќи чекорел горе-долу низ одајата и сè нешто мислел, а понекогаш и зборувал сам со себе; дека тој многу ја засакал и мошне ја милувал нејзината внучка, особено оттогаш

[1]) Гривеник — пара од 20 копејки.

кога се научил дека ја викаат Катја, и дека на денот на св. Катарина секогаш одел да одржи помен за некого. Не можел да трпи гости; излегувал од дома само за да држи часови; ја гледал напреку дури и неа, старицата, кога таа, еднаш во неделата, доаѓала барем малку да му ја суреди одајата, и речиси никогаш, цели три години не ѝ прозборил ни еден збор. Ја прашав Катја: го памети ли својот учител? Таа молкум ме погледна, се сврте кон ѕидот и заплака. Значи, тој човек можел барем некого да го натера да го сака.

Јас ги зедов неговите хартии и цел ден ги прегледував. Три четвртини од тие хартии беа празни, безначајни парчиња или ученички вежбања со грешки. Но тука имаше една тетратка, доволно дебелкава, ситно испишана и недовршена, зафрлена, можеби и заборавена од самиот автор. Во неа, иако несврзано, беше опишан десетгодишниот живот на робија, преживеан од Александар Петрович. На некои места тоа опишување се прекинуваше со некаква друга повест, некакви чудни ужасни сеќавања, нафрлани нервно, грчовито, како божем по некаква принуденост. Јас неколкупати ги препрочитував тие одломки и речиси се убедив дека тие се пишувани во лудило. Но записките од робијата — „Сцени од Мртвиот дом“ — како што самиот тој некаде во ракописот ги наречува, ми се сторија не сосем без интерес. Сосем нов свет, досега непознат, чудноста на поодделни факти, некои особени забелешки за пропаднатите луѓе, ме вовлекоа, и јас понешто прочитав со љубопитство. Се разбира, јас може да грешам. За обид, избирам отпрвин две-три глави; нека проценат читателите.

I

МРТВИОТ ДОМ

Нашиот затвор се наоѓаше на крајот од тврдината, крај самата тврдинска ѕидина. Се случуваше, ќе погледнеш низ дупките од оградата на божјиот свет: нема ли да видиш барем нешто? — и ќе видиш само крајче од небото и високиот земјен насип, обраснат со троскот, а напред-назад по насипот, дење и ноќе чекорат стражарите; и веднаш помислуваш дека ќе поминат цели години, а ти токму исто така ќе пријдеш да погледнеш низ дупките на оградата и ќе го видиш истиот тој насип, исто такви стражари, и исто тоа мало крајче од небото, не тоа небо, што е над затворот, а друго, далечно, слободно небо. Претставете си голем двор, во должина од околу двесте и широк стопедесетина чекори, сиот обграден наоколу, во вид на неправилен шестоаголник, со високи колци, то ест ограда од високи столбови, вкопани исправено длабоко во земјата, цврсто прибиени еден до друг со попречни штици и заострени на врвот: ете ја надворешната затворска ограда. На едната страна од оградата е направена јака порта, секогаш затворена, секогаш, дење и ноќе вардена од стражари; неа ја отвораат по потреба, кога се оди на работа. Зад таа врата беше светлиот, слободен свет, живееја луѓе како и сите. Но од оваа страна на оградата за тој свет си замислуваа како за незбидлива сказна. Тука беше свој посебен свет, што не прилегаше на ништо повеќе, тука владееја свои посебни закони, свои костими, свои

направи и обичаи, и наживоѓи—мртвиот дом, живот што не прилега на кој и да е, и луѓе особени, ете токму тоа особено катче јас и се зафаќам да го опишувам.

Кога ќе влезете во оградениот двор, — внатре ќе видите неколку згради. — По обете страни на широкиот внатрешен двор се простираат две долги еднокатни дрвени згради. Тоа се касарните. Тука живеат осудениците, распоредени според степенот на казната. Потоа, во длабочината на оградата, се издига уште една исто таква дрвена зграда: тоа е кујната, разделена на два артели[2]); уште понатака е уште една зграда, под чиј покрив се наоѓаат заедно визбите, амбарите, шупите. Дворот во средина е празен и претставува рамен, доволно голем мегдан. Тука се постројуваат осудениците, се прави проверка и прозивка изутрина, напладне и навечер, понекогаш и по неколкупати на ден, — спрема тоа колку се сомневаат стражарите и нивната способност да бројат. Наоколу меѓу зградите и оградата, останува уште доста големо пространство. Тука, зад зградите, по некои од затворениците, со понедружељубив и помрачен карактер, љубат да се рашетуваат во неработно време, скриени од секаков поглед, да си ја думаат својата дума. Сретнувајќи се со нив во време на тие рашетки, јас љубев да се загледувам во нивните стуштени, муросани лица и да погодувам за што мислат тие. Имаше еден осуденик, што во слободното време љубеше да ги брои коловите од оградата. Тие беа илјада и петстотини и тој ги знаеше сите по број и белег. Секој кол нему му означуваше ден; секој ден тој одбројуваше по еден кол и по таков начин, по останатиот број на избројените колови, можеше нагледно да види уште колку дена му остануваат да лежи во затворот до крајот на казната. Тој искрено се радуваше кога ќе довршеше некоја страна на шестоаголникот. Тој требаше да чека уште многу години; но во затворот имаше време човек да се научи на стрпливост. Еднаш јас видов како со другарите се проштаваше еден осуденик, што од-

[2]) Артел — група луѓе, дружина, тајфа.

лежал дваесет години, и, најпосле, излегуваше на слобода. Имаше луѓе што пометеа кога тој влегол во затворот за првпат, млад, безгрижен, што не мисли ни за својот престап ни за својата казна. Тој излезе како побелен старец со намуртено и тажно лице. Молкум ги обиколи сите наши шест касарни. Влегувајќи во секоја касарна, тој се молеше пред иконите и потоа ниско, превиткан до половина, им се клањаше на другарите, молејќи им се да не го споменуваат по лошо. — Исто така паметам како еднаш го викнаа на врата еден осуденик, порано имашен сибирски селанец. Половина година пред тоа тој доби вест дека неговата бивша жена се премажила, и многу се сневесели. Сега самата таа дошла пред затворот, го извикала и го дарувала. Тие позбореа едно-две минути, обајцата поплакаа и се простија за навек. Јас го видов неговото лице, кога тој се враќаше во касарната... Да, на ова место можеше да се научи на трпение.

На стемнувањето, сите нас нè воведуваа во касарните, кај што и нè затвораа за саноќ. Мене секогаш ми беше тешко да се враќам однадвор внатре во нашата касарна. Таа беше долга, ниска и задушлива одаја, матно осветлена со лоени свеќи, со тешка, задушлива реа. Сега не разбирам како сум проживеал во неа десет години. Три штици ја претставуваа мојата постела, тоа беше сето мое место. На исто такви легла во нашата одаја беа сместени триесетмина. Зиме затвораа рано; требаше да се чека четири часови додека заспијат сите. А дотогаш — шум, врева, смеа, пцости, звецкање на окови, чад и саѓи, бричени глави, муросани лица, парталави облеки, сето нагрдено, оплукано... да, но јака душа има човекот! Човекот е суштество што навикнува на сè, и јас мислам, тоа е најубавото што му е определено.

Во затворот ние бевме сè на сè двестепедесетмина, — број речиси постојанен. Едни доаѓаа, други си ја одлежуваа казната и заминуваа, трети умираа... И какви ли не луѓе имаше тука? Јас мислам, секоја губернија, секоја област во Русија имаше тука свои претставници. Имаше и инородци, имаше дури

неколку кавкаски планинци пратени на прогонство. Сите се делеа според степенот на престапот, а според тоа по бројот на годините што требаше да ги одлежат за сторениот престап. Можно е да се претпостави дека нема таков престап што не би имал тука свој претставник. Главната маса на сето затворско население ја сочинуваа осуденици — прогонети од граѓански ред („силни“ — осуденици, како што наивно го изговараа тоа самите осуденици[3]). Тие беа престапници, сосем лишени од секакво граѓанско право на сопственост и положба, парчиња отсечени од општеството, со муросани лица за вечно сведетелство дека се отфрлени од општеството. Нив ги праќаа на работа на по осум до дванаесет години и потоа се распраќаа каде-годе по сибирските околии и општини како населеници. — Имаше престапници и од војската, што не беа лишени од правото на сопственост и положба, како и воопшто во руските воени осуденички чети. Тие беа праќани на мали рокови; по нивното одлежување тие се враќаа таму откај што беа дојдени, во војска, во сибирските гранични баталјони. Многумина од нив речиси уште веднаш се враќаа обратно во затворот за повторни тешки престапи, но веќе не на куси рокови туку на по дваесет години. Тие беа од такавиканото „вечно“ одделение. Но, „вечните“ сè уште не беа лишувани сосем од сите права на сопственост и положба. Најпосле, имаше уште еден посебен оддел на најстрашните престапници, предимно од војската, доста многуброен. Тоа се викаше „посебно одделение“. Во него се праќаа престапници од сета Русија. Тие самите се сметаа за вечни и не знаеја колку ќе лежат. Законски, нив требаше да им се удвои и утрои времето на работата. Нив ги држеа во затворот сè до почнувањето на најтешките робијашки работи во Сибир. „Вие за време — а ние ќе лежиме доживотно“, — им зборуваа тие на другите затвореници. Подоцна слушав дека тоа одделение е укинато. Освен тоа, во нашата тврдина е укинат и

[3]) Сильний — игра на зборови испратен на прогонство, сильный — силен.

цивилниот поредок, а установен еден општ воено-осуденички. Се разбира, заедно со тоа се смени и управата. Јас, значи, го опишувам минатото, работи што одамна биле и поминале . . .

Дамна беше тоа; сето тоа сега ми се привсенува, како насоне. Паметам како влегов јас во затворот. Тоа стана, една декемвриска вечер. Веќе се стемнуваше; луѓето се враќаа од работа; се готвеа за пребројување. Еден мустаклија подофицер ми ја отвори најпосле вратата од тој чуден дом, во кој јас требаше да поминам толку години, да поднесам толку такви чувства, за кои, без самиот да сум ги преживеал, не би можел да имам ни приближна претстава. На пример, јас никако не би можел да си замислам: што има страшно и мачно во тоа, што цели десет години од моето лежење во затворот ниеднаш, ниеден миг нема да бидам сам? На работа секогаш под стража, дома со двесте другари и ниеднаш, ниеднаш сам! Но, само на тоа ли требаше да се навикнам!

Имаше тука убијци без намера и убијци по занает, разбојници и главатари на разбојници. Имаше и такви што беа само измамници и скитници—мајстори во набавување на пари или оберување на каси. Имаше и такви, за кои беше тешко да се разбере: за што ли тие дошле тука? А меѓутоа секој имаше своја повест, матна и тешка како мамурлакот по пиењето од минатиот ден. Воопшто, тие не сакаа да раскажуваат за своето минато, и, се гледаше, се трудеа да не мислат за некогашницата. Јас познавав меѓу нив некои убијци дури толку весели, што дотолку никогаш не се замислуваа, што човек можеше да се обложи дека никогаш нивната совест не ги прекорила за ништо. Но имаше и мрачни лица, речиси секогаш молчаливи. Воопшто, ретко кој раскажуваше за својот живот, па и љубопитството не беше во мода, беше некако вообичаено, невосприемено. Одвај некој ако ретко од немајќи што да прави заприкаже, а друг ладнокрвно и мрачно го слуша. Тука никој никого не можеше да го зачуди. „Ние сме — писмени луѓе; — со некакво чудно задоволство често зборуваа тие. Паметам како еднаш еден разбојник пијан (во затворот

понекогаш можеше човек да се напие) почна да раскажува како заклал петгодишно дете, како отпрвин го примамил со играчка, го одвел во некоја празна шупа, и го заклал таму. Сета касарна, што дотогаш се смееше на неговите шеги, како еден човек завика по него, и разбојникот беше принуден да молкне; не завика касарната од негодувањето, а така, бидејќи не треба да се прикажува за тоа, бидејќи не е восприемно да се прикажува за тоа. Ќе забележам патем дека тие луѓе беа навистина писмени и дури не во преносната туку во вистинската смисла на зборот. За верување, повеќе од половината од нив умееја да читаат и пишуваат. На кое друго место, каде што рускиот народ се собира во големи маси, би можеле вие да одделите од него група од двесте и педесет луѓе од кои половината би биле писмени? Подоцна јас слушав дека некој од слични случаи почнал да заклучува дека писменоста го упропастува народот. Тоа е погрешно: тука има сосем други причини, иако не бива да не се согласиме дека писменоста ја развива кај народот самоувереноста. Но тоа ни најмалку не е недостиг. — Сите одделенија се разликуваа по облеката. На едни половината од блузата им беше темносива, а другата пепелкава, исто така и на панталоните едната ногавица беше пепелкава и другата темно-сива. Еднаш на работа, дојденото кај затворениците девојче што продаваше печиво, долго се загледуваше во мене и потоа наеднаш се засмеа: — „Пу, колку неубаво! — извика таа, — и сива ткаенина не стасала, и црна не стасала!“ Имаше и такви, на кои сета блуза беше од иста пепелестобојна ткаенина, но само ракавите беа темно сиви. Главите исто така ги бричеа различно: кај едни половината од главата беше избричена по должината на черепот, кај други — напреку.

Од прв поглед можеше да се забележи некаква остра општност во тоа чудно семејство; дури најсилните, најоригиналните личности што неволно царуваа над другите, и тие се трудеа да попаднат во општиот тон на сиот затвор. Воопшто, ќе речам дека сите тие луѓе, со некои мали исклучоци, од неуморни весел-

ници, коишто заради тоа беа сеопшто презирани, беа луѓе натуштени, зависливи, страшно горделиви, фалбаџии, осетливи за најмала навреда и во голема мерка формалисти. Најголема добродетел им беше способноста од ништо да не се зачудуваат. Сите чиниш беа поулавени од таа мисла: како да се држат надворешно? Но често најнапернатиот изглед со брзината на молскавица се сменуваше со најмалодушен. Имаше неколку навистина силни луѓе, тие беа прости и не се преправаа. Но ова беше чудно: од тие вистински, силни луѓе имаше неколку надуени до последна крајност, речиси болно горделиви. Воопшто надуеноста, надворешноста беа сметани за најглавни. Мнозинството од нив беа извратени и станати страшно подли. Интригите и озборувањата беа непрестани: тоа беше пекол, подземна темнина. Но против внатрешните поредоци и восприемените обичаи во затворот никој не смееше да истапува; сите им се потчинуваа. Имаше карактери што реско се одделуваа, што мачно, со усилба се потчинуваа, но сепак се потчинуваа. Доаѓаа во затворот и такви, што веќе мошне далеку се залетале, што кога биле на слобода и премногу заборавиле за мерка, така што веќе и самите свои престапи ги правеле, на крајот, како божем не по своја волја, како божем самите не знаејќи зошто, како божем во состојба на не на себеси, во некоја опиеност; често од празна суета, разгорена во највисок степен. Но кај нас нив веднаш ги натеруваа да си легнат на брашното, не гледајќи на тоа дека некои од нив, пред своето затворање во затворот, претставувале ужас за цели селишта и градови. Обзирнувајќи се наоколу, новакот скоро забележуваше каде попаднал, дека тука нема кого да го зачудува, и неминовно се смируваше и попаѓаше во општиот тон. Тој општ тон се состоеше однадвор од некакво особено сопствено достоинство, со кое беше пропиен речиси секој жител на затворот. Чиниш, името осуденик всушност претставуваше некаков чин, и тоа почесен. Ни трага од срам и каење! За љубов на вистината имаше и некаква надворешна смиреност, така да се рече официјално, некакво спокојно резонерство: „Ние сме пропаднати луѓе, — збо-

рувaa тие, — не си умеел на слобода да живееш, сега живеј жив в гроб, трчај низ зелена улица и број ги редовите"![4]) — „Не си слушал татко и мајка, послушај го сега барабанчето" — „Не си сакал да везеш со злато, сега чукај камења со чекан!" — Сето тоа се зборуваше често и како поука и како обични поговорки и кон зборот, но никогаш сериозно. Сето тоа беа само зборови. Прашање е дали барем еден од нив си го признал самиот на себе гревот. Кога некој што не е осуденик би се обидел да го прекори затвореникот за неговиот престап да го искара (иако меѓутоа, не одговара на рускиот дух да се прекорува престапник) — на пцостите крај би им немало. А какви мајстори беа сите за карање! Се караа и пцуеја рафинирано, мајсторски. Тоа тие го беа сториле наука; се трудеа да зајадат не толку со навредлив збор, колку со навредливата смисла, духот, идејата — а тоа е поутенчено, позајадливо. Непрекинатите караници уште повеќе ја развиваа таа вештина. Сите тие работеа под стап, следува дека беа празни, следува дека се извратуваа; ако некој и не бил порано развратен, се расипуваше во затворот. Сите тие беа собрани тука не по своја волја, сите тие беа туѓи еден на друг.

— „Ѓаволот три рала опинци искинал додека нè собрал во еден куп" — зборуваа тие самите за себе; а затоа сплетките, интригите, женските озборувања, завист, караница, злоба беа секогаш на видно место во тој пеколен живот. Нема жена што би била толку жена колку понекои од овие убијци. Повторувам, имаше меѓу нив и силни луѓе, карактерни, навикнати целиот свој живот да го кршат и повелуваат, луѓе прекалени и бестрашни. Нив некако неволно ги почитаа; а тие пак, од своја страна, иако често беа љубоморни на својата слава, се трудеа воопшто да не им бидат на другите на тежина, не стапуваа во празни караници, се држеа со необично достоинство, беа расудливи и речиси секогаш послушни спрема начал-

---

[4]) Т. е. да биде казнуван со тепање со прачка при кое казнуваниот поминува меѓу два реда војници со прачки, и тоа се вика зелена улица.

ството — не од принцип на послушност, не од спознавањето на должностите, а така, како божем понекој договор, поради увидената меѓусебна полза. А со нив заправо и постапуваа претпазливо. Паметам, како еден од таквите затвореници, решителен и бестрашен човек, познат на управата со своите sверски наклоности, еднаш поради некаков прекршок го викнаа за казнување. Тоа беше лете, во слободно време. Вишиот офицер, најблизок и непосреден началник на затворот, дојде сам во корегардијата[5]) што се наоѓаше крај самата наша врата да присуствува при казнувањето. Тој мајор беше некакво фатално суштество за затворениците; тој ги беше довел дотаму што тие трепереа пред него. Тој беше до безумство строг, „се нафрлаше врз луѓето", како што велеа осудениците. Најмногу се плашеа од неговиот проникнувачки, како на рис, поглед, од кого што не можеше ништо да се скрие. Тој виѓаваше и не гледајќи. Влегувајќи во затворот, тој веќе знаеше што станува на другиот негов крај. Затворениците го викаа осмоок. Неговиот систем беше погрешен. Тој со своите бесни, злобни постапки само ги озлобуваше и онака озлобените луѓе, и да не беше над него командантот, благороден и расудлив човек, што ги смируваше неговите диви истапи, тој со своето управување ќе стореше големи пакости. Не разбирам како можеше тој да сврши со добро; тој даде оставка жив и здрав, иако, меѓутоа, беше и обвинет.

Затвореникот побледна кога го викнаа. Обично тој молкум и решително легнуваше да го тепаат со праќе, молчејќи ја истрпуваше казната и стануваше по казната како стреснат, ладнокрвно и филозофски гледајќи на станатата неволја. Со него, меѓутоа, постапуваа секогаш со обзир. Но овојпат тој, којзнае зошто, се сметаше за прав. Тој побледна, и скришум од стражата, успеа да вовре в ракав остар англиски чевларски нож. Во затворот беа строго забранети ножови и секакви остри инструменти. Претресите беа чести, ненадејни и сериозни, казните сурови; но би-

[5]) Корегардија — стражарница, притвор.

дејќи е тешко да се најде кај крадецот она што тој особено сака да го скрие, и бидејќи ножовите и други алати беа секојдневна потреба во затворот, па, без обзир на претресите, секогаш ги имаше. А кога и ќе се земеа, бездруго се набавуваа нови. Сиот затвор се втурна кон оградата, и со замрено срце гледаа низ дупнатините меѓу колците. Сите знаеја дека Петров овојпат нема да сака да легне под прат, и дека на мајорот му дошол крајот. Но во најрешителниот момент нашиот мајор се качи на колата и замина, откако го задолжи со исполнувањето на казната еден друг офицер. „Самиот господ го спаси!“ — зборуваа потоа затворениците. Што се однесува до Петрова, тој преспокојно ја издржа казната. Неговата јарост згасна со заминувањето на мајорот. Затвореникот е послушен и покорен до извесен степен; но има граница што не треба да се преминува. Кога сме на тоа, патем да речам: нема ништо поинтересно од тие чудни избувнувања на нетрпеливост и дигноглавост. Често човек неколку години трпи, се смирува, поднесува најжестоки казни и наеднаш зовира за некаква ситница, за некаква ништожност, речиси за ништо. Тоа може да изгледа улаво, но така прават.

Јас веќе реков дека во текот на неколку години, јас не би видел ни најмал знак на каење, ни најмала тешка мисла за својот престап и дека поголемиот дел од нив во себе се сметаат за сосем прави. Тоа е факт. Се разбира, причина за тоа во многу е горделивоста, лошите примери, дрзоста, лажниот срам. Од друга страна, кој може да каже дека ја испитал длабочината на тие загинати души и го прочитал во нив скриеното од сиот свет? Па нели било можно, во толку години, барем нешто да се забележи, разбере и пронајде во тие души барем каков-годе знак, што би сведочел за внатрешна болка, страдање. Но такво нешто немаше, навистина немаше. Да, престапот, изгледа се чини не може да биде објаснет со дадени готови гледишта, и неговата филозофија е многу потешка одошто се мисли. Се разбира, затворите и системот на принудна работа не го поправаат престап-

никот, тие само го казнуваат и го обезбедуваат општеството од понатамошните дрзнувања на злосторникот врз неговото спокојство. А кај самиот престапник затворот и најгоморното, најнепосилно ринтање развиваат само омраза, жед за забранети наслади и страшна лекомисленост. Но јас сум тврдо уверен дека прославениот систем на самици постига лажна, измамлива надворешна цел. Тоа го исмукува животниот сок од човека, му ја раздразнува, слабее, плаши душата и потоа морално исушен, таа мумија, полулудиот ни го претставува како пример на поправање и покаеност. Се разбира, престапникот што се кренал против општеството го мрази и речиси секогаш се смета за прав, а него за виновно. Кон тоа пак, тој веќе претрпел казна од него и преку тоа се смета речиси за очистен, расплатен. Најпосле, може да се суди од такви гледишта по кои уште малку па може и да се дојде до оправдување на самиот престапник. Но без обзир на секакви гледишта, секој ќе се согласи дека има такви престапи кои секогаш и насекаде, од севозможни закони, откако е станат веков, се сметаат за неоспорни престапи и ќе се сметаат како такви сè дотогаш додека човекот е човек. Само во затворот јас можев да слушам прикажувања за најстрашни, најнеприродни постапки, за најстрашни, најчудовишни убиства, раскажани со најнезадржлива, со највесела детска смеа. Особено не можам да го заборавам еден таткоубиец. Тој беше благородник, имал служба и живеел кај својот шеесетгодишен татко како блуден син. Живеел сосем беспатно, загазил во долгови. Татко му го притегнувал, советувал; но татко му имал куќа, имот, а се мислело и готови пари, и син му лаком за наследство, за кое пекал, го убил. За злосторството се разбрало дури по еден месец. Самиот убиец пријавил во полиција дека татко му исчезнал којзнае каде. Сиот тој месец тој го поминал најразвратно. Најпосле во негово отсуство полицијата го нашла трупот. Во дворот, по сета негова должина имало канал за истечување на нечистотии, покриен со штици. Во тој канал лежел трупот. Тој бил обле-

чен и суреден, побелената глава отсечена, приставена кон трупот а под неа убиецот ставил перница. Тој не признавал, му било одземено правото на благородник и чинот и бил испратен на принудна работа на дваесет години. Преку сето време, додека живеев со него, тој беше во најпрекрасно, највесело настроение на духот. Тој беше ветерничав, лекомислен и во голема мерка нерасудлив човек, иако и не сосем глупав. Јас никогаш во него не забележував никаква особена жестокост. Затворениците го презираа него не поради злосторството, за кое немаше ни спомен, а за глупоста, за тоа што не умеел како да се држи. Во разговорите тој понекогаш го споменуваше татка си. Еднаш, зборувајќи со мене, за наследната здравина во нивното семејство тој додаде: „Ете татко ми, тој до самата своја умирачка не се поплака на никаква болест!“ Таква сверска бесчувственост, се разбира, е невозможна. Тоа е феномен, — тука е некој природен органски недостаток, некаква телесна и морална аномалија, уште непозната на науката, а не просто престап. Се разбира, јас не верував во тоа злосторство. Но луѓето од неговиот град, коишто морале да ја знаат сета историја во подробности, ми ја раскажуваа веќе сета негова историја. Фактите беа дотолку јасни што не можеше да не се верува... Затворениците слушаа како тој еднаш ноќе насоне викал: „Држ го, држ! Главата сечи му ја де, главата, главата!“

Речиси сите затвореници зборуваа ноќе и бладаа. Најмногу од сè во бладањето на јазик им доаѓаа пцости, изрази на крадци, ножови, секири. „Ние сме луѓе отепани — зборуваа тие — нам внатрешноста ни е откорната, затоа и викаме ноќе.“

Принудната осуденичка работа за државата во тврдината не беше занимавање туку должност: затвореникот си ја изработуваше својата задача или ги поминуваше определениот број работни часови и одеше во затворот. Работата ја мразеа. Без своја лична, сопствена работа, на која тој би ѝ бил предаден со сиот ум и со сета своја пресметливост, човек не би

можел да живее во затворот. Па и на каков начин сите тие луѓе, развиени, што добро живееле и сакаа да живеат, насила доведени тука во една грмада, насила отргнати од општеството и од нормален живот, би можеле да се навикнат да живеат тука нормално и правилно, по своја волја и сакање? Доста е тоа, што човек тука нема што да прави, па да се развијат во него такви престапни својства за кои тој порано немал ни претстава. Човек не може да живее без труд и без законита, нормална сопственост, тој се развратува, станува звер. И затоа секој во затворот, како последица на природна потреба и некакво чувство на самоодржување, имаше свој занает и занимање. Долгите летни денови беа речиси исцело исполнети со принудна работа, во кусата ноќ одвај можеше да се наспие. Но зиме затвореникот, по установениот поредок тукушто се стемнуваше, веќе требаше да биде затворен во затворот. Па што да прави во долгите додевни часови на зимските ноќи? И затоа речиси секоја касарна, без обзир на забраната, се претвораше во огромна работилница. Заправо самиот труд, работењето не се забрануваше; но беше строго забрането да се држат во затворот алати, а без нив не беше можна работа. Но работеа тивко и ми се чини началството во некои случаи гледаше на тоа низ прсти. Мнозина од затворениците доаѓаа во затворот не знаејќи ништо, но се учеа од другите и потоа излегуваа на слобода како добри занаетчии. Имаше меѓу нив и чизмари, чевлари, кројачи, столари, резбари и кувенции. Имаше еден Евреин, Исај Бумштајн, златар, и исто така и лихвар. Сите тие работеа и заработуваа по некоја пара. Порачки за работа добиваа од град. Парите се искована слобода, а затоа за човек кому сосем му е одземена слобода, тие се десетпати поскапи. Доста е само тие да му тропнат во џебот, тој веќе наполу е утешен, иако и не би можел да ги потроши. Но парите секогаш и насекаде може да се трошат. Дотолку повеќе што забранетиот плод е двојно посладок. А во затворот можеше да се има дури и пијалак. Лулите беа најстрого забранети, но

сите пушеа. Парите и тутунот спасуваа од скорбут и други болести. А работата спасуваше од престапи: без неа затворениците би се изеле еден другого, како пајаци в шише! И покрај тоа и парите и работата беа забранети. Често ноќе се правеа ненадејни претреси, се одземаше сето забрането и колку и да се криеја парите, сепак понекогаш ги наоѓаа при претресувањето. Делум и во тоа беше причината што тие и не се вардеа, а скоро сè испиваа, ете зошто во затворот се наоѓаше и пијалак. По секој претрес, најдениот виновник освен тоа што ќе му беше одземено сè што имал, обично жестоко се казнуваше. Но по секој претрес уште веднаш се дополнуваа работите што недостигаа, незабавно се снабдуваа со нови работи и сè си одеше по старо. Началството знаеше за тоа, и затворениците не се оплакуваат од казните, иако таквиот живот прилегаше на животот на оние што се населиле на Везув.

Оној што немаше занает работеше друго. Имаше доста оригинални работи. Едни заработуваа, на пример, само со прекупување, а понекогаш се продаваа такви работи за кои никому надвор од затворот ни на ум не би му дошло не само да ги купува и продава, туку и да ги смета за нешто. Но осудениците беа многу сиромашни и необично претприемчиви. И последниот партал имаше вредност и ќе се употребеше за некаква работа. Поради сиромаштијата во затворот и парите имаа сосем инаква вредност одошто на слобода. За голема и тешка работа се плаќаше со грошови. Некои успешно се занимаваа со лихварство. Затвореникот што загубил и сневратил сè што имал, му ги носеше своите последни работи на лихварот и добиваше за нив неколку бакарни пари, со ужасни проценти. Ако тој не успееше да ги откупи тие работи во определено време, тие неодложно и безмилосно се продаваа; лихварството беше толку раширено, што на залог се примаа дури и попишани државни предмети, како долна облека, прибор за чизми и сл. — работи што му се неопходни на секој затвореник во секој момент. Но при овие заложувања ста-

нуваше и инаков пресврт на работите, којшто меѓутоа беше не сосем ненадеен: затвореникот што ќе ги заложеше работите и штом ќе ги примеше парите за нив, незабавно, без секакво понатамошно зборување, одеше кај постариот подофицер, началник на затворот, пријавуваше за заложувањето на државните предмети и тие уште веднаш биваа одземени од лихварот дури без да се известува повисокото началство. Интересно дека при ова понекогаш дури немаше ни караница: лихварот молкум и смуртено го враќаше она што требаше и дури божем како и самиот тој да очекувал дека ќе биде така. Можеби тој не можеше да не си признае дека кога би бил на местото на заложувачот и тој би сторил така. И затоа, иако понекогаш потоа се караше, тоа беше без каква и да е лутина, само да си олесни на душата.

Воопшто сите се крадеа ужасно еден другого. Речиси секој имаше свое сандаче со брава за пазење на државните работи. Тоа се дозволуваше: но сандачињата не помагаа. Јас мислам дека може да се замисли колку опитни имаше таму крадци. Мене еден затвореник, што ми беше искрено привржан, (го велам тоа без секакво преувеличување) ми ја украде библијата, единствената книга што беше дозволена во затворот; тој сам ми го призна тоа истиот ден, не од каење, но бидејќи ме жалеше, затоа што јас долго ја барав. Имаше и крчмари, што тргуваа со пијалак и со тоа за многу кусо врме печалеа големи пари. За таа трговија јас некогаш ќе прикажам посебно; таа е доста интересна. Во затворот имаше мнозина затвореници дојдени поради контрабанда, и затоа нема ништо за чудење, на каков начин, при такви прегледи и стража, во затворот се донесуваше пијалак. Патем речено: контрабандата по својот карактер е некаков особен престап. Можно ли е, на пример, да се замисли дека парите, печалбата, кај некои преносувачи има второстепена ролја, не се најглавното? А меѓутоа тоа е токму така. Преносувачот работи од страст, по призвание. Тој делум е поет. Тој ризикува со сѐ, оди на страшна опасност, итрува,

пронаоѓа, се снаоѓа, понекогаш работи дури со некаква вдахновеност. Таа страст е исто толку силна, како и комарот. Јас познавав во затворот еден затвореник, грамадно по јадрина човечиште, но толку кроток, тих и питом што не може да се замисли како попаднал тој в затвор. Тој беше толку незлобен и кроток што во текот на сето свое лежење во затворот со никого не се скара. Но тој беше од западната граница и осуден поради контрабанда, и се разбира, не можеше да се стрпи и се зафати со преносување на пијалак. Колкупати го казнуваа него за тоа, и колку се плашеше од тепање! Па и самото преносување на пијалак му донесуваше сосем ништожна печалба. Од пијалакот се обогатуваше само претприемачот на таа работа. Овој чуден човек ја сакаше само уметноста заради уметноста. Беше плачлив како жена, и колкупати, по казната, се колнеше и заречуваше да не пренесува пијалак. Понекогаш се совладуваше јуначки по цел месец, но најпосле сепак, не издржуваше . . . Благодарејќи на токму таквите личности, во затворот секогаш имаше пијалак . . .

Најпосле имаше уште еден приход, којшто, иако не ги обогатуваше затворениците, сепак беше постојанен и благороден. Тоа е милостината. Вишите класи на нашето општество немаат претстава колку трговците, простите луѓе и сиот наш народ се грижат за „несреќните“. Милостината се дели речиси постојано и речиси секогаш во леб, симиди и колачиња, каде и каде поретко во пари. Без таа милостина, во многу места на затворениците, особено на обвинетите што ги држат многу построго одошто осудените, би им било многу тешко. Милостината се дели религиозно на затвореникот подеднакво. Ако не стасува за сите, тогаш симидот се сече на половина, понекогаш дури на шест дела, и секој затвореник бездруго го добива својот залак. Паметам како јас првпат добив парчиња милостина. Тоа беше скоро по моето пристигнување во затворот. Јас се враќав од утринска работа сам со стражарот. Во пресрет ми одеа мајка и ќерка, девојче од десет години, убавичко како

ангелче. Јас веќе ги бев видел еднаш. Мајката беше жена на некој војник, вдовица. Маж ѝ, млад војник, бил обвинет и умре во болницата, во затвореничкото одделение, тогаш јас лежев таму болен. Жената и ќерка ѝ доаѓаа кај него да се простат; обете плачеа многу. Штом ме виде мене, девојчето се сцрве, ѝ шепна нешто на мајка си, таа веднаш се запре, побара во ќесето четврт копејка ѝ му даде на девојчето. Тоа се стрча кон мене . . . — „На, несреќниче, земи копејка, жити бога!“ — викна таа истрчувајќи пред мене и ставајќи ми ја парата в рака. Јас ја зедов нејзината копејка и девојчето се врати кај мајка си сосем задоволно. Таа копејка јас долго ја чував.

II

ПРВИ ВПЕЧАТОЦИ

Првиот месец, и воопшто почетокот на мојот осуденички живот во затворот сега живо ми испливуваат во сеќавањето. Моите следни години од лежењето во затворот ми се привсенуваат во сеќавањето многу понејасно. Понекои од нив како божем сосем да избледнеле, се слеале меѓу себе, со оставен зад себе еден целосен тежок, еднообразен и задушувачки впечаток.

Но сето она што сум го проживеал во првите дни на мојот осуденички живот во затворот ми се чини како вчера да станало. Па така мора и да биде.

Јасно се сеќавам дека уште со првиот чекор во тој живот ме зачуди тоа што јас како божем и не најдов во него ништо особено чудно, необично, или подобро речено, неочекувано. Сето тоа божем како и порано да ми се привсенувало пред очи, кога јас, одејќи во Сибир, се трудев да си ја замислам својата судба во иднина. Но наскоро почна да ме запира патем на секој чекор бездна на најстрашни неочекуваности, најчудовишни факти. И дури отпосле, кога веќе подолго поживеав во затворот, ми стана сосем јасна сета исклучивост, сета неочекуваност на такво постоење и сè повеќе и повеќе му се чудев. Си признавам дека не се ослободив од тоа чудење преку сиот долг рок на мојот осуденички живот на робија; јас никогаш не можев да се помирам со него.

Првиот мој впечаток, при влегувањето во затворот, воопшто беше најодвратен, но, не гледајќи на тоа — чудна работа! — ми се стори дека во затворот се живее многу полесно одошто си замислував јас патем. Затворениците, д у р и и во окови, се движеа слободно низ сиот затвор, се караа, пееја песни, работеа за себе, пушеа на лула, дури пиеја (иако мошне малцина), а ноќе понекои од нив и се картаа. Самата работа, на пример, ми се стори ни најмалку не така тешка, р о б и ј а ш к а, и дури многу долго подоцна јас разбрав дека тежината и р о б и ј а ш к о т о во неа, во таа работа — не е толку во нејзината мачност и непрекинатост колку во тоа што таа е п р и н у д н а, задолжителна, насила под стап. Селанецот на слобода, работи, молам, каде и каде повеќе, понекогаш дури и ноќе, особено лете; но тој работи за себе, работи со разумна цел, и нему каде и каде му е полесно одошто на осуденикот на принудна и сосем бесполезна за него работа. Еднаш си помислив дека кога би сакале сосем да го смачкаат, уништат човека, да го казнат со најстрашната казна, така што најстрашниот убиец би се стресол од таа казна и би треперел однапред од неа, би било доста само да ѝ се придаде на работата карактер на потполна бесполезност и бесмисленост. Ако и сегашната принудна работа е безинтересна и додевна за осуденикот, таа самата за себе, како работа, е разумна: затвореникот прави плиќе, копа земја, малтерисува, гради; во таа работа има и смисла и цел. Дури понекогаш осуденикот се увлечува во неа, сака да ја сработи поопитно и поубаво. Но кога би го натерале него, на пример, да претурува вода од еден кобел во друг, а од овој во првиот, да толчи песок, да пренесува куп земја од едно место на друго и обратно, — јас мислам дека затвореникот за неколку дена би се удавил или би направил илјада престапи, па ако сака и да умре само да се спаси од такво понижение, срам и мака. Се разбира дека таква казна би била мачење, одмазда, и би била бесмислена, затоа што не би имала никаква разумна цел. Но бидејќи такво мачење, бес-

мисленост, понижување и срам има неминовно делум и во секоја принудна работа, затоа и осуденичката работа е каде и каде помачна од слободната, токму затоа што е принудна.

Но, меѓутоа, јас влегов во затворот зиме, во декември, и уште си немав претстава за летната работа, што е петпати потешка. Зиме во нашата тврдина воопшто немаше многу работа за државата. Затворениците одеа на Иртиш да ги раскршуваат старите државни барки, работеа во работилниците, го расчистуваа навеаниот од виулиците снег пред државните згради, печеа и дробеа алабастер и слично. Зимниот ден беше кус, работата свршуваше скоро, и сите наши луѓе се враќаа рано во затворот, кај што тие ништо немаа да прават ако не се наоѓаше некаква своја работа. Со сопствена работа се занимаваа можеби третина од затворениците, а останатите беа безделници, се скитаа без потреба по сите затворски касарни, се караа, интригуваа меѓу себе, се напиваа, ако беа при рака барем какви и да е пари; ноќе ја прокоцкуваа последната кошула, и сето тоа го правеа од мака и додевност, од безделие, од немање што да прават. Отпосле јас разбрав дека освен лишувањето од слобода, освен принудната работа, во затворскиот живот има уште една мака, којашто е речиси и поголема од сите други. Тоа е принудното заедничко живеење. Заедничко живеење, се разбира, има и на други места, но во затворот токму доаѓаа такви луѓе, што не секој би сакал да живее со нив, и јас сум уверен дека секој осуденик патеше од таа мака, иако, се разбира, во поголем дел несвесно.

И храната исто така ми се стори доволна. Затворениците уверуваа дека таква храна нема во затворничките чети во европска Русија. Јас не се зафаќам да судам за тоа; не сум бил таму. Покрај тоа, мнозина имаа можност да имаат сопствена храна. Говедското се продаваше кај нас по еден грош за фунта[6]) зиме, а лете три копејки. Но со сопствена храна се снабдуваа само оние што имаа постојано пари; мно-

[6]) Фунта — мерка за тежина, 409,5 грама.

зинството од осудениците јадеа државна храна. Но, фалејќи се со својата храна затворениците мислеа единствено само за лебот и го благословуваа токму тоа што кај нас лебот е заеднички, а не се дели на мера. Последното нив ги ужасуваше: кога лебот би се давал на мера една третина од луѓето би биле гладни; а во заедница им стасуваше на сите. Нашиот леб беше некако особено вкусен и беше прочуен со тоа во целиот град. Тоа им се припишуваше на добро направените затворски фурни. Чорбата[7]) пак не беше мошне арна. Се вареше во општ котел, троа се подмешуваше со каша и, особено во работни дни, беше водурлива, посна. Јас се згнасив од многуте лебарки во неа. Затворениците не обрнуваа на тоа никакво внимание.

Првите три дни јас не одев на работа; така се постапува со секој новодојден. Се овозможуваше да здивне од пат. Но следниот ден јас требаше да излезам од затворот за да ми се сменат оковите. Моите окови не беа спрема правилото, беа прстенести, „дробно-звон" како што ги викаа затворениците. Тие се носеа однадвор. А пропишаните затворски окови, приспособени за работа, не беа прстенести, беа направени од четири железни прачки соединети меѓу себе со три колца. Тие бездруго требаше да се носат под панталоните. На средното колце се приврзуваше ремен, кој од своја страна се прицврстуваше на појасниот ремен што се опашуваше на самата кошула.

Ја паметам првата изутрина во касарната. Во корегардијата[8]) кај затворската врата барабанчето избарабани за станување и по десетина минути офицерот на стражата почна да ги отвора касарните. Почнаа да се разбудуваат. На слабата светлост од шесторната[9]) и лоена свеќа затворениците стануваа од своите легла, тресејќи се од студ. Повеќето од нив беа молчаливи и смуртени по спањето. Тие се про-

---

[7]) Шчи — руска чорба со зелје и разен зарзават.

[8]) Исто што и хаупвахта — воен затвор и стражарско одделение во тврдина. Тука се исполнуваат казнувањата.

[9]) Т. е. од таквите свеќи што се пакуваат по 6 во пакло.

sевваа, се протегнуваа и ги набрчкуваа своите муросани чела. Некои се крстеа, други веќе почнуваа да се караат. Задушливоста беше страшна. Тукушто ја отворија вратата и низ неа се втурна свежиот зимски воздух и на колба пареа се разлета низ одајата. Затворениците се нагрмадија крај коблите со вода. Тие редум црпнуваа со чанчето, ја полнеа устата со вода и така, со водата плискана од устата, си ги миеја рацете и лицата. Водата беше донесувана одвечер од водоносецот. Во секоја касарна, по правило, имаше по еден затвореник избран од заедницата, за прислужувањето во касарната. Тој се викаше редник и не одеше на работа. Негова задача беше да се грижи за чистотата во касарната, да ги мие и риба леглата и подот, да го внесува и изнесува садот за ноќни потреби и донесува по две кофи свежа вода — изутрина за миење а дење за пиење. Заради чанчето, што беше единствено, незабавно почнуваа караници.

— Каде се туркаш, дрвена главино! — дундаше еден стуткан, висок затвореник, сув и црномурен, со некаква чудна џумка на избрицениот череп, туркајќе го другиот, дебел, низичок, со весело и алово лице, — причекај!

— Што си се развикал? За чекање кај нас пари се земаат; истај се ти! Глеј го ти него, се оптегнал како паметник. А заправо, браќа, нема во него никаква „фортекултјапност“[10]).

Фотрекултјапноста стори некаков ефект, мнозина се засмеаја. Толку само и му требаше на веселиот дебелко, којшто, бездруго, беше во касарната нешто како доброволен шут. Високиот затвореник го погледа со најдлабок презир.

— Воле без рогови! — прозборе тој како за себе — глеј го ти него, се напукал на затворски чистак![11]) Се радува што за поклади ќе опраси дванаесет прасиња.

— Па каква sверка си ти? — свика овој наеднаш поаловен.

---

[10]) Фортекултјапност — т. е. прравост, смасност.

[11]) Леб од чисто брашно (Ф. Д.)

— Ете таква, sверка.
— Каква?
— Таква.
— Каква таква?
— Па така, накусо, таква.
— Е каква де?

Обајцата се зацарија еден во друг. Дебелкавиот чекаше одговор и ги стегна тупаниците како божем да сакаше веднаш да се втурне во тепаница. Јас и навистина помислив дека ќе настапи тепаница. За мене сето тоа беше ново, и јас гледав со љубопитство. Но отпосле јас разбрав дека сите вакви сцени беа необично невини и се одигруваат како во комедија, за сеопшто задоволство; речиси никогаш не доаѓаше до тепаница. Сето тоа беше доста карактеристично и ги покажуваше обичаите во затворот.

Високиот затвореник стоеше спокојно и достоинствено. Тој чувствуваше дека го гледаат и очекуваат: ќе се осрамоти ли или нема тој со својот одговор; дека треба да се држи и со тоа докаже дека тој навистина е sврека, и да покаже токму каква sверка. Со неизразлив презир тој го погледна напреку својот противник, трудејќи се за поголема навреда да го погледа некако преку рамо, озгора-надолу, како божем да разгледуваше бубачка, и бавно и јасно рече:

— Кржла!...[12])

То ест, дека тој е птица кржла. Урнебесна смеа ја поздрави снаодливоста на затвореникот.

— Никаквец си ти, а не кржла! — зарика дебелкавиот, сетен дека сосем ја опрскал и дојден поради тоа до краен бес.

Но тукушто караницата стана сериозна, јунаците веднаш ги обиколија.

— Што сте се развикале! — завикаа на нив сите затвореници.

— Вие подобро ќе сторите да се степате, одошто да го дерете грлото, — се провикна некој одзад некој крај.

---

[12]) Кржла — вид пајка.

— Па што, зар ќе му мислат многу! — зајачи во одговор. — Нашите луѓе се пргави, ги бива за тепање; седуммина од еден не се плашиме . . .

— Па и обајцата се арни! Едниот го затвориле за фунта леб, а другиот — крадец, од грне ѝ го пиел на баба млекото, затоа и си го нашол . . .

— Де-де-де! Доста, — завика инвалидот што живееше тука за да гледа на редот и затоа спиеше во ќошето на засебно легло.

— Вода, момци! Невалидот Петровић се разбудил! На невалидот Петровић, брат родени!

— Брат . . . Каков брат сум ти јас тебе? Една рубља заедно не сме испиле, а тој — брат! — дундаше инвалидот, облекувајќи го шинелот . . .

Се готвеа за преглед; почна да се разденува; во кујната се беше насобрала густа грмада луѓе, исполнувајќи го и последното катче. Затворениците со своите куси кожуви и двобојни затворенички капи се грмадеа крај лебот, што им го сечеше еден од готвачите. Готвачите се избираа по дружините, за секоја кујна по двајца. Тие го чуваа и ножот од кујната за сечење на леб и месо, еден за целата кујна.

По сите катчиња и околу масите се беа разместиле затворениците, во палта, кожуви и опашани, готови веднаш да појдат на работа. Пред некои стоеја дрвени паници за квас. Во квасот дробеа леб и сркаа. Вревата и викотницата беа неподносливи, овде-онде некои благоразумно и тивко си прикажуваа.

— Наздравје, старино Антонич, здраво! — проговори младиот затвореник, наместувајќи се крај еден намуртен и штрбав затвореник.

— Па здраво, ако не се шегуваш — прозборе тој, не подигајќи го погледот и мачејќи се да џвака со своите беззаби непца.

— А пак јас, Антонич, мислев дека си умрел, лебами.

— Не, умри прво ти, па после јас.

Јас седнав крај нив. Оддесно од мене разговараа двајца сериозни затвореници, очевидно трудејќи се еден пред друг да ја запазат својата важност.

— Мене, не ми се верува да ми украдат — зборуваше едниот; — јас, брат, се плашам самиот да не украдам нешто.

— Па и за мене за гола рака не фаќај се: ќе се ожежеш.

— Па што да се ожежам! Исто таков осуденик, какво друго име има за нас... таа ќе те ограби, а нема ни да ти се поклони. Тука, брат, и мојата копејка отиде во неврат. Онојпат дојде самата. Што да правам со неа? Почнав да го молам Феѓа џелатот, тој брат, и куќа си има во предградието, од Соломона — краставиот, Евреин ја купил, од оној де, што после се удави.

— Знам. Тој кај нас три години беше крчмар, а на прекор Гришка — темна меана. Знам.

— А ете кај не знаеш; тоа е друга темна меана.

— Како да не, друга! Многу знаеш ти! Па јас толку сведоци ќе ти доведам...

— Ќе доведеш! Па ти од каде си, а кој сум јас?

— Кој си ти! Па јас тебе сум те натепал па не се фалам, а тој уште прашува кој сум јас?

— Ти да си ме натепал! Уште не се родил тој што ќе ме натепа; а тој што замавнал лежи в земја.

— Чума бендерска!

— Сараџа сибирска те изела!

— Сабја турска да те пресече...

И почна караница.

— Де-де-де! Што сте завревиле! — повикаа наоколу. — Не умееле на слобода да живеат; се радуваат што паднале на чистак...

Веднаш ги заполтуваат. Да се кара, „ломоти“, се дозволува. Тоа донекаде е и забава за сите. Но до тепаница нема секогаш да допуштат, и дури само во исклучителен случај непријателите се степуваат. За тепаницата ќе разбере мајорот, ќе почнат испитувања, ќе дојде самиот мајор — со еден збор, ќе биде лошо за сите, а токму затоа не се допушта да дојде до тепање. Па и самите противници се караат повеќе заради забава, за вежбање на стилот. Често сами себе се мамат, почнуваат со страшна налутеност, со остр-

веност... Мислиш сега ќе се нафрлат еден врз друг. Од сето тоа ништо не стануваше: ќе стасаат до некоја граница и истиот час се разијдуваат. Мене сето тоа отпрвин ми беше прекумера чудно. Јас намерно тука приведов еден пример на најобични затворски разговори. Отпрвин јас не можев да си замислам, како е можно да се кара човек заради задоволство, да наоѓа во тоа забава, сакано вежбање, пријатност. Но, не треба да се заборави и самољубието. Мајсторот во препирање тука е ценет. Нему за малку само што не му плескаат со раце, како на артист. Јас уште синоќа забележав дека ме гледаат напреку.

Јас веќе сетив неколку погледи напреку. Други пак затвореници, напротив, се вртkаа околу мене, претпоставувајќи дека имам донесено со себе пари. Тие уште веднаш почнаа да се подлижуваат: почнаа да ме учат како да ги носам новите окови; ми набавија, се разбира, за пари, сандаче со брава да ги скријам во него веќе издадените на мене државни плјачки и малку своја долна облека што ја донесов во затворот. Уште на вториот ден тие ми ја украдоа и испија. Едниот од нив стана најприврзан кон мене човек, и покрај тоа што не престануваше да ме потkрадува при секој удобен случај. Тој го правеше тоа без ни најмалку да се смути речиси несвесно, како божем по задолженост, и не беше можно да му се лутам.

Меѓу другото, тие ме научија дека треба да имам свој сопствен чај, дека не е лошо да се снабдам и со свој чајник; а за дотогаш ми најдоа на услуга нечиј туѓ и ми препорачаа готвач, зборувајќи дека за триесетина копејки месечно тој ќе ми зготви што ми е волја, ако јас посакам да се хранам засебно и да си купувам продукти... Се разбира, тие ми зедоа на заем пари и секој од нив доаѓаше уште во првиот ден да позајмува по трипати.

На некогашните благородници во затворот гледаа воопшто напреку и непријателски.

И наспроти сето тоа дека тие веќе се лишени од сите свои права на положба и имот и наполно из-

рамнети со другите затвореници — затворениците никогаш не ги признаваа за свои другари. Тоа се прави не по свесна предубеденост, туку сосем искрено, несвесно. Тие искрено нѐ сметаа за благородници, без обѕир на тоа што самите љубеа да нѐ задираат со нашиот пад.

— Не, доста е сега, призапри се! Едно време Петар и Павле низ Москва се рашетуваа, а сега Петар и Павле толчат камења, — и слични други љубезности.

Тие со радост гледаа на нашите страдања, коишто ние се трудевме да не им ги покажуваме. Особено многу трпевме во почетокот, на работа, затоа што ние не бевме толку силни колку нив, и дека ние не можевме наполно да им помагаме. Нема ништо потешко од тоа да се добие доверба од народот (и особено од такви луѓе), и да се спечали неговата љубов.

Во затворот имаше неколку благородници. Прво, имаше петмина Полјаци. За нив ќе прикажам некогаш посебно. Осудениците страшно ги мразеа Полјаците, дури повеќе одошто руските благородници меѓу нив. Полјаците (јас зборувам само за политичките престапници) беа со нив некако истенчено, навредливо учтиви, крајно недружељубни и никако не можеа пред затворениците да ја скријат својата одвратност спрема нив, а тие добро го разбираа тоа и им враќаа со иста мерка.

Мене ми требаше да проживеам речиси две години во затворот за да ја спечалам наклонетоста на неколцина осуденици. Но најпосле мнозинството од нив ме засака и ме призна за „добар“ човек.

Освен мене, имаше уште четворица руски благородници. Едниот — ниско и подло суштество, страшно расипан, шпион и доставувач по занает. Јас слушав за него уште пред влегувањето во затворот и уште од првите дни ги прекинав сите односи со него. Вториот беше оној истиот таткоубиец, за кого јас веќе зборував во своите записи. Третиот беше Аким Акимич; ретко кога сум видел јас така чуден човек

како тој Аким Акимич. Тој цврсто се запечати во моето сеќавање. Тој беше висок, слаб, слабоумен, ужасно неписмен, необичен резонер и акуратен како Германец. Осудениците се подбиваа со него, понекои од нив дури се плашеа да се сврзуваат со него поради неговата пргавост, строгост и склоност за карање. Тој уште од првиот чекор стана нивни побратим, се караше со нив па дури и тепаше. Тој беше феноменално чесен. Ќе забележи неправедност и уште веднаш ќе се замешка, иако тоа не беше негова работа. Беше наивен до крајност; тој, на пример, карајќи се со затворениците, ги прекоруваше што беа крадци, и сериозно ги уверуваше да не крадат. Тој служел на Кавказ како јункер. Ние се здруживме уште првиот ден, и тој веднаш ми ја раскажа својата историја. Прво бил како јункер во некој пешадиски полк, долго си ја тегнел орисијата, најпосле, бил унапреден за офицер и испратен како командант на некоја тврдина. Еден соседен кнез, од оние што не војувале со Русите, ја запалил неговата тврдина и направил ноќен напад; тој не успеал. Аким Акимич изитрил и дури заб не обелил дека знае кој е злосторникот. Работата ја припишале на немирните планинци, а по еден месец Аким Акимич го повикал пријателски кнезот на гости. Тој дошол, не сомневајќи се во ништо. Аким Акимич го построил својот одред, јавно го обвинил и укорувал кнезот; му докажал дека е срамно да се потпалуваат тврдините. Уште тука му прочитал најподробно упатство како треба мирниот кнез да се држи за натаму и, во заклучок, го застрелал, за коешто незабавно и му јавил на началството, со сите подробности. За сето тоа тој бил осуден на смртна казна, но ја ублажиле пресудата и го пратиле во Сибир, в затвор, како осуденик од втор степен, на дванаесет години во тврдината. Тој наполно сознаваше дека постапил неправилно, ми кажуваше дека тоа го знаел и пред застрелувањето на кнезот, дека мирниот треба да биде суден по законот; но без обзир на сето тоа дека го знаел тоа, тој божем никако да не можеше правилно да ја разбере својата вина.

— Па ви се молам! Зар не ми ја запали тој тврдината? Па што требаше јас да правам, да му се поклонам ли нему, за тоа, што ли? — ми зборуваше тој мене, одговарајќи на моите забелешки.

Но и покрај тоа што затворениците се подбиваа со брливоста на Аким Акимич, тие сепак него го цеһеа за неговата акуратност и умешност.

Немаше занает што Аким Акимич не го знаеше. Тој беше и столар, и чизмар, и чевлар, молер, кувенција, бравар и сето тоа го беше научил во затворот. Тој правеше сè како самоук: ќе погледне еднаш и ќе го направи. Тој исто така изработуваше разни сандачиња, кошнички, фенерчиња, детски играчки и ги продаваше во градот. По таков начин кај него се наоѓаше парица, и тој незабавно ги употребуваше за дополнителна долна облека, за помека перница, си набави и душек што се расклопува. Тој лежеше во истата касарна во која бев сместен и јас и со многу ми услужи во првите дни во затворот.

Кога ќе излезеа од затворот за на работа, затворениците се постројуваа во два реда пред стражарницата; пред и зад затворениците се постројуваа стражарите со наполнети пушки. Доаѓаа инженерот офицер, спроводникот и неколку понижи инженерски чинови, надгледници на работите. Спроводникот ги пребројуваше затворениците и ги испраќаше на групи на работа каде што треба.

Заедно со другите јас отидов во инженерската работилница. Тоа беше ниска, камена зграда што се издигаше во широк двор, натрупан со разни материјали. Тука се наоѓаше ковачница, браварница, столарница, одделение за бојадисување и друго. Аким Акимич доаѓаше тука и работеше во одделението за бојадисување, вареше масла, мешаше бои и бојадисуваше маси и покуќнина со таква боја да прилегаат на ореовина.

Чекајќи да ми ги сменат оковите, јас си поприкажав со Аким Акимич за првите мои впечатоци во затворот.

— Да, тие не ги сакаат благородниците, — забележи тој, — особено политичките, со радост би ги изеле, не е чудно. Прво вие сте инакви луѓе, што не прилегаат на нив, а второ, тие порано сите биле или крепосни или војници. Размислете сами, можат ли тие вас да ве засакаат? Тука ќе ви речам, тешко се живее. А во воените затвори во Русија е уште потешко. Ете има во нашиот затвор дојдени отаде, не можат да се нафалат од нашиов затвор, чиниш дошле од пеколот в рај. Не е неволјата во работата. Зборуваат, таму во тие први одделенија, управата не била сосем воена; во краен случај поинаку одошто кај нас се постапува. Таму, зборуваат, прогонетиот можел да си живее како дома. Јас никогаш не сум бил таму но така прикажуваат. Не ги бричат, не одат во осуденички облеки, иако меѓу другото, тоа е добро, што кај нас сите се бричени и во униформа; сепак има повеќе ред, па и за окото е попријатно. Само што таму нив не им се свидело. Па погледајте, каква збирштина е тоа! Еден, е од кантонистите,[13]) друг Черкез, трет расколник,[14]) четвртиот православен селанец, со семејство, дечиња мили оставил дома, петтиот е Евреин, шестиот Циганин, седмиот кој го знае што, и сите тие треба да заживеат заедно, по секоја цена да се слагаат, да јадат од една каленица, да спијат на едни штици. А и слободата де погледај ја: секој залак повеќе треба да се изеде скришум, секоја пара в чизма да се крие, и сè ти чини толку пари, затвор па затвор... и не сакајќи, глупост ја полни главата.

Но тоа јас веќе го знаев. Јас особено сакав да се распрашам за нашиот мајор. Аким Акимич не беше недоверлив и, паметам, мојот впечаток не беше сосем пријатен.

---

[13]) Кантонист — војнички син, уште од своето раѓање определен за во военото сословие, што е подготвуван за излужување воена служба во посебни нижи училишта со строг и груб режим.

[14]) Расколник — припадник, или произлезен од сословие на нижите маси, од раскол — појавено во XVII век во Русија религиозно движење кое завршило со образување низа секти.

Но мене ми беше судено да проживеам уште две години под негово повелништво. Сето она што ми го раскажуваше за него Аким Акимич, се покажа како наполно вистинито, со таа разлика што впечатокот од стварноста е многу посилен одошто впечатокот од просто раскажување. Тој беше страшен човек, токму затоа што таков човек беше началник, речиси неограничен, над двесте души. Инаку земено, тој беше само неисправен и лош човек, и ништо повеќе. Тој ги гледаше затворениците како свои природни непријатели и тоа беше неговата прва и главна грешка. Тој, навистина, имаше некои способности, но сè кај него, дури и доброто, се покажуваше некако изопачено. Незадржлив, злобен, тој се втурнуваше во затворот понекогаш дури ноќе, и ако забележеше дека затвореникот спие на левата страна или на грб, утредента го казнуваше. „Спи, вели, на десна страна, како што сум повелил.“ Во затворот него го мразеа и се плашеа од него како од чума. Лицето му беше алово, злобно. Сите знаеја дека тој наполно беше во рацете на својот посилен Феќа. Најмногу го сакаше тој својот пес Трезорка и за малку од жал не се помести од умот кога Трезорка се разболе. Зборуваа дека тој јадукал над него, како над роден син; го избркал еден ветеринар и, по својот обичај, за малку не се спотепал со него и, штом чул од Феќа дека во затворот се наоѓа затвореник — ветеринар самоук, којшто лекува необично успешно, незабавно го повика.

— Спасувај! Ќе те позлатам, излекувај го Трезорка! — му завикал тој на затвореникот.

Тој беше сибирски селанец, итер, умен, и навистина многу умешен ветеринар; но наполно селанец.

— Го гледам јас Трезорка — им раскажуваше тој потоа на затворениците, сепак многу подоцна по својата посета кај мајорот, кога работата беше веќе заборавена, — гледам: лежи песот на диван, на бела перница: и веќе гледам дека е воспаление, дека треба да му се пушти крв и ќе му помине на песот вистина ви велам, лебами! Но си мислам сам во себе: а што ќе стане ако не го излекувам, ако пцовиса пе-

сот? Не, му велам, ваше високоблагородие, доцна сте ме повикале; да сум бил вчера или завчера, во ова исто време, јас би го излекувал, а сега не можам, нема да го излекувам . . .

И така Трезорка пцовиса.

Мене подробно ми раскажуваа како сакале да го убијат нашиот мајор. Имаше во затворот еден затвореник. Тој лежеше кај нас веќе неколку години и се одликуваше со своето кротко држење. Исто така беа забележиле дека тој речиси никогаш не дружи со никого. Затоа него го сметаа за некаков блаженоудрен. Тој беше писмен и преку целата последна година, дење и ноќе ја читаше библијата. Кога ќе заспиеја сите, во полноќ, тој стануваше, се качуваше на печката,[15]) ја отвораше книгата и читаше до разденување. Еден ден тој пошол кај подофицерот и му изјавил дека не сака да оди на работа. Му јавиле на мајорот, тој зоврел и незабавно дотрчал самиот. Затвореникот ја фрлил некако однапред приготвената тула, но не погодил. Него го фатиле, суделе и казниле. Сето станало многу брзо. По три дена тој умрел во болницата. Умирајќи, тој зборувал дека никому не му мислел лошо а сакал слепо да пострада. Тој, меѓутоа, не ѝ припаѓаше на никаква расколничка секта. Во затворот се сеќаваа за него со почит.

Најпосле, мене ми ги сменија оковите. Во меѓувреме, во работилницата дојдоа една по друга неколку продавачки на печиво. Некои од нив беа сосем мали девојчиња. Уште како мали тие одеа обично со печиво; нивните мајки печеа а тие продаваа. Кога ќе стапеа во зрела возраст, тие продолжуваа да доаѓаат но веќе без печиво, речиси секогаш беше така вообичаено. Некои и не беа девојчиња. Парче печиво се продаваше по еден грош, и затворениците го купуваа речиси сето.

Јас забележив еден затвореник, столар, веќе старикав, но уште со алово лице и којшто со насмевка се задираше со продавачките. Тој тукушто да дојдат

---

15) Посебно направена sидна печка на која има место за седење или лежење.

тие врза на шијата црвена бубаќна шамија. Една дебела и сосем симпатична женичка ја кладе својата селска кошница на неговата тезга. Меѓу нив почна разговор.

— Зашто вие вчера не дојдовте онаму? — ја запраша затвореникот со задоволна насмевка.

— Ете, јас дојдов, а вас ве немаше, — одговори живкавата женичка.

— Не побараа, инаку бездруго би нè нашле таму . . . А завчера сите ваши дојдоа кај мене.

— Која и која?

— Беше и Марјашка, беше и Хаврошка, и Чекунда, после Двухгрошоваја . . .

— Што е ова? — го прашав јас Аким Акимич, — зар? . . .

— Станува, — одговори тој со скромно сведнати очи, затоа што беше необично невин човек.

Тоа, се разбира, стануваше, но многу ретко и со најголеми мачнотии. Воопшто имаше повеќе љубители, на пример, барем да се напијат одошто за таква работа, без обзир на сета природна тежина на принудниот живот. Тешко можеше да се најде жена. Требаше да се избира време, место, да се спогодува, определува средба, да се бара самотност, што беше особено тешко, да се наговоруваат стражарите, што беше уште потешко, и воопшто да се потроши куп пари, судејќи релативно. Но сепак, јас подоцна имав можност понекогаш да бидам свидетел и на љубовни сцени. Паметам, еднаш лете ние тројца бевме во некоја плевна на брегот на Иртиш и ја затоплувавме печката за печење; стражарите беа добри. Најпосле, се јавија две „суфлерки“, како што ги викаа затворениците.

— Што се задржавте толку де? Бездруго сте биле кај Сверкови? — ги пресретна затвореникот кај кого беа дојдени, што одамна ги чекаше.

— Јас сум се забавила? Па онаа сврачкана што пред малку беше на колон повеќе поседе одошто јас кај нив, — одговараше девојката.

Таа беше најбербатната девојка во светот. Токму таа и беше Чекунда. Со неа заедно дојде Двухгрошоваја. Таа пак дури и не може да се опише.

— И со вас дамна не сме се виделе, — продолжуваше истиот љубезник, — обрнувајќи ѝ се на Двухгрошоваја: — вие изгледа како да сте ослабеле?

— Па може и да биде. Порано бев каде и каде подебела, а сега — ете чиниш игла сум голтнала.

— Сѐ по војничињата се врткате?

— Не, тоа лоши луѓе не накодошиле; меѓутоа, па што, ако сака и без ребра да останеме, но војници да љубиме!

— А вие витосајте ги, и љубете нѐ нас: ние имаме пари...

За да биде сликата попотполна, претставете си го тој убавец со избричена глава, со окови, во ишарана облека и под стража.

Јас се поздравив со Аким Акимич и кога разбрав дека можам да се вратам во затворот, појдов со стражарот дома. Луѓето веќе се враќаа. Најнапред се враќаат од работа оние што работеле определена задача. Единствено средство да се натера затвореникот да работи усрдно тоа е да му се определи задача. Понекогаш се задаваат огромни задачи, но сепак тие се свршуваат двојно поскоро одошто кога би работеле до самото истропување на барабанчето за ручек. Кога ќе ја исполни задачата, затвореникот ништо не го спречува да си оди дома и веќе никој не го запира.

Не ручаат заедно, а како се нашло, кој дошол порано; па и кујната не би ги собрала сите наеднаш. Јас ја обидов чорбата, но поради ненавикнатост не можев да ја јадам и си приготвив чај. Ние седнавме накрај на масата. Со мене беше еден другар, исто така како мене благородник.

Затворениците доаѓаа и си заминуваа. Меѓутоа пак имаше место. Уште не беа собрани сите. На една маса беа седнати засебно една група од петмина. Готвачот им сипа во две каленици чорба и им принесе цела тепсија пржени риби. Тие нешто празнуваа и

јадеа и затворско и свое. Тие нас нè погледнаа напреку. Влезе еден Полјак и седна до нас.

— Не сум бил дома но знам за сè! — гласно завика еден висок затвореник, влегувајќи во кујната и со поглед одмерувајќи ги сите присутни.

Тој беше на педесетина години, мускулест и слабунест. На неговото лице се огледуваше нешто лукаво и напоредно со тоа весело. Особено беше забележлива неговата доста дебела висната долна усна која му придаваше на неговото лице нешто необично комично.

— Па, здраво-живо! — Што не поздравувате? Да се живи нашите од Курск! — додаде тој, наместувајќи се крај тие што јадеа порачано, — на здравје! Добро ве најдов!

— Но ние, брат, не сме од Курск!

— Или Тамбовски бевте?

— Па и Тамбовски не сме. Кај нас, брат, нема леб за тебе. Оди ти кај имашен селанец и таму барај!

— Денеска, браќа, во стомакот ми се Трпче Грепчев и Марија Икајца; а тој, вашиот имашен селанец, кај се наоѓа?

— Па ете Газин е имашен, па оди кај него.

— Денеска Газин се весели, браќа, се запил: сè што има во ќесето ќе ги испие.

— Има дваесет сребрени рубли, — забележи друг. Не е лошо, браќа, да бидеш крчмар.

— Па што не го пречекувате гостинот? Па тогаш ќе си сркнеме и од она што го дава државата.

— А ти појди, побарај чај. Ене, господата пијат.

— Какви господа, тука нема господа. Сега и тие се истото она што сме и ние, — намуртено проговори еден затвореник што седеше во ќошето. Дотогаш тој не беше прозборел ни збор.

— Би сакал да се напијам чај, но ми е срам да молам: ние сме со амбиција! — забележи затворениkот со дебелата усна, добродушно гледајќи кон нас.

— Ако сакате, јас ќе ви дадам, — реков јас, поканувајќи го затвореникот. — Сакате ли?

— Дали сакам? Па како да нејќам! — тој пријде кон масата.

—Глеј го ти него, дома со опинок чорба сркал, а тука за чај научил, му се присакало господско пиење; — прозборе смуртениот затвореник.

— А зар тука никој не пие чај? — го прашав јас. Но тој не ме удостои со одговор.

— Ене кај носат и печиво. Па почестете и со печиво.

Донесоа печиво. Млад затвореник носеше цела врска и ја распродаваше во затворот. Продавачката на печиво му го отстапуваше десеттото парче а на него и сметаше тој.

— Печиво, печиво! — викаше тој, влегувајќи во кујната, — московско, топло. И самиот би јал, но немам пари. Ајде, браќа, само уште едно парче остана: кој имал мајка?

Тоа повикување на мајчинската љубов ги насмеа сите, и му купија неколку.

— А што велите, браќа, — проговори тој, — денеска Газин бездруго ќе се напие! Живми бога! И кога му текнало да пијанствува. Лошо ќе биде ако дојде осмоокиот.

— Ќе го скријат! А што, многу ли е пијан?

— Уште како! Палав е, додева!

— Па, така ќе ја дотера работата и до тупаници...

— За кого зборуваат тие? — го прашав јас Полјакот што седеше крај мене.

— Тоа е затвореникот Газин. Тој тргува со пијалак. Кога ќе спечали пари уште веднаш ги испива. Тој е суров и лош: инаку, како трезвен, е мирен; но кога ќе се напие, тогаш се покажува целиот; се нафрла со нож врз луѓето. Но тогаш го заполтуваат.

— Како го заполтуваат?

— Се нафрлаат врз него десетина затвореници и почнуваат страшно да го тепаат, сè дотогаш додека тој не се лиши од секаков осет, то ест го тепаат речиси до умирачка. Тогаш го легнуваат на легло и го покриваат со кожув.

— Па тие може да го отепаат?

— Да е друг, би го отепале, но него не. Тој за унер е силен, посилен од сите тука во затворот и нај-

јак на снага. Уште утредента изутрина тој веќе станува сосем здрав.

— Кажете ми, ви се молам, — продолжував јас да го распрашувам Полјакот, — па нели тие исто така си јадат свое порачано јадење, а јас пијам чај. А меѓутоа тие гледаат така како да заблазуваат за тој чај. Што значи тоа?

— Не е тоа заради чајот, — одговараше Полјакот. — Ним им е криво за вас, затоа што вие сте благородник и не прилегате на нив. Мнозина од нив би сакале да се закачат со вас. Тие многу би сакале да ве навредат, понижат. Тука вие ќе видите уште многу непријатности. Тука е ужасно тешко за нас. Нам, во секој поглед ни е потешко одошто на сите други. Потребно е многу рамнодушност за да се навикне на тоа. Вам уште колкупати ќе ви прават непријатности и ќе ве караат, затоа што имате чај и засебно јадење без обзир на тоа дека многумина и дури мошне често јадат свое, а некои постојано пијат чај. Тие можат, но вие не. Тој, откако го кажа тоа, стана од масата и си замина. По неколку минути се збиднаа и неговите зборови.

III

ПРВИ ВПЕЧАТОЦИ

Тукушто си замина М-цкиј, оној Полјакот што зборуваше со мене, Газин, сосем пијан, се втурна во кујната.

Пијан затвореник, сред бел ден, во делник, кога сите се должни да одат на работа, под командата на строг началник што секој миг можеше да дојде до затворот, при подофицер што ги надгледува затворениците и се наоѓа постојано во затворот; при стражари, при инвалиди, со еден збор при сите тие строгости, сосем ги збркуваше сите зародени во мене претстави за затворската живеачка — поминувачка. И уште мошне многу требаше да проживеам во затворот за да можам да си ги објаснам сите тие факти, толку загадочни за мене во моите први дни во затворот.

Јас веќе зборував дека затворениците секогаш имаа своја работа и дека таа работа е природна потреба во затворскиот живот; дека, освен таа потреба, затвореникот страстно ги сака парите и ги цени повеќе од сè, и им придава речиси иста вредност како и на слободата, и дека тој е веќе утешен ако тие му тропкаат во џебот. Напротив, тој е со обесен нос, невесел, беспокоен и очаен ако ги нема, и тогаш тој е готов и на кражба и на што и да е, само за да ги добие. Но без оглед на тоа што во затворот парите имаат толку голема вредност, тие никогаш не се заседуваат долго кај среќникот што ги има. Прво, беше

тешко да се запазат а да не ги украдат или одземат. Кога, при ненадејни претреси, мајорот ќе ги најдеше, тој незабавно ги одземаше. Можеби тој ги употребуваше за подобрување на затворскичката храна; но во секој случај тие му се предаваа нему. Но најчесто нив ги крадеа: не можеше во ништо да се има доверба. Отпосле најдовме начин парите да се чуваат сосем безопасно. Тие му се даваа за вардење на старецот — староверец, што кај нас дојде од стародубовските населби, некогашни Ветковци... Но не можам да се стрпам а да не кажам за него неколку збора, иако се оддалечувам од предметот.

Тоа беше старче на шеесетина години, молчаливо, мало, побелено. Тој до немајкаде ме зачуди уште од прв поглед. Тој дотолку не прилегаше на другите затвореници; имаше нешто дотолку спокојно и тивко во неговиот поглед, што јас, паметам, со некакво особено задоволство ги гледав неговите јасни светли очи, опкружени со мали лачести брчки. Јас често зборував со него, и во мојот живот ретко сум сретнал толку добро, благодушно суштество. Тој беше пратен во затворов за многу голем престап. Меѓу стародубовските староверци почнале да се појавуваат покрстени. Владата многу ги бодреше и почна да употребува секакви усилби за покрстувањето и на други староверци. Старецот, заедно со други фанатици, се решил, како што тој се изразуваше, „да се бори за верата". Почнала да се гради нововерска црква, и тие ја запалиле. Старецот, како еден од главатарите за тоа беше испратен во затворот. Тој беше имашен човек, што тргувал, дома беше оставил жена и деца, но со цврстина пошол на прогонство, затоа што во својата заслепеност тоа го сметаше за „мака за верата". Кога би поживеале со него некое време, вие и не сакајќи би сте си го поставиле прашањето: како можел тој кроток, питом како дете човек да стане бунтовник? Јас неколкупати прикажував со него „за верата." — Тој ни за троа не отстапуваше од своите верувања; но во неговите противставувања немаше никаква злоба, никаква омраза. А меѓутоа, тој урнал црква

и не се одрекуваше од тоа. Изгледа дека тој, по своите верувања, својата постапка и добиените за неа „маки“ бездруго ги сметаше за славно дело. Но колку и да се загледував јас, колку и да го изучував, никогаш во него не забележував ни најмал белег на горделивост или самољубие. Имаше кај нас во затворот и други староверци, повеќето Сибирци. Сите тие беа развиени луѓе, итри селани, вонредно начитани и книгочатци и на свој начин големи полемичари, со еден збор, луѓе напернати и занесени и лукави и до крајност нетрпеливи спрема туѓи разбирања. Сосем поинаков беше нашиов старец. Начитан, можеби повеќе од нив, тој се држеше настрана од препирањата. Тој беше во голема мерка со дружељубен карактер. Тој беше весел, често се смееше — не со онаа груба цинична смеа со која се смееја другите затвореници, туку со јасна, наивна смеа, во која имаше многу детска простодушност и којашто некако особено им прилегаше на побелените коси. Јас, можеби, грешам но ми се чини дека по смеата може да се познае човекот, и ако уште од првото среќавање ви е пријатна смеата на кој и да е од сосем непознати вам луѓе, бидете уверени дека тој е добар човек. — Старецот спечали сеопшта почит од сите во затворот, со која ни најмалку не се гордееше. Затворениците го викаа дедо и никогаш не го навредуваа. Јас од тоа делум разбрав какво влијание можел да има тој врз своите истоверци. Но без оглед на очигледната цврстина со која тој ја одлежуваше својата казна, во него се таеше длабока неизлечива тага, којашто тој се мачеше да ја сокрива од сите. Јас живеев со него во иста касарна. Еднаш, кон трите изутрина, јас се разбудив и чув тивко, здржано плачење. Старецот седеше на печката (на истата онаа печка на која пред него ноќе се молеше зачитаниот во библијата и што сакаше да го отепа мајорот) и читаше молитви од својата ракописна книга. Тој плачеше, јас слушав како тој одвреме навреме зборуваше: „Господи, не оствај ме! Господи, закрепни ме! Дечиња мои мили, никогаш нема да се видиме!“ Не можам да ви кажам колку жално ми стана. — Ете ток-

му на тој старец полека-полека почнаа сите затворени-ци да му ги даваат своите пари да им ги чува. Во затворот речиси сите беа крадци, но наеднаш сите којзнае зошто се уверија дека старецот не може да украде. Знаеја дека тој некаде ги крие парите што му се предадени на чување, но во такво скришно место што никој не би можел да ги пронајде. Отпосле мене и на некои од Полјаците тој ми ја кажа својата тајна. На еден столб од оградата имаше глужд, навидум тврдо срснат со дрвото. Но тој се вадеше и во дрвото имаше голема дупка. Токму тука дедото ги криеше парите и пак го клаваше глуждот, така што никој никогаш не можеше да најде ништо.

Но јас се оддалечив од раскажувањето. Се запрев на тоа: зошто кај затвореникот не се задржуваа пари. Но освен тешкотијата да се запазат во затворот имаше толку тага; пак затвореникот, по својата природа, е суштество што дотолку пека за слобода и, најпосле, по својата социјална положба е дотолку лекомислен и беспатен, што него природно го примамува „да се истуши и направи волја на душата", да сневрати сè што има, со врева и музика, така што да ја заборави, барем за малку, својата тага. Дури беше чудно да се гледа некој од нив како понекогаш работи по цели месеци не кревајќи глава, единствено поради тоа еден ден да ја сневрати сета заработка, сосем до голо, а потоа пак, до повторното пијанствување, неколку месеци да ринта. — Мнозина од нив љубеа да се подновуваат и тоа бездруго со работи од посебно значење: некакви не како затворенички облеки црни панталони, лесно набрано палтенце, сибирски кафтан. Исто така многу се употребуваа бубаќни кошули и појаси со бакарни пафти. Се променуваше во празнични денови и променетиот бездруго ќе поминеше по сите касарни за да го видат сите луѓе. Задоволството на убаво облечениот стасуваше до детинштина; па и во многу други односи затворениците беа сосем како деца. Вистина, сите тие убави работи некако наеднаш исчезнуваа од стопанот, понекогаш уште истата вечер се заложуваа и

продаваа речиси за ништо. Меѓутоа, веселничењето се развиваше постепено. Тие обично стануваа или во празнички дни или на именденот на затвореникот што се провеселуваше. Затвореникот што го славеше именденот, станувајќи изутрина, палеше свеќа пред иконата и се молеше, потоа се облекуваше убаво и си порачуваше ручек, се купуваше говедско, риби, се правеа сибирски пељмени[16]); тој се нагнетуваше, како вол, речиси секогаш сам, ретко поканувајќи ги другарите да каснат заедно со него. Потоа се појавуваше пијалакот: именикот се напиваше како ќутук и бездруго одеше нишајќи се низ касарните, трудејќи се да го видат сите дека е пијан, дека тој се весели, и со тоа да ја заслужи нивната сеопшта почит. Насекаде рускиот народ чувствува спрема пијанството некаква симпатија, а во затворот кон пивнатиот дури имаа и почит. Во пијанствувањето во затворот имаше своевиден аристократизам. Штом ќе се развеселеше, затвореникот бездруго наемаше музика. Имаше во затворот еден Полјак, воен бегалец, многу непријатен човек, но којшто свиреше на виолина и имаше свој инструмент — единствен свој имот. Тој немаше никаков занает и само со тоа и заработуваше што се главуваше на развеселените да им свири весели игри. Неговата должност се состоеше во тоа неразделно да го следи својот пијан работодател од касарна в касарна и со сè сила да струже на виолината. Често на неговото лице се појавуваше здодевност, мака. Но извикот: „Свири, пари си земал!“ го присилуваше одново да струже и струже. Затвореникот, почнувајќи да пие, можеше да биде цврсто уверен дека ако веќе многу се напие бездруго ќе вардат на него, навреме ќе го легнат да спие и секогаш ќе го скријат некаде ако се појави некој од началниците, и сето тоа сосем несебично. Од своја страна и подофицерот и инвалидите, што за надгледување живееја во затворот, можеа исто така да бидат сосем спокојни, пијаниот не можеше да направи ни-

[16]) Пељмен се прави од варено тесто со месо.

каков прекршок и нередност. Него го надгледуваше целата касарна, и ако тој завревеше, се забунтуваше — него уште веднаш ќе го заполтеа, дури просто ќе го врзеа. А затоа понижето началство во затворот гледаше на пијанството низ прсти, па и не сакаше да го забележува. Тоа мошне добро знаеше дека ако се забрани пиењето — ќе биде и уште полошо. Но од каде се набавуваше пијалак?

Пијалакот се купуваше во самиот затвор, од такавиканите крчмари. Тие беа неколцина луѓе, и ја водеа својата трговија постојано и успешно, без обзир на тоа што пијачи и „веселници" имаше воопшто малку, затоа што пијанствувањето бараше пари, а затвореничките пари тешко се печалеа. Трговијата почнуваше, врвеше и се исполнуваше на доста оригинален начин. Некој затвореник, да речеме, нема занает и не сака да се мачи (имаше такви), но сака да има пари и притоа е нестрплив човек, сака скоро да спечали. Тој има за почеток троа пари, и решава да тргува со пијалак: таа е смела работа, што бара голем ризик. За неа можеше да се плати со тоа да му осети грбот и наеднаш да се лиши и од стоката и од капиталот. Но крчмарот се решува. Тој отпрвин има малку пари и затоа првиот пат сам го пренесува пијалакот во затворот и, се разбира, го продава добро. Тој го повторува и потретува обидот, и ако не биде фатен, трговијата брзо му напредува, и дури тогаш започнува вистинска трговија на широки основи: станува претприемчив, капиталист, држи агенти и помошници, ризикува каде и каде помалку и печали сè повеќе и повеќе. За него ризикуваат помошниците.

Во затворот секогаш има луѓе што сневратиле, прокоцкале, испиле сè до последна пара, луѓе без занает, бедни и парталковци, но надарени во извесна мерка со смелост и решителност. На таквите луѓе, како капитал им останува само нивниот грб; тој уште може да послужи за нешто, и ете токму тој последен капитал неранимајкото што сневратил сè решува да го вложи во работа. Тој оди кај антрепренерот и се главува да пронесува пијалак во затворот; богатиот

крчмар има неколку такви работници. Некаде надвор од затворот постои таков човек; — војник, прост граѓанин, понекогаш дури проститутка, — којшто за парите на антрепренерот и извесна награда, релативно не многу мала, купува во крчмата пијалак и го сокрива на скришно местенце, каде што затворениците доаѓаат на работа. Секогаш набавувачот најпрвин обидува дали чини ракијата, и отпиеното бездушно се надополнува со вода: сакал-нејќел затвореникот не може многу да избира, па добро што не пропаднале сосем парите и е набавен пијалак, па каков сака нека е, главно нека е пијалак. Токму кај тој набавувач и доаѓаат покажаните му однапред од затворскиот крчмар проносувачи, со говедски црева. Тие црева прво се измиваат, потоа се полнат со вода, и, на таков начин, се запазуваат во поранешната влажност и растегливост, за да бидат подоцна пригодни за полнење со пијалак. Кога ќе ги наполни цревата со пијалак, затвореникот ги врзува околу себе, по можност на најскришните места на својата снага. Се разбира, притоа се покажува сето мајсторство, сета крадечка итрост на проносувачот. Делум е засегнато и неговото честољубие: тој треба да ги изигра стражарите и спроводниците. Тој ги изигрува: стражарот, понекогаш некое младо војниче, секогаш нема да го фати опитниот крадец. Се разбира, најнапред се проучува стражарот, а освен тоа се зема во предвид времето и местото кај се работи. Затвореникот, на пример оној што прави печки, ќе се качи на печката — кој ќе го види што прави тој таму? Па нема и стражарот да се качува по него. На враќање во затворот тој зема в рака пари — петнаесет или дваесет копејки во сребро, за секој случај, и го чека на врата ефрејторот. Дежурниот стражарен ефрејтор потполно го прегледува и опипува секој затвореник што се враќа од работа и дури потоа му ја отвора затворската врата. Проносувачот на пијалак обично се надева дека ќе им биде срам многу подробно да го прегледуваат на некои места. Но понекогаш, ако се попадне ефрејтор-итрец научен и на тие места и го напипува пијалакот. То-

гаш останува само последното средство: проносувачот молкум и скришно од стражарот му ја тутнува в раце скриена во својата рака пара. Се случува таа маневра да му помогне и тој доаѓаше среќно во затворот и донесуваше пијалак. Но понекогаш маневрата не успеваше, и требаше тогаш да се плаќа со својот последен капитал — грбот. Му пријавуваат на мајорот, капиталот — грбот го натепуваат, и тоа мошне болно, пијалакот се одзема за сметка на државата, а проносувачот зема сè на себе, не предавајќи го антрепренерот, но, ќе забележиме, не затоа што се гнаси од поткажување, а единствено затоа што поткажувањето не би било полезно за него; него сепак би го натепале, сета утеха би била во тоа што би ги тепале обајцата. Но антрепренерот му е нему уште потребен, иако по обичајот и по договорот однапред, за тепаниот грб проносувачот не добива ни копејка од антрепренерот. Што се однесува за поткажувањата воопшто, тие се многу раширени. Во затворот поткажувачот не се подлага ни на најмало унижение, не може ни да се замисли негодување спрема него. Од него не се држат пострана, се држат со него, така што ако би почнале во затворот да ја докажувате сета нискост на поткажувањето, вас ни најмалку не би ве разбрале. Оној затвореник што беше благородник, развратен и подол, со кого јас ги прекинав сите односи, се дружеше со посилниот на мајорот — Феќка, и му служеше како шпион, а овој му го предаваше на мајорот сето чуено од него за затворениците. Сите кај нас го знаеја тоа, но никој никогаш дури не помислил да го казни или барем да го прекори никаквецот.

Но јас скршнав од предметот. Се разбира, се случува пијалакот и да се пренесе среќно во затворот, тогаш антрепренерот ги прима донесените црева, ги плаќа за нив парите, и почнува да пресметнува. По сметката излегува дека стоката му чини многу скапо; а потоа за поголеми печалби тој уште еднаш го преточува пијалакот, одново разблажувајќи го со вода, за малку речиси на половина, и по таков начин,

сосем приготвен го очекува купувачот. Уште во првиот празник, а понекогаш и во делник се јавува купувачот: тоа е затвореник што неколку месеци работел како вол под јарем и заштедил некоја пара, за да ги испие сите во отпорано за тоа определениот ден. Тој ден уште дамна пред своето доаѓање му доаѓал на кутриот трудбеник и насоне и во среќните соништа во време на работа и со својата волшебност го крепел неговиот дух во додевната стварност на затворскиот живот. Најпосле зората на светлиот ден се појавува на исток: парите се заштедени, не се одземени, украдени, и тој му ги носи на крчмарот. Тој му продава пијалак, по можност отпрвин не сосем разводнет, то ест само еднаш двапати разблажен со вода: но доколку се испива од шишето сето отпиено незабавно се надополнува со вода. За една чашка се плаќа по петшестпати повеќе одошто во крчма. Може да се замисли колку такви чашки е потребно да се испијат и колку пари треба да се плати за нив за да се напие човек? Но поради одвикнатост од пиење и од претходното воздржување затвореникот се опива мошне брзо, и обично продолжува да пие сè дотогаш додека не ги испие сите свои пари. Тогаш се заложуваат сите плјачки. Крчмарот е во исто време и лихвар. Најнапред се заложуваат подновките, потоа доаѓа ред и до ветвинките, а најпосле и до државните плјачки; кога ќе испие сè, до последниот партал, пијаницата легнува да спие, и утредента, разбуден со неизбежна болка во главата, напразно пита од крчмарот барем една голтка за кршење на мамурлукот. Со тага ја поднесува таа неволја, и уште истиот ден се зафаќа пак за работа и пак работи неколку месеци не исправајќи грб, мечтаејќи за среќниот ден на веселничењето, неповратно потонат во вечноста и троа по троа почнува да се ободрува и да го очекува другиот исто таков ден, што е уште далеку, но кој сепак ќе дојде некогаш на ред.

Што се однесува до крчмарот, тој кога најпосле ќе спечали огромна сума, неколку десетици рубли, приготвува за последен пат пијалак и веќе не го раз-

блажува со вода, затоа што го приготвува за самиот себе; доста е со трговијата: време е и самиот да попразнува! Почнува пир, пиење, јадење, музика. Пари има многу: се одоброволува дури и најблиското, пониско затворско началство. Пирот понекогаш продолжува по неколку дена. Се разбира, приготвениот пијалак скоро се испива; тогаш веселникот оди кај другите крчмари, кои веќе го очекуваат, и пие дотогаш, додека не испие сè до последната копејка. Колку и да го вардат затворениците развеселениот, но понекогаш му паѓа в очи на вишето началство, мајорот или стражарниот офицер. Него го носат во корегардијата, му ги одземаат парите, ако ги најдат кај него и најпосле го натепуваат. Кога ќе дојде на себе, тој доаѓа назад во затворот, и по неколку дена одново се зафаќа со крчмарскиот занает. Понекои од веселниците, се разбира, троа поимашни, мечтаат и за убавиот пол. Понекогаш тие, за големи пари, се измолкнуваат скришум и од тврдината и наместо на работа одат некаде во предградието, во придружба на поткупениот стражар. Таму, во некоја скришна куќарка, некаде искрај градот, се прави голема веселба и се сневратува навистина голема пара. За пари и затвореникот не го презираат; за стражар се избира некој отпорано што ја познава работата. Обично таквите стражари се самите идни кандидати за в затвор. Меѓутоа, за пари може сè да се стори, и таквите патешествија речиси секогаш стануваат сосем ретко; за тоа треба многу пари, и љубителите на убавиот пол прибегнуваат кон други средства, сосем безопасни.

Уште од првите дни на мојот живот во затворот, кај мене побуди љубопитство еден млад затвореник, необично добро момче. Го викаа Сироткин. Тој беше мошне загадочно суштество, во многу односи. Пред сè, мене ме зачуди многу неговото прекрасно лице; тој немаше повеќе од дваесет и три години. Тој беше во посебното одделение, то ест со неопределен рок, спрема тоа се сметаше за еден од најголемите воени престапници. Тих и кроток, тој малку зборуваше, ретко се смееше. Очите му беа сини, цртите правил-

ни, лицето чисто, нежно, косата светло-руса, дури и неговата наполу избричена глава малку го нагрдуваше него; беше толку убаво тоа момче. Тој немаше никаков занает, но добиваше пари, ако по малку но често. Тој беше очевидно мрзлив, одеше бербатен. Освен ако некој друг го облече убаво, понекогаш дури и во црвена кошула, и тогаш Сироткин, очигледно, се радува на подновувањето: оди по касарните, се покажува да го видат. Тој не пиеше, не играше карти, речиси со никого не се караше. Се рашетува така по касарните — рацете в џеб, мирен, задуман. За што си мислеше тој тешко може да се замисли. Ќе го извикаш, понекогаш од љубопитство, ќе го прашаш нешто, тој веднаш ќе одговори и дури некако со почит, не по затворенички, но секогаш кусо, скржаво; ве гледа како десетгодишно дете. Ако му попаднат пари; — нема да му се за нешто неопходно, нема да даде да му се закрпи палтото, нема да си купи нови чизми, а ќе си купи симитче, колаче и ќе го изеде, — како да е седумгодишно дете. — „Ех, ти Сироткине! — му зборуваа затворениците, — сираче Казанско!" Во неработно време тој обично се скиташе по туѓите касарни; речиси сите се зафатени со своја работа, само тој нема што да прави. Ќе му речат нешто, речиси секогаш на подбив (со него и неговите другари почесто се подбиваа), — тој, без да рече ни збор, ќе се сврти и оди во друга касарна; а понекогаш ако веќе многу ме се поднасмевнале нешто, ќе се сцрви. Често си мислев: за што ли тоа кротко, простодушно суштество дошло в затвор? Еднаш, јас лежев во болницата, во затвореничкото одделение. Сироткин исто така беше болен и лежеше крај мене; еднаш наквечер ние со него некако се заприкажавме; тој случајно живна и, на зборот, ми раскажа како го дале во војска, како, испраќајќи го, го плачела мајка му, и нему тешко му било меѓу регрутите. Тој додаде дека никако не можел да го истрпи регрутскиот живот: затоа што таму сите биле така лути, строги, а командирите биле секогаш незадоволни од него.

— Па како излезе најпосле? — прашав јас. — За што попадна ти тука? Па уште дури озгора во посебно одделение... Ех, ти Сироткине, Сироткине!

— Па јас, Александар Петрович, сè на сè само една година бев во баталјон; и тука дојдов затоа што Григорија Петровича, мојот четен командир, го убив.

— Сум чул јас за тоа, Сироткине, но не ми се верува. Па кого би можел ти да го отепаш?

— Така стана, Александар Петрович. Многу тешко ми беше веќе станато.

— Па како тоа другите регрути живеат? Се разбира, отпрвин е тешко, а потоа навикнуваат, и гледаш, — излегува прекрасен војник. Тебе, бездруго, мајка ти, те разгалила, со колачиња и млеко до осумнаесет години те хранила.

— Вистина, мајка ми многу ме сакаше. Кога појдов јас регрут, таа легнала на постела, и како што слушав, и не станала... Кон крајот на регрутството мене ми стана веќе премногу мачно. Командирот не ме засака, за сè ме накажуваше, — а за што? Јас на сè се покорувам, живеам редно; не пијам, не позајмувам ништо од никого, а пак тоа, Александар Петрович, е лоша работа кога човек се задолжува — наоколу сите луѓе како камен да им е срцето, нема кај да се исплачам. Па така, ќе отидам некаде во некое ќоше, па таму и ќе се изнаплачам. Ете така стојам еднаш јас на стража. Веќе е ноќ мене ме поставија на предна стража, пазам пушки.

Беше есен, едно ветриште, а таква темница што прст пред око не се гледа. И толку мачно, мачно ми стана! Ја кладов јас пушката до нога, го извадив бајонетот, го ставив скраја; ја собув десната чизма, цевката си ја свртев в гради, се наблегнав на неа и со големиот прст од ногата ја тргнав рачката за истрел. Гледам — не фати! Јас ја прегледав пушката, ја прочистив запалката, сипав одново барут, го суредив кременот, и пак ја свртев кон себе. Па што? Барутот пламна, а истрел пак нема! Што ли е тоа, си мислам? Земав јас, ја обув чизмата, го кладов бајонетот, молчам и чекорам. Токму тогаш јас и наумив

да ја сторам таа работа: што сака нека биде, само во регрутство да не останам. По половина час доаѓа командирот, негова работа е да прегледува. Право па врз мене: „Зар така се стои на стража?“ Јас ја зедов пушката в раце и го забодив ножот до самата цевка. Добив четири илјади[17]) па после тука, во посебно одделение...

Тој не лажеше. Па и зошто инаку би го пратиле во посебно одделение. Обичните престапи се казнуваат каде и каде полесно. Па и од сите свои другари само Сироткин беше така личен. Што се однесува за другите како него, што кај нас беа сè на сè петнаесетмина, дури беше страшно да се погледаат; само две-три лица можеа уште да се поднесат: останатите пак беа грди, бербатни, со свиснати уши; некои и дури со побелени коси. Ако имам можност, јас некогаш ќе раскажам поопширно за сета таа збирштина. Сироткин често се дружеше со Газин, оној истиот, заради кого јас и ја почнав оваа глава, откако забележив дека тој пијан се втурна во кујната, и дека тоа ги збрка сите мои први претстави за затворскиот живот.

Тој Газин беше ужасно суштество. Тој на сите им оставаше страшен, мачен впечаток. Мене секогаш ми се чинеше дека не би можело да има ништо подивјачно и почудовишно од него. Јас сум го видел во Тоболск прочуениот со своите злосторства разбојник Каменев; потоа сум го видел Соколов, затвореник под судско иследување, страшен убиец што беше избеган војник. Но ниеден од нив не оставаше таков одвратен впечаток како тој Газин. Мене понекогаш ми се чинеше дека пред себе гледам огромен, исполински пајак, голем како човек. Тој беше Татарин, страшно силен, посилен од сите во затворот; со раст троа повисок од среден, со херкулесовска снага, со грда, непропорционално огромна глава; одеше подгрбавен, гледаше напреку. Во затворот за него се раскажуваа чудни работи: знаеја дека тој бил војник, не знам дали е вистина, но затворениците меѓу

[17]) Добив четири илјади удари со прачке.

себе прикажуваа дека тој е бегалец од Нерчинск; во Сибир бил праќан не еднаш, неколкупати бегал, сменувал име, и, најполсе попаднал во нашиот затвор, во посебно одделение. Исто така за него раскажуваа дека тој порано сакал да коли мали деца, само заради задоволство: ќе го заведе детето на некакво удобно место, отпрвин ќе го наплаши, ќе го измачи, и кога веќе сосем ќе се наужива од ужасот и трепереньето на малата кутра жртва, ќе ја заколи тивко, бавно, со наслада. Сето тоа, можеби, и го измислуваа, како последица на општиот тежок впечаток што го оставаше Газин на сите, но сите тие измислици некако одговараа на него, на неговото лице. А меѓутоа во затворот тој, кога не беше пијан, се држеше многу благоразумно. Беше секогаш тих, со никого никогаш не се караше и ги избегнуваше караниците, но како божем од презирање на другите, како божем сметајќи се себе погоре од сите други; зборуваше мошне малку и беше некако умислено недружељубив. По неговите очи се гледаше дека тој е мошне бистар и необично итар, но секогаш на неговото лице и насмевка имаше нешто високомерно — подбивно и жестоко. Тој тргуваше со пијалак и во затворот беше еден од најбогатите крчмари. Но еден-двапати во годината тој бездруго се напиваше и самиот, и ете токму тогаш се покажуваше сето sверство на неговата природа. Пијанејќи постепено тој отпрвин почнуваше да ги задева луѓето со потсмевувања, најпакосни, пресметнати и како божем однапред смислени; најпосле, кога сосем ќе се опиеше, паѓаше во страшен бес, се фаќаше за нож и се нафрлаше на луѓето. Затворениците, знаејќи ја неговата страшна сила, се разбегнуваа од него и се криеја: тој се нафрлаше врз секој сретнат. Но скоро најдоа начин да се расправат со него. Десетина луѓе од неговата касарна наеднаш се нафрлаа врз него сите одеднаш и почнуваа да го тепаат. Не е можно да си претстави човек ништо пожестоко од тоа тепање: го тепаа в гради, под срце, по лажичката, по стомакот, го тепаа многу и долго, и дури тогаш престануваа кога тој сосем се онесве-

стуваше и стануваше како мртов. Да го тепаат некој друг така не би се решиле: така да се тепа — значеше да се отепа, но не само Газин... По тепањето, — него, сосем онесвестен, го завиткуваа во кожув и го ставаа на леглото. — Ќе се одлежи! — велеа. — И навистина, тој стануваше изутрина речиси здрав и молкум и — стуштено одеше на работа. И секојпат кога Газин ќе се опиеше сосем, сите во затворот знаеја дека денот бездруго ќе заврши за него со тепање. Па и самиот тој го знаеше тоа и сепак се напиваше. Така одеше тоа неколку години, најпосле забележија дека Газин почнува да попушта. Почна да се оплакува на разни болки, почна осетно да слабее, сè почесто и почесто одеше в болница... „Сепак попушти!“ — зборуваа меѓу себе затворениците.

Тој влезе во кујната придружуван од она гадно Полјаче со виолината, што обично веселниците го главуваа за дополнување на својата веселба, и се запре сред кујната, молкум и внимателно огледувајќи ги сите присутни. Сите замолчеа. Најпосле, кога нè виде мене и мојот другар, тој злобно и подбивно нè погледа, самодоволно се насмевна, како божем да се присетил нешто, и божем нишкајќи се приjде кон нашата маса:

— А дозволете да прашам, — почна тој (зборуваше руски), — вие од какви приходи сте повелиле тука чај да се напивате?

Јас молкум се погледнав со својот другар, разбирајќи дека е најдобро да се молчи и да не му се одговара. Уште со првото противречување тој би се разбеснил.

— Значи, вие имате пари? — продолжуваше да распрашува тој.

— Значи, вие имате цел куп пари, а? А зар вас затоа ве испратиле во затворов за да се напивате чај? Вие сте дошле за да се напивате со чај? Па зборувајте де, да ве!...

Но штом виде дека ние сме решиле да молчиме и да не го забележуваме, тој се сцрви и се затресе од бес. Крај него, во ќошето, стоеја големи нокви во

кои се ставаше сиот исечен леб, приготвуван за ручек или вечера на затворениците. Тие беа толку големи што во нив се сместуваше лебот за половина од сите затвореници: сега беа празни. Тој ги фати со обете раце и замавна врз нас. Уште малку и тој ќе ни ги здробеше главите. Без обзир на тоа што едно убиство или намера за убиство го застрашуваше со необични непријатности сиот затвор; би почнале претреси; истедувања, зголемување на строгостите, а затоа затворениците од сè сила се трудеа да не доаѓаат до такви општи крајности, — без обзир на тоа, — сега сите притаија и чекаа. Немаше ни еден збор да речат да нè одбранат! Никој ни да викне на Газина. Се гледаше дека ним им беше пријатна нашата опасна положба . . . Но работата се сврши среќно: штотуку тој сакаше да ги фрли тие, и некој од ходникот свика:

— Газин! Пијалакот го украдоа . . .

Тој ги тресна ноквите на земја и како улав, се втурна надвор од кујната.

— Па, самиот господ ве спаси! — зборуваа меѓу себе затворениците. И потоа долго време зборуваа за тоа.

Јас не можев да разберам подоцна дали веста за кражбата на пијалакот беше вистинита или намерно измислена за да нè спаси нас.

Навечер кога веќе ќе се стемнеше, пред да се затворат касарните јас се рашетував крај оградата, и тешка тага ми паѓаше на душа, и никогаш во сиот мој живот во затворот подоцна јас не сум чувствувал таква мака.

Тешко се поднесува првиот ден во затворот, кај и да е тоа: во темничен, во обичен затвор, или на робија . . . Но, паметам, мене повеќе од сè ме занимаваше една мисла, којашто после наметливо ме гонеше преку сето време на мојот живот во затворот; — мисла што делум е неразрешлива, — неразрешлива за мене и сега: тоа е мислата за еднаквоста на казната за едни и исти злосторства. Навистина, и злосторствата не можат да се споредуваат едно со друго, дури ни приближно. На пример, и еден и друг убиле

човек; разгледани се сите околности на обете дела; и за едното и за другото дело се донесува речиси иста казна. А меѓутоа, погледнете колкава разлика има меѓу злосторствата. Едниот на пример, заклал човек туку-така, за ништо, за главиче лук: пречекал на пат некој селанец што поминувал а кој во него нашол само едно главиче лук. „Што е ова, браќа! Ти ме прати на добивка: ете заклав селанец и во него најдов само едно главиче лук". „Будала! Главиче лук! — една копејка! Сто души — сто лукчиња, ете ти ја цела кијбла!" (Затворско предание); — а другиот убил заштитувајќи ја од сладострастен тиранин честа на жена си, сестра си, ќерка си. — Едниот убил како бегалец, скитник, убил опколен по цели дни од цел полк агенти, бранејќи ја својата слобода, животот, честопати речиси умирајќи од глад; а другиот коли мали деца само од задоволство да коли, да ја чувствува на своите раце нивната топла крв, да се наслади од нивниот страв, нивниот гулабов последен трепет под самиот нож. И што? И едниот и другиот ги затвораат во ист затвор. Вистина, има разлики во роковите на пресудуваните казни. Но тие разлики се релативно малку; а разликите во злосторствата од еден ист вид — бескрајно многу. Каков е карактерот, таква е и разликата. Но да речеме дека да се примири, се чини, таа разлика е невозможно, дека тоа е на свој начин неразрешлива задача — квадратура на кругот, да речеме дека е така. Но ако таа нееднаквост и не би постоела, погледајте на една друга разлика, на разликата во самите последици од казната... Ете еден човек, во затворот венее, се топи, како свеќа; ете и друг, кој пред своето постапување во затворот дури и не знаел дека на светов има таков весел живот, таква пријатна дружина на јуначки другари. Да, доаѓаат во затворот и такви. Ете, на пример, човек со образование, со развиена совест, со свест, со добра душа. Само болката на неговото сопствено срце, пред сите казни, ќе го отепа со своите маки. Тој самиот ќе се осуди за своето злосторство понепоштедно, побезмилосно одошто најстрашниот закон. А ете напо-

редно со него друг, кој дури ни еднаш, во текот на сето лежење во затворот можеби не помислил за стореното од него убиство. Тој дури се смета себе за прав. А има и такви, што намерно прават престап само за да попаднат в затвор и таму да се избават од неспоредливо поробијашкиот свој живот таму на слобода. Таму тој живеел во крајна понижености, никогаш не се најадувал до наситување и 'ргал за својот работодавец од разденување до стемнување; а во затворот работата е полесна одошто дома, леб има доволно и тоа таков каков што тој уште не видел; на празниците има говедско месо, се дава милостина, има можност да спечали некоја пара. А дружината? Дружината се луѓе препредени, итри, сè знаат; и ете тој ги гледа своите другари со восхитеност и почит; тој уште никогаш не видел такви; тој ги смета за највисоко општество какво што воопшто може да има на светот. Зар казната за нив двајца е подеднакво осетлива? Но, меѓутоа, зошто човек да се бави со неразрешливи прашања! Бие барабанчето, време е да се оди в касарна.

IV

ПРВИ ВПЕЧАТОЦИ

Започнува последниот преглед. По тој преглед касарните се затвораа, секоја со засебен клуч, и затворениците останувааа затворени сè до развиделување.

Прегледот го правеше подофицерот со двајца војници. Заради тоа затворениците понекогаш ги постројуваа во дворот и доаѓаше стражарниот офицер. Но најчесто сета таа церемонија стануваше по домашен начин: проверуваа по касарните. Така беше и сега. Тие што проверуваа често грешеа, пребројуваа неточно, одеа и се враќаа пак. Најпосле кутрите стражари го изброија точниот број и ја затворија касарната. Во неа беа сместени триесетмина затвореници, збиени доста тесно по леглата. За спиење беше уште рано. Секој, очевидно, требаше со нешто да се занимава.

Од началството во касарната остануваше само инвалидот, за кого што јас веќе порано спомнав. Во секоја касарна исто така имаше старшија-затвореник, назначуван од самиот мајор, се разбира, заради добро држење. Мошне често се случуваше и старшиите на свој ред да направат посериозни прекршоци; тогаш беа подложувани на тепање, незабавно ги сменуваа од положбата и заменуваа со други. Во нашата касарна старшија беше Аким Акимич, којшто, за мое чудење, често им подвикнуваше на затворениците. Затворениците обично му одговараа со подбивање. Инвалидот беше поумен од него и не се мешаше во

ништо, ако некогаш и помрднеше со јазикот, тоа не беше повеќе колку само заради ред, да му е мирна совеста. Тој молкум си седеше на своето легло и крпеше чизма. Затворениците не му обрнуваа речиси никакво внимание.

Во тој прв ден на мојот затворски живот јас забележав една работа, а отпосле се уверив дека тоа е вистинито. Имено дека сите незатворенѝци, кој и да е, почнувајќи од оние што непосредно беа во допир со затворениците, како: вардачите, стражарите па и воопшто сите што имаа некаква врска со затворската поминувачка — ги гледаат затворениците некако преувеличено. Чиниш, тие неспокојно очекуваат секој миг некој затвореник туку наеднаш да се нафрли врз него со нож. Но најинтересно од сè е тоа, што самите затворенѝци беа свесни дека се плашат од нив, а тоа, очигледно, им даваше нешто како кураж. А меѓутоа најдобриот началник за затворениците е токму оној што не се плаши од нив. Па и воопшто, без обѕир на куражот, на сите затворенѝци им е каде и каде попријатно кога спрема нив имаат доверба. Со тоа човек дури може и да ги привлече кон себе. Кога бев јас во затворот се случуваше, иако мошне ретко, понекој од управата да намине во затворот без стражар. Треба да види човек како тоа ги зачудуваше затворениците, и тоа во добра смисла. Таквиот бестрашен посетител секогаш побудуваше почит спрема себе, и ако дури, и навистина би можело да се случи нешто лошо, тоа при него нема да станеше. Стравот што го влеваат затворениците го има на секое место, кај што само има затворенѝци, и навистина, не знам одошто токму доаѓа. Се разбира, тој делум има основа, почнувајќи од самиот надворешен изглед на затвореникот, озлогласен разбојник; освен тоа, секој што приоѓа кон затворот чувствува дека сета таа грмада луѓе се собрале тука не по своја желба, и дека, без обѕир на какви и да е мерки, жив човек не може да се претвори во труп: тој останува со чувство, со жед за одмазда и живот, со страсти и потреба да ги задоволи нив. Но без оглед на тоа, јас сум цврсто уверен дека сепак нема зошто човек да се плаши од затво-

рениците. Не туку-така и така скоро човек се нафрла со нож врз друг. Со еден збор, ако и е можна опасноста, ако таа понекогаш се случува, тоа, поради реткоста на слични несреќни случаи, може направо да се заклучи дека таа е ништожна. Се разбира, јас тука зборувам само за осудените затвореници, од кои некои дури се радуваат што најпосле попаднале в затвор (понекогаш дотолку е добар новиот живот!) а од тоа следува дека сакаат да живеат мирно и спокојно; па освен тоа и на навистина незаполтените меѓу нив нема самите да им дозволат да се јуначат многу. Секој осуденик колку и да е смел и дрзок, во затворот се плаши од сè. Затвореникот што е под истедување — тоа е друга работа. Тој навистина е способен да се нафрли на туѓ човек туку така, единствено заради тоа што тој утредента треба да биде казнет; а ако се заврзе ново дело, тоа значи дека се одложува и казната. Тука има причини, цел за напаѓање, тоа се: „да се промени својата судба“ по секоја цена и колку што е можно поскоро. Јас дури знам еден чуден психолошки случај од тој вид.

Кај нас во затворот, во военото одделение, имаше еден затвореник, војник, нелишен од правата на имот и положба, осуден на две години робија, што страшно се перчеше и беше голем плашливец. Воопшто, перчењето и плашливоста необично ретко се сретнуваат кај рускиот војник. Нашиот војник изгледа секогаш зафатен со нешто, така што кога и би сакал, не би имал кога да се перчи. Но ако тој веќе е напернат, тогаш речиси секогаш е безделник и плашливко. Дутов (презимето на затвореникот) го одлежа најпосле својот кусичок рок и замина пак во граничниот баталјон. Но бидејќи сите слични нему, праќани во затворот да се поправат, во него сосем се расипуваат, тогаш обично се случува, откако ќе поживеат на слобода не повеќе од две-три недели, одново да бидат судени и се враќаат назад во затворот, но веќе не за две и три години, а во „вечното“ одделение, на петнаесет или дваесет години. Така стана и со Дутов. Три недели по излегувањето од затворот, Дутов украл обивајќи ја бравата; озгора на тоа бујствувал и се тепал.

Бил предаден на суд и осуден на строга казна. Исплашен до немајкаде, до крајност од претстојната казна, како најбеден плашливко, тој спроти денот кога требало да помине низ строј со прачки, се нафрлил со нож врз влезениот во затвореничката соба стражарен офицер. Се разбира, тој сосем добро знаел дека со таквата постапка ќе си ја отежни прекумерно својата казна и рокот на лежење во затворот. Но сметката била токму во тоа што барем за неколку дена, барем за неколку часа да го одложи страшниот час на казната! Тој дотолку беше плашлив, што, кога се нафрлил со нож, дури и не го ранил офицерот, а го сторил сето тоа само навидум, само заради тоа да излезе нов престап за кој пак би го суделе.

Моментот пред казнувањето, се разбира, е ужасен за затвореникот, и во текот на неколку години јас сум видел мнозина обвинети спроти судбоносниот за нив ден. Обично јас се среќавав со обвинетите затвореници во болницата, во затворѐничките болнички одделенија кога лежеа болни што се случуваше мошне често. На сите затвореници во цела Русија им е познато дека кон нив најсожаливи луѓе се лекарите. Тие никогаш не прават разлика меѓу затворениците, како што не сакајќи прават речиси сите други, освен можеби простиот народ. Тој никогаш не го прекорува затвореникот за неговото злосторство колку и да е ужасно тоа и му проштева сè заради поднесената од него казна и воопшто за несреќата. Не туку така сиот народ во цела Русија престапот го наречува несреќа а престапниците несреќни. Таа е многу значајна определба. Нејзиното значење е дотолку поголемо што е направено несвесно, инстинктивно. А лекарите, во многу случаи, се вистинско засолниште на затворениците, особено на оние што се под истрага, коишто ги држат многу построго од осудените . . . И ете зошто, обвинетиот, штом приближно ќе пресметне кога ќе дојде тој за него страшен ден, оди често в болница, сакајќи барем колку-годе да го одолжи тешкиот час. А кога се испишува, речиси со увереност знаејќи дека утре е судбоносниот ден, тој речиси секогаш е многу

возбуден. Понекои, од самољубие, се трудат да ги сокријат своите чувства, но привидната, насила смелост не ги измамува нивните другари. Сите знаат во што е работата и си молчат од човештина. Јас познавав еден затвореник, млад убиец, некогашен војник, осуден да поднесе потполн, најголем број прачки. Тој дотолку се беше вцашил што дента спроти казната се реши да испие шише вино со тутун во него. Патем речено: кај неказнетиот затвореник пијалак се појавуваше секогаш пред исполнување на казната. Тој се донесува од многу порано пред тој ден, се набавува за скапи пари, и неказнетиот затвореник поскоро ќе се лишува половина година од најнеопходното, но ќе заштеди колку што треба пари за черек штоф[18]) пијалак, за да го испие на петнаесетина минути пред казната. Меѓу затворениците постои увереност дека пијаниот не сеќава толку болка од тепањето. Но јас се оддалечив од раскажувањето. Кутрото момче навистина веднаш се разболе кога го испи своето шише; почна да блуе крв и него го однесоа в болница речиси во несвест. Тоа блуење дотолку му ги искина градите што по неколку дена навистина му најдоа признаци на туберкулоза од која по половина година умре. Лекарите, кои го лекуваа од офтиката, не знаеја како се разболел.

Но раскажувајќи за често среќаваната малодушност на престапниците пред исполнувањето на казната, јас сум должен да додадам дека некои од нив, напротив, го изумуваат гледачот со својата необична бестрашност. Јас паметам неколку примери на храброст, што преминуваше во некаква неосетливост, и тие примери не беа сосем ретки. Особено го паметам моето среќавање со еден страшен престапник. Еден ден, лете, во затвореничките соби во болницата се пронесе глас дека вечерта ќе го казнуваат прочуениот разбојник Орлов, воен бегалец, и дека по казната ќе го доведат во болница. Болните затвореници, очекувајќи го Орлова, тврдеа дека него ќе го казнат жестоко. Сите беа некако возбудени и, си признавам, јас

[18]) Штоф — четиристрано шише, мера од 1,23 л.

исто така со крајно љубопитство го очекував доаѓањето на прочуениот престапник. Уште одамна бев слушал чуда за него. Тој беше злосторник, какви што малку ги има, што ладнокрвно колел старци и деца, — човек со страшна сила во волјата и со горда свест за својата сила. Тој беше обвинет за многу убиства и беше осуден да помине низ строј со прачки. Го доведоа уште вечерта. Во одајата беше веќе стемнето и ги запалија свеќите. Орлов беше речиси бесчувствен, страшно бледен, со густа, разбушавена, црна како катран коса. Неговиот грб беше потечен и крваво-син. Затворениците саноќ го гледаа, му ги смену-ваа облогите, го превртуваа од една страна на друга, му даваа лекови, чиниш гледаа сродник по крв или некаков доброчинител. Уште утредента тој сосем дојде на себе и помина едно-двапати низ одајата! Тоа мене ме изуми: тој дојде во болницата премногу слаб и измачен. Тој ја имаше поминато наеднаш половината од сиот определен број на ударите со прачки. Лекарот го запрел исполнувањето на казната дури кога забележил дека понатамошното продолжување на казната го застрашува престапникот со неизбежна смрт. Освен тоа, Орлов беше на мал раст и со слаба снага, и згора на тоа капнат од долгото држење под истрага. Кому му се случувало да сретне некогаш неказнети затвореници, тој за верување добро ги запаметил нивните измачени, слабунести и бледи лица, нивните грозничави погледи. Без обзир на тоа, Орлов брзо се окрепнуваше. Очигледно дека неговата внатрешна, душевна енергија многу ѝ помогаше на природата. Тој навистина беше не сосем обичен човек. Од љубопитство јас се запознав малку поодблизу со него и цела недела го проучував. Со увереност можам да кажам дека никогаш во животот не сум сретнувал човек со посилен, пожелезен карактер од неговиот. Јас веќе еднаш бев видел во Тоболск една знаменитост од тој вид, еден бивш главатар на разбојници. Тој во потполност беше вид на ѕвер и вие, стоејќи крај него и уште не знаејќи го неговото име, веќе инстиктивно осетувате дека крај вас се наоѓа страшно суштество. Но мене кај него ме ужасуваше

само духовната тапост. Плотта дотолку ги надминуваше сите негови душевни својства, што вие уште од прв поглед виѓавате дека кај него останала само дива жед за телесни наслади, сладострасност, плотоугодништво. Јас сум уверен дека Коренев — така се викаше разбојникот — дури би изгубил дух и би треперел пред казната без обзир на тоа што беше способен да коли без да му мигне окото. Сосем спротивен на него беше Орлов. Тука јасно се гледаше потполната победа на духот над снагата. Се гледаше дека тој човек може безгранично да се владее себе, ги презира сите маки и казни и не се плаши од ништо на светот. Во него вие гледавте само бескрајна енергија, жед за одмазда, жед да се постигне назначената цел. Меѓу другото јас бев крајно зачуден од неговата високомерност. Тој на сè гледаше некако до немајкаде озгора, но ни најмалку не присилувајќи се да се качува на кукалки, туку така, некако природно. Јас мислам дека нема суштество на светов што би можело да подејствува на него само со својот авторитет. На сè тој гледаше некако неочекувано спокојно, како божем да немаше ништо во светов што би можело да го зачуди. Иако тој наполно разбираше дека другите затвореници го гледаат со почит, тој никогаш не се перчеше пред нив. А меѓутоа надуеноста и занесеноста се својствени речиси на секој затвореник без исклучок. Тој беше мошне бистар и некако чудно отворен, иако ни најмалку не брборлив. На моите прашања тој ми одговараше направо дека чека да оздрави за да може што поскоро да го издржи останатиот дел од казната, и дека отпрвин пред казната се плашел дека нема да може да ја издржи. — „Но сега, — додаде тој откако ми намигна, — работата е свршена. Ќе го издржам останатиот број прачки, и уште веднаш ќе ме испратат со група во Нерчинск, а пак јас патем ќе избегам. Бездруго ќе бегам! Но само ете што поскоро да ми помине грбот!“ — И сите тие пет дни тој со жед очекуваше кога ќе може да бара да го испишат. Во очекувањето на тоа понекогаш тој беше многу насмеан и весел. Јас се обидував да заприкажам со него за неговите преживеалици. Тој

малку се муртеше при тие распрашувања, но секогаш одговараше отворено. А кога разбра дека јас се вмолкнувам во неговата совест и сакам да видам некакво каење, тој ме погледна малку презриво и високомерно, како јас божем наеднаш да станав во неговите очи некакво мало глупаво дете, со кое не бива ни да се расудува како со возрасен. Дури нешто како жалење се покажа на неговото лице. По една минута тој ми се изнасмеа со најпростодушна смеа, без каква и да е иронија, и јас сум уверен дека кога останал сам и се сетил за моите зборови, тој, можеби, неколкупати се насмеал во себе. Најпосле, тој излезе од болницата со уште незаздравен грб, и се случи така што ние се враќавме заедно, јас во затворот, а тој во корегардијата пред нашиот затвор каде што него го држеа понапред. На разделба тој ми ја стисна раката и тоа беше од негова страна знак на голема довереност. Јас мислам дека тој го направи тоа, бидејќи беше многу доволен од себе. Всушност тој не можеше да не ме презира мене и бездруго ме гледаше како суштество покорно, слабо, бедно и во секој поглед пониско од него. Утредента него го изнесоа за повторно издржување на казната.

Кога ја затворија нашата касарна, таа наеднаш доби некаков особен изглед, — изглед на вистинско живеалиште, домашно огниште. Дури сега јас можев да ги видам затворениците, моите другари, наполно, како дома. Дење подофицерите, стражарите, и воопшто началниците можат секој миг да влезат во затворот, а затоа сите жители на затворот и се држат некако инаку, како божем не сосем успокоени, како божем секој час очекувајќи со некаква беспокојност нешто. Но тукушто ја затворија касарната, сите уште веднаш се разместија по своите места и речиси секој се зафати за некаква рачна работа. Касарната наеднаш се осветли. Секој имаше своја свеќа и свој шандан, повеќето дрвени. Некој беше седнат да крпи чизми, некој да шие некаква облека. — Задушливиот воздух на касарната стануваше сè понеподнослив. Група безделници се намести клечејќи во ќошето, пред посланата постилка за карти. Речиси во секоја

касарна имаше по еден таков затвореник што држеше по една лоша од по еден аршин постилка, свеќа и пакло до немајкаде бербатни, измастени карти. Сето тоа заедно се викаше „мајдан“. Играчите му плаќаа на сопственикот по петнаесет копејки за една ноќ; со тоа тој и заработуваше. Играчите обично играа „три листа“, „чорка“ и слично. Сите игри беа хазардни. Секој играч истураше пред себе куп бакарни пари и сè колку што имаше во џебот, и стануваше од играта дури кога ќе сневратеше сè или ќе ги надиграше другарите. Играта се свршуваше доцна ноќе, а понекогаш продолжуваше сè до разденување, до самиот момент кога ќе се отвораше касарната. Во нашата одаја, исто онака како и во сите други касарни на затворот, секогаш имаше безделници, неранимајковци, што изгубиле сè на карти или пиење, или туку-така по природа сиромаси. Јас велам „по природа“ и особено наблегнувам на тој израз. Навистина, секогаш во нашиот народ, во какви и да е околности, секогаш имало и ќе има некакви чудни личности, и кротки и често не многу мрзливи; но на кои веќе од судбата им е определено вечно секогаш да останат сиромаси. Тие секогаш се голтари, тие секогаш се парталковци, секогаш изгледаат некако стапкани и со нешто измачени и вечно го послужуваат некого, му служат некому за трчкање, обично на веселниците или на оние што наеднаш се издигнале и обогатиле. Секој почеток, секаква иницијатива за нив е мака и несреќа. Тие како божем и да се родиле со тој услов, никогаш да не почнуваат ништо сами и само да послужуваат, да живеат не по своја волја, да играат како им свири друг; нивната определба е — само да исполнуваат туѓа повелба. И, во заклучокот на сево, никакви околности, никакви пресврти не можат да ги збогатат. Тие се секогаш сиромаси. Јас забележав дека такви личности се наоѓаат не само сред нашиот народ, а во сите општества, класи, партии, журнали, здруженија. Токму така беше во секоја касарна, во секој затвор, и тукушто се правеше „мајдан“, еден од таквите незабавно се јавуваше да послужува. Него обично го главуваа сите играчи заедно, за саноќ, за по пет среб-

рени копејки, и неговата главна должност беше да стои цела ноќ на стража. Најчесто тој мрзнеше по шест-седум часа во темнината, во тремот, при студ од триесет градуси, и прислушувајќи се кон секое тропнување, секој звон, секој чекор во дворот. Мајорот или стражарните офицери понекогаш доаѓаа доцна ноќе во затворот, влегуваа тивко и ги наоѓаа и тие што играа и тие што работеа и излишните свеќи што можеа да се видат уште однадвор — во краен случај кога наеднаш ќе почнеше да тропа бравата на надворешната врата од тремот, беше веќе доцна да се крие, да се гаснат свеќите и се легнува по местата. Но бидејќи стражарниот прислужник жестоко беше казнуван од „мајданот", — случаите на такви грешки беа сосем ретки. Пет копејки, се разбира, е смешно ништожна награда, дури и во затворот; но мене секогаш страшно ме зачудуваше суровоста и безмилосноста на работодателите во затворот, и во овој и во други случаи. „Штом си земал пари, тогаш служи!" Тоа беше аргумент што не трпеше никаква противречност. За дадениот грош наемателот земаше сè колку што можеше, земаше, ако беше можно и повеќе одошто треба и згора на тоа уште сметаше дека тој го задолжува главениот. Веселникот, пијан, што расфрлаше налево и надесно пари без сметка, бездруго му зајадуваше на својот послужувач, и тоа јас го забележив не само во затворот, не само при мајданот.

Јас веќе реков дека во касарната речиси сите се зафатија за некаква работа: освен играчите имаше не повеќе од петмина сосем без работа; тие веднаш легнаа да спијат. Моето легло беше крај самата врата. Од другата страна на леглата глава до глава до самиот мене лежеше Аким Акимич. До десет или единаесет часот тој работеше, лепеше некаков разнобоен кинески фенер, што му беше порачан од некого во градот за доста добри пари. Фенерите тој ги правеше мајсторски, работеше методично, не престанувајќи; кога сврши со работа, акуратно го прибра, го посла своето душече, си ја прочита молитвата и доброредно си легна на постела. Во редноста и приличноста тој, очевидно, одеше до најдробнав педантизам: очи-

гледно, тој бездруго се сметаше за необично умен човек, како и воопшто сите тапи и ограничени луѓе. Тој од првиот ден не ми се свиде, иако, паметам, тој прв ден јас многу размислував за него и сè повеќе се чудев што таков човек наместо да успева во животот попаднал в затвор. Отпосле јас не еднаш ќе имам можност да зборувам за Аким Акимич.

Но накусо да ги опишам луѓето од сета наша одаја. Во неа јас требаше да проживеам многу години, и сите тие беа мои идни сожители и другари. Се разбира дека јас се загледував во нив со жедно љубопитство. Лево од моето легло беа сместени група планинци од Кавказ, пратени в затвор повеќето за грабежи и на разни рокови. Тие беа: двајца Лезгинци, еден Чеченец и тројца дагестански Татари. Чеченецот беше мрачно и намуртено суштество; речиси со никого не зборуваше и постојано гледаше околу себе со омраза, напреку и со зајадлива, злобно-подбивна насмевка. Едниот Лезгинец беше веќе старец, со долг, тенок искривен нос, и уште од прв поглед се гледаше дека е вистински разбојник. Затоа пак другиот, Нура, ми остави уште од првиот ден најпријатен, најмил впечаток. Тој беше човек не уште стар, со невисок раст, со снага како Херкулес, сосем рус, со светлосини очи, со чупест нос, со лице како на Чухонка[19]) и со криви нозе од поранешното јаздење. Сета снага му беше покриена со лузни, изранета од штикови и куршуми. Тој бил на Кавказ, навидум мирен но бунтовник, што постојано одел кај бунтовните планинци и отаде заедно со нив напаѓал на Русите. Сите во затворот го сакаа. Тој беше секогаш весел, љубезен спрема секого, работеше не оплакувајќи се, сè спокоен и ведар, иако често со негодување гледаше на секоја гадост и долност во затвореничкиот живот и до разјареност се возмутуваше од секаква кражба, измама, пијанство и воопшто сè што беше нечесно, но никогаш не правеше караници, — иако свртуваше настрана глава со негодување. Самиот тој во текот на сето свое лежење во затворот не беше украл ништо, не беше

[19]) Чухонка — прекар за Финка.

сторил ниедна лоша постапка. Тој беше необично побожен. Молитвите ги исполнуваше свето; во постите пред муслиманските празници постеше како фанатик и по цели ноќи поминуваше во молитвење. Него сите го сакаа и веруваа во неговата чесност. „Нура ти е лав!“ — зборуваа затворениците и така му остана прекарот лав. Тој цврсто беше уверен дека во одлежувањето на казната ќе го вратат дома на Кавказ и живееше само со таа мисла. Мене ми се чинеше дека тој би умрел кога би се лишил од таа надеж. Уште од првиот ден на моето лежење во затворот јас добро го забележав. Не можеше да не му падне в очи на човека неговото добро симпатично лице сред пакосните и намуртени и подбивни лица на другите осуденици. Првиот половина час како бев влезен во затворот, тој, проаѓајќи крај мене ме потупна по рамо, добродушно насмевнат гледајќи ме во очите. Јас отпрвин не можев да разберам што значеше тоа. Тој зборуваше руски многу лошо. Скоро потоа тој пак ми пријде и пак, насмевнувајќи се, пријателски ме потупна по рамо. Потоа тоа пак се повторуваше три дена. Тоа од негова страна значело, како што се досетив и разбрав подоцна, дека му е жал за мене, дека тој сеќава како ми е тешко да навикнам во затворот, сака да ми ја покаже својата наклонетост, да ме ободри и увери во својата заштита. Добриот и наивен Нура!

Дагестанските Татари беа тројца и сите тие беа родени браќа. Двајца од нив беа веќе постари, но третиот, Алеј, немаше повеќе од дваесетина години, а навидум беше уште помлад. Неговото легло беше редум со моето. Неговото прекрасно, отворено, умно и во исто време добродушно и наивно лице уште од прв поглед го привлече кон него моето срце, и јас толку се радував што судбата ми го испратила за сосед него а не некој друг. Сета негова душа се покажуваше на неговото лично, може да се каже — преубаво лице. Насмевката му беше толку доверлива толку детски простодушна; големите црни очи беа толку благи, толку милозливи што јас гледајќи го него секогаш сеќавав особено задоволство, дури олеснува-

ње кога ми беше мачно и тажно. Јас го зборувам ова не преувеличувајќи. Еднаш во родниот крај неговиот постар брат (тој имаше пет постари браќа; двајцата други беа попаднале во некоја фабрика) му повелил да ја земе сабјата и да се качи на коњ, за да одјаздат заедно во некаква експедиција. Почитта кон постарите во семејствата на планинците е толку голема што момчето не само што не посмеало, туку дури и не помислило да праша кај тргнале. Тие не сметале за нужно ни да му го соопштат тоа. Сите тие тргнале на разбојништво, да го пречекаат на пат еден богат ерменски трговец и да го ограбат. Така и станало: тие го заклале Ерменецот и неговата придружба и ја обрале неговата стока. Но работата се узнала: ги фатиле сите шестмина, судиите го докажувале нивното злосторство, ги казниле и прогнале во Сибир на робија. Сета милост што му ја укажал судот на Алеј беше смалениот рок на казната; тој беше казнет на четири години. Браќата многу го сакаа него и тоа поскоро со некаква татковска одошто братска љубов. Тој им беше утеха во нивната робија, и тие обично мрачни и намуртени, секогаш се насмевнуваа гледајќи го него, и кога ќе зазбореа со него (а зборуваа со него мошне малку, како божем да го сметаа сè уште за дете со кое не може да се зборува сериозно), тогаш нивните сурови лица се ублажуваа, јас се досетував дека тие зборуваат со него за нешто смешно, речиси детско, во краен случај, тие секогаш се погледнуваа и добрудошно насмевнуваа кого ќе го ислушуваа неговиот одговор. А самиот тој речиси и не смееше да ги заприкажува: дотаму доаѓаше неговата учтивост. Тешко е да се замисли како можело тоа момче во сето време на лежењето во затворот да запази таква благост на срцето, да создаде во себе таква строга чесност, таква срдечност, симпатичност, да не загрубее и не се расипе. Тој, меѓутоа, беше силна и хармонична природа, не гледајќи на сета своја надворешна мекост. Јас отпосле добро го разбрав. Тој беше невин како чиста девојка, и сечија грда, цинична, бербатна или неправедна, насилна постапка во затворот разгоруваше оган во неговите прекрасни очи, кои-

што поради тоа стануваа уште попрекрасни. Но тој ги избегнуваше караниците и расправиите, иако воопшто не беше таков човек што би дозволил да биде неказнено навреден и умееше да се брани. Но тој не се караше со никого; него сите го сакаа и беа љубезни со него. Тој со мене отпрвин беше само учтив. Малку по малку јас почнав да прикажувам со него; за неколку месеци тој се научи прекрасно да зборува руски, коешто браќа му не можеа да го постигнат во текот на сето свое лежење во затворот. Тој ми се стори необично умно момче, необично скромно и осетливо и што дури веќе многу расудува. Воопшто, ќе кажам однапред: јас го сметам Алеја за каде-каде необично суштество и се сеќавам за среќавањето со него како за едно од најубавите среќавања во мојот живот. Има суштества дотолку природно прекрасни, дотолку надарени од бога, што дури самата мисла за тоа дека тие некогаш можат да се променат на полошо ви се чини невозможна. За нив вие секогаш сте спокојни. Јас и сега сум спокоен за Алеја. Кај ли е тој сега?

Еднаш, веќе многу подоцна по моето доаѓање во затворот, јас лежев на леглото, и мислев за нешто многу тешко. Алеј, којшто инаку секогаш работеше и беше трудољубив овојпат не беше зафатен со ништо, иако беше уште рано да се спие. Но тие тогаш празнуваа некаков свој муслимански празник и не работеа. Тој лежеше, со ставени под глава раце, и исто така си мислеше за нешто. Наеднаш тој ме праша:

— Што, многу ли ти е тешко сега?

Јас го погледнав љубопитно, и ми се стори чудно тоа брзо и отворено прашање од Алеја, што секогаш беше обѕирен, тактичен, секогаш нежен: но кога го погледнав повнимателно, јас прочитав на неговото лице толку тага, толку мака од сеќавања, што веднаш се сетив дека и на самиот него му е многу тешко и тоа токму во тој час. Јас му го кажав ова што го мислев. Тој издивна и пак се насмевна. Јас ја сакав неговата насмевка, секогаш нежна и срдечна. Освен тоа, насмевнувајќи се, тој ги покажуваше двата реда

заби како бисери, на чија убавина би можела да им позавиди првата убавица во светот.

— Што, Алеј, ти бездуго сега си мислеше за тоа како кај вас, во Дагестан го празнуваат овој празник? Бездуго таму е убаво?

— Да, — одговори тој воодушевено, и очите му светнаа. — А од кај знаеш ти дека јас мислам за тоа?

— Па како нема да знам! Па што, таму поубаво ли е оттука?

— О, зошто прашуваш за тоа . . .

— Сега бездруго кај вас какви ли цвеќина нема, вистински рај! . . .

— О-о, подобро не зборувај. — Тој беше многу возбуден.

— Чуј, Алеј, ти имаше ли сестра?

— Имав, а зашто прашуваш?

— Бездруго таа е убавица ако личи на тебе.

— Што на мене? Таа е таква убавица, што во сиот Дагестан нема поубава од неа. Ах, каква убавица е сестра ми! Ти не си видел како неа. И мајка ми беше убавица.

— Те сакаше ли?

— Ах! Што зборуваш ти! Таа веројатно сега умрела од жал за мене. Јас ѝ бев сакан син. Таа повеќе од сестра ми, повеќе од сите ме сакаше . . . Денеска неа ја сонив како плаче за мене.

Тој замолчи и таа вечер не кажа ни збор повеќе. Но оттогаш тој сакаше секојпат да зборува со мене, иако самиот од почитта што ја чувствуваше којзнае зошто кон мене — никогаш не почнуваше да прикажува прв. Затоа пак секогаш му беше многу мило кога јас ќе зазборев со него. Јас го прашав за Кавказ, за неговиот поранешен живот. Браќа му не му пречеа да зборува со мене и ним тоа дури им беше пријатно. Тие исто така, гледајќи дека јас сè повеќе и повеќе го сакам Алеја, стануваа каде-каде пољубезни со мене.

Алеј ми помагаше во работата, ми услужуваше со што можеше во касарната, и се гледаше дека многу му е пријатно барем со нешто да ми олесни и направи удобност, и во таа грижа да угоди немаше ни

најмало понижување или барање на каква и да е полза, туку топло, пријателско чувство, коешто тој и не го криеше, спрема мене. Меѓу другото, тој имаше многу механички способности; тој се научи убаво да шие долна облека, да крпи чизми и подоцна, колку што можеше го научи и столарскиот занает. Браќа му го фалеа и се гордееја со него.

— Чуј, Алеј, — му реков јас веднаш, — зашто ти не се научиш да читаш и пишуваш по руски? Знаеш ли колку тоа може да ти биде полезно отпосле тука во Сибир?

— Многу сакам. Но кој би ме научил?

— Зар малкумина има тука писмени! Јас ќе те научам, сакаш?

— Ах, научи ме, ти се молам! — и тој веќе се припокрена на леглото и со молба ги склопи рацете гледајќи ме.

Ние се зафативме со тоа уште следната вечер. Јас го имав рускиот превод на Новиот завет, — книга што не беше забранета во затворот. Без азбука, само по таа книга, Алеј за неколку недели се научи прекрасно да чита. По три месеци тој веќе сосем добро го разбираше литературниот јазик. Тој сè учеше одушевено, со увлеченост.

Еданш ние заедно со него ја поминавме целата Беседа на гората. Јас забележав дека тој со особено чувство ги изговара некои места.

Јас го прашав, му се свиде ли тоа што го прочита.

Тој брзо ме погледна и лицето му поалове.

— Ах, да! — одговори тој, — да, Иса е свет пророк, Иса божји зборови кажувал. Колку е убаво!

— Па што ти се свиде најмногу?

— Па она кога вели: Проштавај, љуби, не навредувај, и непријателите сакај ги! Ах, колку добро зборува тој!

Тој се обрна кон браќа си, што сè прислушуваа кон нашиот разговор, и одушевено почна нешто да им зборува. Тие долго и сериозно зборуваа помеѓу себе и потврдно нишкаа со главите. Потоа со досто-

инствено благонаклонета, то ест чисто муслиманска насмевка (којашто јас толку ја сакам и тоа токму достоинственоста на таа насмевка ја сакам), ми се обрнаа и потврдија дека Иса бил божји пророк и дека тој правел големи чуда; дека од глина направил птица, ѝ здив и таа полетала... и дека тоа е запишано во нивните книги. Зборувајќи го тоа, тие наполно беа уверени дека ми прават големо задоволство славејќи го Иса, а Алеј беше наполно среќен што браќа му се решиле и посакале да ми го сторат тоа задоволство.

Исто така и пишувањето ни напредуваше необично успешно. Алеј набави хартија (не ми дозволи да ја купам со мои пари), пера, мастило и за околу два месеца се научи прекрасно да пишува. Тоа дури сосем ми зачуди браќа му. Нивното задоволство и гордост беа безгранични. Тие не знаеја со што да ми се заблагодарат. На работа, ако се случеше да работиме заедно, тие по ред ми помагаа и го сметаа тоа за среќа. А и да не зборувам за Алеја. Тој ме сакаше, можеби, исто така како и своите браќа. Никогаш нема да заборавам како излегуваше тој од затворот. Тој ме одведе зад касарната и таму ме гушна и заплака. Никогаш пред тоа тој не ме бакнуваше и не плачеше. „Ти за мене толку стори, толку стори — зборуваше тој, — колку што татко ми, мајка ми не би сториле толку; ти ме направи човек. Господ нека ти плати, а јас никогаш нема да те заборавам“...

Кај ли е, кај ли е сега мојот добар, мил, мил Алеј!...

Освен Черкезите, во нашата касарна имаше цела група Полјаци, што претставуваа сосем засебно семејство, што немаше речиси никакви односи со другите затвореници. Јас веќе реков дека поради нивната одделеност, својата омраза кон руските затвореници тие од своја страна беа мразени од сите. Тие шестмина Полјаци беа измачени, болни луѓе. Некои од нив беа образовани луѓе; за нив јас ќе прикажам посебно и подробно подоцна. Од нив јас понекогаш, во последните години на мојот живот во затворот земав книги за читање. Првата книга, прочитана од

мене, ми остави силен, чуден, особен впечаток. За тие впечатоци јас некогаш ќе прикажам посебно. За мене тие се многу интересни, и јас сум уверен дека на мнозина тие ќе им бидат сосем неразбирливи. Без самиот да проживее, човек не може да суди за некои работи. Ќе речам само ова: дека моралните лишувања се потешки од сите физички маки. Простиот човек што оди в затвор, доаѓа во свое општество, дури, можеби, во уште поразвиено. Тој, се разбира, изгубил многу — роден крај, семејство, сè но неговата средина останува иста. Образованиот човек, што по законот подлегнува на иста казна како и простиот, често губи каде-каде повеќе од него. Тој треба да ги задуши во себе сите свои потреби, сите навики; да премине во средина што не му одговара, принуден е да се научи да дише друг воздух... Тој прилега на риба, извадена од водата и оставена на песок... И често истата за сите по законот казна станува за него десетпати помачна. Тоа е вистина... дури кога работата би била само за материјалните навики што треба да се жртвуваат.

Но Полјаците претставуваа засебна единствена група. Тие беа шестмина и заедно. Меѓу сите осуденици од нашата касарна тие го сакаа само Евреинот, и можеби единствено заради тоа што тој ги разонодуваше. Нашиот Евреин, меѓутоа, го сакаа дури и другите затвореници, иако сосем сите без исклучок се подбиваа со него. Тој беше кај нас единствен Евреин и јас дури и сега не можам да се сетам за него а да не се насмеам. Секојпат кога го гледав, јас се присетував на Евреинот Јанкељ во Тарас Бульба на Гоголь, кој, кога соблечен оди да ноќева со својата Еврејка во некој долап, веднаш станувал сосем сличен на пиле. Исај Фомич, нашето Еврејче прилегаше како јајце на јајце на оскубано пиле. Тој беше постарикав човек, на околу педесетина години, низок на раст и слабичок, итар, и во исто време сосем глупав. Тој беше дрзок и занесен и во исто време до немајкаде плашлив. Тој сиот беше со некакви брчки, а на неговото чело и образ имаше мурови што му ги беа

клале при казнувањето. Јас никако не можев да разберам, како можел тој да издржи шеесет удари со камшик. Тој беше обвинет за убиство. Тој имаше скриен рецепт набавен преку неговите Евреи од лекар, уште веднаш по казнувањето. Според тој рецепт можел да се приготви таков мевлем од кој за две недели неговите мурови би се изгубиле. Тој не смееше да го употреби тој мевлем во затворот и очекуваше да ги одлежи своите дваесет години од казната, по кое, принудно населен имаше намера бездруго да го употреби мевлемот. „Инаку не мозам да се зенам, — ми рече тој едеднаш, — а јас бездруго сакам да се озенам.“ Ние со него бевме големи пријатели. Тој секогаш беше во прекрасно настроение. Во затворот тој поминуваше лесно; беше по занает кувенција, беше претрупан со порачки од градот, каде што немаше кувенција, и по таков начин се спаси од тешки работи. Се разбира, тој во исто време беше лихвар и ги снабдуваше сите осуденици со пари на процент и заложување. Тој беше дојден пред мене, и еден од Полјаците ми го опиша подробно неговото пристигнување. Тоа е многу смешна историја којашто подоцна ќе ја раскажам; за Исај Фомич јас уште повеќепати ќе прикажувам.

Другите луѓе од нашата касарна беа четворица староверци, начитани старци, меѓу кои беше и старецот од Стародубовските населби; двајца-тројца Малоруси, мрачни луѓе, еден млад осуденик со тенок нос, на дваесет и три години, којшто веќе отепал осум души; група фалсификатори на пари од кои еден беше шегација што ја развеселуваше сета наша касарна; и, најпосле, неколку мрачни и намуртени личности, избричени и унакажани, молчаливи и завидливи, што со омраза гледаа напреку околу себе и со намера така да гледаат, молчат и мразат уште долги години, — за сето време на моето лежење во затворот.

Во таа прва нерадосна вечер на мојот нов живот, сето тоа — само ми премина бегум пред очи сред чадот и саѓниот прав, сред пцостите и неизразливиот цинизам, во задушливиот воздух сред звонењето на оковите, сред проколнувањата и бесрамната смеа. Јас

легнав на голото легло, ја кладов визглавје својата долна облека (немав уште перница), се покрив со кожувот, но долго не можев да заспијам, иако бев сиот измачен и здробен од сите чудовишни и ненадејни впечатоци од тој прв ден. Но мојот нов живот тукушто почнуваше. Уште многу и многу ме очекуваше напред, за кое јас никогаш не сум ни помислувал ни предосетувал . . .

V

ПРВИОТ МЕСЕЦ

На три дни по моето доаѓање во затворот мене ми повелија да одам на работа. Јас многу добро се сеќавам за тој прв ден на работа, иако тогаш со мене не се случи ништо којзнае колку необично, во краен случај ако се земе предвид сето она и онака необично во мојата положба. Но и тоа беше исто така еден од првите впечатоци, а јас сè уште продолжував жедно да се загледувам кон сè. Сите тие први дни јас ги поминав со најтешки чувства. „Ете го крајот на моето скитање, јас сум во затворот! — си повторував јас секој час: — еве го мојот пристан за долги, долги години, моето катче, во кое јас влегувам со такво недоверливо, со така болно чувство... А којзнае? Можеби — кога по многу години ќе го напуштам, — уште и ќе жалам за него!“ — додадов јас не без смешување на она злорадо чувство, коешто понекогаш доаѓа од потреба да се чепка по својата рана, чиниш сакајќи да се пољубува човек со својата болка, чиниш во сознавањето на сета големина на својата несреќа има, навистина, наслада. Мислата со време да зажалам за тој кат — ме вцашуваше со ужас и самиот мене; јас уште тогаш претчувствував до колкав ужасен степен се навикнува човек. Но тоа беше уште занапред, а сега-засега околу мене сè беше непријателско и страшно... можеби и не сè, но, се разбира, мене така ми се чинеше. Она диво љубопитство со кое ме загледуваа моите нови другари — осу-

деници, нивната усилена суровост кон новакот-благородник, што наеднаш се појавил во нивната дружина, суровост што понекогаш за малку доаѓаше до омраза — сето тоа мене дотолку ме измачи, што јас самиот сакав што поскоро да отидам на работа, само што поскоро да ја разберам и изучам сета неволја наеднаш, да почнам да живеам онака како и сите тие, на еден начин. Се разбира, јас тогаш многу нешто не забележав и не предусетував, што ми беше просто пред носот: меѓу непријателското јас уште не го виѓавав утешното. Меѓутоа, неколкуте милозливи, пријатни лица што ги сретнав уште првите три дни, навчас ме ободрија. Најпријатен најмилозлив со мене беше Аким Акимич. Меѓу намуртените и исполнети со омраза лица на другите осуденици јас исто така не можев да не забележам неколку добри и весели. Насекаде има лоши луѓе, а меѓу лошите и добри, — брзав јас да си помислам за утеха: — којзнае? Тие луѓе, можеби, ни најмалку не се дотолку полоши од оние другите, коишто се наоѓаат таму, надвор од затворот. Јас го мислев ова и самиот нишав со глава на својата мисла, а меѓутоа, — господи! — само кога би знаел тогаш дека и таа мисла била вистинита.

Ете, на пример, тука имаше еден човек, кого јас го разбрав потполно дури многу — многу години подоцна, а меѓутоа тој беше со мене и постојано крај мене речиси преку сето време на моето лежење во затворот. Тој беше затвореникот Сушилов. Јас уште кога заприкажав за затворот, за осудениците, што не беа полоши од другите, тогаш уште веднаш јас и неволно се сетив за него. Тој ме услужуваше. Јас имав и уште еден друг што ме услужуваше. Аким Акимич уште отпрвин, првите дни, ми препорача еден од затворениците, — Осип, зборувајќи дека за триесет копејки месечно тој ќе ми зготви секојдневно засебно јадење, ако мене ми е веќе дотолку одвратно затворското, и ако јас имам средства да си купам свое. Осип беше еден од четворицата готвачи, избрани од затворениците за нашите две кујни, иако, меѓутоа, тие беа сосем слободни да го примат или не

тој избор, а кога и ќе примеа, па беше можно уште утредента да се откажат. Готвачите не одат на работа, и сета нивна должност беше да печат леб и варат чорба. Ние ги викавме не готвачи, а готвачки (во женски род), но меѓутоа не од презир кон нив, дотолку повеќе што за готвачи се избираа способни луѓе и по можност чесни, туку така од добродушна шега, од кое нашите готвачи ни најмалку не се навредуваа. Осипа речиси секогаш го избираа, и речиси неколку години по ред тој постојано беше готвач, и се откажуваше понекогаш само привремено, кога веќе многу ќе му се смачеше, а заедно со тоа ќе му дојдеше желба да пронесува пијалак. Тој беше ретко чесен човек, иако беше дојден поради контрабанда. Тоа беше оној ист пронесувач, висок, здрав, млад човек, за кого јас веќе споменав, плашлив од сè, особено од тепање, кроток, што не му даваше волја на јазикот кога не треба, милозлив со сите, што со никого никогаш не се беше скарал, но којшто не можеше да се здржи да не пронесува пијалак, без обѕир на својата страшливост, чисто од страст за контрабанда. Тој заедно со другите готвачи тргуваше со пијалак, иако, се разбира, не во толкава мера како Газин, затоа што немаше смелост многу да ризикува. Со тој Осип јас секогаш живеев многу дружно. Што се однесува до тоа да се има свое јадење, за тоа не беа потребни којзнае колкави пари. Јас нема да згрешам ако кажам дека за еден месец трошев за мое јадење сè на сè само една сребрена рубља, се разбира, без лебот којшто беше затворски, и понекогаш земав и чорба кога бев веќе многу гладен, без обѕир на мојата одвратност спрема неа, којашто, меѓутоа, отпосле сосем се изгуби. Обично јас купував парче говедско, по една фунта на ден. А зиме говедското се продаваше по еден грош за една фунта. По говедско одеше на пазар некој од инвалидите, од кои во секоја касарна имаше по еден за надгледување на редот, и коишто сами, доброволно, зедоа за своја должност секојдневно да одат на пазар, за да им купуваат што им треба на затворениците и за тоа не земаа никаква награда, освен, мо-

жеби некаква ситница. Тие го правеа тоа за сопствено спокојство, инаку не би можело да се соживеат во затворот. По таков начин, тие донесуваа тутун, пресуван чај, говедско, печиво и др. освен само пијалак. Пијалак не им бараа, иако понекогаш и ги честеа. Во текот на неколку години по ред Осип ми готвеше редовно подеднакво парче печено говедско. А колку за тоа како тоа беше испечено — тоа е друго прашање, па и не е во тоа работата. Но за одбележување е тоа што јас неколку години по ред со Осипа не проговорив ни два збора. Многупати почнував да прикажувам со него, но тој некако беше неспособен да води разговор, ќе се насмевнеше или ќе одговореше само д а и н е, и тоа беше сè. Дури беше чудно да се гледа тој Херкулес како седумгодишно дете.

Но освен Осипа, меѓу луѓето што ми услужуваа беше и Сушилов. Јас не го викав и не го барав. Тој некако самиот ме најде и ми се прикомандува, дури и не паметам кога и како станало тоа. Тој почна да ми ја пере долната облека. За тоа имаше посебно направена зад касарните голема јама за нечиста вода. Токму над таа јама, во големи затворски корита и се пере долната облека на затворениците. Освен тоа, Сушилов сам пронајдуваше илјадници разни работи за да ми угоди: ми го приготвуваше чајникот, трчкаше за исполнување на разни порачки, пронајдуваше по нешто, за мене, го носеше моето палто на крпење, четирипати во месецот ми ги премачкуваше чизмите, и сето тоа го правеше усрдно, грижливо, како божем господ знае какви должности да има, со еден збор, сосем ја сврза својата судбина со мојата и ги прими моите работи на свој грб. Тој, на пример, никогаш не велеше: „вие имате толку кошули, ви е скинато палтото“ и сл. а секогаш: „сега н и е имаме толку кошули, палтото н и е искинато тука и тука“. Тој постојано ме гледаше в очи и, ми се чини, го беше примил тоа за главна задача на својот живот. Тој немаше никаков занает, или како што велат затворениците, ракоделие и, ми се чини само од мене тој заработуваше понекоја пара. Јас му плаќав колку што мо-

жев, т.е. грошови, и тој секогаш, без заб да обели, остануваше задоволен. Тој не можеше да не му услужува некому и, изгледа, ме беше избрал мене, затоа што јас бев попристапен од другите и почесен во плаќањето. Тој беше еден од оние што никогаш не можеа да се обогатат и застанат на нозе и коишто кај нас се нафаќаа да вардат стража за мајданот, престојувајќи цели часови на студ во тремот, прислушнувајќи се кон секој звук во дворот да не дојде плацмајорот, и за тоа земаа по пет сребрени копејки речиси за цела ноќ, а во случај на нездогледување губеа сè и одговараа со својот грб. Јас веќе зборував за нив. Карактеристично за тие луѓе е секогаш да ја губат својата личност, насекаде и речиси и пред секој, и во општите работи имаат дури не второстепена а третостепена ролја. Сето тоа нив им е веќе така по природа. Сушилов беше многу бедно момче, наполно понизен и притиснат, дури степкан, иако него никој од нас не го тепаше, туку така од природа степкан. Мене којзнае зошто секогаш ми беше жал за него. Јас дури не можев ни да го погледнам без тоа чувство, а зошто го жалев — јас самиот не би можел да си одговорам. Јас со него не можев ни да прикажувам; тој исто така не умееше да разговара, и се виѓаваше дека му е многу тешко да зборува, и тој живнуваше само тогаш кога, за да се заврши разговорот, ќе му дадев да направи нешто, ќе го помолев да отиде, трчка некаде. Најпосле, јас дури се уверив дека со тоа му правам задоволство. Тој не беше ни висок ни низок, ни млад ни стар, малку сипаничав, малку рус. За него не можеше никогаш да се каже ништо поопределено. Само едно: тој ми се чини, и доколку јас можам да се досетам, ѝ припаѓаше на истата дружина како и Сироткин, а ѝ припаѓаше само поради својата степканост и понизност. Понекогаш затворениците се подбиваа со него, најпосле заради тоа што тој патем се с м е н и л, одејќи во група за Сибир, и тоа се сменил за црвена кошула и за една сребрена рубља. Ете за токму таа ништожна цена, за која тој се продал, му се потсмеваа затворениците. Да се с м е н и ш — значи да се разменш со некого

со имињата, а спрема тоа и со судбата. Колку и да изгледа чуден овој факт, тоа е вистина, и во моето време меѓу препраќаните во Сибир затвореници тој уште постоеше, наполно во сила, осветен од преданијата и извесни определени форми. Отпрвин јас не можев да поверувам во тоа, иако, најпосле, бездруго требаше да поверувам во очевидното.

Тоа станува на ваков начин. Се спроведува во Сибир, на пример, едно одделение затвореници. Одат заедно секакви, — и во затвор, и по фабрики, и на прогонство. Некаде патем, па, да речеме, во Пермска губернија, некој од спроведуваните посакува да се смени со друг. На пример, некојси Михајлов, убиец или казнет за некое големо злосторство, најдува дека нема сметка да оди на долгогодишно одлежување во затвор. Да претпоставиме дека тој е итрец, препреден, ја познава работата; — ете тој се загледува во некого попрост, постепкан, понизен и чија казна е помала во споредба со неговата: или на покус рок во фабрика, или на прогонство, или дури во затвор, но на помал рок. Најпосле, го наоѓа Сушилова. Сушилов е крепостен селанец и е испратен само на прогонство. Оди тоа така илјада и петстотини врсти, се разбира, без пара во џебот, затоа што Сушилов никогаш и не може да има ни копејка — оди постанат, исцрпен, живее само на државна храна, без благ залак барем патем, само во казненичка униформа, прислужувајќи ги сите за ништожен бакарен ситнеж. Михајлов заприкажува со Сушилова, му се прикачува и дури се задржува со него, и најпосле на некаква постојка го напива. Најпосле му предлага: дали сака да се разменат? Јас, вели Михајлов, ете вака и така, одам во затвор, но не токму во затвор а во некакво „посебно одделение“. Тоа, иако сепак е затвор, е особено, значи, подобро. — За посебно одделение за времето на неговото постоење, дури и од началниците не знаеја сите, па да речеме ако сака дури и во Петербург да беа служеле. Тоа беше така одделно и посебно катче, во едно од катчињата на Сибир, и толку малуброjно, (кога лежев јас, во него имаше се-

думнаесетмина) што беше тешко и на трагата да му попадне човек. Јас подоцна среќавав луѓе што служеле во Сибир и добро го познаваа, коишто за првпат од мене слушаа за постоењето на некакво си „посебно одделение“. Во Зборникот на законите за него се пишува само во шест реда: „При таков и таков затвор се установува посебно одделение за најголемите престапници, сè додека во Сибир не се отпочне со најтешките робијашки работи“. Дури самите затвореници од тоа „посебно одделение“ не знаеја какво е тоа, — на вечна робија или на рок? Немаше определено време на казната, беше речено: „сè додека не се почнат најтешките работи“ и тоа е сè, значи, „вечно на робија“. Не е чудно тогаш што ни Сушилов, па и никој од одделението не го знаел тоа, без исклучок ни на самиот Михајлов, тој одвај ако имал некаква приближна претстава за посебното одделение, врз основа на расудувањето за своето злосторство, многу големо и за кое тој поминал под три или четири илјади прачки. Разбирливо е дека нема да го пратат на добро место. А Сушилов одел на прогонство, што има подобро од тоа? „Сакаш ли да се размениме?“ Сушилов во пијанство, со проста душа, полн со благодарност кон Михајлов што бил љубезен со него и затоа не се решава да му откаже. Освен тоа, тој веќе слушал во дружината дека е можна размена, дека и други исто така се разменуваат, спрема тоа нема тука ништо необично и нечуено. Се согласуваат. Бездушниот Михајлов, користејќи ја несебичната простотија на Сушилов, му го купува името за црвена кошула и една сребрена рубља, коишто и му ги дава уште тука пред сведоците. Утредента Сушилов не е веќе пијан, но него пак го напиваат, па и не е добро ни да се откажува: добиената сребрена рубља е веќе испиена, а троа подоцна исто така и црвената кошула. Ако не сакаш, врати што си зел. А откаде Сушилов да најде цела сребрена рубља? А ако не даде дружината ќе го присили. За тоа во дружината строго се гледа. Освен тоа, што си ветил, тогаш исполни го ветеното — и за тоа дружината нема

да попушти. Инаку ќе те здробат. Ќе те натепаат без шега до умирачка или просто ќе те отепаат, барем заплашуваат.

Всушност, ако дружината барем еднаш попушти во таков случај, тогаш и обичајот да се разменува со иминьата ќе престане. Ако биде можно да се откажува од ветувањето и да се расипува сторената спогодба, кога веќе се земени парите — кој после ќе се придржува на тоа? Со еден збор, тоа е општа, заедничка работа, а потоа и дружината е многу строга кон таа работа. Најпосле, Сушилов виѓава дека веќе не може да се извлече и решува сосем да се согласи. Тоа ѝ се објавува на сета дружина, па ако треба уште исто така го даруваат и напиваат уште некого. Ним, се разбира, им е сеедно. Михајлов или Сушилов ќе одат по ѓаволите, а тие се напиле, се почестиле; следува дека и тие ќе молчат. Уште на првото следно запирање, прават на пример прозивка; го прозиваат Михајлова: „Михајлов"! — Сушилов се одзива „Јас", „Сушилов"! — Михајлов вика: „Јас" и си одат понатаму. Никој повеќе и не зборува за тоа. Во Тоболск ги делат прогонетите групи. „Михајлова" го праќаат на прогонство а „Сушилова" под засилена стража го препраќаат во посебно одделение. Понатаму не е можен никаков протест: па и со што заправо може да се докаже? Колку години треба да минат за да излезе работата на видело? Што уште може да стане со тоа? Каде се, најпосле, сведоците? Па и да ги има, тие ќе одречат. И на крајот останува дека Сушилов заради една сребрена рубља и црвена кошула попаднал во „посебно одделение".

Осудениците му се потсмеваа на Сушилов не заради тоа што тој се разменил (иако оној што се сменил од полесна на потешка работа го презираат, како воопшто секоја будалетинка што попаднала во небрано) туку заради тоа дека тој зел само една сребрена рубља и црвена кошула. Веќе и премногу ништожна награда. Обично се менуваат за големи пари; сепак, судејќи спрема околностите, земаат дури по неколку десетици рубли. Но Сушилов беше дотолку

смачкан и нем, безличен и ништожен за сите што некако не беше редно ни да му се потсмеваат.

Ние со Сушилов заедно живеевме долго, неколку години. Троа по троа тој до немајкаде се приврза кон мене: јас не можев да не го забележам тоа, така што и јас самиот многу навикнав на него. Но еднаш — никогаш не можам да си простам за тоа — тој не стори нешто за кое што го бев замолил, а меѓутоа токму што беше зел пари од мене, и јас бев бездушен да му речам: „Сушилове, вие сте земале пари, а работата не ја работите". Сушилов премолчи, отрча по мојата работа, но наеднаш нешто се растажи. Минаа два дни: јас мислев, не е можно тој да се сневеселил поради моите зборови. Јас знаев дека еден затвореник, Антон Василев, упорно бараше од него некаков ништожен долг. Бездруго нема пари, а се плаши да побара од мене. Третиот ден јас му велам: „Сушилов, вие, ми се чини, сакавте да ми побарате пари за Антона Василева? Еве ви!" Јас тогаш седев на леглото. Сушилов стоеше пред мене. Тој, ми се чини, беше до немајкаде зачуден што јас самиот му предложив пари, се присети самиот дека се наоѓа на тесно, дотолку повеќе што во последно време, по негово мислење, веќе и премногу зел од мене, така што и не смеел да се надева дека ќе му дадам уште. Тој ги погледна парите, потоа мене, наеднаш се сврте и си отиде. Мене сето тоа ме зачуди до немајкаде. Јас појдов по него и го најдов зад касарните. Тој стоеше крај затворскиот плот, со лицето кон оградата, потпрен и со притисната глава на него. „Сушилов, што ви е вам?" — го прашав јас. Тој не ме гледаше, и јас, прекумера зачуден, забележив дека тој штотуку не заплакал: „Вие, Александар Петрович... мислите... — почна тој со испрекинат глас и мачејќи се да гледа настрана, — дека јас... заради пари... ви... и јас... јас ...еееx!" Тогаш тој се сврте пак кон плотот, дури се чукна со челото на него, — и кога му ја писна да плаче!... За првпат јас видов во затворот човек што плаче. Со мака го утешив, иако тој оттогаш почна да ми послужува, што е можно повеќе, уште поусрдно „да ме гледа", но по некои речиси

незабележливи белези јас разбрав дека тој не може отсрце да ми го прости мојот прекор. А меѓутоа другите се потсмеваа со него, секој час го боцкаа понекогаш и сурово го караа, — а тој живееше со нив дружно и убаво и никогаш не се навредуваше. Да, многу е тешко да го познаеш човека, дури и многу години да го познаваш!

Ете зошто јас не можев да го видам од прв поглед затворот во неговиот вистински изглед, како што го видов подоцна. Ете зошто јас реков дека иако гледав на сè со такво жедно, усилено внимание, сепак не можев да видам многу нешто што ми беше пред самите очи. Природно, мене ме зачудуваа до немајкаде отпрвин јадрите, што реско паѓаа в очи појави, но и тие, можеби, сум ги разбирал неправо, што и ми оставаа само тежок, безнадежно тажен впечаток. За многу придонесе моето среќавање со А-в, исто така затвореник, дојден малку време пред мене во затворот, и којшто ме зачуди до немајкаде со особено мачниот впечаток во првите дни од моето доаѓање во затворот. Јас, меѓутоа, узнав уште пред стасувањето во затворот дека таму ќе се сретнам со А-в. Тој ми го затру тоа прво тешко време и ги зголеми моите душевни маки. Не можам да премолчам за него.

Тој беше најодвратен пример за тоа колку човек може да падне и стане низок и до колкава мера може без мака и без каење да го задуши во себе секое морално чувство. А-в беше млад човек, благородник, за кое нешто јас веќе делум спомнав нешто, зборувајќи дека тој му предавал на нашиот мајор за сè што стануваше во затворот, и се дружеше со неговиот посилен Феќка. Еве ја накусо неговата историја: без да сврши никаде никакво образование и скаран со родителите, исплашени од неговото развратно држење, тој дошол во Петербург, и за да добие пари се решил на едно подло поткажување, то ест се решил да ја предаде крвта на десетина луѓе заради незабавното задоволување на својата незаситлива жед за најгруби и најразвратни наслади на коишто тој, соблазнет од Петербург, неговите слаткарници и долни жени, станал дотолку алчен, што, бидејќи

бил не глупав човек, се решил да ризикува со таа безумна и бесмислена работа. Него скоро го разобличиле; во своето поткажување тој замешал и обвинил невини луѓе, и за тоа го прогнале на десет години во Сибир, во нашиот затвор. Тој беше уште мошне млад, за него тукушто почнуваше животот. Би изгледало дека бездруго таква груба промена во неговата судба би требало да го вцаши, да го присили неговото суштество на каков и да е отпор, на каков и да е прелом. Но тој без секаква смутеност ја прими својата нова судба, дури без најмала одвратност, дури ни морално не се погнаси од неа, од ништо во неа не се исплаши, освен можеби од неизбежноста да работи и да се раздели од слаткарниците и неговите долни жени. Нему дури му се сторило дека името на осуденик само уште повеќе му ги разврзало рацете за уште поголеми подлости и пакости. „Осудениkот си е осуденик, не може да биде нешто друго; а штом е осуденик, значи, веќе може да прави подлости, и не е срамно.“ Тоа беше буквално неговото мислење. Јас споменувам за тоа гнасно суштество како за феномен. Јас проживеав неколку години сред убијци, развратници и беспорни злосторници, но, зборувам решително, уште никогаш во животот не сум сретнал дотолку потполно морално паѓање, дотолку потполна расипаност и толку бесрамна нискост како кај А-в. Кај нас имаше еден таткоубиец, благородник: јас веќе спомнав за него; но потоа по некои белези и факти јас се убедив дека дури и тој беше каде и каде поблагороден и почовечен од А-в. За сето време на моето одлежување во затворот, пред мои очи А-в стана и беше некако парче месо, со заби и црева, — со незаситлива жед за најгруби, најзверски телесни наслади, а за задоволувањето на најмалото, најќудливото такво присакување тој беше способен најладнокрвно да отепа, заколе, со еден збор за сè, само ако може да се затрие трагата. Јас ништо не преувеличувам, јас добро го разбрав А-в. Тој беше пример до каде може да дојде само телесната човечка природа, нездржувана однатре од никаква норма, никаков закон. И колку ми

беше одвратно да ја гледам неговата вечна подбивна насмевка. Тој беше чудовиште, морален Квазимодо. Освен тоа имајте предвид дека тој беше итар и умен, личен, донекаде и образован, имаше и способности. Не, подобро пожар, подобро чума и глад, одошто таков човек во општеството! Јас веќе кажав дека во затворот сè беше станато така ниско што шпионството и поткажувањето цутеа и затворениците ни најмалку не се лутеа на тоа. Напротив, сите беа мошне дружељубни со А-в и се однесуваа со него каде и каде подружељубно одошто со нас. Наклонетоста на нашиот пијан мајор спрема него го правеше во нивните очи со значење и вредност. Меѓу другото, тој го беше уверил мајорот дека тој може да црта портрети (затворениците ги уверуваше дека бил гардиски офицер), и тој повели да го испраќаат на работа дома кај него, се разбира, за да го работи портретот на мајорот. Токму така тој се здружил со посилниот Феѓка, којшто имаше необично големо влијание врз својот господар, а спрема тоа врз сите и врз сè во затворот. А-в нè шпионираше по барање на самиот мајор, а овој, кога беше пијан, го плескаше со шлаканици и го караше наречувајќи го шпион и поткажувач. Се случуваше, и тоа мошне често, уште веднаш по тепањето мајорот да седне на стол и да му повели на А-в да го продолжи цртањето на портретот. Нашиот мајор, изгледа, навистина веруваше дека А-в е голем художник, за малку можеби Брилов за кого и тој чул, но сепак сметаше дека има право да го плеска со шлаканици, затоа што како да вели дека ти иако си токму таков художник, но си осуденик, а бидиси ако сакаш и самиот Брилов, јас сум ти сепак твој началник; спрема тоа, ќе правам со тебе што сакам. Меѓу другото, тој го тераше А-в да му ги собува чизмите и да изнесува од спалната разни вази, но сепак долго време не можеше да се откаже од мислите дека А-в е голем художник. Работењето на портретот се завлечка бескрајно, речиси цела година. Најпосле, мајорот се досети дека го влечат за нос, и кога сосем се убеди дека портретот не само што не се завршува,

туку напротив, со секој ден сè помалку и помалку прилега на него, се налути, го натепа художникот и го прати за казна во затворот на друга работа. На А-в, очевидно, му беше жал за тоа, и му беше тешко да се откаже од своите безделнички дни, од потфрлените залаци од трпезата на мајорот, од пријателот Феќка и сите оние мајстории што двајцата ги пронаоѓаа таму заедно во кујната кај мајорот. Во секој случај по избркувањето на А-в, мајорот престана да го прогонува М., затвореник кого А-в постојано го кодошеше кај мајорот и еве зошто: М., пред доаѓањето на А-в во затворот, бил сам. Тој многу тагувал; немал ништо заедничко со другите затвореници, ги гледал со ужасеност и гнасење, не го забележувал и увидел сè она што би можело да му подејствува успокоително и не се здружувал со нив. Тие му враќале со иста таква омраза. Положбата на луѓе како М. е воопшто страшна. На М. не му било познато по каква причина А-в попаднал в затвор. Напротив, А-в досетен со каков човек има работа, уште веднаш го уверил дека е казнет за нешто сосем спротивно на поткажувањето, речиси за истото она за кое бил казнет и М. М. до немајкаде му се зарадувал на пријателот, другарот. Тој го нагледувал, го услужувал првите дни во затворот, претпоставувајќи дека тој бездруго многупати, му ги дал своите последни пари, го хранел си ги поделил со него своите најнеопходни работи. Но А-в уште веднаш го замразил токму заради тоа што овој беше благороден, заради тоа што со таков ужас гледал на секаква нискост, токму затоа што сосем не прилега на него, и сето она што М. во поранешните разговори му го кажал за затворот и за мајорот, сето тоа А-в побрзал при првата можност да му го достави на мајорот. Мајорот за тоа страшно го замрази и го угнетуваше М; и да не беше влијанието на командантот, тој би го довел до несреќа. А-в не само што не се срамуваше кога подоцна М. разбра за неговата нискост, но дури сакаше да се сретнува со него и да го гледа подбивно. Тоа, очигледно, му правеше задоволство. Мене неколкупати

ми го укажуваше тоа самиот М. Тоа подло суштество потоа се обиде да избега со уште еден затвореник и со стражарот, но за ова ќе раскажам подоцна. Тој отпрвин и кон мене се подмачкуваше, мислејќи дека не сум чул за неговата историја. Повторувам, тој ми ги затру првите мои денови во затворот со уште поголема горчина. Јас се згнасив од таа страшна подлост и нискост, во која ме беа турнале, сред којашто се најдов. Јас помислив дека тука и сè е исто така подло и ниско. Но јас грешев, — јас судев за сите според А-в.

Тие три дни јас ујадено скитав низ затворот, лежев на своето легло, му дадов на надежниот затвореник, препорачан од Аким Акимич, да ми сошие од даденото грубо затворско ленено платно кошули, се разбира за пари (по неколку грошови за секоја кошула), набавив, по настојчивиот совет на Аким Акимич душек што се склопува (од филц, опточен со платно) прекумера тенок, како валаѓинка, и перница, наполнета со волна, што ми беше страшно тврда поради ненавикнатост. Аким Акимич ревносно се заземаше за суредувањето на сите тие работи и самиот учествуваше во тоа, самиот ми сошие покривка од парчиња ветва затворска ткаенина, собрана од износени панталони и палта, што ги купив од другите затвореници. — Државните плјачки, што им поминуваше рокот, останува во сопственост на затвореникот, тие уште веднаш се продаваа тука во затворот; и колку и да беа ветви, сепак имаше надеж да се продадат за колку и да е. Отпрвин јас многу се чудев на сето тоа. Тоа воопшто беше време на мојот прв допир со народот. Јас самиот наеднаш станав таков прост човек од народот, исто таков осуденик, како и сите тие. Нивните навики, разбирања, мислења, обичаи, — станаа како божем исто така мои, барем надворешно, по закон, иако јас всушност не ги споделував. Јас бев зачуден и збркан, чиниш понапред јас не сум си го претставувал сето тоа и не сум слушал за ништо; иако и знаев и бев слушал. Но стварноста остава сосем поинаков впечаток одошто знаеното и чуеното.

Можев ли јас, на пример, кога и да е порано барем да си замислам дека такви износени ветвинки можат исто така да се сметаат за плјачки? — а ете, кај си сошив од истите тие износени ветвинки покривка! Тешко беше човек и да си замисли од каков вид беше ткаенината определена за затвореничка облека. Навидум таа како божем да прилегаше на ткаенина, дебела, како војничка; но само ако троа се поносеше, таа стануваше како некаква мрежа и страшно се кинеше. Меѓутоа, ткаенина за облека се даваше еднаш за цела година, но и во тој рок одвај можеше да се издржи. Затвореникот работи, носи тежина; ткаенината скоро се истрива и кине. А кожувите пак се даваа за три години и обично преку сето време служеа и како облека, и како покривка, и како постилач. Но кожувите се здрави, иако не беше реткост на крајот на третата година кај некого да се види кожув закрпен со просто платно. Без обѕир на тоа, дури сосем износените, по изминувањето на определеното време се продаваа по четириесет сребрени копејки. А некои, подобро запазени, се продаваа по шест или дури по седум сребрени гривеници, во затворот тоа беа големи пари.

А парите, — јас веќе зборував за тоа, — имаа во затворот големо значење — моќ. Може сосем уверено да се каже дека затвореникот што имаше барем колку-годе пари патеше десетпати помалку одошто оној што никако ги немаше, иако последниот е обезбеден од државата во потполност со сè што е најпотребно и зошто, се чини, би му биле потребни пари? — како што расудуваше нашето начелство. Сепак јас пак повторувам дека кога затворениците би биле лишени од секаква можност да имаат свои пари, тие или би се поместиле од умот или би умирале како муви (без обѕир на тоа што беа обезбедени со сè неопходно) или најпосле би се впуштиле во нечуени злосторства, — едни од очаеност, други — за да бидат што поскоро некако казнети и уништени, или така некако да „ја променат судбината“ (технички израз). А пак дека затвореникот, штом речиси со крвава пот ќе ја добие сво-

јата пара, или со решеност за необични итрини за нејзиното спечалување, често придружувани со кражба и измамништво, истовремено ги губи така безрасудно, со таква детинска бесмисленост, тоа ни најмалку не докажува дека тој не ги цени, иако така би се чинело на прв поглед. Затвореникот до грозничавост до умопобркување е лаком за пари, иако, кога навистина ги расфрла како иверки, кога веселничи, тогаш тој ги фрла заради тоа што се смета за еден степен повисоко од парите. Па што има за затвореникот погоре од парите? Слободата или барем каквагоде мечта за слободата. А затворениците се големи мечтатели. За ова јас ќе раскажам збор-два подоцна, но, кога сме веќе на зборот, ќе поверуваат ли дека јас сум видел осудени на д в а е с е т години, коишто на самиот мене ми зборуваа, многу спокојно, вакви на пример зборови: „а, ете причекај ќе даде господ ќе одлежам и тогаш . . .“ Сета смисла на зборот „затвореник“ означува човек без волја, а трошејќи пари, тој постапува веќе п о с в о ј а в о л ј а. Без оглед на секакви мурови, окови и омразните плотови на затворот, што му го затвораат божјиот свет и го оградуваат како звер во кавез, тој може да набави пијалак, т.е. страшно забранета наслада, да се поползува со женско, дури понекогаш, иако не секогаш, да ги поткупи своите најнепосредни началници, инвалиди и дури подофицери кои ќе гледаат низ прсти на тоа дека тој го нарушува законот и дисциплината; дури може, згора на тоа уште да се појуначи над нив, а затвореникот до немајкаде сака да се јуначи да се прикаже пред другите и да се увери дури себе барем в р е м е н о дека има каде и каде повеќе слобода и власт одошто тоа се чини и со еден збор, — може да се распалави, набујствува, да го натепа некого до скршување и да му докаже дека сè е „во наши раце“, т.е. да се увери во тоа, за кое кутриот не може ни да си помисли. Патем речено: ете зошто можеби, кај затворениците, дури во трезвена состојба, се забележува некаква сеопшта наклонетост кон јуначења, фалбаџиство, кон комично и најнаивно возвеличување на

сопствената личност, иако само привидно. Најпосле во сето тоа веселничење има своевиден ризик — значи дека сето тоа има барем какво-годе присетување на слобода. А што нема да дадеш за слободата? Кој милионер, кога би му ја задушувале со јамка гушата, не би ги дал сите свои милиони за една голтка воздух?

Понекогаш началниците се чудат што некојси затвореник ете живеел неколку години така мирно служел за пример, дури за пофално држење станал и десетар, и наеднаш, ни пет — ни шест, — чиниш ѓаволот го збеснал, — запалавил, се развеселничил, набујствувал, а понекогаш дури се решил и на голем престап: или на јавно непочитување на началството, или утепал некого, или изнасилил и друго. Го гледаат и се чудат. А меѓутоа, можеби заправо сета причина за тоа ненадејно праснување на тој човек, од кого најмалку можело тоа да се очекува, — е заправо мачителната, грозничава желба да се истуши, инстинктивен копнеж да биде свој, желба да се покаже себе, својата понижена личност, што се појавува и доаѓа до озлобеност, до јарост, до умопобркување, до збеснување, до грозничавост. Можеби токму така закопаниот жив во гроб и разбуден во него, удира по капакот од својот сандак и се мачи да го отфрли иако, се разбира, разумно би разбрал дека сите негови усилби ќе останат напразни. Но токму и во тоа е работата, дека во тој час веќе и не станува збор за разумност; се работи за треска. Да не заборавиме уште дека речиси секое сопствено волно појавување на личноста од затвореникот се смета за престап; а кога е така нему природно му е сеедно дали појавувањето ќе биде мало или големо. Ако е за веселничење — тогаш нека се веселничи, ако е за да се решува на сè — се решува, па ако сака и на убиство. А доста е само да се почне: потоа човек се опијанува, не можеш веќе да го задржиш! А затоа секако е подобро да не се доведува дотаму. Би им било поспокојно на сите.

Да, но како да се стори тоа?

VI

ПРВИОТ МЕСЕЦ

Кога влегов во затворот, ми се наоѓаше некоја пара; со себе имав малку, од страв да не ми ги одземат, но за секој случај беа скриени, т.е. ставени во кориците на евангелието, кое можеше да се донесе во затворот, неколку рубли. Таа книга, заедно со залепените во неа пари, ми ја подарија уште во Тоболск оние што исто така пателе на прогонство а лежењето го сметаа со десетици години и кои уште одамна веќе навикнале секој несреќен да го гледаат како брат. Во Сибир има и речиси никогаш не згинуваат неколку лица, кои, чиниш, си поставиле за своја животна задача сосем некористољубиво, свето да се грижат братски за „несреќните", да патат и сочувствуваат за нив, како за свои деца. Не можам да не споменам накусо за едно среќавање. Во градот во кој се наоѓаше нашиот затвор, живееше една госпоѓа, вдовица, Настасја Ивановна. Се разбира, никој од нас, додека беше во затворот, не можеше да се запознае лично со неа. Изгледаше дека таа за своја животна задача го избрала помагањето на прогонениците, но најмногу се грижеше за нас. Не знам дали во нејзиното семејство станала некаква слична несреќа, или пак некој особено близок и скап на нејзиното срце човек страдал за исто таков престап — но таа божем како да сметаше за особена среќа да стори за нас сè што можеше. Таа, се разбира, не можеше којзнае колку да стори; таа беше мошне сиромашна. Но ние,

лежејќи во затворот, чувствувавме дека таму надвор од затворот во неа имаме најприврзан пријател. Меѓу другото, таа често ни соопштуваше новости за кои ние имавме голема потреба. Кога излегов од затворот, на заминување во друг град, јас успеав да поминам откај неа и лично да се запознам со неа. Таа живееше некаде во предградието, кај еден свој близок роднина. Таа не беше ни стара ни млада, ни лична ни грда, дури не можеше да се узнае дали е умна, дали е образована? Само на секој чекор во неа се гледаше една бескрајна добрина, неодолива желба да направи удобност, да олесни, бездруго да стори нешто пријатно. Сето тоа убаво се гледаше по нејзините питоми, добри погледи. Јас заедно со еден мој другар од затворот поминав една цела вечер крај неа. Таа нè гледаше во очите, се смееше кога ние се смеевме, иташе да се согласи со сè, што и да речевме ние; се штукнуваше да нè погости со сенешто со коешто можеше. Нè почести со чај, појадок, некакви слатки, и, мислам, кога таа би имала илјадници, би им се израдувала само заради тоа што би можела подобро да ни угоди и да им олесни на нашите другари што останува во затворот. На проштавање таа ни подари за спомен по една кутија за цигари. Тие кутии таа сама ги беше направила од картон (сам господ знае како беа направени), ги беше излепила со хартија во боја, исто онаква во каква што се подврзуваат малите аритметики за школските деца (а можеби и навистина за лепење била употребена некоја аритметика). А пак за да биде поубава, обете кутии беа залепени на работ со тенка лентичка од златна хартија, за којашто, можеби, таа нарочно отишла во дуќан да ја купи. „Вие пушите цигари, па, можеби, ова и ќе ви потреба", рече таа, како божем бојазливо извинувајќи ни се за подарокот. Некои велат (јас сум го слушал и читал тоа) дека највозвишената љубов кон ближниот е истовремено и најголем егоизам. А во што тука токму би бил егоизмот, — не можам никако да разберам.

Иако при влегувањето во затворот јас ни најмалку немав многу пари, јас тогаш некако не можев сериозно да се јадосувам на оние затвореници, што речиси во првите часови од мојот живот во затворот пренаивно доаѓаа по втор, трет и дури и петти пат, да ми земаат на заем, иако еднаш веќе ме беа измамиле. Но отворено си признавам едно: јас многу се лутев што сите тие луѓе, со своите наивни итрини, бездруго требаше, како што ми се чинеше, да ме сметаат за прост и будалетинка и да ми се потсмеваат, токму затоа што јас и петти пат пак им давав пари. На нив бездруго им се чинеше дека јас наседнувам на нивните мамења и итрини, и ако, јас сум уверен во тоа, би ги одбивал и бркал, тие каде и каде повеќе би ме почитале. Но јас, колку и да се лутев, сепак не можев да ги одбивам. А јас се јадосував за тоа што сериозно и загрижено тие први дни мислев како и на каков начин треба да се држам спрема нив. Јас сеќавав и разбрав дека сета таа средина е сосем нова за мене, дека јас сум сосем во темнина, а дека во темнина не може да се проживее толку години. Требаше да се приготвам. Се разбира, јас решив дека пред сè треба да се постапува отворено, и како што повела совеста и чувството во душата. Но исто така јас знаев дека тоа е пак само афоризам, а ми претстои најнеочекувана практика.

И затоа, без обзир на сите ситни грижи за своето сместување во касарната, за кои јас веќе спомнав и во кои предимно ме вовлечуваше Аким Акимич, без обзир на тоа што тие донекаде ме забавуваа, мене сè повеќе и повеќе ме мачеше тешка мака што нагризува. „Мртов дом!“ — си зборував јас самиот себеси, загледувајќи се понекогаш на стемнување од малата скала на нашата касарна во затворениците, веќе дојдени од работа и коишто мрзливо се вртkаа низ затворскиот двор, одејќи од касарните во кујните и обратно. Се загледував во нив, и по нивните лица и гестови се мачев да узнам какви луѓе се тие и со какви карактери? А тие талкаа пред мене со намуртени чела, или пак мошне весели (тие два израза се сре-

ќеваат најмногу и речиси се карактеристични за затворот), се караа или мирно разговараа, или најпосле, се рашетуваа самотно, како божем во задуманост, полека, рамномерно, некои со постанат а апатичен изглед, други (дури и тука!) — со израз на занесена надуеност, со капите наеро, нагрнати со кожувите, со дрзок, лукав поглед и со нахална насмевка. Сето тоа се моја дружина, мојот сегашен свет, — си мислев јас, — со кое, сакал-нејќел, сум присилен да живеам... Јас се обидував да го распрашувам Акима Акимич, со кого, за да не бидам сам, мошне сакав заедно да пијам чај, да разберам од него за сите нив. Патем да кажам, во тоа прво време чајот ми беше моја единствена храна. Аким Акимич не се откажуваше од чај и самиот го приготвуваше нашиот смешен малечок, саморачно изработен самовар од тенеќе, што ми го беше дал на услуга М. Обично Аким Акимич испиваше една чаша (тој имаше и чаша), ја испиваше молчејќи и важно, и ја враќаше, се заблагодаруваше и уште веднаш се зафаќаше да ја шие мојата покривка. Но тој не можеше да ми го соопшти она што ми требаше да узнаам — и дури не разбираше зошто јас така особено се интересирам за карактерите на околните и најблиски до нас осуденици, и ме слушаше дури со некаква итра насмевка, што многу добро ја паметам. Не, се гледа, си помислив јас, треба самиот да испитам, а не да распрашувам.

Четвртиот ден, исто онака како и онојпат кога одев да ми ги сменат оковите, рано изутрина затворениците се построија во два реда кај затворската врата, на ширината пред стражарницата. Однапред, налице, спроти нив и одзади, се наредија војници со наполнети пушки и со ставени на нив штикови. Војникот има право да стрела по затвореникот ако овој помисли да бега од него; но во исто време и одговара за својот истрел ако го сторил во случај да не било сосем неопходно; истото тоа се прави и во случај на отворен бунт на затворениците. Но кој би помислил отворено да бега? Дојде и офицерот — градежен инженер, спроводник, а исто така и инженерските по-

дофицери и војници, надгледници на производствените работи. Направија прозивка, најнапред се испраќаше групата затвореници што одеа во шивачниците; за нив и не се однесуваше градежното началство, тие работеа за самите затворски потреби, шиеја за луѓето од затворот. Потоа се испраќаа затворениците по работилниците, а после и на обична груба физичка работа. Заедно со други дваесетмина отидов и јас. Зад тврдината, на замрзнатата река имаше две државни бараки, коишто поради својата неупотребливост требаше да се расклопат за да може барем старата граѓа да не пропадне. Меѓутоа, ми се чини, сиот тој материјал чинеше сосем малку, речиси ништо. Дрвата во градот се продаваа по ништожни цени, а наоколу имаше многу шума. Нè праќаа речиси само затоа, затворениците да не седат со скрстени раце коешто и самите затвореници добро го знаеја. За такви работи тие секогаш се зафаќаа без волја и апатично, а сосем поинаку беше кога работата беше сериозна, со смисла, и особено кога можеше да се добие посебна задача. При ова тие, чиниш, се одушевуваа со нешто, и иако тие немаа од тоа никаква полза, но, јас самиот сум го видел тоа, работеа со сè сила само да сработат што поскоро и подобро; во тој случај дури нивното самољубие се будеше. А во ваква работа, што се правеше повеќе туку-така, колку заради форма, одошто по вистинска потреба, беше тешко да се добие определена задача, туку требаше да се работи сè додека не избие барабанчето за враќање дома, во единаесет часот претпладне. Денот беше топол и маглив, снегот само што не се топеше. Сета наша група тргна зад тврдината, кон брегот, лесно потропувајќи со оковите, коишто иако беа скриени под облеката, сепак на секој чекор свечкаа со тенок и остар метален екот. Двајца-тројца се одделија во цејхаузот[19]) да ги земат потребните алати. Јас одев заедно со сите и дури како божем да живнав: сакав што поскоро да видам и разберам каква е заправо работата? Кава е таа роби-

[19]) Цејхауз — склад.

јашка работа? и како јас самиот за првпат во својот живот ќе работам.

Паметам сè до најмали подробности. Патем нè сретна некој прост граѓанец со брадичка, тој се запре и ја вовре раката в џеб. Незабавно од нашата група се оддели еден затвореник, ја симна капата, ја прими милостината — пет копејки и брзо се врати кај нас. Граѓанецот се прекрсти и си замина по својот пат. За тие пет копејки уште истата изутрина зедовме печиво што го изедовме, откако им беше на сите подеднакво разделено.

Од сета група затвореници, едни како обично, беа намуртени и молчаливи, други рамнодушни и зачмаени, трети мрзеливо си прикажуваа помеѓу себе. Еден од нив поради нешто беше до немајкаде радосен и весел, пееше и одвај само што не играше по пат, тропкајќи со оковите на секое потскокнување. Тој беше оној истиот казнет, низичок и дебелкав затвореник, којшто првата изутрина по моето доаѓање во затворот се беше скарал крај водата на миење заради тоа што другиот се беше осмелил неразумно да тврди дека е сверка-шатка. Тој веселник го викаа Скуратов. Најпосле, тој запеа некоја палавничка песна од која го паметам припевот:

Без мене ме оженија
бев јас на воденица...

Недостигаше уште само балалајка.

Неговата необична веселост, се разбира, уште веднаш побуди кај некои од групата негодување, дури беше земена речиси за навреда.

— Како вие! — прекорно проговори еден затвореник, којшто инаку ни најмалку немаше врска со таа работа.

— Волкот сал една песна знаел, и таа му ја преземал — Тулјанец — спомна еден од намуртените, со малоруски изговор.

— Па јас, да речеме сум и Тулјанец, — незабавно му се поврати Скуратов, — а вие во вашата Полтава со тесто во чорба сте се исповедале.

— Ломоти, ломоти! А ти самиот — што си јал? Си сркал чорба со опинок. — А сега, чиниш, ѓаволот со ѓулиња го храни, — додаде трет.

— Јас и навистина, браќа сум разгален човек — одговараше со лесна издивка Скуратов, како божем каејќи се за својата разгаленост и обрнувајќи им се на сите воопшто и на никого посебно, — од најрано детство со ошавки и пампурски земички[20]) сум испитан т.е. воспитан (Скуратов намерно ги испревртува зборовите), а браќа ми пак и сега уште во Москва имаат свој дуќан, на Промин-улица[21]), со ветер тргуваат, — мошне богати трговци.

— А ти со што си тргувал?

— А со разни работи и ние сме се занимавале. Ете токму тогаш јас и ги добив првите двесте . . .

— Зар рубли? — се одзва еден љубопитен, што дури трепна кога чу за толкави пари.

— Не, мили човече, не рубли, а пратови. Лука, море бре Лука?

— За некого сум и Лука, а за тебе Лука Кузмич, — не сакајќи се одзва малечко и суво затвореничe, со остро носе.

— Па ѓавол да те земе, Лука Кузмич, нека ти биде по волјата.

— За некого сум и Лука Кузмич, а тебе сум ти стрико.

— Па, ѓавол да те земе и тебе и стрикото, нема смисла ни да се зборува! А сакав нешто убаво да кажам. Па, ете така, браќа, кога стана тоа, што јас за малку време поживеав во Москва; ми дадоа таму најпосле петнаесетпати со камшик и ме испратија ваму. Ете јас . . .

— А зошто токму те прогониле? — прекина еден што внимателно го слушаше раскажувањето.

— Па не влегувај во жандармериски станици, не пиј, не свири на ветер[22]); така што јас, браќа, не стасав во Москва да се обогатам токму онака како што

---

[20]) Земички — луксузно печиво (пруско).

[21]) Промин улица — по која само се поминува, т.е. ништо не се продава.

[22]) Т.е. не тропај глупости како будалетинка.

треба. А многу ми се сакаше пустината да станам богат. И тоа толку ми се сакаше, што не занм веќе како и да кажам.

Мнозина се насмеаја. Скуратов, очевидно, беше од оние доброволни веселници, или поправо шутови, кои како божем да си поставиле задача да ги забавуваат своите натуштени другари и, се разбира, освен окарувања, ништо друго не добиваа за тоа. Тој припаѓаше кон оној сој особени и интересни луѓе, за кои јас, можеби, пак ќе поприкажам.

— Па тебе и сега може да те ловат наместо собол,[23]) — забележи Лука Кузмич. — Глеј, само облеката му чини сто рубли.

Скуратов носеше најветов, најизносен кожув, на кого што од сите страни стрчеа латици. Тој доста рамнодушно, но внимателно го разгледа одозгора до долу.

— А затоа, браќа, главата скапо ми чини! — одговори тој — и со Москва кога се разделував јас бев утешен со тоа што главата ќе си ја понесам. Прошатавај, Москво, сполај ти за капењето, за слободниот здив, за убавото шарење со ремен! А кожувот, мили човече, нема зошто да го гледаш . . .

— Па зар главата твоја да ја гледам?

— Па и таа, главата не е негова, туку подарена, пак се замеша Лука; тоа неа во Тјумен, за поможи господе му ја дале кога преминувал со дружината.

— Па што, Скуратов, имаше ли ти некаков занает?

— Каков ти занает, бил водач, водел слепци, чакал влечел — и тоа е сиот негов занает! — забележи еден од намуртените.

— Јас, навистина, се бев обидел да правам чизми, — одговараше Скуратов, без ни најмалку да ја забележи зајадливата забелешка. — Сè на сè едно ало направив.

— Па што, ги купи ли некој?

— Да, се препна еден, којшто очевидно од господа не се плашел, родителите не ги почитал; — го казнил господ — ги купи.

---

[23]) Собол — вид на елен.

Сите околу Скуратова се залебнаа во смеа.

— Па потоа уште еднаш, тоа веќе тука, работев, — продолжуваше со прекумерна ладнокрвност Скуратов, — му наглавував на фелтфебелот Степан Фјодорович Поморцев.

— Та што, беше ли задоволен?

— Не, браќа, не беше задоволен. Ми се изнавика како на куче, а уште згора на тоа ме тупоса одзади со една клоца. Многу се беше налутил: — Е, ме измами мене животот, ме измами осуденичкиот живот!

Само тројчка после тоа
на Акулинка маж ѝ на врата...

Неочекувано тој пак се распеа и почна да тупка со нозете и да се sensa. — Глеј го, никаквец! — продунда Малорусинот што одеше крај мене, откако презирно го погледна напреку.

— Непрокопсаник! — забележи друг со решителен и сериозен тон.

Јас никако не разбирав зошто му се лутат на Скуратова, па и воопшто — зошто сите весели, како што веќе стасав да забележам тие први дни, како божем да ги презираа. Лутината на Малорусинот и другите јас ја припишував да се однесува кон личности. Но не личностите ги јадосуваа нив, а тоа што Скуратов не беше здржан, немаше строг наместен изглед на сопствено достоинство, со којшто беа заразени сите во затворот до педантност, со еден збор поради тоа што тој беше, по нивните зборови „непрокопсаник". Меѓутоа, не на сите весели им се лутеа и ги третираа онака како Скуратова и другите слични на него. Како кој ќе дозволеше, така и се држеа со него; добродушниот човек и без замисла уште веднаш го понижуваа. Тоа мене дури ме зачуди до немајкаде. Но од веселите имаше и некои што умееја и сакаа да си ги покажат забите и да повратат не попуштајќи му никому; нив беа принудени да ги почитаат. Дури тука, во истата таа група луѓе имаше еден од таквите забести, а всушност весел и многу мил човек, но кого што како таков го разбрав веќе подоцна, млад човек,

навидум, и јадер, со голема тртка на образот и со премногу комичен израз на лицето, меѓутоа доста личен и расудлив. Го викаа пионер, бидејќи како војник бил тоа; сега лежеше во посебното одделение. За него јас ќе треба пак да прикажам понатаму.

Меѓутоа, и не сите „сериозни“ беа толку експлозивни како Малорусинот што се лутеше на веселоста. Имаше во затворот неколку луѓе, што се џапаа за првенство, за познавање на секоја работа, за снаодливост, карактер и ум. Мнозина од нив навистина беа умни луѓе, со карактер, и навистина го постигаа она на што беа фрлиле око, то ест првенство и значително морално влијание врз своите другари. Меѓу себе тие умници беа често големи непријатели — и секој од нив беше мразен од мнозина. На другите затвореници тие гледаа со достоинство и дури од високо, не почнуваа непотребни караници, беа со добро име пред началниците, на работа се држеа како божем распоредители, и ниеден од нив не би почнал да се задира и лути, на пример, заради песни; тие не се уриваа за такви ситници. Сите тие, во текот на сето мое одлежување, беа со мене особено љубезни, но не многу разговорливи; исто така како божем од достоинство. За нив исто така ќе треба да поприкажам поподробно.

Дојдовме на брегот. Долу на реката, стоеше замрзната во водата стара лотка, што требаше да се раскршува. Отаде реката синееше степата; изгледот беше стуштен и пустелив. Јас очекував дека сите ќе се нафрлат на работа, но тие и не мислеа да го сторат тоа. Некои седнаа на гредите што беа расфрлани по брегот; речиси сите извадија од чизмите кесиња со тукашен тутун, што на пазарот се продаваше во листови по три копејки за една фунта, и саморачно изработени куси лулиња од врба, со мали дрвени главчиња. Ги запалија лулињата; стражарите ги заобиколија како синџир и со најздодевен изглед се зафатија да нè вардат.

— И кому ли му дошло на ум да ја кршиме оваа лотка? — прозбори еден како божем за себе, не обр-

нувајќи се меѓутоа никому. — Да не му требаат иверки?

— Му дошло на ум на оној што не се плаши од нас, — забележи друг.

— Кај ли тргнале оние селани? — откако замолча, праша првиот, се разбира, без да го забележи одговорот на првото прашање и покажувајќи во далечината на една група селани, што одеа еден по друг пробивајќи се по неразгазениот снег. Сите мрзеливо се свртија на таа страна и од немајќи што да прават почнаа да се потсмеваат со нив. Еден од селаните, последниот, одеше некако необично смешно, со раширени раце и кимната настрана глава, на којашто имаше долга селанска капа како колач од хелда. Сета негова појава исцело и јасно испакнуваше врз белиот снег.

— Глеј го братчено, Петрович како се натокмил — забележи еден, шегачејќи се со селанскиот изговор. Интересно дека затворениците воопшто ги гледаат селаните некако одозгора, иако половината од нив беа селани.

— Оној последнион, браќа, оди како трупки да сади.

— Тој е тешкодумец, има многу пари, — забележи трет.

Сите се насмеаја, но исто така некако мрзеливо, како божем преку волја. Меѓутоа, додјде продавачката на печиво, пргава и очиклена женичка.

Ние купивме од неа печиво за подадениот петак и си го разделивме уште веднаш на сите подеднакво.

Она младо момче што тргуваше во затворот со печиво зеде две десетини парчиња и запалено почна да спори за да истргува три, а не две парчиња печиво, како што следуваше по восприемниот ред. Но продавачката не се согласуваше.

— Па, а она не даваш?

— Кое она?

— Па она што не го јадат глувците.

— У, чума те собрала! — писна женичката и се насмеа.

Најпосле се јави и надгледникот на работите, еден подофицер со прачка.

— Ej вие, што сте изнаседнале! Почнувајте!

— Па што, Иван Матвеич, дајте ни задача, — прозбори еден од „старешините“, бавно пристанувајќи од местото.

— Зошто понапред при распоредувањето не прашавте? Развлечкајте ја лотката и тоа е сета задача.

Како му така, најпосле, станаа сите и се упатија кон реката, одвај влечејќи ги нозете. Сред групата веднаш се појавија „распоредувачи“, барем на збор. Се покажа дека не би требало напразно да се крши лотката, а би требало по можност да се запазат гредите и посебно попречниците, зачукани со дрвени клинови кон газерот во сета своја должина, — работа долга и досадна.

— Ете де, најнапред би требало да се извлече ова гредиче. Зафаќајте се де, момци! — рече еден, што ни најмалку не беше распоредувач и старшија, а просто само работник, тих и молчалив човек, што сè дотогаш молчеше, а наведнат ја фати со двете раце дебелата греда, очекувајќи да му помогнат. Но никој не му помогна.

— Аха; ќе ја покренеш, збор да нема! И ти не можеш да ја покренеш па и дедо ти, мечка да дојде — и тој нема да ја покрене! — процеди некој низ заби.

— Па што да се прави, браќа, како де да почнеме? Јас и не знам... — прозборе збркаиот брзица, исправајќи се откако ја остави гредата.

— Сета работа не се сработува... Па што избрзуваш?

— На три кокошки да им даде храна па ќе збрка во сметката, а сака прв да биде... Се затрчал!... Дропла ниедна!

— Па јас, братчиња, не сакав ништо, — се правдаше збркаиот, — јас туку така...

— Па што да правам со вас, да ве наконтам, што ли? Или чекате пастрма за зиме, да ве направам? — викна пак надгледникот, гледајќи со недоумение на грмадата од дваесетмина, што не знаеше како да почне со работа. — Почнувајте! Поскоро!

— Со брзање ништо работа не станува, Иван Матвеич.

— Па ти и онака не работиш ништо ej! Савельков! Плампало Петрович! Тебе ти велам, што стоиш, басма ми продаваш!... Почнувајте!

— Па што можам да сторам јас сам?...

— Па дајте ни задача, Иван Матвеич.

— Се рече — нема да има задача. Раскршете ја лотката и одете си дома. Почнувајте!

Најпосле веќе почнаа, но пипаво, без волја, неумело. Дури беше за јадосување да се гледа таа грмада способни и здрави работници, коишто, изгледа, никако не можеа да се сетат како да се зафатат за работа. Тукушто се зафатија да ја вадат првата, најмала попречница — се покажа дека таа се крши, „самата се крши", како што отпосле му се правдаа на надгледникот; значи дека не бива да се работи така, а требало да се почне некако инаку. Почна долг спор помеѓу нив како инаку да се почне, како да се работи? Се разбира троа по троа работата дојде до караница, заплашуваше да отиде и подалеку... Надгледникот пак привика и помавна со пратот, но попречницата пак се скрши. Најпосле излезе дека секирите се малку и дека треба да се донесе уште некаков алат. Уште веднаш определија двајца што под стража отидоа по потребниот алат во тврдината, а останатите најспокојно си наседнаа на лотката, ги извадија своите лулиња и пак запушија.

Надгледникот најпосле плукна.

— Де-де, не заплачува работата од вас! Е, луѓе! — продунда тој намуртено, мавна со раката и појде во тврдината, мавтајќи со пратот. По еден час дојде спроводникот. Откако спокојно ги ислуша затворениците, тој објави дека им поставa задача да извадат уште четири попречници, но така што тие да не се кршат и да бидат цели, и освен тоа определи да го растурат поголемиот дел од лотката, а кога ќе го свршат тоа, можат веќе да си одат дома. Задачата беше голема, но, мајко мила, — како се зафатија. Каде се дена мрзливоста, каде се дена недоумението. Зачукаа

секирите, почнаа да ги отковуваат дрвените клинови. Останатите потклаваа дебели стапови, и притискувајќи со дваесетина раце заедно, живо и мајсторски ги отковуваа попречниците, коишто сега, за мое чудење, се отковуваа сосем цели и неискршени. Работата вриеше. Сите некако наеднаш поумнеа. Немаше излишни зборови ни караници, секој знаеше што да каже, што да стори, кај да застане, што да посоветува. Токму за половина час пред биењето на барабанчето определената задача беше исполнета и затворениците тргнаа дома, изморени, но сосем задоволни, иако спечалија сè на сè некаков си половина час помалку од определеното време на работа. Но што се однесува до мене, јас забележив една особеност: каде и да им се приближев да им помогнам во работата, насекаде јас бев непотребен, секаде сум пречел, насекаде ме оттурнуваа настрана уште за малку со пцуење.

Некаков си најдолен парталко, којшто и самиот беше најлош работник и не смееше ни да писне пред другите осуденици што беа поочиклени и покадарни, и тој сметаше дека има право да ми се изнавика ако се запрев крај него, изговарајќи се дека му пречам. Најпосле, еден од поитрите направо ми рече грубо: „Кај се вовирате, тргнете се настрана! Зошто да се натрпувате онаму каде што не ве бараат!“

— Попадна во небрано! — уште веднаш се смеша друг.

— А ти подобро земи еден сан, — ми рече трет, па оди да собираш подавачка за сиромашна куќа и за оние што останале без тутун, а тука нема што да правиш.

Требаше да стојам одделно, а да се стои настрана кога работат сите е некако срамно. Но кога навистина направив така, се тргнав и застанав скраја на лотката, уште веднаш се развикаа: „Еве какви работници ни испратиле, што можеш да направиш со нив? Ништо!“

Сето тоа, се разбира, беше намерно, затоа што сите тоа ги забавуваше. Требаше малку да се поше-

гачат од нависоко над бившето благородниче, и се разбира, му се радуваа на таквиот случај.

Сега е многу разбирливо, како што веќе порано зборував, зошто моето прво прашање при влегувањето во затворот беше ова: како да се држам, каков став да земам спрема тие луѓе? Јас претчувствував дека често исто така ќе се судрувам со нив, како сега на работа. Но не гледајќи на какви и да е судрувања, јас решив да не го менам планот на моето дејствување, делум веќе обмислен од мене во тоа време; јас знаев дека тој е правилен, имено, јас решив дека треба да се држам што е можно поедноставно и посамостојно, ни најмалку да не покажувам некаква грижа да се зближам со нив, но и да не ги одбивам ако тие самите посакаат да се зближат. Ни најмалку да не се плашам од нивните застрашувања и омраза, и, колку што е можно да се правам дека не го виѓавам тоа. Ни најмалку да не се зближувам со нив по некои одделни работи и да не им одобрувам некои нивни навики и обичаи, со еден збор да не им се натрупувам самиот за нивни вистински другар. Јас уште од прв поглед се досетив дека тие први би ме презирале поради тоа. Но сепак, по нивните разбирања (јас тоа го разбрав подоцна точно), јас сепак сум бил должен да го запазувам и да го почитам пред нив дури и своето благородно потекло, то ест да се правам разгален, да се кревам на големо, да се гнасам од нив, на секој чекор да се перчам, да избегнувам да си ги валкам со работа рацете. Токму така тие го разбираа благородникот. Тие, се разбира, би ме пцуеле заради тоа, но сепак во себеси би ме почитувале. Јас не сакав да бидам во таква ролја; јас никогаш не сум бил таков благородник како што го замислуваа тие; но затоа јас си дадов збор со никаква постапка да не го понижувам ни своето образование, ни својот начин на мислење. Ако јас, за да им угодам, почнев да им се подлижувам, да се согласувам со нив, да фамилијарничам и да се уривам со примањето на нивни разни „својства“, за да ја спечалам нивната наклоност, — тие уште веднаш би претположиле дека јас тоа го правам од страв и малодушност; и со презир би се

однесувале со мене. А-в не беше за пример: тој одеше кај мајорот и тие самите се плашеа од него. Од друга страна, јас не сакав да се затворам во студена учтивост, како што тоа го правеа Полјаците. Јас сега многу добро видов дека тие ме презираа поради тоа што јас сакав да работам, не нежничев и не се држев наголемо, иако јас со увереност знаев дека тие подоцна ќе бидат принудени да го променат своето мислење за мене, но сепак мислата дека тие сега како божем да имаат право да ме презираат, мислејќи дека јас на работа им се потчинувам, — таа мисла страшно ме огорчуваше.

Кога навечер, по свршувањето на попладневната работа, се вратив во затворот, капнат и измачен, пак ме овладеа страшна мака. „Уште колку илјади вакви денови има пред мене, — мислев јас — сè исто вакви, сè едни и исти!“ Јас, на стемнување веќе, молкум се скитав самотен зад касарните, покрај оградата и наеднаш го видов нашиот Шарик, што трчаше право кон мене. Шарик беше наше затворско куче, исто онака како што има четни, батериски и ескадронски кучиња. Тоа живееше одамна во затворот, којзнае уште од кога, сите ги сметаше за стопан и се хранеше со отпадоци од кујната. Тој беше мошне голем пес, црн, со бели дамки, обичен вардач на двор, не многу стар, со умни очи и со рунтеста опашка. Него никој не го галеше, никој не му обрнуваше никакво внимание. Уште од првиот ден јас го погалив и му дадов леб од рака. Кога јас го галев, тој стоеше мирно, ме гледаше милозливо и во знак на задоволство почна да мавта со опашката. Сега, бидејќи долго не ме беше видел, првиот што во текот на неколку години му дошло на ум да го погали, тој трчаше и ме бараше меѓу сите, и кога ме пронајде зад касарните, со квичење ми се стрча во пресрет. Јас веќе не знам што ми стана, но се втурнав да го бацувам, му ја гушнав главата; тој ми скокна со предните нозе на рамениците и почна да ми го лиже лицето. „Ете така, значи, ова е пријателот што ми го праќа судбата“ — помислив јас, и потоа секојпат, во тоа прво тешко и нерадосно време кога се враќав од работа, пред сè, не

влегувајќи уште никаде, јас брзав зад касарните, со заскоканиот пред мене и расквичен од радост Шарик, ја гушнував неговата глава и ја бацував, бацував, и некако благо, и заедно со тоа и мачително — горчливо чувство ми ја притискуваше душата. И паметам, мене дури ми беше пријатно да мислам, како божем фалејќи се пред себе со својата мака, дека ете во целиот свет сега ми останало само едно суштество што ме сака, што ми е привржано, мојот пријател, мојот единствен пријател — моето верно куче Шарик.

VII

НОВИ ПОЗНАНСТВА. — ПЕТРОВ

Но времето си минуваше и јас полека-полека почнав да се навикнувам. Со секој ден сè помалку и помалку ме збркуваа секојдневните појави во мојот нов живот. Случките, околностите, луѓето — сето тоа поминуваше некако пред очи поспокојно. Да се примирам со тој живот беше невозможно. Но беше веќе одамна време да го признам за свршен факт. Сите недоразбирања, коишто уште беа останати во мене, јас ги притаив внатре во себе, колку што можев подлабоко. Јас веќе не скитав низ затворот како изгубен и не ја покажував својата мака. Диво-љубопитните погледи на осудениците веќе не се запираа на мене толку често, не ме следеа со онаква наместена суровост. И тие, очигледно, исто така беа навикнале на мене, на коешто многу се радував. Низ затворот јас се вртkав веќе како дома, го знаев своето легло и дури, ми се чини, навикнав и на некакви нешта на кои мислев дека цел живот нема да се навикнам. Секоја недела редовно одев да ја бричам половината од својата глава. Секоја сабота, во време на одморот, заради тоа нè повикуваа од затворот во стражарницата, по ред, (неизбрицениот одговараше веќе самиот за себе) и таму берберите од баталјоните ги сапунеа со студена сапуница нашите глави и бесмилосно ги стружеа со најтупи бричови, така што мене дури и сега ми поминуваат морници кога ќе се сетам за тоа мачење. Меѓутоа скоро се најде лек за тоа. Аким

Акимич ми кажа за некој затвореник, осуден војник, којшто за една копејка бричеше со сопствен брич секого којшто ќе посакаше, и со тоа заработуваше. Мнозина од осудениците одеа кај него, за да ги избегнат затворските бербери, а меѓутоа луѓето не беа нежни. Нашиот затвореник — бербер не знам зошто, го викаа м а ј о р, а со што тој прилегаше на мајор исто така не можам да кажам. Сега, кога го пишувам ова, просто пред очи ми излегува тој „мајор", висок, сув и молчалив млад човек, мошне глупавичок, вечно далдисан во својот занает и бездруго со ременот в рака, на кој тој дење и ноќе го остреше својот до немајкаде остар брич, и ми се чини, сиот потонуваше во таа работа, како да ја примил очевидно за своја задача во живот. И навистина, тој беше сосем задоволен кога бричот беше остар и кога некој ќе дојдеше да се избричи; сапуницата му беше топла, раката лесна, бричењето меко како кадифе. Тој, очигледно, се наслаждуваше и гордееше со своето умеење и небрежно ја примаше спечалената копејка, како божем всушност работата беше во мајсторството, а не во печалбата. Убаво си го начека А-в од нашиот мајор, кога тој, поткажувајќи му за затворот, му го спомнил нашиот затворски бербер и невнимателно го нарекол м а ј о р. Мајорот збеснел и до немајкаде се навредил. „А знаеш ли ти, никаквец еден, што е тоа мајор!" — викнал тој, со запенета уста, расправајќи се со него онака како што знае тој, — разбираш ли ти што е тоа мајор. И наеднаш ми доаѓа некаков си никаквец — осуденик, и смее пред очи да го наречува мајор во мое присуство!... Само А-в можеше да се спогодува со таков човек.

Уште од првиот ден на мојот живот во затворот јас веќе почнав да мечтаам за слобода. Пресметнувањето, на илјади разни начини и применувања, кога ќе поминат моите години во затворот, ми стана сакана забава. Јас дури и не можев да мислам за ништо друго, и сум уверен дека така прави секој лишен од слобода за определено време. Не знам дали осудениците мислеле, пресметнувале исто онака како мене,

но чудната лекомисленост во нивните надежи ме зачуди до немајкаде уште од првиот чекор. Надежта на затвореникот, лишениот од слобода е сосем од инаков карактер одошто кај човекот што живее вистински, обично. Слободниот човек, се разбира, се надева (на пример, на промена на судбата, на исполнувањето на некоја работа), но тој живее, тој работи: вистинскиот живот него наполно го вовлечува во својот вител. Инаку е со затвореникот. И тука, да речеме, е исто така живот, и затворски, на робија; но осуденикот, кој и да е и на каков и да е рок осуден, решително, инстинктивно, не може да ја прими својата судба за нешто позитивно, конечно, за цел од вистинскиот живот. Секој осуденик осеќа дека тој н е е д о м а, а како божем на гости. Тој ги гледа дваесетте години како божем да се две и сосем е уверен дека и на педесет години, по излегувањето од затворот тој ќе биде исто онаков како и сега на триесет и пет. — „Уште ќе проживееме!“ си мисли тој, и тврдоглаво ги отфрла од себе сите сомневања и други невесели мисли. Дури и оние што лежат на неопределено време, од посебното одделение, и тие понекогаш сметаат дека ете, туку така, одеднаш, па ќе дојде повелба од Питер[24]) „да се испрати во Нерчинск во рудник и да му се определи рок.“ Тоа е прекрасно: прво и прво, до Нерчинск има речиси половина година да се оди, а второ и каде и каде е подобро да одиш со дружина одошто да лежиш во затворот! А потоа во Нерчинск ќе се одлежи казната и тогаш . . . И ете така си смета некој човек со побелени коси!

Во Тоболск јас видов злосторници оковани на ѕидот. Таквиот е на синџир, долг ете така еден сажен; тука му е дрвеното легло. Го оковале него за нешто што не може да се каже колку страшно, направено веќе во Сибир. Остануваат така по пет, па и по десет години. Во поголем дел тие се разбојници. Само еден од нив јас видов од погорен ред луѓе. Некогаш тој служел некаде. Тој зборуваше кратко, прошепотувајќи, насмевката му беше блага. Тој ми го пока-

[24]) Питер — Петербург простите луѓе го викале така.

жуваше својот синџир, како треба да се легнува поудобно на леглото. Ете тој бил бездруго токму нешто особена sверка! Сите тие воопшто се држат кротко и изгледаат задоволни меѓутоа секој од нив безгранично сака што поскоро да го исполни досуденият рок. Да речеме зошто? А еве зошто: ќе излезе тој тогаш од задушената мемлива ќелија со низок плиќен свод, и ќе се рашета низ затворскиот двор, и . . . ништо повеќе. Него никогаш нема да го пуштат надвор од затворот. Тој самиот знае дека тие, ослободените од на синџир се држат вечно во затворот сè до крајот на нивниот живот, и тоа во окови. Тој го знае тоа и сепак безмерно пека што поскоро да го одлежи рокот на казната врзан на синџир. Па би можел ли тој без тој копнеж да проседи пет или шест години врзан на синџир а да не умре или поулавее? Би можел ли и кој и да е друг да го истрпи тоа?

Јас осеќав дека работата може да ме спаси, да ми го зајакне здравјето, снагата. Постојаното душевно беспокојство, нервната раздрзнетост, расипаниот воздух во касарната би можеле сосем да ме кутнат. Ако бидам што почесто на свеж воздух, ако секој ден работам до постануване, ако се научам да носам тежина, и јас, на крајот на краиштата, ќе се спасам; — си мислев јас, — ќе зајакнам, ќе излезам здрав, бодар, силен, млад. Јас не згрешив: работата и движењето ми беа многу полезни. Јас со ужас гледав еден од моите другари, (благородник) како тој во затворот се топи како свеќа. Тој влезе во затворот заедно со мене, уште млад, личен, бодар, а излезе наполу урнисан, побелен — речиси одвај стоејќи на нозе и со задув. Не, си мислев јас гледајќи го него, јас сакам да живеам и ќе живеам. За тоа јас и трпев од затворениците отпрвин за својата љубов кон работата и долго време тие ме задираа и боцкаа со презирање и подбивање. Но јас не го гледав никого и бодро одев каде и да е на работа, на пример, да печам и толчам алабастер; една од првите работи што ги научив. Тоа беше лесна работа. Градежното началство беше готово по можност да им ја олеснува работата на благородниците, коешто меѓутоа ни најмалку не беше

олеснување туку само справедливост. Би било чудно од човек што е двапати послаб и што никогаш не работел да се бара иста работа како и од вистинскиот по положба работник. Но ова „галење“ не секогаш се исполнуваше, дури се правеше некако крадешкум; отстрана строго гледаа за тоа. Мошне често требаше да се работи тешка работа, и тогаш, се разбира, на благородниците им беше двојно потешко одошто на другите работници. За работа со алабастер[25]) определуваа обично по тројца-четворица, старци или послаби, па, и нас во тој број, се разбира; а освен нив определуваа еден вистински работник, што ја познава работата. Неколку години по ред обично одеше сè еден и ист, Алмазов, груб, црномурен и мршав човек, веќе во години, недружелубив, брецлив. Тој длабоко нè презираше. Меѓутоа, тој беше многу неразговорлив, дотолку што дури го мрзеше да дунда на нас. Зградата во која се печеше и толчеше алабастерот, се наоѓаше исто така на пустеливиот и стрмен брег на реката. Зиме, особено во некој стуштен ден, беше здодевно да се гледа на реката и спротивниот, далечен брег. Во тој див и пустелив пејзаж имаше нешто мачно, што го раскинуваше срцето. Но речиси уште потешко беше кога на бескрајната пелена на снегот силно светкаше сонцето; би сакал просто да летнеш некаде во таа степа што почнуваше од другиот брег и се протегаше на југ како еден непрекинат чаршаф со должина од илјада и петстотини врсти. Обично Алмазов молкум и грубо се зафаќаше за работа; ние како да се срамувавме што не можеме да му помагаме онака како што треба, а тој намерно сам се метка со работата, намерно не барајќи од нас никаква помош, како божем заради тоа, ние да ја осетиме сета наша вина пред него, и да се јадосуваме од сопствената некадарност. А сепак работата беше само во тоа да се запали печката за да се испече кладениот во неа алабастер, којшто ние и му го довлекувавме. Уште следниот ден, кога алабастерот сосем ќе се испечеше, почнуваше вадењето од печката. Секој од нас земаше

[25]) Алабастер — ситнозрнест бел гипс.

тежок толчник, си наполнуваше посебна торба со алабастер и почнуваше да го толчи. Тоа беше многу пријатна работа. Кршливиот алабастер брзо се претвораше во бел блескав прав, толку удобно, толку убаво се кршеше. Ние замавнувавме со тешки чекани и правевме толкава трескотница што и на самите нас ни беше мило. И постанувавме најпосле, и истовремено ни беше така лесно; образите аловеа, крвта течеше побрзо. Тогаш веќе и самиот Алмазов почнуваше да нè гледа помилозливо, како што ги гледаат малите деца; попустлив и благ си пушеше од својата луличка и сепак не можеше да не дунда, кога требаше да зборува. Меѓутоа, тој и со сите беше исто таков а всушност, ми се чини, беше добар човек.

Друга работа на која бев праќан — беше во работилницата да го вртам тркалото за острење. Тркалото беше големо, тешко. За да се врти тоа, беа потребни мошне усилби; особено кога стругарот (мајстор од инженерното одделение) стружеше некаква талпа за скала или нога за голема маса, за државен мебел на некој чиновник, заради коешто беше потребна речиси цела греда. Во таков случај му беше тешко на еден да го врти и обично нè праќаа двајца, — мене и уште еден благородник, Б. И така во текот на неколку години ние ја работевме таа работа, ако само потребаше нешто да се струже. Б. беше слабичок, болникав човек, уште млад, болен на гради. Тој беше стапен во затворот една година пред мене, заедно со двајца свои другари, — едно старче што дење и ноќе во текот на сиот живот во затворот му се молеше на господа (заради коешто затворениците многу го почитаа) и умре во време на моето одлежување; и еден друг, уште млад, свеж, алов, силен, смел човек, којшто патем го носел постанатиот на половина пат Б., што изнесувало седумстотини врсти без престан. Требаше да се види нивната меѓусебна дружба. Б. беше човек со прекрасно образование, благороден, со великодушен карактер, но изнемогнат и раздразнет од болеста. Ние заедно се справувавме со тркалото и тоа дури на обајцата ни беше интересна

работа. Мене таа работа ми доставуваше прекрасно раздвижување.

Исто така јас особено сакав да го расчистувам снегот. Тоа обично се правеше по виулиците, а стануваше зиме мошне често. По денонокната виулица понекоја куќа беше завеана до половина на прозорците, а понекоја речиси сосем затрупана. Тогаш, откако веќе ќе престанеше виулицата и излезеше сонцето, нас на големи групи, а понекогаш и сите од затворот, нè тераа да ги отпретуваме државните згради од снежните преспи. На секого му даваа лопата, на сите заедно им се определуваше задача, понекогаш толкава што беше за чудење како е можно да се справиме со неа, и сите дружно се зафаќаа со работа. Ровкавиот, тукушто слегнат и троа подмрзнат згора снег, умешно се загребуваше со лопатата и на огромни парчиња се расфрлаше наоколу, претворајќи се уште во воздухот во снежен прав. Лопатите само се врежуваа во белата, што блеска на сонцето, маса. Затворениците речиси секогаш ја работеа оваа работа весело. Свежиот зимен воздух, движењето ги загреваше. Сите стануваа повесели; се разнесуваше смеа, подвикнувања, шегувања. Почнуваа да се маваат со снег, но секако, се разбира, со завикувањето по една минута на сериозните што негодуваа од смеата и веселоста, и сеопштата увлеченост обично се свршуваше со караница.

Полека-полека, јас почнав да се запознавам со луѓето. Меѓутоа, јас самиот не мислев за запознавање, сè уште бев неспокоен, стуштен и недоверлив. Моите познанства почнаа сами од себе. Меѓу првите почна да ме посетува затвореникот Петров. Јас велам посетува и особено наблегнувам на тој збор. Петров лежеше во посебното одделение и во најоддалечената касарна од мојата. Кај нас во секој случај, немаше никакви врски, исто така немаше и не можеше да има со мене ништо заедничко. А меѓутоа, Петров, во тоа прво време, како божем да сметаше за своја должност бездруго речиси секој ден да доаѓа кај мене во касарната или да ме запре во слободното

време кога јас се рашетував зад касарните по можност што подалеку од очите на сите. Мене отпрвин тоа ми беше непријатно. Но тој умееше да стори некако така што наскоро неговите посети дури почнаа да ме забавуваат, без обзир на тоа што тој ни најмалку не беше особено дружелубив и разговорлив човек. По изглед тој беше низичок, со силна снага, итар, пргав, со мошне пријатно лице, бледен, со широки јаболкници, со смел поглед, со чести и ситни заби и вечно со ронка од три прсти резан тутун на долната усна. На мнозина затвореници им беше обичај да клаваат тутун на долната усна. Тој изгледаше помлад одошто беше по години. Имаше четириесет години, а навидум само триесет. Тој секогаш зборуваше со мене необично природно, во голем степен се држеше како рамен, то ест необично редно и внимателно. На пример, ако тој забележеше дека сакам да бидам сам, тој, откако ќе позборуваше две-три минути, уште веднаш ме оставаше и секојпат ми заблагодаруваше за вниманието, коешто, се разбира, не го правеше со никого во затворот. Интересно дека токму ваквите односи меѓу нас се продолжија не само првите дни, но и во текот на неколку години по ред и речиси никогаш не стануваа поблиски, иако тој навистина ми беше привржан. Јас дури и сега не можам да решам: што токму сакаше тој од мене, зошто тој ми се прикачуваше секој ден? Иако отпосле и се случуваше да ми краде, но тој крадеше некако н е в о л н о; речиси никогаш не ми бараше пари, значи дека ни најмалку не доаѓаше заради пари или заради некаква полза.

Исто така не знам зошто, но мене секогаш ми се чинеше дека тој како божем ни најмалку да не живееше заедно со мене во затворот, а некаде далеку во друга куќа, во градот, и само понекогаш го посетува затворот, за да узнае новости, да ме надгледа, да види како сите ние живееме. Тој секогаш брзаше некаде, чиниш некаде оставил некого и таму го чека, како божем некаде не сработил нешто. А меѓутоа, како божем и да не се штуткаше и грижеше многу,

Неговиот поглед беше исто така некако чуден: зацарен, со отсенка на смелост и подбив, тој гледаше некако во далечина, како низ предметот, како божем зад предметот што му беше пред очите тој се труди да види некаков друг, подалечен. Тоа му даваше расеан изглед. Јас понекогаш намерно гледав кај ќе отиде Петров кога ќе се раздели од мене. Каде така го чекаат него? Но тој брзајќи заминуваше во касарната или во кујната, седнуваше внимателно, понекогаш и самиот стапуваше во разговор, дури со голема вжештеност, а потоа некако наеднаш ќе прекинеше и замолчеше, сепак се виѓаше дека тој тоа го прави само така, патем, дека некаде другаде има работа и дека таму го чекаат. Најчудно од сè беше тоа што тој никогаш немаше никаква работа; тој живееше сосем безделнички (освен затворската работа, се разбира). Не знаеше никаков занает, па речиси и никогаш немаше пари. Па и за пари нему многу не му беше жал. И за што разговараше тој со мене? Неговиот разговор беше исто така чуден како и самиот тој. Ќе видеше, на пример, дека јас се рашетувам сам некаде зад касарните и наеднаш остро ќе сврте накај мене. Тој секогаш одеше скоро, се свртуваше остро. Ќе дојде во чекор, а ти се чини дека божем дотрчал.

— Здраво.

— Здраво.

— Јас не ви пречам?

— Не.

— Јас, ете, сакав да ве прашам за Наполеона. Тој роднина ли му е на оној што беше дванаесеттата година (Петров беше кантонист и писмен.)

— Роднина.

— Па каков е тој, велат, президент?

Тој секогаш прашуваше брзо и скоро отсечно, како божем нему да му требаше што е можно поскоро да научи за нешто. Чиниш, тој бара извештај за некоја важна работа што не трпи ни најмало одложување.

Јас му објаснив каков президент е тој, и додадов дека можеби тој наскоро ќе стане и император.

— Како тоа?

Јас колку што можев му го објаснив и тоа. Петров слушаше внимателно сосем разбирајќи и брзо обмислувајќи, дури со начулено кон мене уво.

— Хм. А ете јас, Александар Петрович, сакав да ве прашам. Вистина ли е дека има некакви мајмуни, на кои рацете им се до петиците а се големи колку човек?

— Да, има такви.

— Па какви се тие?

Јас му го објаснив и тоа колку што знаев.

— А каде живеат тие?

— Во топлите земји. Ги има на островот Суматра.

— Тоа во Америка ли ќе е? Како тоа, зборуваат, дека божем таму луѓето одат главечки?

— Не одат главечки. Вие тоа за антиподите ли прашувате? Јас му објаснив што е Америка и, до колку можев, што се антиподи. Тој слушаше исто така внимателно, како божем особено само заради антиподите дошол.

— А-а! А ете јас, минатата година читав за графицата Лавалиер зедов книга од аѓутантот Арефјев. Па вистина ли е тоа, или само така — измислено? Сочинение од Дима?

— Се разбира, измислено.

— Па, проштавајте. Благодарам.

И Петров исчезнуваше, и заправо ние речиси никогаш и не зборувавме инаку освен само вака.

Јас почнав да се распрашувам за него. М., штом разбра за ова познанство, дури ме предупредуваше. Тој ми рече дека мнозина од затворот го исполнувале со ужас, особено отпрвин, првите дни во затворот, но ни еден од нив, дури ни Газин, не оставил таков впечаток како овој Петров.

— Тоа е најрешителниот, најбестрашниот од сите во затворот, зборуваше М. Тој е кадарен за сè; нема пред ништо да се запре ако му се присака. Тој и вас ќе ве заколе, само ако му дојде на ум, така, просто ќе ве заколе, без да му мигне окото и нема ни да се кае. Јас дури мислам дека тој не е сосем на себеси.

Овој одзив многу ме заинтересира. Но М. никако не можеше да ми објасни зошто така му се чинело, и, чудна работа: потоа неколку години по ред јас се познавав со Петров, речиси секој ден зборував со него, за сето време тој ми беше искрено привржан (иако ни најмалку не знам зошто) — и во текот на сето тоа време иако во затворот тој се држеше умно и не беше сторил сосем ништо страшно, но јас секојпат, гледајќи го и разговарајќи со него, се уверив дека М. беше прав и дека Петров можеби е најрешителниот, најбестрашниот и што не знае за никаква сила над себе човек. Зошто ми се чинеше така — исто така не можам да одговорам.

Меѓутоа да забележам дека тој Петров беше токму оној што сакаше да го отепа мајорот, кога го викнаа за казнување и кога мајорот „по чудо" се спаси, како што викаа затворениците, — со заминувањето пред самиот час на исполнувањето на казната. Другпат, уште пред да дојде во затворот, се случило полковникот да го удри на обука. За верување дека него многупати и пред тоа го тепале, но овојпат не сакал да претрпи и го отепал јавно својот полковник, сред бел ден, пред очите на сите. Меѓутоа јас не ја знам подробно сета негова историја; тој никогаш не ми ја раскажувал. Се разбира, тоа се само праснувања, кога природата наеднаш се покажува исцело сета. Но сепак тие кај него стануваат многу ретко. Тој навистина се држеше умно и дури кротко. Во него се таеја страсти, и тоа дури силни, огнени; но жешките јаглења беа постојано посипани со пепел и како пуза тивко тлееја. Јас никогаш кај него не сум забележил ни сенка од перчење или надуеност, како на пример, кај другите. Тој ретко се караше, но затоа пак и со никого особено не се дружеше, освен само можеби со Сироткин, па и тоа само тогаш кога овој му беше потребен. Меѓутоа, еднаш јас видов како тој сериозно се налути. Нему не му даваа нешто, некаква плјачка, што му ја беа зајале. Тој се препираше со еден силен затвореник, висок на раст, лош, закачко, подбивник и ни најмалку плашлив, Василиј Антонов, од граѓан-

ското одделение. Тие веќе одамна викаа, и јас мислев дека работата ќе се сврши најмногу со неколку тупаници, затоа што Петров понекогаш, иако многу ретко, се задираше и маваше како најдолниот од сите во затворот. Но овојпат стана нешто друго: Петров наеднаш побледна, усните му затреперија и посинеа; почна тешко да дише. Тој стана од местото и бавно, многу бавно, со своите нечујни чекори, со боси нозе, (тој многу сакаше лете да оди бос) му пријде на Антонов. Одеднаш сите во целата шумна и вревлива касарна стивнаа како еден, можеше мува да се чуе. Сите чекаа што ќе стане. Антонов му скокна во пречек, сиот снеман, не можеше да се познае... Јас не издржав и излегов од касарната. Јас очекував дека нема да стасам уште да слезам до скалата а ќе го чујам крикот на закланиот човек. Но и овојпат работата помина без ништо; Антонов уште пред да стаса Петров да дојде до него, молкум и што поскоро му ја фрлил плјачката за која се караа. (Работата беше за некоја најдолна ветвинка, некакви објала.) Се разбира, по две минути Антонов го испцу троа, колку да се истуши и заради приличие, да покаже дека тој не се исплашил сосем дотолку. Но на караницата Петров не ѝ обрна никакво внимание, дури и не одговараше: работата не беше за карање и се реши во негова полза; тој остана многу задоволен и си ја зеде ветвинката. По четврт час тој веќе како секогаш скиташе низ затворот, со изглед на човек без никаква работа и како божем да бараше ќе заприкажат ли некаде за нешто поинтересно за да си го буцне и таму својот нос и да послуша. Изгледаше дека него сè го интересува, но некако така излегуваше што тој повеќето остануваше рамнодушен кон сè и туку така се врткаше низ затворот, се префрлаше од место на место. Тој можеше исто така да се спореди со работник, со кадарен работник од кого работа би затрештела, но на кого што сега-засега не му даваат работа; и тој во очекување седи и си игра со мали деца. Јас исто така не разбирав зошто тој лежи во затворот, зошто не бега? Тој не би се премислувал многу да бега ако само

мошне би го посакал тоа. Кај такви луѓе како Петров, разумот владее само дотогаш, додека тие не посакаат нешто. А тогаш на сета земја нема пречка за нивната желба. А јас сум уверен дека тој би умеел мајсторски да избега, би ги изиграл сите и би можел да седи без леб по цела недела некаде во шумата или речниот шавор. Но се гледаше дека тој не натрапал на таква мисла и не го посакал п о т п о л н о тоа. Јас никогаш не забележував кај него некаков голем расудок, некаква особена смисла. Таквите луѓе се раѓаат со една идеја што сиот живот бесвесно за нив ги движи навака — натака; и тие сиот живот се меткаат додека не си најдат работа спрема желба, а тогаш веќе и животот не го жалат. Јас понекогаш се чудев што таков човек што го заклал својот началник поради тепање така послушно легнува да го тепаат за казнување со прачки. Него понекогаш го тепаа кога ќе го фатеа при пренесувањето на пијалакот. Како и сите осуденици што немаат занает, и тој понекогаш се зафаќаше да преносува пијалак. Но тој и да биде тепан се оставаше како божем со лична согласност, како божем свесен дека така е редно; во противен случај тој не би се оставил па ако сака и да го отепаат. Исто така му се чудев што иако очевидно ми беше привржан, ме крадеше. Тоа го обземаше одвреме навреме. Токму тој ми ја украде библијата што му ја бев дал да ја однесе од едно место на друго. Тие беа оддалечени неколку чекори, но тој патем стаса да најде купувач, ја продаде и уште веднаш ги испи парите. Бездруго дека нему веќе мошне му се припило, а она што многу му се присакало б е з д р у г о требаше да биде сторено. Ете токму таквиот и го заколува човекот за четврт рубља, за да се напие за тие пари едно полокарниче, иако другпат нема да го запре па ако сака нека има и стотина илјади. Самиот тој вечерта ми кажа за кражбата, само што без никаква збрканост смутеност и каење, сосем рамнодушно, како за најобична случка. Јас се обидов убаво да му се изнавикам, па и ми беше жал за мојата библија. Тој ме слушаше не јадосувајќи се, дури многу

кротко; се согласуваше дека библијата е многу полезна книга, искрено сожалуваше дека ми ја украл; тој ме гледаше така самоуверено што јас уште веднаш престанав да го карам. Моето карање тој го поднесуваше, за верување, откако расудил дека па не бива без тоа да не биде искаран заради таква постапка, а тогаш, си вели, нека човекот си олесни на душата, нека се истуши, по навика; но дека всушност тоа е бесмислица таква глупост, за којашто сериозниот човек би се срамувал да зборува. Ми се чини дека тој и воопшто ме сметаше за некакво дете, речиси за лапе, што не ги разбира најпростите работи на светов. Кога, на пример, јас самиот заприкажував со него за нешто друго освен науката и книгите, тогаш тој, вистина, ми одговараше но како божем само од учтивост, ограничувајќи се со најкуси одговори. Јас често се прашував: каква полза има тој од интересувањето за тие книжни работи за кои тој обично ме прашуваше? Се случуваше што јас во време на тие разговори почесто ќе го погледнам отстрана: да не се подбива тој со мене? Но не, тој обично слушаше сериозно, внимателно, иако, меѓутоа, не многу, и ова последново мене понекогаш ме јадосуваше. Тој ги поставаше прашањата точно, определено, но некако не се чудеше многу на добиените одговори и ги примаше дури расеано... Мене ми се чини уште дека тој заклучил не напињајќи си го многу умот, дека со мене не бива да се зборува како со другите луѓе, дека јас освен разговорите за книги ништо друго нема да разберам нити сум способен да разберам, така што и нема зошто ни да ме беспокои.

Јас сум уверен дека тој ме сакаше, и тоа прекумерно ме зачудуваше. Ме сметаше ли тој мене за недораснат, непотполн човек, да не го чувствуваше кон мене она особено сожаление коешто инстинктивно го осеќа секое силно суштество спрема друго послабо, откако и ме сметнал за такво... не знам. И иако сето тоа не му пречеше да ме поткрадува, но јас сум уверен дека и крадејќи ме тој ме жалеше. „Ех, што да му правиш!“ — си мислеше можеби тој, протегну-

вајќи ја раката во мојот имот, — „па што за човек е тој, којшто и својот имот не може да го варди и брани!“ Но, ми се чини токму и заради тоа ме сакаше тој. Тој самиот еднаш ми кажа, некако случајно, дека јас сум „веќе и премногу добродушен човек“ и „веќе толоку сте прости, дотолку прости, што на човека дури жал му станува за вас. Само вие, Александар Петрович, не навредувајте се, — додаде тој по една минута, — јас тоа го кажав туку-така, од срце.“

На тие луѓе понекогаш во животот им се случува наеднаш остро и испакнато да се појават и одбележат во часот на некакво сурово кривично дело или пресврт, и по таков начин наеднаш попаѓаат потполно во својата вистинска дејност. Тие не се луѓе на зборот и не можат да бидат поттикнувачи и главатари на работата, — но затоа пак тие се нејзините главни исполнувачи и први ја почнуваат. Почнуваат просто, без особени извици, но затоа први прескокаат преку главната пречка, без премислување, без страв, или одат право на нож, — и сите се втурнуваат по нив и одат слепо, до најпоследниот ѕид кај што обично и ги скршуваат своите глави. Јас не верувам дека Петров свршил со добро; тој во некој, кога-годе, миг свршува сè наеднаш, и ако уште досега не пропаднал, значи дека неговиот случај уште не дошол. Меѓутоа, којзнае? Можеби, доживее и да му побели косата и преспокојно ќе умре од старост, бесцелно вртќајќи се навака-натака. Но мене ми се чини дека М. беше прав зборувајќи оти тој беше најрешителниот човек од сите во затворот.

VIII

РЕШИТЕЛНИ ЛУЃЕ. — ЛУЧКА

Што се однесува до решителните луѓе, за нив е тешко да се раскажува; во затворот, како и насекаде, тие беа ретки. Навидум, божем е страшен човек; ќе поразмислиш за она што ти раскажувале за некого, и дури се тргаш настрана од него. Некакво нејасно чувство ме присилуваше отпрвин да ги избегнувам тие луѓе. Потоа јас многу го променив моето мислење дури за најстрашните убијци. Некој и не отепал, но е пострашен од друг што лежи заради шест убиства. За некои пак убиства беше тешко да се состави дури приближна претстава: дотолку во нивното исполнување имаше многу чудно. Јас токму затоа зборувам дека сред нашиот прост народ понекои убиства стануваат по најчудни причини. Постои, на пример, и дури многу често, ваков тип на убиец: си живее човекот тивко и кротко; судбата му е тешка, трпи. Да речеме дека е селанец, слуга во домот на спахијата, обичен прост граѓанец, или војник. Наеднаш нешто му зоврело, тој не издржал и го боднал со нож својот непријател и угнетувач. Токму тогаш и почнува чудното: за некое време човекот наеднаш ги преминува границите. Првиот кого што го заклал му бил угнетувач, непријател, тоа иако е престап, но е разбирлив; за тоа имало повод. Но потоа веќе тој ги коли и оние што не му се непријатели, коли сè под ред, првиот што ќе го сретне и првиот што ќе му помине на патот, коли заради забава, па дури за лош збор,

поради грд поглед, за бројаница, или просто за ништо: „тргни ми се од пат, не препнувај ми се пред очи, проаѓам јас!“ Токму како да е опиен, токму како да е во грозничава тлапуница. Чиниш, штом ја преминал еднаш забранетата за него црта, тој веќе почнува да се љубува од тоа што за него нема веќе ништо свето; чиниш, го копка наеднаш да прегази преку секаква законитост и власт и да се наслади со најразуздана и безгранична слободија, да се наслади од она примирање на срцето од ужас коешто тој бездруго и самиот го чувствува. А кон тоа тој веќе знае дека го очекува страшна казна. Сето тоа, можеби, прилега на она чувство кога човек од висока кула го тегне во длабочината што му е под нозе, така што веќе и самиот, најпосле, е готов да се фрли главечки надолу: само што поскоро, па да се сврши веќе таа работа! И сето тоа се случува дури и со најкротките и незабележени дотогаш луѓе. Некои од нив, во тоа умопомрачување дури се занесуваат дека се поинакви одошто се. Доколку постепкан бил тој порано, дотолку посилно го копка сега да се потопори, да влева страв. Тој се насладува со тој страв, ја сака самата одвратност што ја побудува во другите. Тој наместува на себе некаква о ч а е н о с т, и понекогаш таквиот „очаен“ веќе самиот чека што поскоро да биде казнет, чека пресуда, затоа што на самиот најпосле му стана тешко да ја тегне таа тешка о ч а е н о с т. Интересно е дека во поголем дел сето тоа настроение, сета таа принуденост трае токму до самото место на казнување, а потоа како наеднаш да загинало: чиниш како токму тој рок всушност да е даден по некој образец, како божем од порано да е назначен по определена за тоа причина. Тогаш човекот наеднаш се заполтува, се изгубува, се претвора во некаква ништожност. На ешафодот тој се лигави и моли прошка од луѓето. Доаѓа во затворот и гледаш: е таков лигав шмркле, дури изгубен, така што дури му се чудиш. „Па зар овој е оној истиот што заклал пет-,шестмина луѓе?“

Некои, се разбира, и во затворот не се заполтуваат скоро. Сѐ уште си запазиле некакво перчење, некакво дуење, како да велат: „еве јас не сум она што мислите вие, јас лежам поради убиството на шестмина“. Но на крајот сепак се смирува. Само понекогаш ќе се истушти сеќавајќи се за својот јуначен замав, своето бујство што го сторил еднаш во животот кога бил „очаен“, и многу сака, само ако најде некој приглупав, со присилена важност пред него да се пофодули, да се пофали и поперчи и да му ги раскаже своите подвизи, но меѓутоа не покажувајќи навидум дека на самиот него му се сака да раскаже. Како да вели еве каков човек сум бил јас.

И со какви претенчености се пази таа самољубива претпазливост, колку мрзливо-небрежно е понекогаш таквото раскажување.

Какво изучено самозадоволство големџиство се покажува во тонот во секое зборче на раскажувачот! И кај ли се изучија тие луѓе!

Еднаш во тие први дни, една долга-вечер, лежејќи без работа и со тага на леглото, јас ислушав еден од таквите разговори, и поради неопитност го помислив раскажувачот за некаков колосален, страшен престапник, за нечуено железен карактер, — во истото она време кога речиси се шегував со Петров. Темата на прикажувањето беше како тој, Лука Кузмич, не заради нешто друго туку само за свое задоволство го к у т н а л еден мајор. Тој Лука Кузмич беше она истото мало, тенко, со остро носле затворениче од нашата касарна, Малорусин, за кого што јас веќе некогаш споменував. Тој беше всушност Русин, но се родил некаде на југ, ми се чини, спахијски слуга. Во него навистина имаше нешто остро, горделиво: „мало пиле но со остри нокти“. Но затворениците инстинктивно го научуваа човека. Него многу малку го почитаа, или како што се вели во затвор, „нему многу малку го почитаа“. Тој беше страшно самољубив. Таа вечер тој седеше на леглото и шиеше една кошула. Нему му беше занает да шие долна облека. Крај него седеше неговиот сосед по легло, затвореникот Коби-

лин, тупаво и ограничено момче, но добро и милозливо, јадер и висок! Лука, како сосед на штичените легла, често се караше со него и воопшто се држеше наголемо, подбивно и деспотски, коешто Кобилин делум и не го забележуваше поради својата простодушност. Тој плетеше една волнена чорапа и рамнодушно го слушаше Лука. Овој, раскажуваше доста гласно и јасно: сакаше сите да го слушнат иако напротив, се мачеше да се преправа дека му раскажува само на Кобилина.

— Па така, брат, ме протеруваа мене од нашите места — почна тој, буцкајќи полека со иглата, — во Ч-в, поради скитање, значи.

— А кога пак било тоа, одамна ли? — праша Кобилин.

— Па полани, кон зреење на граот. Па, кога дојдов во К-в и ме затворија мене за малку време во затвор. Гледам: лежат заедно со мене дванаесетина хохоли, сите високи, здрави, јадри и јаки како бикови. И така мирни, јадењето им е лошо, а со нив мајорот нивни си игра како што му е на неговата милост згодно. (Лука намерно го кажа зборот нетокму.) Лежам ден-два, виќам — плашливи луѓе се. Па зошто вие, велам на таков улав му трпите?

— А појди де самиот да позборуваш со него! — дури ми се насмевнуваат. Јас си молчам. А имаше таму меѓу нив еден пресмешен до немајкаде хохол — додаде тој наеднаш, забаталувајќи го Кобилина и обрнувајќи им се на сите воопшто. — Ни раскажуваше како го суделе, и како тој зборувал на судот, а самиот се залебнува — плаче: дечица, вели, ми останаа и жена. Самиот е еден јадер, полн, со побелени коси. „Јас нему, зборува, бачу: ни! А вин, бисов син все пишет, все пишет: Ну, бачу соби да штоб ти пукнал, јак подависја? А вин все пишет, все пишет: да јак писне!... Тука и пропаднав јас!“ Дај ми го де, Вајса, конецот, овој затворскиот е гнил.

— Од пазар е, — одговори Васја подавајќи му го конецот. — Од нашата шивачница е подобар. Неќна невалидот го пративме, и кај некакво си грдо же-

ниште го земал? — продолжуваше Лука, вденувајќи го конецот в игла.

— Значи кај кумата.

— Кај кумата ќе е.

— А што стана со оној мајорот? — праша божем сосем заборавениот Кобилин.

Токму тоа и му требаше на Лука. Но сепак, тој не го продолжи веднаш своето раскажување, дури како божем и да не го удостои со внимание Кобилина. Тој спокојно го суреди конецот, спокојно и мрзливо ги подви под себе нозете и најпосле веќе зазборе.

— Ги потспотнав најпосле јас моите хохоли, го побараа мајорот. А јас, значи, уште од изутрина му го побарав од соседот ајдукот.[26]) Го земав и го скрив значи, да се најде. Мајорот збесна. Доаѓа. Па, им велам, не плашете се, хохоли. А нив душичката во петици им се скрила, сал се тресат. Дотрча мајорот, пијан. „Кој е тука! Што е тука! Јас сум цар и господ", му се добрав — продолжуваше Лука, — а ножот ми е скриен во ракавот.

— Не, велам, ваше високоблагородие! — а самиот троа по троа му пријдувам сè поблиску и поблиску, — не, па како би можеле да бидете така, зборувам? ваше високоблагородие, вие да сте ни и цар и господ?

— А, значи ти си тој, ти си тој? — завика мајорот, — бунтувач!

— Не, зборувам, ваше високоблагородие (а самиот му пријдувам сè поблиску и поблиску), не, зборувам, ваше високоблагородие, како што можеби ви е познато и го знаете и самите вие, само господ е наш семоќен секогаш и насекаде, зборувам. И царот наш е еден, над сите нас од самиот господ поставен. Тој, ваше високоблагородие, ете уште сте сè на сè само мајор — наш началник, по царска милост, велам, и своите заслуги.

— Како — како — како — како! — Само закакара, не може да зборува; се залебна. Многу веќе се зачуди.

---

[26]) Ајдукот — т.е. ножот (Ф. Д.)

— Па еве како, велам; па кога му скокнав наеднаш врз него, во стомакот токму така сиот нож цел му го забодев. Излезе опитно. Само се заниша и само тројчка попрета со нозете. Јас го фрлив ножот.

— Виѓате, велам, хохоли, а сега кревајте го!

Тука веќе ќе направам едно отстранување. За несреќа, такви изрази како: „јас сум и цар и господ!“ и многу други слични на овој, беа порано во честа употреба кај многу команданти. Треба, меѓутоа, да се признае дека такви команданти останале уште малкумина, а можеби и сосем ги снемало. Исто така ќе забележам дека со такви изрази особено се перчеа и сакаа да се перчат оние команданти што во поголем дел и самите биле порано во понижите чинови. Како божем офицерскиот чин да им ја превртува сета внатрешност а наедно со тоа и умот. Збивајќи долго под стега и поминати преку сите степени на потчинетост, тие наеднаш се виѓаат како офицери, како команданти, благородија и поради ненавикнатост и првиот занес ја преувеличуваат претставата за својата моќ и значење; се разбира, само доколку се однесува за подолните потчинети. А пред повишите пак тие како и порано се ропски покорни, коешто веќе е сосем непотребно и дури им е противно на некои началници. Понекои подлизурковци, дури со особено подмачкување брзаат да им изјават на своите виши команданти дека ете и самите тие се од подолните, иако се офицери, и „никогаш не си го забораваат местото.“ Но спрема нивните потчинети тие стануваат уште за малку неограничени господари. Се разбира, сега тешко да има такви, и тешко да се најде таков што би се развикал „јас сум и цар, и господ“. Но, без обзир на тоа, јас сепак ќе забележам дека ништо не ги раздразнуваше толку затворениците, па и воопшто сите потчинети колку ете ваквите изрази на началниците. Неколку примери за ова знам јас.

Па и воопшто секој потчинет го јадосува секаква небрежност одозгора, секаква пренебрежителност во односите со нив. Некои, на пример, мислат дека работата е во ред ако затвореникот само добро се храни,

добро се гледа и се исполнува сè по законот. Тоа е исто така заблуда. Секој, па кој и да е тој и колку и да е понижен; иако инстинктивно, иако несвесно, но сепак бара неговото човечко достоинство да биде почитано. Затворениkот самиот знае дека тој е затвореник, отпадник, и знае како треба да се држи спрема началникот: но со никакви мурови и никакви окови нема да го присилиш да заборави дека тој е човек. А бидејќи навистина тој е човек, следува дека треба и со него да се постапува човечки. Боже мој! Па човечкото постапување може да го почовечи дури и оној што одамна го изгубил ликот божји! Токму со тие „несреќници" најмногу треба да се постапува човечки. Во тоа е нивниот спас и радост. Јас сум срекавал некои благородни началници. Јас сум го видел влијанието што го имаа тие на овие потчинети. Неколку пријатни зборови — и затворениците речиси воскреснуваа морално. Тие се радуваа како деца, и како деца почнуваа да сакаат. Ќе забележам уште една чудна работа: самите затвореници не сакаат многу фамилијарничење и мошне многу добродушно постапување од страна на началниците. Тој сака да го почита началникот, а сега вака тој престанува да го почита. На затворениkот, на пример, му е мило началникот да има ордени, да биде човек навидум, да биде сакан од некој висок началник, да биде и строг, и достоинствен и справедлив и да гледа на своето достоинство. Затворениците таквите ги сакаат повеќе. Значи, и своето достоинство го запазил, и нив не ги навредил, значи, и сè е убаво и добро.

— Па бездруго дека убаво ти го наместиле грбот поради тоа? — спокојно забележи Кобилин.

— Хм. Дека ми го наместиле грбот, тоа е вистина, убаво ми го наместија. Дај ги де ножиците: зошто денеска, браќа, нема мајдан!

— Неќна сè пропија, — забележи Васја, — ако не беа испиле сè, тогаш, бездруго, ќе имаше.

— Ако! За ако во Москва и сто рубли даваат, — забележи Лука.

— А колку, Лука, колку сè на сè ти дадоа за сето? — пак проговори Кобилин.

— Ми дадоа, скапи пријателе, сто и пет. А што да ви кажам, браќа: па речиси за малку не ме отепаа, — се одзва Лука, пак отфрлајќи го Кобилина. — Кога ете ми ги пресудија тие сто и пет, ме поведоа во полна парада. А јас никогаш дотогаш уште не бев обиден камшик. Се беше нагрмадил народ прс и плева, сиот град беше се набрал: ќе казнуваат разбојник, убиец, значи. Не умеам ни да кажам колку глупав народ ти е тој! Тимошка[27]) ме расоблече, ме легна, вика: држ'се, ќе удрам! Чекам, што ќе стане? Кога ме тресна еднаш — сакав да викнам, ја отворив устата, а извик нема. Гласот значи ми се земал. Кога ме тресна вториот пат, јас сакаш верувал или не, јас веќе и не чув кога одброил д в а. А кога се освестив, слушам бројат седумнаесет. Ете така, брат, четирипати ме слегнуваа од кобилата[28]), почнував по половина час, ми сипуваа вода. Ги гледам сите со ококорени очи, па си мислам: „Уште тука ќе умрам“ . . .

— А не умре? — наивно праша Кобилин. Лука го измери со прекумерно презрив поглед; се разнесе смеа.

— Вистински дрвеник!

— Не му се токму сите штици, — забележи Лука, чиниш каејќи се што можел да заприкаже со таков човек.

— Удрен е, значи, — потврди Васја.

Во затворот никој и никогаш не се плашеше од Лука, иако отепал шестмина, без обзир на тоа што тој отсрце сакаше да биде сметан за страшен човек.

---

[27]) Тимошка — плачот (Ф.Д.)

[28]) Кобилата — „дрвено магаре, клупа на која ги тепале казнетите.

IX

ИСАЈ ФОМИЧ. — БАЊАТА. — РАСКАЗОТ НА БАКЛУШИНА

Наближи Божиќ. Затворениците го очекуваа со некаква торжественост, и гледајќи ги нив, јас исто така почнав да очекувам нешто необично. На четири дни пред празникот нè поведоа на капење. Во мое време, особено во првите мои години, затворениците ретко ги водеа на капење. Сите се зарадуваа и почнаа да се приготвуваат. Беше определено да се оди попладне а тоа попладне веќе не се работеше. Најмногу од сите се радуваше и место не го фаќаше во нашата касарна Исај Фомич Бумштајн, осуденият Евреин, за кого што веќе споменав во четвртата глава на моето раскажување. Тој љубеше да се пари до отапеност, до бесчувственост, и секојпат, кога сега ми се случува да ги пребарувам старите сеќавања, се сеќавам и за затворската бања, (за којашто чини да не се заборави), веднаш како главно на сликата ми испакнува пред мене лицето на пресреќниот и незаборавен Исај Фомич, другар од затворот и со кого заедно живеев во касарната. Господи, колку забавен и смешен беше тој човек! Јас веќе кажав неколку зборови за неговата фигура: човече на педесетина години, болежлив, стуштен, со ужасни мурови на образите и на челото, слабунест, со бела како на пиле снага. Во изразот на неговото лице постојано се огледуваше непоколебливо со ништо самозадоволство и дури среќа. Ми се чини дека тој ни најмалку не сожалу-

ваше дека попаднал во затворот. Бидејќи тој беше кувенција а во градот немаше ниеден кувенција, тој постојано работеше за господата и началството од градот кувенциски работи. Нему колку и да е, но сепак му плаќаа. Тој не беше во нужда, живееше дури б о г а т о, но и оставаше настрана пари и им даваше на заем, на заложување под лихва на сите од затворот. Тој имаше свој чајник, добар душек, чашки, цела спрема за јадење. Познатите Евреи од градот не го оставаа и го заштитуваа. Во саботите тој одеше под стража во градската синагога, (што е дозволено од законот) и живееше сосем убаво, како му сакаше душата иако меѓутоа нестрпливо очекувајќи да ги одлежи своите дванаесет години за да се „озени". Тој беше најкомична смеша од наивност, глупост, итрост, простодушност, фалбаџиство и безочност. Мене ми беше многу чудно што осудениците ни најмалку не му се подбиваа, освен само што се шегуваа за забава. Исај Фомич, очевидно им служеше на сите за забава и секојдневно шегување. „Тој ни е еден, не задирајте ни го Исаја Фомича!" — зборуваа затворениците, и Исај Фомич, иако разбираше во што е работата, очевидно се гордееше со своето значење што многу ги забавуваше затворениците. Тој влегол во затворот смешно до пукнување, уште пред мене, но ми раскажуваа. Еднаш, одненадеш, предвечер, во слободното време, во затворот се пронесол глас дека донеле Евреин и го бричат во корегардијата, и дека тој сега ќе влезе. Тогаш во затворот немало уште ниеден Евреин. Затворениците нестрпливо го очекувале и уште кога влегол на вратата го заобиколиле. Затворскиот подофицер го одвел во граѓанската касарна и му го покажал местото на дрвените легла. Исај Фомич држел во рацете торба со дадените му државни и своите сопствени плјачки. Тој ја оставил торбата, се качил на леглото и седнал со подвиткани под себе нозе, не смеејќи да ги подигне очите на никого. Околу него се разгласувала смеа и затворски шеги што биеја по неговото еврејско потекло. Наеднаш низ грмадницата се пробил млад затвореник, носејќи ги в раце своите

до немајкаде стари, бербатни и парталави летни панталони, и со нив затворски објала. Тој седнал до Исај Фомич и го удрил по рамо.

— Па, скапи пријателе, јас веќе шест години те чекам тебе. Ете погледај, ќе дадеш ли доста.

И тој ги раширил пред него донесените партали.

Исај Фомич, којшто при влегувањето во затворот дотолку се збркал што дури ни очите не смеел да ги подигне на таа грмада, подбивни, грди и страшни лица што едноподруго го обиколувале, и од изгубеност не стасал уште да каже ни збор, — штом го видел залогот, веднаш се штрекнал и итро почнал со прстите да ги брка парталите. Дури ги принесол на светлост. Сите очекувале што ќе рече.

— Па што, бездруго ќе ми дадеш една сребрена рубља? А ете чини толку! — продолжил заложувачот, подмигнувајќи му на Исај Фомич.

— Една сребрена рубља не може, но седум копејки може.

И ете тоа се првите зборови што ги изговорил во затворот Исај Фомич. Сите да пукнат од смеа.

— Седум! Па дај барем седум: твоја среќа! Па гледај, пази ми го залогот, ми одговараш за него со глава.

— Три копејки лихва, десет копејќи сè на сè, — испрекинато и со треперлив глас продолжува Евреј-чето, клавајќи ја раката в џеб за пари и плашливо погледнувајќи ги затворениците. Тој и се плашел до немајкаде, но и работата сакал да ја сврши.

— Три копејки лихва, за една година, така ли?

— Не, не за една година, а за месец.

— А скржавичко си ти, Евреј-че. А како те викаат?

— Исај Фомич.

— Па, Исај Фомич, ти кај нас далеку ќе дотераш! Збогум!

Исај Фомич го прегледал уште еднаш вложеното, го свиткал и внимателно го клал во торбата, сред непрекинатата смеа на затворениците.

Него навистина како божем сите да го сакаа и никој не го навредуваше, иако речиси сите му беа должни. Тој самиот беше питом како коковче, и, гледајќи ја општата наклонетост кон себе, дури и се јуначеше, но дотолку простодушно-комично, што уште веднаш сето тоа му го прошташе. Лучка што во својот живот познавал многу Евреи, често го задираше, но ни најмалку не со пакост, туку така, за забава, исто онака, како што се забавуваат со кутриња, папагали, дресирани животинки и слично. Исај Фомич тоа многу добро го знаеше, ни најмалку не се навредуваше и многу мајсторски одвраќаше со шеги.

— Еј, Евреине, ќе те натепам!

— Ти мене ќе ме удриш еднаш, а јас тебе десетпати, — јуначно одговара Исај Фомич.

— Красто проклета!

— Нека биде краста.

— Евреин крастав.

— Така нека биде. Иако сум крастав, богат сум, имам пари.

— Христа си го продал.

— Така нека е.

— Прекрасно. Исај Фомич, јунак си! Не задирајте го, тој ни е еден! — викаа со смеа затворениците.

— Еј, Евреине, камшик ќе добиеш, во Сибир ќе отидеш.

— Па јас и вака сум во Сибир.

— Уште подалечку ќе те испратат.

— А има ли таму господин бог?

— Па дека има — има.

— Па нема што тогаш: кога има господин бог и пари, тогаш насекаде ќе биде добро.

— Јунак е Исај Фомич, се виќа дека е јунак! — викаа наоколу, а Исај Фомич, иако гледа дека му се смеат, се ободрува; сеопштите пофалби, очигледно, го прават задоволен, и тој со некаков дискант почнува да пее така што јачи сета касарна: ла-ла-ла-ла-ла! некаква глупава и смешна арија, единствена песна, без зборови, којашто тој ја пееше за сето време на своето лежење во затворот. Подоцна, кога тој и јас

се запознавме поодблизу, тој ме уверуваше колнејќи се дека таа е токму онаа песна и токму оној напев, што ги пееле сите шестотини илјади Евреи, од мало до големо, кога преминале преку Црвеното Море и дека на секој Евреин му е повелено да го пее тој мотив во часот на голема радост и победа над непријателите.

Секогаш спроти сабота во петок навечер, во нашата касарна нарочно доаѓаа луѓе од другите касарни да погледаат како Исај Фомич ќе го празнува својот шабаш. Исај Фомич беше невин фалбаџија и горделив, што ова општо љубопитство исто така му правеше задоволство. Тој со педантно и преправено достоинство го приготвуваше во ќошето своето мало столче, ја отвораше книгата, запалуваше две свеќи, и мрморејќи некои таинствени зборови, почнуваше да ја облекува својата риза (или како што тој изговараше р и ж а). Тоа беше шарена волнена наметка, којашто тој грижливо ја вардеше во својот сандак. Тој врзуваше на обете раце некакви нараквици, а на главата на самото чело приврзуваше некаква дрвена кутија така што изгледаше дека од челото на Исај Фомич излегува некаков смешен рог. Потоа почнуваше молитвата. Тој ја читаше распеано, викаше, потплукнуваше, се вртеше во круг, правеше диви и смешни движења. Се разбира, сето тоа беше определено од обредот како треба да му се моли на господа и во тоа немаше ништо смешно и чудно, но беше смешно тоа што Исај Фомич како божем намерно да се преправаше пред нас и се гордееше со своите обреди. Туку наеднаш ќе ја покрие со раце главата и ќе почне да чита јачејќи. Јачењата се засилуваа и тој во изнемогнатост ја наведува врз книгата својата глава, крунисана со кутијата но наеднаш, сред гласните јачења тој почнува да се смее и чита пеејќи со некаков милозливо-свечен, некако ослабен од преголема среќа глас. „Глеј колку се залисал“, — зборуваа затворениците. Јас еднаш го прашував Исај Фомич: што значат тие јачења и тие веднаш по нив свечени премини кон среќа и блаженство? Тој до немајкаде

ги сакаше тие мои распрашувања. Тој незабавно ми објасни дека плачот и јачењата ја означуваат мислата за загубениот Ерусалим, и дека законот пропишува при таа мисла колку што се може посилно да се јачка и да се удира по гради. Но дека во часот на најсилните јачења тој, Исај Фомич, е д о л ж е н о д е д н а ш, како божем случајно да се сети (тоа о д е д н а ш исто така е пропишано од законот) дека има пророштво за враќање на Евреите во Ерусалим. Притоа тој е должен незабавно да изрази радост, да пее, да се смее и така да ги изговара молитвите што самиот глас би изразил колку што се може повеќе среќа, а со лицето колку што се може повеќе свеченост и благородство. Тој премин о д е д н а ш и неизбежната должност да го има тој премин до немајкаде му се свидеше на Исај Фомич; тој во тоа гледаше некаква особена, преитра мајсторија, и со горделив изглед ми го објаснуваше тоа замрсено правило. Еднаш, кога молитвата беше во самиот разгор, во одајата влезе мајорот, придружен од стражарниот офицер и стражарите. Сите затвореници се исправија како свеќа крај своите легла, само единствено Исај Фомич уште повеќе почна да јачка и да се чука по гради. Тој знаеше дека молењето е дозволено, не биваше да се спречува, и викајќи пред мајорот, не се изложуваше, се разбира, на никаков ризик. Но нему до немајкаде му беше пријатно да се преправа пред мајорот и да му продава бои. Мајорот му приjде на еден чекор: Исај Фомич се сврте со грб кон своето столче и право в лице на мајорот почна распеано да го чита своето свечено пророштво, мавтајќи со рацете. Бидејќи во тој час му беше пропишано, со своето лице да изразува до немајкаде многу среќа и благородство, тој незабавно и го стори тоа, некако особено примижувајќи со очите, смеејќи се и кимајќи му со главата на мајорот. Мајорот се зачуди, но најпосле прсна во смеа и уште веднаш в очи го нарече будала и си отиде понатаму, а Исај Фомич уште повеќе ги засили своите извици. По еден час, кога тој веќе вечераше, јас го

прашав: а што би станало ако мајорот, како што е глупав, ви се налутеше?

— Каков мајор?

— Како каков? Зар вие не го видовте?

— Не!

— Па тој стоеше на еден чекор пред вас, право пред вашето лице.

Но Исај Фомич најсериозно почна да ме уверува дека тој никако не видел никаков мајор, дека во тоа време, кога ги чита тие молитви, тој паѓа во некаков занес, така што не гледа и не слуша ништо што станува околу него.

Како сега да го гледам Исај Фомич: како во саботите скита без работа низ сиот затвор, од сѐ сила трудејќи се да не работи ништо, коешто е допуштено од законот за во саботите. Какви ли невозможни анегдоти ми раскажуваше тој секојпат кога ќе се вратеше од својата синагога, што не прилегаа на ништо, какви ли не чудни гласови и вести од Петербург ми донесуваше тој уверувајќи ме дека ги разбрал од своите Евреи а тие од прва рака.

Но јас веќе мошне многу се заприкажав за Исај Фомич.

Во сиот град имаше само две јавни бањи. Првата, што ја држеше некој Евреин, беше со кабини, со цена од педесет копејки за секоја кабина и уредна за поголеми господа. А другата бања беше предимно простонародна, стара, нечиста, тесна, и ете токму во таа бања и нѐ поведоа нас од затворот. Времето беше студено и сончево; затворениците се радуваа веќе и на самото тоа што ќе излезат од тврдината и ќе го погледаат градот. Шегите и смеата патем не престануваа. За чудо на целиот град, нѐ спроведуваа цел вод војници со наполнети пушки. Во бањата уште веднаш, тоа беше неопходно поради теснотијата на бањата, нѐ разделија на две смени: додека едната се капеше, втората чекаше во студената одаја за преоблекување. Но без обзир на тоа, бањата беше дотолку тесна што беше тешко да се замисли како и само половината од нашите луѓе можеле да се смес-

тат во неа. Но Петров не се одделуваше од мене, тој самиот, без да му барам, притрча да ми помага и дури предложи да ме искапе. Освен Петров, покани да ми послужува и Баклушин, затвореник од посебното одделение, кого што кај нас го викаа пионер и за кого што јас споменував како за највеселиот и најпријатен од затворениците, каков и што беше всушност. Ние со него веќе малку се запознавме. Петров дури ми помогна да се соблечам, затоа што поради ненавикнатост долго се соблекував, а во собата за облекување беше студено, речиси исто толку како надвор. Патем да кажам: на затвореникот му е тешко да се соблекува ако тој уште не се научил сосем. Прво треба да се умее скоро да се одврзат обвивките под оковите. Тие се прават од кожа, долги, еден аршин, и се облекуваат под долната облека, прво под железното колце што е околу ногата. Рало подоковници чини не помалку од шест сребрени гривеници, а меѓутоа секој затвореник си ги набавува, се разбира, за свои пари бидејќи без нив не е можно да се оди. Колцето од оковите стои лабаво на ногата, меѓу кои има место за еден прст да прође; по таков начин железото удира по ногата, ја трие, и за еден ден затвореникот без подоковни обвивки може да ја разрани ногата. Но да се симнат подоковниците уште не е тешко. Потешко е да се научи опитно да се соблекува под нив долната облека. Тоа е цел фокус. Штом ќе се соблече долната облека, да речеме, од левата нога, треба отпрвин да се провлече меѓу ногата и колцето од оковот; потоа, кога ќе се ослободи ногата, да се продене таа ногавица назад низ истото колце, потоа сето, веќе соблечено од левата нога, да помине низ колцето на десната нога; а потоа сето проврено низ десното колце пак да се провлече назад, кон себе. Исто така станува и при облекувањето на нова преоблека. На новиот му е тешко дури да се досети како се прави тоа: прв нѐ научи на сето тоа затвореникот Коренев, во Тоболск, бивш главатар на разбојници што лежел пет години врзан на синџир. Но затворениците навикнаа и се справуваа и без најмала мака. Јас му дадов на

Петров неколку копејќи да набави сапун и сноп-че лика за триење; на затворениците, вистина, им слечуваше дажба државен сапун, но тој се даваше на секого по парченце големо како двокопејка, а тенко како дробенче сирење што се дава навечер за појадок кај луѓето од „средна рака“[29]). Сапунот се продаваше исто тука во одајата за преоблекување заедно со медовина, печиво и топла вода. На секој затвореник според спогодбата со стопанот на бањата, му следуваше по едно кобелче топла вода, а кој сакаше подобро да се искапе можеше за грош да си купи и друго кобелче, коешто и се дава во самата бања, преку посебно за тоа направено прозорче на одајата. Петров, штом ме расоблече и забележа дека ми е многу тешко да врвам во окови, дури ме поведе под рака. „Вие потргнете ги нагоре, на листовите, — зборуваше тој, поддржувајќи ме како некој чичко — а ете, тука повнимателно, тука е прагот.“ Мене дури ми беше срам: сакав да го уверам Петрова дека јас можам и сам да поминам, но тој не би ми поверувал на тоа. Тој се однесуваше кон мене просто како со дете, неполнолетен и неумешен, кому секој е должен да му помогне. Петров ни најмалу не беше слуга, пред сè не слуга; да го навредив тој би знаел како да постапи со мене. Јас ни најмалу не му ветив пари за услужувањето, па и тој самиот не бараше. Па што го побудуваше така да ми помага?

Кога ние ја отворивме вратата во самата бања, јас мислев дека сме влегле во пеколот. Замислете си одаја долга дванаесет чекори и исто толку широка, во која се беа нагрмадиле наеднаш можеби стотина луѓе, а ако не сто, бездруго најмалку осумдесет, затоа што затворениците беа поделени на две смени, а ние, дојдени за капење, бевме до двестемина. Пареата, од која ништо не се гледаше, чад, нечистотија, тесно дотолку што немаше каде да се стапне. Јас се исплашив и сакав да се вратам назад, но Петров уште веднаш ме ободри. Како му така, со најголема мака ние се пробивме до клупите, преку главите на насед-

[29]) Средна рака — т.е. од средна соетојба.

натите на подот луѓе, молејќи ги да се наведнат за да можеме да поминеме. Но местата на клупите беа зафатени. Петров ми рече дека треба да се купи место, и веднаш почна да се погодува со затвореникот што се беше сместил крај прозорецот. За една копејка тој го отстапи своето место, незабавно ги доби парите од Петров, коишто тој предвидливо ги беше понел во бањата, стиснати во раката, и уште веднаш се врне под клупата, право под моето место, кај што беше темно, нечисто и кај што лепкавата влага беше нарасната речиси половина прст. Но местата и под клупите беа зафатени, таму исто така вриеше од луѓе. На самиот под немаше ни дланка местенце што не би било зафатено од затворениците што седеа згрчени, плискајќи се од своите кофи. Другите стоеја меѓу нив стрчејќи, и држејќи ги в раце своите кофи, се капеа стоечки; нечистата вода од нив течеше право врз бричените глави на наседнатите долу. На полиците[30]) и на сите скали што водеа кон нив, седеа и се миеја стуткани и згрчени луѓе. Но малку се капеа. Простите луѓе малку се капат со топла вода и сапун: тие само до немајкаде се парат и потоа се посипуваат со студена вода — тоа е сето капење. Педесетина метлички на полиците се подигаа и спуштаа наеднаш, сите се удираа до опијанетост. Секој час пуштаа пареа. Тука веќе не само што беше жешко, туку беше пекол. Сите врескаа и се кикотеа, придружувани од тропањето на сто окови што се влечеа по подот. Некои, сакајќи да поминат, се заплеткуваа во туѓите окови, или пак со своите ги закачаа по главите наседнатите долу, паѓаа, пцуеја и ги влечеа по себе закачените. Нечистотијата се туруваше од сите страни. Сите беа во некаква опијанета, возбудена состојба; се разнесуваа пискања и крикови. Крај прозорецот од одајата за облекување откај што подаваа жешка вода, имаше караница, турканица, цела расправија. Добиената жешка вода се исипуваше врз главите на наседнатите на подот, пред да ја донесат до местото. Често

[30]) Полиците — како скали крај ѕидовите, понекаде дури горе до таванот. На нив се парат.

одвреме навреме низ прозорецот или отворената врата ќе sирнеше мустаклија војник, со пушка во рака, што гледаше нема ли безредие. Избричените глави и вжештените до црвено снаги на затворениците изгледаа уште погрозни. На напарените грбови необично јасно испакнуваат лузните од добиените некогаш удари со кампшици и прачки, така што сега сите тие грбови изгледаа како наранети. Страшни лузни и модрици! Мене морници ми поминаа кога ги гледав. Ќе припуштат пареа, и таа како густ, жежок облак ќе ја затемни сета бања, сите се закикотуваат и завиткуваат. Сред облаците пареа се покажуваат испотените грбови, бричени глави, згрчени раце, нозе; а за да биде потполна сликата, од највисока полица Исај Фомич се кикоти колку што му држи гласот. Тој се пари до безумство, но, изгледа, никаква жештина не може да го засити; за една копејка главува човек да го пари, но овој, најпосле, не издржува, ја фрла метличката и трча да се посипува со студена вода. Исај Фомич не се очајува и главува втор, трет — тој веќе решува заради ова да не гледа на трошоци и сменува петмина да го тријат. „Го бива за седење под пареа, јунак е Исај Фомич“ му викаа оздола затворениците. Исај Фомич разбира дека овој час е погоре од сите, дека сите ги заденал на појас; тој триумфира и со остар, улавски глас ја извикува својата арија: ла-ла-ла-ла-ла, што ги заглушува сечии други гласови. Мене ми падна на ум дека ако сите ние бидеме некогаш во пеколот, тогаш тоа мошне ќе прилега на ова место. Јас не се стрпев да му ја кажам на Петров оваа помисла; тој само погледна наоколу и премолча.

Јас сакав и нему да му купам место крај мене, но тој седна крај моите нозе и изјави дека му е многу удобно. Баклушин меѓутоа ни купуваше вода и ни ја носеше кога ќе ни потребаше. Петров рече дека ќе ме измие од глава до пети така што „ќе бидете сосем чистички“ и усилено ме канеше да се парам. Но јас не се решив да се парам. Петров ме истри сиот со сапун. „А сега јас н о ж и њ а т а ќе ви ги измијам“, — додаде тој во заклучок. Јас сакав да му одговорам дека

и сам можам да ги измијам, но веќе не му се спротивставував и сосем се предадов на неговата волја. Во умалителното „ножиња“ ни најмалку немаше ни една ропска нотка; просто-напросто Петров не можеше да ги нарече моите нозе — нозе, за верување затоа, што кај другите, кај вистинските луѓе се нозе, а моите се уште само — ножиња.

Штом ме искапи, тој со истите оние церемонии, то ест со поддржување и вардење на секој мој чекор, како јас да бев од порцелан, ме одведе во собата за облекување ѝ ми помогна да се облечам и кога сосем бев готов, се втурна назад во бањата да се пари.

Кога дојдовме дома, јас го поканив со чаша чај. Тој не се откажа од чајот, го испи и заблагодари. Мене ми дојде на ум малку да го отворам ќесето и да го почестам со деци пијалак. Пијалак се најде и во нашата касарна. Петров го испи ладнокрвно, хракна, и откако ми рече дека јас сосем сум го окрепил, особено задоволен, варкајќи, се упати во кујната, како божем таму без него не можеа никако да решат нешто. Наместо него кај мене дојде друг собеседник, Баклушин, (пионерот), кого што јас уште во бањата исто така го поканив да дојде на чај.

Јас не познавам никого со помилозлив карактер од Баклушина. Вистина, тој не им попушташе на другите, тој дури често се караше, не сакаше да му се мешаат во неговите работи, со еден збор — умееше да се држи. Но тој се караше на малу време, и ми се чини, сите кај нас го сакаа. Кај и да застанеше тој, сите го пречекуваа со задоволство. Него и во градот го познаваа како најзабавен човек на светов и исто така што никогаш не ја губи својата веселост. Тој беше височок млад човек, на триесетина години, младолик и простодушен, и со тртка. Тој понекогаш така се виличеше до немајкаде смешно, претставувајќи го секој сретнат патем, што никој не можеше да не се смее. Тој исто така беше од забавниците, но не им попушташе на високомерните непријатели на смеата, така што веќе никој не го прекоруваше дека тој е „несериозен и без значење“ човек. Тој беше полн со оган

и живот. Тој се запозна со мене уште од првите дни и ми кажа дека е кантонист, дека потоа служел како пионер и дури бил забележан и сакан од некои високи личности, со коешто, по сеќавање за минатото, многу се гордееше. Тој уште веднаш почна да ме распрашува за Петербург. Тој дури и читаше книги. Дојден кај мене на чај, тој најпрвин ги насмеа сите од одајата откако раскажа како фелтфебелот Ш. изутрина го изигра нашиот мајор, и откако седна крај мене со задоволен поглед ми кажа дека, изгледа, ќе има претстава. Во затворот намерувааа за празникот да дадат една претстава. Се јавија артисти, по малку се готвеа декорации. Некои од градот ветија дека ќе дадат свои облеки за артистите, дури и за женски ролји, дури се надеваа дека преку еден посилен ќе набават офицерска униформа со нараменици. Само на мајорот да не му падне на ум нешто да забрани, како лани. Но лани на Божиќ мајорот не беше расположен: некаде беше изгубил на коцка, па на тоа згора и во затворот беа направиле нешто лошо, па тој и забрани од јад, сега можеби нема да сака да пречи. Со еден збор, Баклушин беше возбуден. Очигледно дека тој е еден од главните иницијатори за претставата, и јас тогаш си дадов збор бездруго да ја посетам таа претстава. Простодушната радост на Баклушина за успехот на претставата мене ми беше присрце. Збор по збор и ние се заприкажавме повеќе. Меѓу другото, тој ми кажа дека не служел само во Петербург, дека тој таму нешто згрешил и затоа го пратиле во Р., меѓутоа како подофицер во гарнизонскиот баталјон.

— Па отаде после ме испратија тука, — рече Баклушин.

— А зошто? — го прашав јас.

— Зошто? Што мислите вие, Александар Петрович, зошто? Па затоа што се вљубив!

— Е, за тоа само не праќаат тука, — му возразив смеејќи се јас.

— Вистина, — додаде Баклушин, — јас навистина при таа работа го застрелав со пиштол еден тамо-

шен Германец. Па бива ли да се прати во затвор заради некој Германец, просудете сами!

— Но сепак, како станало тоа? Раскажете, тоа е интересно.

— Тоа е многу смешна историја, Александар Петрович.

— Дотолку подобро. Раскажете!

— Да раскажам ли? Па, тогаш слушајте...

И јас чув, иако не ни најмалку смешна, но доста чудна историја на едно убиство.

— „Еве како стана работата, — почна Баклушин. — Кога ме испратија оние мене таму во Р., гратчето гледам, е убаво, големо, само има многу Германци. Па јас, се разбира, како уште млад човек, со добро гледан од началниците си одам со капата наеро, си поминувам, значи, добро. На Германките им подмигнувам. И тогаш ми се свиде една Германка, Лујза. Таа и тетка ѝ, обете беа перачки за најпрвокласна долна облека. Таа, тетка ѝ, беше стара жена со мушички, и убаво живеат. Јас отпрвин преку прозорец ја заплетов мрежата, а потоа и навистина се здруживме. Лујза и руски зборуваше добро, а само така, како божем р-то малку меко го изговараше, — јас не сум сретнал така милозлива како неа. Јас отпрвин сакав ова-она, а таа ми вели мене: „не, немој тоа, Саша, затоа што јас сакам да ја завардам сета невиност, за да можам да ти бидам достојна жена", — само се гали, така звонливо се смее... Па и така некако чистичка беше, што јас не сум видел таква како неа... Самата ме подбуцна да се женам. Па помислите си, како да не се женам? И така јас се готвам да одам со ламба кај полковникот... Одеднаш гледам — Лујза не дојде на виќавање еднаш, ја нема ни вториот пат, па ни на третиот... ѝ праќам писмо — не ми праќа одговор. Што ќе ли е ова, си мислам? То ест кога би ме мамела, таа мене, тогаш би итрувала, и на писмото ќе одговореше и на виќавање ќе доаѓаше. А таа да излаже не умееше; туку просто така прекина. Да одам кај тетка ѝ, не смеев; иако таа знаеше се таевме од неа, скришум одевме заедно. Јас одам како поулавен, го напишав

последното писмо и ѝ велам: ако не дојдеш, самиот ќе дојдам кај тетка ти. Се исплаши, дојде. Плаче, еден Германец вели, Шулц, нивен далечен роднина, часовничар богат и веќе во години, изјавил желба да се ожени за неа, — за да ме направи среќна, вели а и самиот да не остане на стари години без жена; па и ме сакал, вели, а одамна ја имал таа намера, но сè молчел, се готвел. Ете така, вели, Саша, тој е богат, и тоа за мене е среќа; па зар ти сакаш да ме лишиш од среќата? Ја гледам: плаче, ме прегрнува... Ех, си мислам, право си зборува! Па колку ѝ чини да се омажи за војник, иако јас сум и подофицер! — Па ѝ велам, прошташај, Лујза, нека ти е од бога просто; нема зошто јас да те лишувам од твојата среќа. А што, убав ли е тој? — Не, вели, на години е, со долг нос... дури и самата се насмеа. Се разделив јас со неа, па што, си мислам, не било пишано! Утредента отидов јас до неговиот дуќан, таа ми ја кажа улицата. Гледам преку џамот — си седи Германецот, работи некаков часовник, на околу четириесет и пет години, со грбав нос, испупчени очи, во фрак и со тврда јака, олку висока, така надуен. Јас само плукнав, сакав уште тука да му го скршам џамот... но зошто, си мислам! Нема зошто да го задевам, и онака отишло сè, се сневратило! Вечерта си дојдов во касарната, си легнав на леглото, и ете, верувате ли, Александар Петрович, заплакав... „Па, си минува така ден, два, три... Со Лујза не се виќам. А меѓутоа чув од една кума (една стара жена, и таа исто така беше перачка, кај којашто Лујза понекогаш наминуваше) дека Германецот знае за нашата љубов, затоа и решил поскоро да се сврши со Лујза. А инаку уште две години ќе чекал. А како божем Лујза да му се заколнала дека нема веќе ни да знае за мене; и дека тој нив, Лујза и тетка ѝ ги малтретира и смета за нешто подолу и дека уште засега, вели, уште не се знае, можеби и ќе се премисли, и дека и сега уште сосем не се решил. Таа исто така ми рече дека ги повикал за утре, в недела, на кафе и дека таму ќе има уште еден роднина, старец, што некогаш бил трговец а сега алот кучиња-

та не му го јадат, што некаде во некоја визба работи како надгледник. Штом јас разбрав дека в недела можеби тие сета работа ќе ја решат, дотолку се јадосав, што и себе не можев да се владеам. И сиот тој ден и утредента јас не работев ништо друго но само за тоа мислев. Би го раскинал со заби оној Германец, си мислам.

„Во неделата изутрина, јас уште не бев решил ништо, а кога се сврши богослужението — скокнав, ја облеков шинелата и тргнав кај Германецот. Мислев, сите да ги затечам. И зошто тргнав кај Германецот и што сакав да им речам таму — самиот не знам. Но за секој случај го кладов пиштолот в џеб. Имав еден пиштол што за ништо не го биваше, со стар чкранец, уште како мал сум пукал со него. Со него веќе и не можеше да се стрела. Јас сепак му кладов куршум во цевката; си мислам, ќе почнат да ме бркаат, ќе бидат груби; јас ќе го извадам пиштолот и сите ќе ги исплашам. Дојдов. Во работилницата нема никого, а сите седат во задната одаја. Освен нив нема никој друг, ни жива душа прислуга. Него го служеше сè на сè само една Германка, и таа му беше и готвачка. Поминав јас низ дуќанот, гледам, вратата е затворена, но беше толку стара, на резе. Срцето ми чука, се запрев, слушам: зборуваат германски. Кога клоцнав со се сила со ногата, вратата веднаш се отвори. Гледам, масата е ставена. На масата голем ибрик за кафе и на шпиритус врие кафето. Лежат колачи, на друго табаче шише пијалак, солена риба, цингојна, и колбаси и уште едно шише некакво вино. Лујза и тетка ѝ, обете променети, седат на диванот. На стол седи уште еден Германец, младоженецот, зачешлан, во фрак и со празнична јака што му стрчи пред нос. А од страна на столот седи уште еден Германец, веќе старец, дебел, побелен, молчи. Кога влегов јас, Лујза се смиљоса. Тетка ѝ малку како да потскокна но пак седна, а Германецот се намурти. Стана налутен во пресрет и ми вели:

— Што ви треба?

Јас се збркав, но веќе бев многу силно јадосан.

— „Што ми треба, велам! Прими го гостинот, почести со ракија. Јас ти дојдов на гости.“

„Германецот се помисли и рече: седнете.“

„Јас седнав.“ — „Дај де, велам, од ракијата.“

— „Еве ви, вели, ракија; повелете, напијте се.“

— „Но ти мене, му велам, дај ми добра ракија.“ — Лутината, значи веќе многу ме збеснува.

— „Ова е добра ракија.“

Јас се намуртив што толку долу ме поставува. А најмногу ми е криво што Лујза гледа. Се напив јас па му велам:

— А ти зошто, Германче, си почнал така да се држиш грубо? Ти спријатели се со мене. Јас за пријателство ти дојдов.

— „Јас не можам да ви бидам пријател, вели, вие сте прост војник.“

Е, тогаш јас збеснав.

— „Ех, ти страшило, велам, колбасник н'еден Знаеш ли ти дека овој час јас можам да сторам што сакам со тебе? Еве, сакаш, да те утепам со пиштол?“

„Го извадив јас пиштолот застанав пред него, и му ја свртев цевката близу, право во главата. Оние две седат ни живи ни мртви, не смеат ни да писнат, а старецот, тој како лист се тресе, молчи, пожолтел сиот. Германецот се зачуди, но сепак се прибра.“

— „Јас не ви се плшам, вели, и ве молам, како благороден човек, уште веднаш да престанете со вашата шега, а јас ни најмалку не ви се плашам.“

— „Е, лажеш, велам, се плашиш! — па што! Не смее ни да ја помрдне главата под пиштолот, се скаменил.“

— „Не, вели, вие никако не смеете да го сторите тоа.“

— „Па зошто де, велам, да не смеам?“

— „Па затоа, вели, што тоа ви е строго забрането и вас строго ќе ве казнат поради тоа.“

„Заправо ѓавол ќе го знае тој Германец! Да не ме подбуцнуваше тој самиот, ќе си беше жив досега; само поради препирањето стана работата.“

— „Па така, велам, ти мислиш дека не смеам?“

— „Не!“

— „Не смеам?“

— „Вие никако не смеете да го сторите тоа со мене . . .“

— „Па еве ти на тогаш, колбас! — па кога го тупосав, тој се стркала на маса. Другите спиштеа.“

„Јас го кладов пиштолот во џеб, и да ме нема, а кога влегував во тврдината, тука кај вратата од тврдината и го фрлив во копривите. Си дојдов дома, си легнав на постела и думам: еве сега ќе ме заберат. Помина час, два — никој не доаѓа да ме земе. И веќе така предвечер, олку ми домачне, излегов: сакав бездруго да ја видам Лујза. Поминав откај дуќанот на часовничарот. Гледам се собрале народ и полиција. Јас кај кумата: викни ја Лујза. Само троа причекав, гледам: трча Лујза и ми се фрли на врат, плаче: „Јас, вели, сум крива за сè, дека ја послушав тетка си“. Таа исто така ми кажа дека тетка ѝ уште веднаш по станатото си дошла дома и дотолку се исплашила што се разболела и — ќутенката; и самата не му рекла на никого па и мине, вели, ми забрани да зборувам; се плаши, нека прават како знаат. Нас, вели Лујза, никој тогаш не нè виде. Тој, бидејќи се плашеше и слугинката ја испратил некаде, затоа што се плашеше. Ако таа узнаеше дека тој сака да се жени, очите би му ги ископала. Од помошниците исто така немаше никој дома; сите ги оддалечил. Самиот и кафето го свари, самиот и појадок приготви. А роднината, па тој и онака порано во целиот свој живот молчел, ништо не зборувал, а кога стана онаа работа, ја зеде капата и прв си отиде. И бездруго исто така ќе молчи, — рече Лујза. Така и стана.“

Две недели мене никој не ме повика и немаше никакво сомнение во мене. Во тие две недели, верувате или не Александар Петрович, јас сета своја среќа ја проживеав. Секој ден се наоѓавме со Лујза, и таа толку многу ме засака! Плаче: „Јас, вели, со тебе, кај ќе те пратат — ќе дојдам; сè ќе напуштам заради тебе!“ Јас веќе мислев сиот мој живот ќе се реши тука, толку ме ражали . . . „Па, а по две недели

ме зедоа. Старецот и тетка ѝ се согласиле, и ме кажале . . .“

— Но причекајте, — го прекинав јас Баклушина, — за тоа вас можеле да ве казнат само на десет години, па и на дваесет, да речеме и на вечна робија, во граѓанското одделение, а ете вие сте во посебното одделение. Како е можно тоа?

— Е, тоа веќе е друга работа, — рече Баклушин. — Кога ме изведоа пред судска комисија, на судот капетанот ме изнакара со грди зборови. Јас не истрпев, и му реков: „Шо си се развикал ти? Зар не виѓаш, никаквецу, дека си пред огледало? Па, тогаш фатија инаку; ме судеа и за тоа, па за сето вкупно и ме осудија на четири илјади и тука во посебно одделение. А кога ме изведоа на казнување, го изведоа и капетанот: мене да се рашетам низ зелена улица, а нему му го одзедоа чинот и го пратија како војник на Кавказ. До гледање, Александар Петрович. Па дојдете да ја видите нашата претстава.

X

БОЖИЌ

Најпосле дојдоа и Божиќните празници. Уште на Бадник затворениците речиси не одеа на работа. Отидоа само во шивачниците и работилниците; другите беа само на преглед, како да беа определени за ваму-онаму, речиси сите, сами или на групи уште веднаш потем малку се враќаа во затворот и попладне веќе никој не излегуваше од него. Па и изутрината поголем дел од нив одеа по свои работи, а не по определени затворски; некои да се погрижат за пренесување пијалак и да порачат нов; други да ги посетат познати кумови и куми, или за празникот да ги соберат долговите за порано од нив направени работи, Баклушин и другите што учествуваа во претставата да наминат кај своите познати, предимно од офицерската послуга, и да ги набават потребните костуми. Понекои одеа загрижени и заштуткани само затоа што и другите беа загрижени и заштуткани и иако некои, на пример, немаа одникаде да добијат пари, но и тие изгледаа како божем и тие исто така ќе добијат пари; со еден збор, сите божем како да очекуваа дека утредента ќе стане некоја промена, нешто необично. Вечерта инвалидите што отидоа на пазар по разни порачки за затворениците донесоа многу секакво јадење; говедина, прасиња, дури и гуски. Мнозина од затворениците, дури и најскромните и најштедливите, што цела година ги штедеа своите копејки, се сметаа задолжени на таков ден да го отво-

рат ќесето и достојно да се омрсат. Утрешниот ден беше вистински, што не може да не им се даде, празник, што им беше признат и формално од законот. Тој ден затвореникот не можеше да биде праќан на работа, и такви денови беа само три во годината.

И најпосле, којзнае колку сеќавања бездруго се разбудуваа при сеќавање на тој ден во душите на тие отфрленици! Деновите на големите празници силно се запечатуваат во сеќавањето на простите луѓе. Тоа се дни на починок од нивните тешки работи, дни на семејно собирање. Тие во затворот бездруго беа присеќавани со мака и тага. Почитта кон празникот преоѓаше кај затворениците дури и во некаква формалност; малцина веселничеа; сите беа сериозни и како божем зафатени со нешто, иако мнозина речиси немаа никаква работа. Но и безделните веселници се трудеа да запазат некаква достоинственост... смеата како божем да беше забранета. Воопшто настроението дојде до претерана осетливост и раздразлива нестрпливост, и оној што дури и случајно ќе го нарушеше општиот тон, го заглушуваа со викотници и карање и му се лутеа, како божем за непочитување на самиот празник. Тоа настроение на затворениците беше интересно, дури трогателно. Освен вродената страхопочит кон великиот ден, затвореникот несвесно чувствуваше дека со тоа славење на празникот како божем да доаѓа во допир со сиот свет, значи дека тој не е сосем отфрлен, изгубен човек, отпадок, дека и во затворот е исто како и кај другите луѓе. Тие го чувствуваа тоа, беше видливо и разбирливо.

Аким Акимич исто така многу се приготвуваше за празникот. Тој немаше семејни спомени, затоа што тој беше израснат како сираче во туѓа куќа и уште речиси од петнаесетина години стапил на тешка служба, во неговиот живот немало и особени радости, затоа што тој сиот свој живот го поминал редно по правило, еднообразно, плашејќи се и за нокте да отстапи од исполнувањето на своите обврски. Тој не беше и особено религиозен, затоа што, изгледа благонаравието ги беше задушило во него сите човечки дарби и

особености, сите страсти и желби, и лоши и арни. Затоа тој се готвеше да го пречека свечениот ден без да се штутка, возбудува, не збркувајќи се со тажни и сосем бесполезни секавања, а со тивка, методична благоќудност којашто ја имаше дотолку колку што беше потребна за исполнување на должноста и еднаш засекогаш укажаниот обред. Па и воопшто тој не сакаше многу да се замислува. Значењето на фактот, изгледа, никогаш не му влегуваше во главата, но еднаш пропишаните правила тој ги исполнуваше со света акуратност. Ако уште утре му повелеа да го прави сосем спротивното, тој и тоа би го правел со истата таа покорност и грижливост, како што го правел и она спротивното од вчерадента. Еднаш, само еднаш во својот живот тој се обидел да мисли со својата глава, — и попаднал в затвор. Поуката не му пропаднала нему напразно, иако нему не му беше пишано од судбата барем кога-годе да разбере што токму згрешил, тој сепак си извлекол од својата историја спасоносно правило — да не се расудува никогаш и во никакви околности, бидејќи да расудува „не е за неговиот ум", како што меѓу себе се изразуваат затворениците. Слепо привржан кон обредот, тој дури и своето празнично прасенце, што го беше зготвил со каша и го беше испекол самиот (затоа што умееше и да пече) го гледаше со некаква претходна почит, како тоа да не беше обично прасе, што секогаш можеше да се купи и испече, а некакво особено празнично. Можеби уште во детството се научил тој ден да гледа на маса да има ставено прасе, и заклучил дека тој ден не бива без прасе, и јас сум уверен, ако барем еднаш тој не јадеше на таков ден прасе, дека цел живот би го гризела совеста за неисполнетиот долг. До Божиќ тој го носеше своето старо палто и своите стари панталони, кои иако беа убаво закрпени, сепак беа веќе сосем износени. Сега се покажа дека тој новото рало панталони, што му беше дадено пред четири месеци, грижливо ги пазел во своето сандаче и не се допирал до него со радосната мисла свечено да се промени со нив на празникот. Тој така и направи. Уште од вечерта

ги извади новите алишта, ги простре, прегледа, исчисти, ги издува раските, и кога ги доведе сосем во ред, ги облече да види како му стојат. Се покажа дека му беа сосем токму, беа сосем прилични, стегнато му се запетлуваа сè до горе, јаката како од картон високо му го потпираше подбрадокот; а во половината прилегаше дури како мундир, и Аким Акимич дури се извиличи во насмевка од задоволство и младешки фодулски се завртка пред своето мало огледалце, коешто одамна во слободно време саморачно го беше облепил со златно рапче. Само едно петличе на јаката од палтото како божем да не беше сосем на место. Кога го виде тоа, Аким Акимич реши да го премести петличето; го премести, премери пак и сега излезе веќе сосем добро. Тогаш тој пак ги стави како што беа и успокоен ги скри за утре во сандачето. Главата му беше избричена како што треба; но откако се погледа внимателно во огледалцето, тој забележи дека, божем не му е сосем глатко на главата, се покажуваа одвај видни израстоци на косите, и тој незабавно отиде кај мајорот да се избричи сосем како што треба и по правило. И иако никој утре не би го прегледал Акима Акимич, тој се избричи само да си ја успокои својата совест, за да ги исполни на ваков ден така сите свои должности. Страхопочитта спрема петлицата, иличето за неа, гајтанот, уште од детството му се врежала неизгладиво во умот како неоспорна должност, а во душата — како пример на најголема убавина којашто може да ја постигне добронамерен човек. Кога стокми сè, тој како најстар затвореник повели да се донесе сено и грижливо надгледуваше како го простираат по подот. Исто така беше и во другите касарни. Не знам зошто, но кај нас секогаш на Бадник растураа по одаите сено. Потоа, кога ги сврши сите свои работи, Аким Акимич му се помоли на бога, си легна на леглото и уште веднаш заспа со спокојниот сон на рулче, за да се разбуди утре што е можно порано. Токму исто така постапија меѓутоа и сите затвореници. Во сите касарни си легнаа каде и каде многу порано одошто обично. Обичните вечерни работи беа витосани, а за

мајдани немаше ни спомен. Сите ја чекаа утрешната изутрина.

Таа, најпосле, дојде. Рано, уште пред разденување штотуку барабанчето објави зора, се отвориј касарните, и влезениот да ги преброи затворениците стражарен подофицер им го честита на сите Божиќ. Тие му го пожелеа истото, му одговараа срдечно и милозливо. Аким Акимич и мнозина други што имаа во кујната свои прасиња и гуски, откако на брзина му се помолија на бога побрзаа да отидат да видат што станува со нив, како ги печат, каде што е оставено и така натака. Од малечките покриени со снег и кројазиња прозорци од нашата касарна, низ темнината се гледаше како во обете кујни, во сите шест печки гори силен оган, запален уште пред да се развидели. Низ дворот, во темнината, веќе преминуваа затворениците облечени или нагрнати со своите кожуви, и сите тие итаа во кујните. Понекои, вистина мошне малку, веќе беа стасале да наминат и кај крчмарите. Тие беа веќе најнестрпливите. Но воопшто сите се држеа редно, мирно, и некако не како обично достоинствено. Не се слушаше ни обичното пцуење, ни вообичаените караници. Сите разбираа дека е голем ден и голем празник. Имаше и такви што одеа по другите касарни, да се поздрават со по некој од своите другари. Се покажуваше нешто како пријателство. Патем ќе забележам дека меѓу затворениците не се забележуваше пријателство, не велам општо — тоа веќе го има уште помалку, туку така поодделно, што некој затвореник да се дружи со друг. Тоа кај нас речиси сосем го немаше, и тоа е карактеристично: на слобода не е така. Воопшто кај нас сите беа еден со друг студени, воздржани, со многу ретки исклучоци, и тоа беше некаков озаконет, еднаш засекогаш примен и запазен тон. Јас исто така излегов од касарната; токму што почнуваше да се разденува; ѕвездите гаснеа; нагоре се креваше студена тенка магличка. Од оџаците на кујните се креваа столбови чад. Некои од затворениците што ги сретнав самите волно и милозливо ми го честитаа празникот. Јас им благодарев и им го

пожелував истото. Меѓу нив имаше и такви што сè досега не беа ми рекле ни збор сиот тој месец.

Крај самата кујна ме навтаса еден затвореник од военото одделение нагрнат со кожув. Тој ме загледал уште од пловината на дворот и ми викаше: Александар Петрович! Александар Петрович! Тој трчаше во кујната и брзаше. Јас се запрев и го причекав. Тој беше млад човек, со тркалезно лице, со кроток израз на очите, многу неразговорлив со секого, а којшто со мене не беше проговорил ни збор и што од моето влегување во затворот досега не ми обрнуваше никакво внимание; јас дури не знаев како го викаат. Тој ми притрча зазбиван и застана право пред мене, гледајќи ме со некаква тапа, но во исто време и среќна насмевка.

— Што сакате? — го прашав јас малку зачуден, виѓајќи дека тој стои пред мене, се насмевнува, се зацарил во мене, а не заприкажува ништо.

— Па како, нели е празник . . . — промрморе тој и самиот досетен дека нема со мене повеќе што да зборува, ме остави и забрзано отиде во кујната.

Наедно ќе забележам дека и по ова ние токму никогаш не сме се среќавале и еден на друг речиси не сме си кажале ни збор, сè до самото мое излегување од затворот.

Во кујната, околу жешко разгорените печки, беше штутканица и турканица, цела тисканица. Секој си го гледаше своето; готвачите се зафатија да го готват затворското јадење, затоа што тој ден ручекот беше определен за порано. Меѓутоа, уште никој не почнуваше да јаде, иако некој и би сакал, но пазат приличие пред другите. Го чекаа свештеникот и веќе по него можеа да се омрсат. Меѓутоа, уште не беше сосем разденето, кога зад вратата на затворот почнаа да се разнесуваат извиците на ефрејторот: „Ваму готвачите!“ Тие извици се повторуваа секој час и траеја речиси два часа. Ги викаа готвачите од кујната да ги примаат донесуваните од сите краишта на градот подавачки. Тие се даваа во вид на многу голема количи-

на од симиди и гевреци, леб, ќаи, прженици[31]), валаѓинки и слични разни печива. Јас мислам дека немаше ни една домаќинка на трговец или прост граѓанец коишто да не пратиле свој леб, да им го честитаат на „несреќните“ и затворените големиот празник. Имаше и богати дарови, лебови со масло и јајца, од најчисто брашно, испратени во голема количина. Имаше и многу сиромашки дарови — некакво лепче од едно-два гроша и некакви валаѓинки од црно брашно тројчка намачкани со кајмак: тоа веќе беше дар од сиромав на сиромав, од последниот залак. Сè се примаше со подеднаква благодарност, без разлика на даровите и дарителите. Затворениците што ги примаа даровите, ги симнуваа капите, се поклонуваа, им го честитаа празникот и ги донесуваа даровите во кујната. Кога веќе се насобраа цели камари од подареният леб, ги повикаа старшините од секоја касарна и тие веќе го поделија сето на рамни делови по касарните. Немаше ни караници, ни лутина; се делеше чесно, по рамно. Она што ѝ припадна на нашата касарна го раздели веќе кај нас Аким Акимич и уште еден друг затвореник; делеа со своја рака и со своја рака му раздаваа секому. Немаше ни најмал приговор, ни најмало заблазнување од никого; сите беа задоволни, дури не можеше да има ни сомневање дека можело нешто да биде затаено или неправедно разделено. Кога се справи со својата работа во кујната, Аким Акимич почна да се променува, се облече сосем прилично и свечено, без да остави ни една копца незастегната, и веднаш штом се облече, почна вистински да се моли. Тој се молеше мошне долго. Веќе мнозина затвореници, повеќето постари, се молеа. Помладите не се молеа многу; одвај ако некој само што ќе се прекрсти станувајќи од спиење, дури и на празник. Откако се помоли, Аким Акимич ми пријде и со некаква свеченост ми го честита празникот. Јас уште веднаш го поканив на чај, а тој на своето прасе. Малку подоцна дотрча и Петров и ми честита. Тој, изгледа, веќе беше пивнал

---

[31]) Прженица — прянник сибирска прженица, како валаѓинка, ќаи питулки.

иако беше дотрчан зазбиван, не збореше многу, а само малку постоја пред мене со некакво очекување и наскоро ме остави и отиде во кујната. Меѓутоа, во военото одделение се приготвуваа да го пречекаат свештеникот. Нивната касарна не беше подредена како другите; во неа леглата беа наредени околу ѕидовите, а не сред одајата, како во сите други касарни, така што таа беше единствена во затворот што не беше загрмадена насреде. За верување, таа и затоа беше така наредена за да може во неа, во потребен случај, да се соберат затворениците. Сред одајата ставија масиче, го покрија со чиста крпа, кладоа на него икона и запалија кандило. Најпосле дојде свештеникот, со крстот и крстена вода. Откако се помоли и пропоја пред иконата, тој застана пред затворениците, и сите со вистинско страхопочитание почнаа да му пријдуваат и го целиваат крстот. Потоа свештеникот ги обиколи сите касарни и ги попрска со крстена вода. Во кујната тој го пофали нашиот затворски леб, што беше прочуен поради својата вкусност во целиот град, и затворениците уште веднаш посакаа да му испратат два пресни тукушто испечени леба, за коешто испраќање незабавно беше употребен еден инвалид. Крстот беше испратен исто онака побожно како што и беше пречекан, а потоа речиси веднаш дојдоа мајорот и командантот. Командантот кај нас го сакаа и дури почитаа. Тој, придружен од мајорот, намина во сите касарни, им го честита на сите празникот, влезе во кујната и ја обиде затворската чорба. Чорбата се погоди до немајкаде убава, за ваквиот ден беше дадена речиси по една фунта говедско за секој затвореник. Освен тоа, беше зготвена каша од просо, а ставија масло колку што се сакаше. Штом го испрати командантот, мајорот повели да се руча. Затворениците се трудеа да не му попаднат пред очи. Него кај нас не го сакаа, омразен им беше неговиот пакосен поглед од зад окалките, со којшто тој и сега се загледуваше налево и надесно, нема ли да види некаков прекршок и безредие, нема ли да му попадне некој виновен.

Почнаа да ручаат. Прасето на Аким Акимич беше до немајкаде убаво испечено. И еве не можев никако да објаснам како се случи ова: уште веднаш по заминувањето на мајорот, само на околу пет минути подоцна се појавија многу пијани луѓе, а меѓутоа, уште само пред пет минути, речиси сите беа сосем трезни. Се покажаа многу поаловени и светнати лица, се јавија балалајки. Полјачето со виолината, главен за цел ден, веќе го придружуваше некој веселник и му стружеше весели игри. Разговорот стануваше попијан и повревлив. Но ручаа без некаков поголем неред. Сите беа сити. Мнозина од постарите и сериозните уште веднаш легнаа да отспијат, што го стори и Аким Акимич, сметајќи изгледа дека во големите празници бездруго треба да се отспие по ручек. Старчето — стародубовски староверец, откако предрема малку, се качи на печката, ја отвори својата книга и не прекинувајќи ги молитвите престоја до доцна ноќе. Нему му беше тешко да го гледа „ срамот", како што велеше тој за сеопштата пијачка на затворениците. Сите Черкези седнаа во тремот и со љубопитство а заедно со тоа со некакво гнасење ги гледаа пијаните луѓе. Се сретнав со Нура: „Аман, аман! — ми рече тој, нишајќи ја главата со побожно негодување, — уф, аман! Алах ќе биде лут!" Исај Фомич, тврдоглаво и високомерно си запали во ќошето свеќа и почна да работи, очевидно покажувајќи дека не го смета празникот за ништо. Понекаде по ќошињата почнаа мајданите. Од инвалидите не се плашеа, а во случај да дојде подофицер којшто самиот се трудеше да не види ништо, поставија стража. Стражарниот офицер на трипати во целиот ден подзирна во затворот. Но пијаните се криеја, мајданите се прекинуваа штом ќе се појавеше, па и самиот тој, изгледа, беше решил да не обрнува внимание на ситните прекршоци. Тој ден човек да биде пијан се сметаше за мал прекршок. Полека-полека луѓето се распуштија. Но сепак каде и каде поголем дел остануваа трезни — имаше кој да гледа за пијаните. Затоа пак веселниците пиеја без мера. Газин триумфираше. Тој се веселеше крај своето лег-

ло, под кое се наоѓаше проносениот пијалак, што дотогаш го чуваше на скришно место некаде в снегот зад касарните, и лукаво се потсмевнуваше, гледајќи на дојдените кај него да купат. Самиот тој беше трезен и не беше испил ни капка. Тој намеруваше да се повесели на крајот на празникот, откако прво ќе ги испразнеше сите затворенички џебови. Низ касарните се гласеа песни. Но веселничењето веќе преминуваше во пијана штемолависаност и од песните не беше далеку до солзи. Мнозина се рашетуваа со свои балалајки, нагрнати со кожувите и по ергенски удираа по жиците. Во посебното одделение дури направија хор од осуммина. Тие пееја прекрасно, придружувани од гитари и балалајки. Чисто народни песни се пееја малку. Јас паметам само една, како што треба испеана:

— Синоќа невеста
си бев на веселба

И тука чув нова варијанта на таа песна, којашто порано не сум ја чул. На крајот на песната се додаваа неколку стихови:

Јас каква сум невеста
дома сум суредила;
лажица сум измила
во чорбата турила
прагот сум исчистила
печиво сум испекла.

Повеќе се пееја такавиканите кај нас затворенички песни, иако, меѓутоа, познати на сите. Една од нив „Беше едно време“ . . . хумористична, опишуваше како порано некој се веселел и живеел на слобода како господин, а сега попаднал в затвор. Се прикажуваше како тој се поел со „балманже шампањ“ а сега —

Ќе ми дадат зелка со водичка
па си јадам што зад уши трешти.

Често се пееше и оваа, исто така доста позната:

Си живеев напред јас како млад се веселев
и си имав капитал;
и ко младо — лудо капиталот го сневратив
во неволја попаднав...

Само што кај нас зборот „капитал“ го изговараа како „копитал“, изведувајќи го од зборот „копить[32]), исто така се пееја и тажни песни. Една беше чисто затворска, исто така, ми се чини, позната:

Веќе денче ќе засветли
барабанче бие зора, —
старшијата ни отвора
писар иде да прозива.
Никој тука не нè гледа,
како зад sид живееме.
Господ само, творец Вишни
штом е со нас, не гинееме... итн.

Една друга песна се пееше уште потажно, меѓутоа со прекрасна мелодија, составена за верување од некој прогонет, со блантаво тажни и доста неписмени зборови. Од неа сега паметам неколку стихови.

Нема веќе да ја sирнат мојте очи
земјата во која сум роден;
осуден сум прав да трпам дни и ноќи
во вечни маки да сум воден.

И на покривот сал тажно ут ќе јачи,
ќе одзива в шуми и ридје,
и пак срцето ќе боли и ќе тажи
јас таму пак нема да бидам.

Таа песна се пееше кај нас често, но не во хор, туку поодделно. Некогаш во слободно време, ќе излезе некој во тремот, на касарната, ќе седне, ќе се задума, ќе го потпре лицето со рака и ќе ја запее со висок и тенок глас. Слушаш, и некако душата ти се раскинува. Имаше кај нас гласови со кои нема да се посрамиш. Меѓутоа, веќе почнуваше да се стемнува. Сред пијанството и веселничењето горко избиваа тага,

[32]) Копить — штедам.

јад и штемолависаност. Оној што пред еден час се смееше веќе липаше на глас, напиен преку мера. Други пак веќе стасале еднаш-двапати да се степаат. Трети, бледи и едвај стоејќи на нозе, се тетеравеа низ касарните, започнуваа каранници. А оние, чие пијанство беше кротко, напразно бараа пријатели да ја излеат пред нив својата душа и ја исплачат својата пијана горчина. Сите тие кутри луѓе сакаа да се повеселат, да го поминат весело големиот празник — а господи! колку тежок и тажен беше тој ден речиси за секого. Секој го испраќаше како божем измамен во некаква надеж. Петров уште на двапати дојде кај мене. Тој во сиот ден беше испил мошне малку и речиси беше сосем трезен. Но тој до последниот час сè очекуваше нешто, што бездруго требаше да се случи, нешто необично, празнично, радосно. Иако тој не зборуваше за тоа, но тоа се гледаше по неговите очи. Тој неуморно сноваше од касарна во касарна. Но ништо особено, не се случуваше, нити се сретнуваше, освен пијанство, пијана и бесмислена каранница и штемолависани од пијанство глави. Сироткин во нова црвена кошула, личен, измиен, исто така лунѕаше по сите касарни, и исто така наивно како божем да очекуваше нешто. Полека-полека во касарните стануваше неподносливо и одвратно. Се разбира, имаше и многу смешни работи, но мене ми беше некако тажно и жал за сите, тешко и задушно меѓу нив. Ене двајца затвореници се препираат кој кого треба да го чести. Се гледа дека тие веќе одамна се препираат и пред тоа дури се скарале. Особено едниот има некаков дамнешен пик на другиот. Тој се оплачува, и неуверено плеткајќи со јазикот се труди да му докаже дека тој постапил со него неправилно: некогаш на ланска прочка бил продаден некој кожув, парите биле затаени. Имаше уште нешто освен тоа . . . Тој што обвинуваше — висок и мускулест млад човек, умен, кроток, но кога е пијан — со стремеж да се спријатели и го истури својот јад. Тој и се кара, и бара како божем потоа уште поцврсто да се помири со него. Другиот — јадер, тунтест, низичок, со тркалезно лице, итер и препре-

ден. Тој, можеби, испил повеќе од својот другар но само малку е загреан. Тој е упорен и сметан за богат, но нему поради нешто му е поудобно сега да не го раздразнува својот чувствителен другар, и тој го приведува кај крчмарот; другиот тврди дека тој е должен и задолжен да го чести, „ако само ти си чесен човек".

Крчмарот со некаква почит кон порачувачот и со оценка на презир спрема чувствителниот другар, затоа што тој пие не на своја сметка туку го честат, зема чаша и ја полни.

— Не, Степка, тоа ти си должен, — зборува чувствителниот другар, гледајќи дека е на неговото, — затоа што тоа е твој долг.

— Па јас заради тебе и јазикот нема напразно да го чешам! —— одговара Степка.

— Не, Степка, тоа ти лажеш, — тврди првиот, примајќи ја од крчмарот чашата; затоа што ти си ми должен пари; тебе и очите и совеста не ти се твои, туку земени на заем! Никаквец си ти, Степка, ете тоа ќе ти кажам: ете на́, со еден збор — никаквец!

— Ајде бе, што квичиш, чашата ја истури! Знаат чест да прават па ти даваат, тогаш пиј! — му вика крчмарот на чувствителниот другар! — нема на нозе да ти стојам до утре!

— Па и ќе ја испијам, што си се развикал! Среќен празник, Степан Дорофеич! — учтиво и со мало поклонување се обрна тој, држејќи ја чашата в раце, кон Степка кого што уште пред половина минута го наречуваше никаквец. — Да си жив и здрав сто години, а колку си преживеал, не се брои! — Тој испи, се искашла и се избриша. — Порано, браќа, јас многу пијалак умеев да исушам — рече тој сериозно и достоинствено обрнувајќи им се на сите како божем и никому поодделно, — а сега веќе се знае, дошле години. Благодарам, Степан Дорофеич.

— Нема зошто.

— Па јас, Степка, сè за тоа ќе ти зборувам; и покрај тоа што ти си за мене голем никаквец, јас ќе ти речам . . .

— А јас еве што, муцко пијана, ќе ти кажам тебе, — го прекина Степка што изгубил стрпливост, — слушај и памети го секој мој збор: еве ти половина свет тебе, половина мене. Оди си на своја страна и не излегувај ми пред очи. Ми здодеа!

— Значи, нема да ги дадеш парите?

— Па какви пари сакаш, пијано човече?

— Ej, на оној свет сам ќе дојдеш да ги дадеш — нема да ти ги примам. Нашата пара е печалена со труд, со пот и плускавици. Ќе се намачиш ти со моето петаче[33]) на оној свет.

— Ајде де, оди по ѓаволите!

— Што ме тераш; не си ме запрегнал.

— Оди де, оди си!

— Никаквец!

— Робијаш!

И пак почна караница, уште поголема одошто пред честењето.

Ене на леглата засебно седат двајца другари: едниот е висок, јадер, вистински, дебелкав месар, лицето му е црвено. Тој тукушто не заплакал, затоа што е многу трогнат. Другиот — е слабичок, тенок, мршав, со долг нос од којшто како божем да капе нешто, и со мали свински очиња, управени во земјата. Тој е човек опитен во обноските и школуван: некогаш бил писар, и се држи кон својот другар троа одвисоко, што на овој, во потаја, му е многу непријатно. Тие пиеле заедно цел ден.

— Тој смееше мене! — вика дебелкавиот другар, силно нишкајќи ја главата на писарот, со левата рака, со којашто го прегрнал: „Смеел“ — значи удрил. Дебелкавиот пријател, самиот некогаш подофицер, во себеси му заблазнува на својот напиен пријател, и затоа тие обајцата се перчат со наместено говорништво.

— А јас ти велам дека и ти не си прав . . . — почнува догматски писарот, тврдоглаво не подигајќи ги кон него очите и достоинствено гледајќи во земјата.

---

[33]) пятак — бакарна пара од 5 копејки, петаче.

— Тој мене „смееше“, слушаш ли, го прекинува другиот, уште повеќе нишајќи го својот скап пријател. — Сега само тебе еден те имам на целиот свет, го чу ли тоа? Затоа јас само тебе ти велам, тој мене „смееше“!...

— А јас пак ќе ти речам: толку бедно оправдание, скапи пријателе, претставува само срам за твојот образ! — учтиво со тенок глас му приговорува писарот, — туку подобро согласи се дека тоа твое пијанство е поради твоето непостојанство...

Дебелкавиот пријател се тргнува троа назад, го гледа тапо со своите пијани очи задоволниот писаринка, и наеднаш, сосем неочекувано, со сè сила го удри писарот со својата јадра тупаница по ситното лице. Со тоа завршува пријателството што траеше цел ден. Саканиот пријател лежи во несвест под легло...

Ене кај влегува во нашата касарна еден мој познат од посебното одделение, до немајкаде добродушен и весел млад човек, доста бистер, непакосно подбивен и по изглед до немајкаде прост. Тој е оној истиот што првиот мој ден во затворот, на ручек во кујната бараше кај се наоѓа богатиот селанец, уверуваше дека тој е со „амбиција“ и се напи со мене чај. Тој е на четириесетина години, со прекумерно дебела уста и голем меснат нос, прошаркан со мозолчиња. Во рацете држи балалајка на која небрежно удира по жиците. По него, како опаш, се влечка, прекумера ниско затвореничe, со голема глава, кого јас мошне малку го познавав досега. Нему, меѓутоа, и никој не му обрнуваше никакво внимание. Тој беше некако чуден, недоверлив, вечно молчалив и сериозен работеше во шивачницата и се гледаше дека се труди да живее засебно настрана, и со никого не се здружуваше. Сега пак пијан, тој му се пришил на Варламов како сенка. Тој прекумерно возбуден, го следеше, мавташе со рацете, удираше со тупаници на sидот и по легалата и за малку само што не плачеше. Варламов, се чинеше, не му обрнуваше никакво внимание, како божем и да го немаше крај него. Интересно дека

порано тие двајца речиси никако не се дружеа еден со друг; тие и по работа и по карактер немаа ништо заедничко. И од разни одделенија беа и живееја во разни касарни. Малиот затвореник го викаа Булкин.

Варламов, кога ме виде, се извиличи. Јас си седев на леглото крај печката. Тој застана подалеку спроти мене, промисли нешто, се нишна и со нееднакви чекори придувајќи ми, некако јуначки се изви со сета снага и полека допирајќи ги жиците, запеа со речитатив, одвај забележано тупкајќи со чизмите.

Има бело тркалезно лице
и ми пее како сеничка
мојата миличка;
таа носи копринена руба
извезена со прекрасен вез
саканата убавица моја.

Таа песна, изгледа, го зовре Булкина: тој замавна со рацете, и обрнувајќи им се на сите, завика:

— Сè тоа лаже, браќа, го лаже тој сето тоа! Ни еден збор нема да каже вистина, сè лаже!

— На старината Александар Петрович нашата почит! — проговори Варламов, шалавнички насмеано загледувајќи ми се в очи, и за малку само што не почна да се бацува со мене. Тој беше пивнат. Изразот „на старината тој и тој . . .“ то ест на тој и тој моето почитание, се употребува од простите луѓе во целиот Сибир, иако се однесува и за човек на дваесетина години. Зборот „старина“ означува нешто поетично, дури почтително, ласкаво укажување на чест.

— Па како сте, Варламове?

— Па така, се живее од ден за ден. А тој што му се радува на празникот, си е од пораничко пијан; вие веќе ќе ми простите — Варламов зборуваше донекаде распеано.

— И само лаже, тој пак само лаже! — завика Булкин, со некаква очаеност удирајќи со раката по леглото. Но овој како да се беше зарекол да не му обрнува ни најмало внимание, и тоа беше прекумера комично, затоа што Булкин му се прикачил на Варламов уште од изутрина, за ништо друго, туку токму

за тоа што Варламов „само лаже“ како што нему кој-знае зошто му се сторило. Тој се влечкаше по него како сенка, си ги кршеше рацете, ги беше речиси раскрвавил удирајќи по ѕидовите и леглата и патеше, очевидно патеше од увереноста дека Варламов „само лаже“! Тој, изгледа, и косите би си ги искубал од огорченост ако ги имаше. Чиниш, тој се беше задолжил да одговара за постапките на Варламов, како сите погрешки и слабости на Варламов да му тежеа на неговата совест. Но токму во тоа и беше смешното што тој дури и не го погледнуваше.

— „Само лаже, само лаже, само лаже! Ниедно негово зборче не одговара на ништо! — викаше Булкин.

— А па тебе што ти е грижа? — му одговараа смеејќи се затворениците.

— Јас, Александар Петрович, ќе ви кажам дека бев многу личен и девојките многу ме сакаа... — почна одненадеж Варламов.

— Лаже! Пак лаже! — го прекинува со некаков писок во гласот Булкин. Затворениците се смеат.

— А јас да се кревам на големо пред нив, кошулата ми е црвена, панталоните кадифени; сум се оптегнал како гроф Бутилкин, па значи, пијан како Швеѓанец, со еден збор, — ви се молам!

— Лаже! — решително тврди Булкин.

— А имав тогаш камена двокатница оставена од татко ми. Па, за две години ја смалив за два ката, ми остана само врата без стакла. Па што, парите се голаби: ќе долетаат и пак ќе си одлетаат.

— Лаже! — уште порешително тврди Булкин.

— Така кога дојдов на себе им пратив оттука на роднините плачница[34]), бидејќи ќе пратат некоја парица. Не сум бил, велат, послушен! Еве веќе има седум години како ја пратив.

— И нема одговор? — прашав јас и се насмеав.

— Па нема, — одговори тој, и самиот наеднаш се насмеа и сè поблиску и поблиску приближувајќи

---

34) Плачница — т.е. писмо со изрази на жал и каење.

го носот до самото мое лице. — А јас, Александар Петрович, имам тука љубовница . . .

— Вие? . . . Љубовница?

— Неќна Онуфриев ми вели: „Мојата, иако е сипаничава и неубава, но затоа колку убаво е облечена; а твојата е убава но питачка, со торба пита . . .“

— А зар е вистина?

— Па и навистина е питачка! — одговори тој и се насмеа со нечујна смеа; во касарната исто така се насмеаја. Навистина, сите знаеја дека тој се сврзал со некоја питачка и ѝ дал за цела половина година сè на сè десет копејки.

— Па што тогаш? — го прашав јас, сакајќи најпосле да се ослободам од него.

Тој помолче, ме погледна милозливо и нежно рече:

— Па така, нема ли да ме почестите по овој повод со едно полокарниче? Јас, ете, Алексанадр Петрович, денеска пиев само чај, — додаде тој милозливо, примајќи ги парите, — и дотолку се натрескав со тој чај, што збивам веќе а во стомакот ми се меша како во бутин . . .

Меѓутоа, кога тој ги земаше парите, моралното растројство на Булкин дојде до крајна граница. Тој гестикулираше, како очаен, уште за малку ќе заплачеше.

— Луѓе божји — викаше тој, обрнувајќи им се во припадок на сите, — погледајте го! Сè што ќе рече сè, сè лаже, сè лаже!

— А тебе што ти е грижа — му викаа затворениците, чудејќи се на неговата лутина, — што улав човек си бил!

— Не дозволувам да лаже! — вика Булкин, светкајќи со очите и удирајќи со сè сила со тупаница по леглото; — не сакам тој да лаже!

Сите се смеат. Варламов ги зема парите, ми се поклонува и кривејќи се брза да си оди од одајата, се разбира, кај крчмарот. И тогаш, изгледа, тој за прв-пат го забележи Булкина.

— Па, да си одиме! — му вели тој, запирајќи се на прагот, како и навистина тој да му е потребен за

нешто. — Топуз! додава тој, презриво правејќи му пат на огорченият Булкин пред себе и одново почнувајќи да дрнка на балалајката. Но зошто да се опишува ова пијанство! Најпосле, се свршува овој задушлив ден. Затворениците тешко заспиваат на леглата. Насоне тие зборуваат и бладаат уште повеќе, одошто во другите ноќи. Понекаде уште седат околу мајданите. Дамна очекуваниот празник помина. Утре пак е делник, пак на работа . . .

XI

ПРЕТСТАВАТА

На третиот ден Божиќ, навечер, се даде првата претстава во нашиот театар. Однапрежни трчканици за приготвување, за верување, имаше многу, но артистите ја зедоа сета грижа на себе, така што ние сите други и не знаевме: што станува со таа работа, и што се работи? Дури не знаевме добро ни што ќе се прикажува. Сите тие три дни претставувачите се трудеа колку што е можно повеќе да добијат костими. Баклушин, среќавајќи се со мене, само крцкаше со прстите од задоволство. Изгледа дека и мајорот беше добро расположен. Меѓутоа, нам ни беше сосем непознато дали тој знаеше за театарот. Ако знаеше, го дозволил ли и со збор или само решил да премолчи, мавнувајќи со рака на намерата на затворениците и уште подвлекол, се разбира, со услов сè да стане без некаков прекршок или нередност? Јас мислам дека тој знаеше за театарот, не можеше да не знае; но не сакал да се меша, разбирајќи дека, можеби, е полошо ако забрани; затворениците ќе почнат да палаваат, да пијанствуваат, така што е каде и каде подобро да се занимаваат со нешто. Јас, меѓутоа, претпоставувам дека мајорот така размислувал, бидејќи тоа е најприродно, највистинито и најздраво. Дури би требало да се каже: ако затворениците за празниците немаат театар или некоја слична на него забава, самото началство би требало да ја измисли. Но бидејќи нашиот мајор се одликуваше токму со спротивен начин на

мислење одошто кај сите други луѓе, тогаш не е никакво чудо што јас земам грев на себе замислувајќи дека тој знаеше за театарот и го дозволил тоа. На таков човек, како што е мајорот, насекаде му требаше да го угнетува некого, нешто да одземе, да го обесправува некого, со еден збор — да воведува некаде ред. Во тој однос тој беше познат во сиот град. Што му беше нему грижа дека од такви угнетувања во затворот може да настапат бујствувања. За прекршоците има казна (си размислуваат таквите како нашиот мајор), а со никаквеците — затвореници да се однесува строго и непрекинато да се исполнува буквално законот, — тоа е сè што се бара! Тие неспособни исполнители на законот никако не разбираат, па и не се способни да разберат дека само исполнувањето на законот, без смисла, без разбирање на неговиот дух, направо доведува до прекршоци, па и никогаш не доведувало до нешто друго. „Во законите се вели, што барате повеќе?“ — зборуваат тие и искрено се чудат што од нив се бара покрај самото познавање на законот, уште и здрава смисла и трезвена глава. Особено последново им се чини на мнозина од нив излишна и за осудување раскош, пречење, нетрпеливост.

Но како и да е, старшијата-подофицер не им пречеше на затворениците а ним само толку и им требаше. Јас со увереност ќе речам дека театарот и благодарноста што го дозволија беа причина што на празниците немаше ниеден поголем прекршок во затворот: ниедна опасна каранница, ниедна кражба. Јас самиот гледав како самите тие ги заполтуваа некои од развеселените и заскараните само со тој изговор дека ќе го забранат театарот. Подофицерот побара од затворениците дека сè ќе биде тихо и ќе се држат добро. Се согласија со радост и свето го исполнија своето ветување, ним им беше мило што им веруваат на нивниот збор. Треба, меѓутоа, да кажам дека да дозволи театар началството не го чини ништо, никакви пожртвувања. Не определуваа од порано место: театарот се подигаше и растураше за четврт час. Претставата траеше час и половина, и ако одеднаш се пове-

леше да се прекине — работата би била исполнета за миг. Костимите беа скриени во сандаците на затворениците, но пред да раскажам како беше приготвен театарот и колку жални беа костимите, ќе кажам нешто за програмата, то ест што токму се замислуваше да се прикажува.

Заправо немаше пишувана програма. Меѓутоа за втората, третата претстава се појави една напишана од Баклушин за господата офицери и воопшто благородните посетители што уште на првата претстава нѐ удостоија со своја посета. Имено: од господата обично доаѓаше стражарниот офицер, а еднаш дојде и самиот дежурен. Исто така еднаш дојде и инженерниот офицер; ете за случај на токму такви посетители и беше направена програма. Се замислуваше дека славата на затвореничкиот театар ќе се разнесе далеку низ тврдината и дури во градот, дотолку повеќе што во градот немаше театар. Се чу дека имало една претстава дадена од љубители, и тоа беше сѐ! Затворениците се радуваа како деца и на најмалиот успех, дури се гордееја. „Па којзнае, — си мислеа и зборуваа за себе и меѓу себе, — ти се молам, и највишето началство ќе се научи, ќе дојдат и ќе погледаат, ќе видат тогаш какви се затворениците. Тоа не е само прост војнички театар, со некакви страшила, со чунови што пловат, со мечки што одат исправени и со јарци. Тука се артисти, вистински артисти, што прикажуваат господски комедии, таков театар нема и во градот. Кај генерал Абросимов имало еднаш, велат, претстава, и пак има, па, со костими може и да нѐ надминат. Но што се однесува за р а з г о в о р о т кој може да ги надмине нашите! И гувернаторот ќе чуе, ти се молам, и што сѐ не може да стане? — Може и самиот тој ќе посака да дојде да погледа. Па нели во градот нема театар . . .“ Со еден збор, фантазијата на затворениците, особено по првиот успех на празникот стаса до врв, уште малку до награди и намалување на рокот на работата, иако во исто време и самите тие речиси веднаш почнуваа најдобродушно да се потсмеваат на себе. Со еден збор, тие беа деца, со-

сем деца, не гледајќи на тоа што некои од тие деца имаа и по четириесет години. Но и покрај тоа што немаше програма, јас веќе знаев, во главни црти, што ќе се прикажува. Првата пиеса беше „Филатка и Мирошка соперници". Баклушин уште една недела пред претставата ми се фалеше дека ролјата на самиот Филатка, којашто тој ја земаше, ќе биде така исполнета што и во Санкт-петербургскиот театар не е така добро играна. Тој се штуткаше низ касарните, се фалеше страшно и бесрамно, а напоредно со тоа сосем добродушно, а понекогаш наеднаш ќе тропнеше нешто „театрално", то ест од својата ролја, — и сите се смеат, без оглед на тоа дали е смешно или не она што го рекол. Меѓутоа, треба да се признае, и тука затворениците умееја да се здржат и да си го запазат достоинството: од истапите на Баклушин и прикажувањата за идниот театар се воодушевуваа или само најмладите луѓе и лапиња, нездржани, или оние најзначителни затвореници чијшто авторитет беше непоколебливо зацврстен, така што веќе немаше зошто да се плашат направо да ги изразуваат своите чувства, па какви и да беа тие, иако дури и најнаивни (то ест спрема затворските разбирања најнеприлични) а останатите молкум ги ислушуваа гласовите и прикажувањата, навистина, не осудуваа, не противречеа, но со сите сили се трудеа да се држат рамнодушно и дури делум одозгора кон сите гласови за театарот. Дури веќе во последно време, речиси во самиот ден на претставата, сите почнаа да се интересуваат: што ќе стане? Како ќе истапат нашите? Што ќе прави мајорот? Ќе успее ли исто онака како полани? и слично. Баклушин ме уверуваше дека сите артисти се одбрани до немајкаде добро, секој на место! Дека дури ќе има и завеса. Дека жената на Филатка ќе ја игра Сироткин, — па самите ќе видите како изгледа во женска облека! — зборуваше тој примижувајќи и ц'цкајќи со јазик. Доброчинителката поседничка ќе има фустан со дипли и наметка, и чадорче в раце, а поседникот доброчинител ќе излезе во офицерски мундир со нараменици и со трскено стапче. Потоа сле-

дуваше втората пиеса, драмска: „Кедрил — лакомник“. Мене многу ме заинтересира името; но колку и да се распрашував за таа пиеса, не можев ништо да узнаам пред претставата. Разбрав само дека таа е земена не од книги туку „по препис“, — дека пиесата ја земале кај некој пензиониран подофицир во предградието, којшто за верување некогаш учествувал во нејзиното прикажување на некоја војничка сцена. Кај нас навистина има во оддалечените градови и губернии такви театрални пиески, кои, изгледа, не му се познати никому, можеби, не се никаде напечатени, но кои сами од себе однекаде се појавиле и претставуваат неопходна принадлежност на секој народен театар во определен дел на Русија. Патем да забележам: јас реков „народен театар“. Многу и многу би било добро кога некој од нашите иследувачи би се зафатил со нови и погрижливи одошто досега иследувања за народниот театар, којшто го има, постои, и дури, можеби, сосем не е ништожен. Не ми се верува дека сето она што го видов јас подоцна во нашиот затворски театар е измислено само од нашите затвореници. Тука е потребна наследност на преданија, еднаш утврдени начини и разбирања, што преминуваат по сеќавање од колено на колено. Тие треба да се бараат кај војниците, фабричките работници, по фабричките градови и дури кај простите луѓе во некои непознати сиромашни гратчиња. Тие исто така се запазени сред прислугата на големите поседнички семејства, по селата и по губерниските градови. Јас дури мислам дека многу старински пиески се размножиле со преписи низ Русија не инаку туку токму преку поседничката прислуга. Кај поранешните старински земјовладелци и московски господа имаше свој сопствен театар во кој играа како артисти крепосни селани. И ете токму во тие театри и се зародил почетокот на нашата народна драмска уметност чиишто обележја се несомнени. Што се однесува за „Кедрил — лакомник“, јас колку да сакав не можев да научам пред претставата ништо друго освен тоа дека на сцената се појавуваат зли духови и го однесуваат Кедрила во пеколот. Но што значи тоа Кедрил, и нај-

после зошто Кедрил а не Кирил? Во Русија ли станува тоа или некаде другде? — сето тоа јас никако не можев да го разберам. На крајот објавуваа, дека ќе се прикажува пантомима со музика. Се разбира сето тоа беше многу интересно. Имаше петнаесетина артисти — сè пргави и не за потценување луѓе. Тие се вртkаа засебно, правеа репетиции (понекогаш зад касарните), се таеја, криеја. Со еден збор сакаа да нè зачудат сите со нешто необично и неочекувано.

Во делнични дни затворот се затвораше рано, штом само ќе се стемнеше. Но за празниците, во некрсните дни[35]) беше направен исклучок: не затвораа сè до по вечера, до часот за спиење. Тоа олеснување беше давано нарочно за театарот. Во текот на тие дни обично секој ден, пред вечера, се одеше од затворот кај стражарниот офицер, со најпокорна молба: „да се дозволи претстава и што подоцна да се затвори затворот", додавајќи дека и вчерадента имало претстава, а немало никакви прекршоци. Стражарниот офицер си размислуваше вака: прекршоци, вчера, навистина, немаше, а штом веќе самите даваат збор дека и денеска нема да има, значи самите ќе се вардат, а тоа е посигурно од сè. Освен тоа, ако не се дозволи претставата, тогаш, ти се молам, кој ги знае, тие луѓе од затвор! Намерно ќе напакостат нешто од злоба и ќе ги изгризат стражарите. Најпосле, и ова: да се стои во стражарницата е здодевно, а тука има театар, па и тоа не просто војнички, а затворенички, а затворениците се интересни луѓе: ќе биде пријатно да се погледа. А стражарниот офицер има секогаш право да погледа. Ќе дојде дежурниот: „Каде е стражарниот офицер"? — „Отиде во затворот да ги преброи затворениците, да ги затвори касарните" — одговорот е точен и оправданието вистинско. По таков начин стражарните офицери секоја вечер во текот на сиот празник дозволуваа претстава и не ги затвораа касарните

---

[35]) Некрсни дни — дните од Божиќ до Водици. Во тие дни не се крштева и затоа нашиот народ ги вика некрсни дни. (Ф.Д.)

сè до повечерието. Затворениците и отпорано знаеја дека од стражата нема да им пречат и беа спокојни.

Во седумте часот дојде по мене Петров, и ние заедно тргнавме на претставата. Од нашата касарна отидоа речиси сите, освен черниговскиот староверец и Полјаците. Полјаците дури на последната претстава, на четврти јануари, се решија да го посетат театарот, и тоа по многу уверувања дека таму е добро, и весело, и безопасно. Потценувањето и насмешливото гледање одозгора од Полјаците ни најмалку не ги јадосуваше затворениците, а на четврти јануари ги пречекаа многу учтиво. Нив дури ги пропуштија на најдобрите места. Што се однесува пак за Черкезите и посебно за Исај Фомич, за нив нашиот театар беше вистинска наслада. Исај Фомич секојпат даваше по три копејки, а последниот пат кладе на санот десет копејки, и лицето му светеше од среќа. Артистите определија да собираат од посетителите кој колку ќе даде за потрошеното за приготвување и за сопствено п о т к р е п у в а њ е. Петров ме уверуваше дека мене ќе ми дадат едно од првите места, колку и да биде претрупан театарот, врз основа на тоа што јас, како го сметаа тоа другите, за верување и ќе дадам повеќе, а освен тоа пак и повеќе се разбирам одошто тие. Така и стана. Но отпрвин ќе ја опишам салата и распоредот на театарот.

Касарната во која беа сместени нашите воени затвореници, во којашто се смести театарот, беше долга петнаесет чекори. Од дворот преку една скала се влегуваше во тремот, а од тремот во касарната. Таа долга касарна, како што јас веќе кажав, беше суредена особено: леглата беа наредени крај ѕидот, така што средината на одајата беше слободна. Половина од одајата, од страна на влезот откај скалата беше дадена за гледачите; а другата половина, којашто се соединуваше со друга касарна беше определена за самата сцена. Пред сè, мене до немајкаде ме зачуди завесата. Таа ја заградуваше напреку сета касарна, на десет чекори широчина. Завесата беше таков раскош, што навистина имаше зошто да се зачуди човек. Освен тоа, таа беше украсена со мрсни бои: беа нацртани дрвја,

посетки, рибници и ѕвезди. Беше направена од дебело платно, старо и ново, кој колку што дал и пожртвувал од стари затворенички обвивки и кошули, какотака сошиени во една голема покривка и најпосле, еден нејзин дел за кој недостасуваше платно, беше просто од хартија, исто така измолена лист по лист од повелби и разни канцелариски хартии. Нашите сликари, меѓу коишто се одликуваше и „Брилов" — А-в, се погрижија да ја украсат и испоцртаат. Таквата раскош ги радуваше дури најстуштените и најголеми ситничари од затворениците, кои, кога дојде до прикажување на претставата, излегоа сите исто такви деца, како и најзапалените и нестрпливите. Сите беа многу задоволни, дури фалбено задоволни. За осветлување беа ставени неколку лоени свеќи, исечени на парчиња. Пред завесата имаше две клупи од кујната, а пред клупите три-четири столови што ги најдоа во подофицерската одаја. Столовите беа определени за случај да дојдат највисоките гости, — офицери. А клупите беа определени за подофицерите и инженерните писари, спроводници и други луѓе, кои иако беа началници, но не беа офицери, во случај да наминат во затворот. Така и стана: кај нас постојано имаше туѓи посетители преку сиот празник; некоја вечер доаѓаа повеќе, друга помалку, а на последната претстава сите места на клупите беа зафатени. И најпосле веќе, зад клупите, беа затворениците, стоејќи, од почит спрема посетителите, без капи, со палта или кожуви, без да се гледа на задушниот и запарен воздух во одајата. Се разбира, за затворениците имаше мошне малку место. Но покрај тоа што буквално седеа еден врз друг, особено во задните редови, беа зафатени уште и леглата, и кулисите и, најпосле, се најдоа љубители што постојано одеа зад бината во другата касарна, и дури отаде, од зад последната кулиса, ги гледаа претставите. Тисканицата во првата половина на касарната беше прекумерна и можеше да се спореди, можеби, со тисканицата и турканицата што недамна ја видов во бањата. Вратата од тремот беше отворена; во тремот, во кој студот беше на дваесет градуси, исто така се грмадеа луѓе. Нас: мене и Пет-

ров, уште веднаш нѐ пропуштија напред, накај самите клупи, откај што каде и каде се гледаше подобро одошто од задните редови. Донекаде тие во мене гледаа оценувач, познавач што видел и подобри театри; видоа дека Баклушин преку сето време се советуваше со мене и се однесуваше кон мене со почит; па мене, значи, сега ми припаѓа чест и место. Да речеме, затворениците беа во голема мерка горделиви и лекомислени луѓе, но сето тоа беше наместено. Затворениците можеа да се подбиваат со мене, гледајќи дека сум им лош помошник во работата. Алмазов можеше со презир да нѐ гледа нас, благородниците, перчејќи се пред нас со своето знаење да пече алабастер. Но кон нивните угнетувања и подбивања кон нас се примешуваше и друго; ние некогаш сме биле благородници, сме ѝ припаѓале на онаа иста класа, како и нивните бивши господа, коишто тие не можеа да не ги паметат добро. Но сега, во театарот, тие ми сторија пат. Тие признаваа дека за ова јас можам да преценам подобро од нив, дека јас сум видел и знам повеќе од нив. Најненаклонетите од нив кон мене (јас го знам тоа) ја сакаа сега мојата пофалба на нивниот театар и без секакво самопонижување нѐ пропуштија на подобро место. Јас судам сега припомнувајќи го некогашниот мој впечаток. А мене тогаш ми се стори, — јас го паметам тоа, — дека во нивниот справедлив суд за себе немаше ни најмалку понижување, туку чувство на сопствено достоинство. Највисока и најзабележна карактеристична црта на нашиот народ — тоа е чувство за справедливост и стремеж кон неа. Петелското скокање да се биде насекаде напред на прво место и по секоја цена, го заслужува ли човек тоа или не, — го нема сред народот. Треба само да се тргне надворешната, натрупана корка и да се погледа повнимателно, поблиску, без предрасуди на самото зрно — и секој ќе види во нашиот народ такви роботи коишто дури и на крај ум не му доаѓале. Нашите мудреци можат на малку нешто да го научат нашиот народ. Дури уверено ќе речам, — напротив: тие самите треба уште да се учат од него.

Петров, уште кога се приготвувавме за одење на претставата, наивно ми рече дека мене ќе ме пуштат напред и уште затоа што јас ќе дадам повеќе пари. Определена цена немаше: секој даваше колку што можеше и колку што сакаше. Речиси сите, кога почнаа да собираат со сан, приложија по нешто, барем по грош. Но ако мене ме пуштија напред, делум и за пари, претпоставувајќи дека јас ќе дадам повеќе од другите, и во тоа, сепак колку имаше чувство на сопствено достоинство! „Ти си поимашен од мене и оди напред, иако сме сите ние тука рамни, но ти ќе приложиш повеќе: следува дека таков посетител како тебе, им е помил на артистите, — тебе ти припаѓа и попрво место, затоа што сите ние тука не сме за пари, а од почит, а тоа значи дека треба ние самите да се распоредиме.“ Колку во тоа има вистинска благородна гордост! Тоа не е почит кон парите, а почит кон самиот себе. Воопшто спрема парите, спрема богатството, во затворот немаа особена почит, особено ако се гледа на сите затвореници без разлика, во маса, заедно. Јас дури не паметам ниеден од нив, што сериозно би се понижил заради пари, дури кога би се разгледувале и поединечно. Имаше и питачи што и од мене питаа. Но во тоа питање имаше повеќе шалавство и шмеќарство, одошто вистинско питање: имаше повеќе хумор, простодушност. Не знам дали се изразувам разбирливо... Но јас заборавив за театарот. Да преминам на работата!

Пред да се крене завесата сета одаја претставуваше чудна и жива слика. Прво, грмада гледачи, притисната, стутулена, притеснета од сите страни, со нестрпливост и испишана на лицето среќа, што го очекува почетокот на претставата. Во задните редови прсиплева луѓе што се тискаат еден до друг. Мнозина од нив донесле трупчиња од кујна: штом ќе ги стаеа како така крај ѕидот, луѓето се качуваа врз нив на нозе, потпирајќи се со обете раце врз плеќите на застанатите пред нив, и не менувајќи ја положбата, стоеја така по два часа, сосем задоволни со себе и своето место. Други се поткачуваа со нозе на долната стапалка на печката, и токму исто така престојуваа

преку сето време, потпирајќи се на предните. Така беше во најзадните редови крај ѕидот. Отстрана, накачена на леглата, исто така стоеше збиена грмада над свирачите. Тука беа добри места. Петорица се беа качиле на самата печка, и лежејќи на неа, гледаа долу. Ете тие токму блаженствуваа! По штиците на прозорците од другиот ѕид веќе се грмадеа исто така цели купови луѓе што задоцниле или не нашле добро место. Сите се држеа мирно и достоинствено. Сите сакаа да се покажат пред господата и посетителите што подобро. На сите лица се изразуваше најнаивно очекување. Сите лица беа алови и влажни од пот, од жештина и задушност. Каков чуден одблесок на детска радост, мило, чисто задоволство светкаше на тие избраздени, муросани чела и образи, во тие погледи на луѓето, досега намуртени и стуштени, во тие очи што понекогаш светкаа со страшен оган! Сите беа без капи, и од десната страна сите глави ми се чинеа избричени. Но ете од сцената допира одење, метканица, приготвување... Сега ќе се крене завесата. Ете засвири оркестарот... Тој оркестар заслужува да се спомне. Отстрана, по леглата, се беа разместиле осум музиканти: две виолини (една имаше во затворот а другата ја зеле на услуга од некого во тврдината, а мајстор и дома се нашол), три балалајки — сите изработени саморачно од нашите; две гитари и мало барабанче место контрабас. Виолините сами цимолеа и стружеа, гитарите не чинеа за ништо, но затоа балалајките беа прекрасни. Смасноста со која прстите летаа по жиците сосем се рамнуваше на најголемо мајсторство. Се свиреа сè мотиви за играње. На најигривите места свирачите удираа со глуждовите од рацете по штицата од балалајките; тонот вкусот, свирењето, владеењето над инструментите, разбирањето на мотивот — сето тоа беше свое, оригинално, затвореничко. Еден од гитаристите исто така до немајкаде убаво свиреше на својот инструмент. Тој беше оној истиот благородник, што го отепал татка си. Што се однесува за барабанчето, тоа просто беше за унер: ту ќе го свртеше на прст, ту ќе застружат со

големиот прст по неговата кожа, ту се слушаа чести звонливи и еднообразни удари, ту одеднаш тој силен јасен звук како божем да се растурува како зрна на бескрајно многу ситни, шушливи и секливи звуци. Најпосле, се појавија уште две хармоники. Чесен збор, — јас дотогаш не сум имал претстава за тоа што може да се стори со прости, простонародни инструменти; согласуваноста на звуците, свирењето, а главно духот, начинот на разбирањето и предавањето самата суштност на мотивот беа просто за чудење. Јас за првпат разбрав тогаш сосем, колку бескрајно весело и широко и волно има во веселите, живи и настегнати руски игриви песни. Најпосле, се крена завесата. Сите се размрдаа, преместија од нога на нога, одзадните се припокренаа на прсти; некој падна од трупчето; сите до еден ги отворија устите и се зацарија, и завладеа потполна тишина. Претставата почна...

Крај мене стоеше Алеј, во групата на своите браќа и сите останати Черкези. Сите тие страсно го засакаа театарот и потоа секоја вечер одеа на него. Сите муслимани, Татари и други; како што не еднаш сум забележил, секогаш се страсни љубители на секакви глетки. Крај нив се беше згрчил и Исај Фомич, кој, ми се чинеше, со подигањето на завесата сиот се претвори во слух, гледање и најнаивно жедно очекување на чудесии и наслади. Дури би било жално ако тој би се разочарал во своите очекувања. Милозливото лице на Алеј светеше со таква детска, прекрасна радост, што, си признавам, мене ми беше до немајкаде пријатно да го гледам, и јас паметам, секојпат при некоја смешна и мајсторска истапка на артистите, кога се разнесуваше општа смеа, уште веднаш неволно се свртував кон Алеј и му се загледував во лицето. Тој мене не ме виѓаваше: не му беше грижа за мене! Мошне блиску до мене, од лева страна стоеше еден затвореник, на години, секогаш намуртен, секогаш незадоволен и брецлив. Тој исто така го забележи Алеј, и јас видов, неколкупати поднасмевнат се свртуваше да го погледа: дотолку мил беше тој! „Алеј Семјонич!“ — го викаше тој него, не знам зошто. Почнаа со „Филатка и Мирошка“. Филатка (Баклушин)

беше навистина прекрасен. Тој ја изигра својата ролја со бистрина, јасност што беше за чудење. Се виѓаше дека тој се размислил за секоја фраза, за секое свое движење. На секој свој празен збор, на секој свој гест, тој умееше да му влее смисла и значење, што сосем одговараа на карактерот на неговата ролја. Додајте ја кон таа грижливост, кон таа проученост, вонредна, ненаместена веселост, простота, природност, и вие, ако го видевте Баклушина, бездруго самите би се согласиле дека тој е вистински, роден артист, со голем талент. Јас не еднаш сум го гледал Филатка во Московскиот и Петербургскиот театар, и уверено ви велам — артистите од столниците, што го играат Филатка сите играа полошо од Баклушина. Во споредба со него тие беа пејзани[36]) а не вистински селани. Тие и премногу сакаа да го претстават селанецот. Баклушина освен тоа го потспотнуваше и соперништво: на сите им беше познато дека во втората пиеса ролјата на Кедрил ќе ја игра затвореникот Поцејкин, артист кого што сите којзнае зошто го сметаа подаровит, подобар од Баклушина, и поради тоа Баклушин патеше како дете. Колкупати во тие последни дни тој доаѓаше кај мене и ми ги покажуваше своите чувства. Два часа пред претставата него го тресеше грозница. Кога се смееја и му викаа од грмадницата: „прекрасно, Баклушин! Е — сила си бил!“ — сето лице му светнуваше од среќа, вистинско вдахновение му блескаше во очите. Сцената во која Филатка и Мирошка се бакнуваа и кога Филатка му вика пред бацувањето „избриши се“ и самиот се бришеше, излезе да пукнеш од смеа. Сите се залебнаа од смеа. Но за мене најинтересни беа самите гледачи! тука веќе сите беа отворени, слободни, како на дланка. Тие се предаваа на своето задоволство безгранично. Извици на одобрување се разгласуваа сè почесто и почесто. Ете еден го подбутнува другарот и набрзина му ги предава своите впечатоци, дури и не грижејќи се, да речеме, и не гледајќи кој стои крај него; друг, при

---

[36]) Пејзани — селани, т.е. нивното претставување на идеализиран начин.

некоја смешна сцена наеднаш воодушевено се свртува кон грмадницата, брзо ги прегледува сите, како божем да ги кани сите да се смеат, мавта со рацете и уште веднаш пак брзо се свртува кон сцената. Трет просто ц'цка со јазикот и крцка со прстите и место не го собира а бидејќи нема кај да оди, само се преместува од нога на нога. Кон крајот на пиесата општото весело настроение дојде до највисок степен. Јас ништо не преувеличувам. Претставете си затвор, окови, неволја, долги тешки години што допрва идат, еднообразен, како што капка прилега на капка во стуштен есенски ден, живот — и одеднаш на сите тие пригнетени и зотворени им дозволиле за еден час да се истушат, да се повеселат, да го забораваат тешкиот сон, да приготват театар, па тоа и уште каква гордост и чудо на сиот град, — види ги де, како да велат, нашиве, какви се затворениците! Нив, се разбира, ги интересираше сè, на пример, костимите. За нив беше до немајкаде интересно да го видат, на пример, тој и тој Ванька Отпетиј, или Нецветаев, или Баклушин во облека сосем инаква од онаа во каква што веќе неколку години ги гледаат секој ден. „Па затвореник, исто таков затвореник, на самиот му подсвонуваат оковите, а ете излегува сега во палто, со тркалезна паларија, со наметка — како граѓанин! Прилепил мустаќи, коса. Ене извади од џеб црвено шамиче, мавта со него, претставува господин, како чиниш самиот ни пет ни шест, да е господин!“ И сите се одушевени. „Доброчинителот поседник“ излезе во аѓутантскиот мундир, вистина мошне старичок, со еполети, во шапка со кокарда и направи необичен ефект. За таа ролја пекаа двајца, и — ќе поверувавте ли? — обајцата како мали деца се скараа до немајкаде еден со друг заради тоа кој да ја игра: обајцата сакаа да се покажат во офицерски мундир со нараменици. Нив ги разделија веќе другите артисти и со повеќе гласови решија да му ја дадат ролјата на Нецветаев, не затоа што тој беше повеќе навидум од другиот и по таков начин повеќе би прилегал на господин, а затоа што Нецветаев ги беше уверил сите дека тој ќе излезе со трскено стапче и така ќе мавта со него и ќе шарка

по земја, како вистински господин и најпрв фодул, коешто Ванька Отпетиј и не може ни да го замисли, затоа што тој никогаш и не видел вистински господа. И навистина Нецветаев кога излезе со својата госпоѓа пред публиката, ништо друго и не правеше туку само брзо и бегум шаркаше по земјата со тенкото трскено стапче, коешто го беше набавил однекаде; за верување сметајќи дека тоа се белези на највисоко господство, најголема елеганција и големство. За верување, некогаш уште во детство, кога бил слугинче, босо детиште во дворот на својот господар му се случило да види убаво облечен господин со стапче од трска и го одушевило неговото умеење да го врти, и ете впечатокот вечно и неизгладиво останал во неговата душа, така што на свои триесет години му дошло во сеќавање сè како што било, за потполно освојување и одушевување на сите од затворот. Нецветаев беше дотолку вдлабочен во оваа своја работа што дури и не гледаше во никого и никаде, дури зборуваше не покревајќи го погледот, и ништо друго не правеше освен што го следеше движењето на бастунчето. Доброчинителката поседничка исто така беше на свој начин необично интересна: таа излезе во стара износена облека од муслин, што изгледаше како вистински партал, со разголени раце и врат, со страшно набелено и нацрвено лице, со ноќно капче од евтина бубаќна басма на главата, со чадорче во едната и ветрило од шарена хартија во другата рака, со кое таа постојано се ладеше. Грмеж од смеа ја пресретна госпоѓата; па и самата госпоѓа не се воздржа и неколкупати се насмеа. Ролјата на госпоѓата ја играше затвореникот Иванов. Сироткин, преоблечен како девојка, беше многу мил. Исто така и строфите беа добро погодени. Со еден збор, од целата пиеса сите останаа сосем задоволни. Немаше критика, па и не можеше да ја има.

Ја исвирија уште еднаш увертирата: „Сењи мои, сењи“[37]) и одново ја подигнаа завесата. Тоа беше Кедрил. Кедрил е нешто како Дон Жуан; барем на кра-

[37]) *Сењи* — претсобје.

јот од пиесата и господарот и слугата ѓаволите ги носат во пеколот. Се даваше цел чин, но се виѓаше, беше одломка; почетокот и крајот беа загубени. Немаше ни најмала врска ни смисла. Дејствието станува во Русија, во некоја патна гостилница и преноќиште. Гостилничарот го воведува во одајата господарот во шинел и тркалезна стуткана паларија. По него оди неговиот слуга Кедрил со куферот и со завиткана во сина хартија кокошка. Кедрил е во кожув и лакејски каскет. Токму тој е и лакомникот. Него го прикажува затвореникот Поцејкин, соперник на Баклушина; господинот го игра истиот оној Иванов, што во првата пиеса ја играше поседничката доброчинителка. Гостилничарот Нецветаев, предупредува дека во одајата се наоѓаат ѓаволи и се сокрива. Господинот смуртен и загрижен си мрмори дека тој одамна го знаел тоа и му повелува на Кедрил да ги извади работите и приготви вечера. Кедрил е плашливец и лакомник. Штом слушнува за ѓаволите, тој побледнува и се тресе како лист. Тој би избегал, но му е страв од господарот. А па освен тоа тој сака и да јаде. Тој е благовкусец, глуп, итар на свој начин, плашливец, го мами господарот на секој чекор и истовремено се плаши од него. Тој е особен тип на слуга, во кого што некако нејасно и далечно се назираат црти на Лапорело, и навистина, е необично привржан. Поцејкин има вистински талент, и по мое мислење, уште подобар артист од Баклушина. Јас, се разбира, кога утредента се сретнав со Баклушина, не му го кажав сосем точно моето цело мислење; и премногу би го огорчил. Затвореникот, што го играше господарот, изигра исто така многу добро. Тој тропаше ужасни глупости, што на ништо не прилегаат, но дикцијата беше правилна, жива, гестовите природни. Додека Кедрил се расправа со багажот, господинот чекори задуман по сцената и објаснува да го чујат сите дека денес е крајот на сите негови скитања. Кедрил љубопитно прислушнува, се виличи, зборува á part и со секој збор ги смее гледачите. Нему не му е жал за господарот, но тој чул за ѓаволите —, сака да се научи што се тие, и ете тој почнува да при-

кажува и се распрашува. Господарот, најпосле, му кажува дека тој некогаш во некаква неволја побарал помош од пеколот, и ѓаволите му помогнале, го спасиле; но дека денеска поминува рокот, и можеби, уште денеска ќе дојдат според спогодбата, да му ја земат душата. Кедрил почнува многу да се плаши. Но господарот негов не се збркува и му повела да ја приготви вечерата. Штом слушнува за вечера, Кедрил живнува, ја истава кокошката, вади вино, — а одвреме навреме, самиот отштипнува од кокошката, си поткаснува да обиде. Публиката се смее. Ете скрцнува вратата, ветерот тропа по капаците на прозорците, — Кедрил се тресе, и наскоро, речиси несвесно, вовира во устата голем залак месо, коешто не може да го проголтне. Пак смеа . . . „Готово ли е?“ — вика господарот, шетајќи низ одајата. — „Сега, господине . . . јас . . . ќе ви приготвам, — зборува Кедрил, седнува сам на маса и преспокојно почнува да гнете од господиновото јадење . . . На публиката, се виѓа, ѝ е мила итрината и шмеќарството на слугата и што господинот е насамарен. Треба да се признае дека Поцејкин, навистина заслужува пофалба. Зборовите „сега господине, јас ќе ви приготвам,“ тој ги изговори до немајкаде добро. Седнат на маса, тој лакомо почнува да јаде и се стресува на секој чекор од господинот, тој да не го забележи неговото шмеќарство; кога овој многу ќе се заврти, тој се крие под маса не испуштајќи ја од раце кокошката. Најпосле, тој го заситува својот прв глад; време е да помисли и за господинот. — Кедрил, ќе биде ли скоро готово? — вика господинот. — Готово! — бодро одговара Кедрил, сетне одеднаш гледа на господинот речиси не му останало ништо. Навистина, на каленикот лежи само една нога од кокошката. Господинот, стуштен и загрижен, ништо не забележувајќи, седнува на масата, а Кедрил со салфетка застанува зад неговиот стол. Секој збор, секое движење, секоја гримаса на Кедрила кога тој, свртувајќи се кон публиката кима со главата на дрвникот — господин се пресретнува од грмадата со нездржлива смеа. Но ете, токму што господинот почну-

ва да јаде, се појавуваат ѓаволите. Тука веќе не може ништо да се разбере, па и ѓаволите се појавуваат некако и веќе премногу необично: се отвара вратата од страничните кулиси и се појавува нешто во бело, а наместо глава има фенер со свеќа: друг фантом исто така со фенер на главата држи во рацете коса. Зошто фенери, зошто коса, зошто ѓаволите се во бело? Тоа никој не може да си го објасни. Меѓутоа, никој и не се замислува за тоа. Бездруго така и треба да биде. Господинот многу храбро се свртува кон ѓаволите и им вика дека тој е готов да го земат. Но Кедрил е исплашен како зајак: тој се пика под маса, но, без обѕир на својата исплашеност, не заборава да го џапне шишето од на маса. Ѓаволите за час се сокриваат; Кедрил излегува од под маса; но токму што господарот се зафаќа пак за кокошката, во одајата одново се втурнуваат три ѓаволи, го фаќаат господинот одзади и го носат во долниот свет. „Кедрил! Спасувај ме!“ — вика господинот. Но на Кедрила не му е грижа за тоа. Овојпат ги смолкнува под маса и шишето, и каленикот и дури лебот. Но ете сега тој е сам, ги нема ѓаволите, а исто така ни господинот. Кедрил излегува, се обѕрнува и лицето лукаво му се истегнува во насмевка. Тој шмеќарски подмигнува, седнува на масата на местото на господинот, и кимајќи со глава на публиката, зборува полугласно:

— Па, сега сум сам... без господарот!...

Сите се смеат на тоа дека тој е без господарот; но ете тој додава уште полугласно, доверливо обрнувајќи ѝ се на публиката, и сѐ повесело и повесело подмигнувајќи: — А господарот, ѓаволите го однесоа!...

Гледачите се прекумерно одушевени. Освен тоа што господарот го однеле ѓаволите, тоа беше така искажано, со такво шалавство, со такво подбивно-тржествено виличење што навистина не беше можно да не се аплаудира. Но за кусо време траеше среќата на Кедрила. Тукушто се зафати со шишето, си сипа чашка вино и сакаше да пие, наеднаш ѓаволите се враќаат, му се прикрадуваат одзади на прсти и ту-

тара-вара цап — го зграпчија преку половина. Кедрил вреска колку што му држи гласот, од страв не смее да се сврти, исто така не може ни да се брани: во рацете има шише и чаша, со коишто тој нема сила да се раздели. Зинат од ужас, тој половина минута седи со ококоравени очи кон публиката, со смешен до пукнување израз на страшливски уплав, што секако можеше да послужи да биде цртан. Најпосле, него го понесуваат, однесуваат; шишето е со него тој прета со нозете и вреска, вреска. Неговите извици допираат уште одзад кулисите. Но завесата се спушта, и сите се смеат, сите се одушевени. Оркестарот ја засвирува камаринската.[38])

Почнуваат тивко, едвај чујно, но мелодијата се засилува сè повеќе, темпото се забрзува, се разгласуваат шалавнички тропкања по штиците на балалајките... Тоа е камаринска во сиот свој размав, и навистина, би било убаво кога Глинка барем случајно би ја чул кај нас во затворот. Почнува пантомима со придружба на музиката. Камаринската не престанува во текот на сета пантомима. Прикажана е внатрешност на селска одаја. На сцената се наоѓаат еден воденичар и жена му. Воденичарот во едно ќоше крпи ам, во другото ќоше жена му преде лен. Жената ја игра Сироткин, воденичарот Нецветаев.

Ќе забележам дека нашите декорации се многу сиромашни. И во оваа, и во претходната пиеса, и во другите, вие повеќе си дополнувате со сопствената фантазија одошто гледате со очи. Наместо заден ѕид е оптегната некаква покривка или попона[39]); отстрана некакви бедни прегради. А левата страна не е покриена со ништо, така што се гледаат леглата. Но гледачите не се пребарливи и се согласуваат со фантазија да ја дополнат стварноста, вотолку повеќе што затворениците се многу способни за тоа. „Штом е речено градина, тогаш и сметај го за градина, штом е одаја

---

38) Камаринска — народна песна со игра, чијшто херој е пијан селанец.

39) Попона — дебела покривка за коњи или воопшто груба ткаеница.

— тогаш одаја, куќарка — тогаш куќарка — сеедно, и нема што многу да се церемониш.“ Сироткин во костимот на жената е многу мил. Меѓу гледачите полугласно се разгласуваат неколку комплименти. Воденичарот ја свршува работата, ја зема капата, го зема камшикот, ѝ приоѓа на жената и со знаци ѝ објаснува дека тој треба да си оди, но ако жена му додека тој не е тука прими некого, тогаш... и тој ѝ го покажува камшикот. Жената слуша и кима со главата. Тој камшик, за верување, ѝ е добро познат; жената си е 'рзак, кршка. Маж ѝ си оди. Кога излегува тој низ врата, таа му се топори со тупаница. Но ете некој тропа на врата; вратата се отвора и еве кај се појавува соседот, исто така воденичарот, селанец со брада и во кафтан. Тој држи во рацете подарок, црвена шамија. Жената се смее; но тукушто соседот сака да ја прегрне, на вратата тропнува. Кај да се крие? Таа набрзо го крие под маса, а самата го грабнува вретеното. Се јавува друг поклоник; тоа е писар, во воена униформа. Досега пантомимата течеше беспрекорно, движењата беа правилни, сосем без грешка. Дури можеше човек да се чуди, гледајќи ги овие импровизирани артисти, и не сакајќи да помисли: колку сили и таленти гинат кај нас во Русија понекогаш напразно, во неволја и тешка судба! Но затвореникот што го играше писарот, за верување бил некогаш во некој провинциски или домашен театар, и си вообразил дека нашите артисти, сите до еден, не ја разбираат работата и не се движат онака како што треба да се движат на сцената. И ете тој истапува, како што, по прикажување, истапувале во старо време во театрите класичните херои; ќе направи долг чекор, и уште пред да ја покрене другата нога, се запира наеднаш, се тргнува назад со сета снага и главата, гордо погледнува наоколу, — и прави друг чекор. Ако таквиот ôд бил смешен кај класичните херои, тогаш во воениот писар, во комична сцена, беше уште посмешен. Но нашата публика мислеше дека, за верување, така и треба, и долгите чекори на долгачот — писар ги прими како свршена работа, без особена критика.

Тукушто писарот стаса да дојде до средината на сцената, на вратата се послуша пак тропање: стопанката пак се заштутка. Каj да го дене писарот? Во сандакот, за среќа незатворен. Писарот се вовира во сандакот, и жената го покрива со капакот. Овојпат се јавува особен гостин, исто така вљубен, но со посебно обележје. Тоа е брамин — и дури во костим. Меѓу затворениците се разгласува незадржлива смеа. Браминот го игра затворениkот Кошкин и го игра прекрасно. Тој има браминска фигура. Тој со гестови ја објаснува сета големина на својата љубов. Тој ги крева рацете кон небото, потоа ги става на градите, на срце; но тукушто тој сака да се разнежи, — зајачува силен удар на вратата. По ударот се познава дека тоа е домаќинот. Исплашена, жената е без ум, браминот се штутка како поулавен и моли да го сокрие. Наскоро таа го турка зад долапот, а самата, заборавајќи да отвори, се втурнува кон својата преѓа и преде ли преде, не слушајќи го тропањето на маж ѝ на врата, од преплашеност суче нитка којашто ја нема во нејзините раце и го врти вретеното, иако заборавила да го крене од подот. Сироткин многу добро и успешно ја прикажува таа преплашеност. Но домаќинот ја разбива со клоца вратата и ѝ пријдува на жената со камшик. Тој сè забележал и штутел и направо со прсти ѝ покажува дека каj неа се сокриени тројца. Потоа ги бара скриените. Прво го наоѓа соседот и со тупаници го испраќа од одајата. Исплашениот писар сакаше да избега, го покрена со глава капакот и со самото тоа самиот се кажа. Домаќинот го плеска со камшикот, и овојпат вљубениот писаринка потскокнува сосема некласично. Останува браминот; домаќинот долго го бара, најпосле го наоѓа во ќошето зад долапот, учтиво му се поклонува и го извлечува за брада на сред сцената. Браминот се обидува да се брани, вика. „Проклет, проклет!“ (Единствените зборови кажани во пантомимата), но мажот не го слуша и се расправа со него својски, како што сака и умее. Жената, гледајќи дека сега и нејзе ѝ е редот, ја исфрла преѓата и вретеното и бега од одајата; фурката паѓа на земја, затворени-

ците се смеат. Алеј не гледајќи ме турка по рака и ми вика: „Гледај, брамин, брамин!“ А самиот не може да се задржи од смеа. Завесата паѓа. Почнува друга сцена.

Но нема зошто да се опишуваат сите сцени. Имаше уште две или три. Сите тие беа смешни и ненаместено весели. Ако не го измислиле самите затвореници, тогаш, во секој случај, во секоја од нив беа вложиле свое. Речиси секој артист импровизираше од себе, така што на следните претстави еден и ист артист едната и истата ролја ја играше донекаде поинаку. Последната пантомима со фантастичен карактер, се завршуваше со балет. Се закопува мртовец. Браминот, со многубројна послуга бае над сандакот разни заколнувања, но ништо не помага. Најпосле се разгласува: „Сонцето зајдува“, мртовецот оживува и тие од радост почнуваат да играат. Браминот игра заедно со мртовецот и игра на сосем посебен начин, по брамински. Со тоа и се свршува претставата, за да се повтори следната вечер. Сите наши се разотидуваат весели, задоволни, ги пофалуваат артистите, му благодарат на подофицерот. Не се слушаат караници. Сите некако, не по обичајот, се задоволни, дури како божем среќни, и заспиваат не како секогаш, а речиси со мирна душа и да се прашаме: зошто? Меѓутоа, ова сето не е само мечта на мојата фантазија. Тоа е цела вистина. Само малку им дозволија на тие кутри луѓе да поживеат по свое, да се провеселат како луѓе, да поживеат барем еден час некако во затворот — и човек морално се променува, иако тоа и да е само за неколку мига... Но ете веќе е доцна ноќе. Јас се стреснувам и случајно се разбудувам, гледам: старецот на печката сè уште се моли и ќе се моли таму сè додека се развидели; Алеј тивко спие крај мене. Јас се присетувам дека и заспивајќи тој уште се смееше, прикажувајќи со браќа си за театарот, и неволно се загледувам во неговото спокојно детско лице. Малку по малку јас се присетувам за сè, за последниот ден, празниците, сиот тој месец... Во уплав ја поприкревам главата и ги загледувам моите заспани другари,

при треперливата светлост на државните шестични свеќи. Јас ги гледам нивните бедни лица, нивните бедни легла, сета таа непреодна голотија и беда — се загледувам — и чиниш ми се сака да се уверам дека сето тоа е продолжение на лош сон а не вистинска стварност. Но тоа е вистина: ете се слуша нечие стенкање, некој тешко мавна со раката и свекна со оковите. Друг се стресол насоне и почнал да зборува, а старчето на печката се моли за „сите православни христијани“ и се слуша неговото рамномерно, тивко, провлечено: „Господи Исусе Христе, помилуј нас!“ . . .

— „Па не сум јас тука за вечно, а само на неколку години!“ — си мислам јас и пак ја клавам главата на зглавје.

ВТОР ДЕЛ

I

БОЛНИЦА

Наскоро по празниците јас се разболев и отидов во нашата воена болница. Таа се наоѓаше засебно, на половина врста од тврдината. Таа беше долга, жолто обоена еднокатница. Лете, кога се вршеа поправките, за неа се трошеше окер.[40]) Во големиот двор на болницата се наоѓаа службени простории, домови за болничкото началство и други потребни згради. Во главната зграда беа сместени само болнички одаи. Имаше многу болнички одаи, но затворенички беа само две, секогаш преполнети, а особено лете, така што често беше потребно креветите да се местат што потесно еден до друг. Нашите одаи се исполнуваа со „несреќни луѓе“ од секаков вид. Тука доаѓаа нашите, доаѓаа војници под истрага од разни погранични единици, осудени, неосудени и прогоненици.[41]) Доаѓаа и од поправителните чети, — чудна установа во којашто се испраќаа провинети и неказнети војници од баталјоните за поправање на своето држење, и кои по две и повеќе години излегуваат отаде како такви никаквеци какви што ретко можат да се видат. Обично разболените затвореници кај нас изутрина му пријавуваат за својата болест на подофицерот. Нив уште вед-

---

[40]) Окер — жолта боја, р. охра.

[41]) Прогоненици — т.е. оние што се на пат за местото на своето прогонство.

наш ги запишуваа во книга и со таа книга го испраќаа болниот под стража во баталјонскиот лазарет. Тука докторот ги прегледува прво сите болни од сите воени команди во тврдината, и кого го сметаше навистина за болен го запишуваше за испраќање во болница. Мене ме забележи во книгата, и во два часот попладне, кога сите наши од затворот отидоа на попладневна работа, јас појдов во болницата. Болниот затвореник обично понесуваше со себе колку што можеше пари, јадење, бидејќи не можеше дента да очекува следување, својата мала луличка и ќесето со тутун, кремен и секало. Овие две работи грижливо се сокриваа во чизмите. Јас влегов во болничкиот двор со некакво љубопитство кон таа нова, уште непозната за мене варијација на нашата затворенички живеачка — поминувачка.

Денот беше топол, стуштен и невесел — еден од оние дни кога таквите установи, како болницата, добиваат особено службен, тажен и мрзоволен изглед. Ние со стражарот влеговме во приемната одаја, во којашто имаше две бакарни кади и каде што веќе чекаа двајца болни неосудени затвореници, исто така под стража. Влезе фелтшерот, нè погледна мрзливо и надмоќно и отиде да нè пријави на дежурниот лекар. Тој скоро дојде; нè прегледа, беше многу љубезен спрема нас и ни даде „болнички листи," во кои беа назначени нашите имиња. А понатамошното запишување на болеста, определувањето на лекови, храната и друго му се предоставуваше веќе на оној ординатор што управуваше со затвореничките болнички одаи. Јас уште и порано сум слушал како затворениците не можат да се изнафалат од своите лекари. „Тие ни се исто како родители"! — ми одговараа тие на моите прашања пред да отидам во болницата. Во меѓувреме се преоблековме. Горната и долната облека со која — што бевме дојдени ни ја одзедоа и нè облекоа во болничката облека, а освен тоа ни дадоа долги чорапи, влечки, капи и дебели платнени сиви наметки, опточени со некакво дебело платно или некаква тенка мушама. Со еден збор, наметката беше до немајкаде бер-

батна; но јас дури отпосле сосем видов колку чини. Потоа нè поведоа во затвореничкото одделение што се наоѓаше на крајот на многу долг висок и чист ходник. Насекаде надворешната чистота беше добра; сè што ќе попаднеше од прв поглед в очи светеше. Туку, мене можеби ми се стори така во споредба со нашиот затвор. Двајцата неосудени отидоа во одајата налево, а јас десно. Пред вратата, затворена со железен замбарак, стоеше стражар со пушка, и крај него неговиот помошник. Помлад подофицер од болничката стража му повели да нè пушти и јас се најдов во долга и тесна одаја, крај надолжните ѕидови на којашто беа наредени кревети, на број околу дваесет и два, меѓу кои три-четири не беа зафатени. Креветите беа дрвени, вапцани со зелена боја, мошне познати на сите и секого кај нас во Русија, — оние исти кревети кои, како да им е пишано, никако не можат да бидат без дрвеници. Јас се сместив во ќошето, од онаа страна што беше до прозорците. Како што и реков веќе тука имаше и наши затвореници од затворот. Некои од нив веќе ме познаваа или барем ме виделе порано. Многу повеќе имаше од оние што беа под истрага и од поправните чети. Тешко болни, то ест што не стануваа од леглата имаше малцина. А другите, лесно болни или на оздравување, седеа на леглата или одеа напред-назад низ одајата, во просторот меѓу двата реда кревети, којшто стасуваше за рашетување. Одајата беше прекумерно задушна, исполнета со болнична реа. Воздухот беше загнасен со разни непријатни испарења и реа на лекарства, и покрај тоа што речиси цел ден печката во ќошето гореше. На моето легло беше ставена шарена прекривка. Јас ја симнав. Под прекривката се покажа ќебе, опточено со грубо платно, и дебел чаршаф со мошне сомнителна чистота. Крај леглото стоеше масиче, на кое имаше бокалче и чингена чаша. Сето тоа, колку за редот, се покриваше со даденото ни мало крпче. Под масата имаше и поличка, таму се држеа на оние што пиеја чај чајници, буклиња[42]) со квас и друго; но и меѓу болните имаше

[43]) Буклина — всушност жбани — дрвени посатки.

малцина што пиеја чај. А луличките и ќесињата за тутун што секој ги имаше, не исклучувајќи ги и офтикавите, се криеја под постела. Докторот и другите од началството никогаш не го пребарува и ако и го затечеа некого со луле се правеа дека не виделе. Меѓутоа, и болните беа речиси секогаш претпазливи и одеа да пушат кај печката. Одвај само што ноќе пушеа во самата постела; но ноќе никој не наминуваше во одаите; освен само што ќе мине понекогаш офицерот, началник на болничката стража.

Јас никогаш дотогаш не бев лежал во никоја болница; затоа сè околу мене ми беше необично ново. Јас забележав дека побудувам некакво љубопитство. За мене беа веќе чуле и ме загледуваа многу бесцеремоно, дури со отсенка на некаква згорнина, како што гледаат во училиштето нов ученик или во установа на оној што моли. Оддесно крај мене лежеше еден писар што се наоѓаше под следствие, вонбрачен син на некој капетан во оставка. Тој беше обвинет за правење лажни пари и лежеше веќе цела година, ми се чини, без да е болен од ништо, но којшто лекарите ги уверуваше дека има аневризам. Тој си ја постигна целта: избегна од лежење во затвор и издржување на телесна казна, и тој, по уште една година беше пратен во Т-к, да го држат негде во болница. Тој беше силен и здрав човек, на дваесет и осум години, голем шмеќар и познавач на законите, доста бистар, очиклен и самоуверен млад човек, речиси болно самољубив, што најсериозно се убедил себе дека тој е најчистиот и најсправедлив човек на светов и дека за ништо ни најмалку не е виновен и што секогаш останал со таа убеденост. Тој прв заприкажа со мене, почна со љубопитство да ме распрашува и доста подробно ми расправи за примениот ред во болницата. Тој пред сè, се разбира, ми кажа дека е син на капетан. Тој до немајкаде сакаше да биде сметан за благородник, или барем од „благородните“. Веднаш по него ми пријде еден болен од поправната чета и почна да ме уверува дека тој ги познавал мнозина од порано осудените благородници, именувајќи ги на име и презиме. Тој беше

веќе стар војник, и на лицето му се читаше дека сè лаже. Го викаа Чекунов. Тој, за верување, ми се подмилкуваше, претпоставувајќи дека имам пари. Штом забележи дека имам врзанче со чај и шеќер, тој уште веднаш ми предложи да ми услужи: да ми најде чајник и да ми свари чај. Мене М-цкиј ми вети да ми прати од затворот утредента чајник по некого од затворениците што одеа во болницата по работа. Но Чекунов ја стори сета работа. Тој набави некакво чингено чанче, дури и чаша, зовре вода, свари чај, ми услужуваше со прекумерна усрдност, со коешто уште веднаш предизвика кај еден од болните неколку зајадливи насмевки. Тој што се подбиваше беше болен од офтика, и лежеше спроти мене, се викаше Устјанцев, војник под истрага, оној истиот што исплашен од казната испил шише вино во кое клал мошне тутун, и поради тоа добил офтика; за него јас веќе некогаш порано спомнав. Досега тој лежеше молкум и збивајќи, сериозно и внимателно гледајќи ме и со негодување следејќи го со очи Чекунов. Необичната, жолчна сериозност ѝ придаваше некаков комичен израз на неговата лутина. Најпосле, тој не издржа:

— Глеј го ти, измеќар! Нашол господин! — проговори тој испрекинато, и со зазбиван од немоќност глас. Тој беше во последните денови од својот живот.

Чекунов налутено му се сврти:

— Кој е измеќар? — прозборе тој, презриво гледајќи го Устјанцев.

— Ти си измеќар! — му одговори тој со некаков самоуверен тон, како божем да имаше право да го кара Чекунова и што божем дури бил поставен заради тоа кај него.

— Јас ли сум измеќар?

— Па ти, ами кој! Слушајте, добри луѓе, не верува! Се чуди!

— А што ти е грижа тебе? Гледаш, тие самите на себе оставени се како без раце. Не навикнале без услужување, сè знае. Зошто да не му се услужи, влакномуцунест шутрак ниеден!

— Кој е влакнеста муцка?

— Ти си влакнеста муцка.

— Јас ли сум влакнеста муцка?

— Па ти си!

— А ти си убавец? На самиот лицето му е како чавкино јајце . . . Ако јас сум грд.

— Па и си грд! Веќе и онака господ те отепал, па лежи си таму и пукни! Не, туку се вовирај! Е, де, што се перчиш!

— Што! Нема што, јас подобро на чевел ќе се поклонам, а не на опинок. Татко ми пред никого не виткал грб и мене не ми повелил. Јас . . . јас . . .

Тој сакаше да продолжи, но мачително се закашла неколку минути, 'ркајќи крв. Наскоро студена, заморна пот изби на неговото тесно чело. Кашлицата му пречеше, а инаку тој не би престанал да зборува, по очите му се виѓаше дека уште сака да се кара, но бесилен, тој само мавташе со раката . . . Така што Чекунов при крај веќе и го заборави.

Јас осетив дека јадосаноста на офтикавиот е повеќе управена против мене одошто против Чекунов. За готовноста на Чекунов да услужи и со тоа да спечали некоја копејка никој не би му се лутел нити би го гледал презриво. Секој разбираше дека тој го прави тоа просто заради пари. По тој однос простите луѓе не загледуваат толку и умеат јасно да ги гледаат работите. На Устјанцев не му се свидев заправо јас, не му беше по волја моето пиење чај и тоа што јас и во окови сум како господин, како божем да не можам да се снајдам без прислуга, иако јас ни најмалку не викав нити сакав некакви послушници. Навистина, јас секогаш особено сакав и да не изгледам дека сум неработник, разгален, дека господничам. Во тоа делум се состоеше и моето самољубие, кога веќе така дошло на збор. Но ете, — и никако не разбирам, како тоа секогаш се случуваше така, — што јас никогаш не можев да се откажам од разни услужници и прислужници, коишто сами ми се натрупуваа и најпосле сосем ме завладејуваа, како тие заправо да беа мои господари, а јас нивни слуга; а навидум само по себе излегуваше така дека јас навистина сум господин и

не можам да поминам без прислуга и господничење. Тоа, се разбира, многу ме јадосуваше. Но Устјанцев беше офтикав, раздразлив човек. А другите болни се правеа рамнодушни, дури со некаква отсенка на високомерност. Паметам, сите беа заинтересирани со една особена околност: од разговорите на затворениците јас разбрав дека таа вечер ќе го доведат кај нас еден обвинет, кого тој час го казнувале со праќе. Затворениците го очекуваа новакот со некое љубопитство. Зборуваа меѓутоа дека казната ќе биде лесна — само петстотини прачки.

По малку јас се обзирнав околу себе. Колку што можев да забележам, навистина, сите болни тука лежеа повеќе од скорбут и очни болести — месни болести на тамошниот крај. Во одајата имаше неколцина такви. Другите, навистина болни, боледуваа од треска, разни приштови и отоци, од градни болести. Тука не беше како во други одделенија. Тука беа собрани на куп сите болести, дури и венерични. Јас реков навистина болни, бидејќи имаше и неколцина дојдени тукутака, без да се болни од нешто, да „отпочинат". Лекарите со волја допуштаа такви, од сожалување, особено кога имаше празни кревети.

Лежењето во затвори под следствие и во затворите во споредба со болницата беше дотолку лошо, што мнозина затвореници со задоволство доаѓаа да полежат, и покрај застојаниот воздух и затворената одаја. Имаше дури љубители што особено сакаа да се излежуваат и воопшто на болничка живеачка — поминувачка; меѓутоа, тие беа повеќето од поправителните чети. Јас со љубопитство се загледував во моите нови другари, но, паметам, особено љубопитство кај мене побуди еден од нашиот затвор, што веќе умираше, исто така болен од офтика и што ги преживуваше своите последни дни, којшто лежеше за едно легло подалеку од Устјанцев и по некаков начин ми беше исто така речиси токму наспротива. Него го викаа Михајлов; јас го бев видел во затворот само две недели пред тоа. Тој беше веќе одамна болен и одамна уште требаше да оди да се лекува; но тој со не-

какво упорно и сосем непотребно трпение се совладуваше, крепеше и дури на празниците отиде во болницата за да умре таму по три недели од ужасна офтика; како да изгорел човекот. Мене сега ме вцаши неговото страшно променето лице, коешто јас меѓу првите го забележив при моето доаѓање во затворот; тоа мене тогаш некако ми падна во очи. Крај него лежеше еден војник од поправителна чета, веќе стар човек, страшен и одвратен, запуштен, бербатен парталко... Туку, нема да ги пребројувам сите болни... Јас и сега се присетив за тоа старче, бидејќи тој тогаш исто така ми остави некаков впечаток и во еден миг успеа да ми даде доста полна претстава за некои особености на затвореничкото одделение. Тоа старче, паметам, имаше тогаш голема кивавица. Тој само киваше и цела недела киваше дури и кога спиеше, некако во издишка, по пет-шестпати наеднаш, секојпат редовно прозборувајќи: „Господи, што ме најде ваква казна!“ Тој час си седеше на леглото и некако жедно си го полнеше носот со бурмут од книжното ќесе, за да се искива што посилно и потемелно. Тој киваше во своето шарено шамиче, многупати перено и до немајкаде избледено, при коешто неговото мало носе, некако особено се брчкаше, правејќи безброј многу ситни диплички, и се покажуваа стари поткршени и поцрнети заби, заедно со црвени, лигави непца. Штом ќе се искиваше, тој уште веднаш го отвораше шамичето, внимателно ја разгледуваше изобилно насобраната во него влага и незабавно ја бришеше од својата сива болничка наметка, така што сето остануваше на наметката, а шамичето одвај само што остануваше влажно. Тој правеше така цела недела. Тоа грижливо, скржавничко вардење на своето шамиче за штета на болничката наметка ни најмалку не предизвикуваше никаков протест од страна на болните, иако некој од нив после него требаше да ја облече истата таа наметка. Но нашите луѓе се дотолку негнасливи и негадливи што просто да се чуди човек. Мене тоа дотолку ме задре во тој час што јас неволно почнав со љубопитство да ја загледувам ток-

му што облечената на мене наметка. Јса тогаш забележив дека таа одамна ми го побудуваше вниманието со својата остра реа; таа веќе се беше затоплила од мене и сè повеќе и повеќе мирисаше на лекови, мевлеми и, како што ми се чинеше, на некаков гној, коешто не беше ни најмалку чудно, бидејќи од памтивека таа не беше сметнувана од грбовите на болните. Можеби, нејзината платнена постава на грбот и да ја прале некогаш, но не знам со увереност. Затоа сега таа постава беше просмукана со севозможни непријатни сокови облоги, исипана вода од исечените пликови и слично. Освен тоа, во затвореничкото одделение имаше мошне често тукушто казнети со тепање со прачки, со наранети грбови; нив ги лечеа со облоги, а затоа наметката што се облекува право врз влажната кошула по никој начин не можеше да не се расипува: сè остануваше на неа. И преку сéто време додека бев во затворот, во текот на сите неколку години, секогаш кога ќе ми се случеше да бидам во болница (а одев често) јас секојпат со плашлива недоверливост ја облекував наметката. Особено ми беа одвратни срекаваните понекогаш на нив вошки, јадри и забележително дебели. Затворениците ги казнуваа со наслада, така што, кога под дебелиот грд затворенички нокот ќе пукне казнетата животинка, тогаш дури и на лицето на тој што пошти можеше да се суди за степенот на добиеното задоволување. Кај нас исто така многу ги пизмеа и стениците, и понекогаш, се случуваше, некоја долга, додевна зимна вечер се креваа сите од одајата да ги требат. Иако и во одајата, освен нашата реа, однадвор сè беше по можност чисто, но со внатрешна, така да се каже, налична чистота кај нас не можеше да се пофали. Болните беа навикнати на тоа и дури сметаа дека така и е редно, па и самиот ред не наклонуваше кон некаква особена чистота. Но за редот јас ќе прикажам подоцна...

Тукушто Чекунов ми подаде чај (патем да кажам, од водата во одајата којашто се донесуваше еднаш во денонокието и некако многу брзо се расипуваше во нашиот воздух), некако шумно се отвори вратата и

под засилена стража го воведоа штотуку казнетиот со прачки војник. Тогаш за првпат видов казнет. Отпосле доведуваа често такви некои други и ги донесуваа (веќе многу тешко казнети), и секојпат тоа многу ги забавуваше болните. Таквиот кај нас обично го пречекуваа со присилно строг израз на лицето и дури со некаква донекаде напрегната сериозност. Меѓутоа, пречекот зависеше и од тежината на престапот, а тоа значи и од големината на казната. На многу тешко тепаниот, и на глас голем престапник му се обрнуваше поголемо внимание одошто на некој војник што бегал, ете како овој, на пример, што сега го воведоа. Но и во едниот и во другиот случај не се искажуваа никакви особени сожаленија или некакви особени раздразнителни забелешки. Молчејќи му помагаа на несреќникот и го гледаа, особено ако тој не можеше да помине без туѓа помош. Самите фелтшери веќе знаеја дека тепаниот го предаваат во опитни и смасни раце. Обично помошта се состоеше во често и неопходно менување на натопен во студена вода чаршаф или кошула, со којшто го прекриваа наранетиот грб, особено ако казнетиот не беше во состојба самиот да се гледа, и освен тоа, во опитното вадење на спиците од раните коишто често остануваа во грбот од скршените од него прачки. Последнава операција обично му е многу непријатна на болниот. Но мене воопшто секогаш ме чудеше необичната издржливост на казнетите во поднесувањето на болките. Јас сум видел мнозина, понекогаш и премногу натепани, и речиси ниеден од нив не стенкаше! Само што лицето како божем целото ќе му се смени, ќе побледне, очите му светат; погледот му е расеан, неспокоен, усните му треперат така што кутриот намерно ги каса со заби, понекогаш речиси до раскрвување. Влезениот војник беше млад човек од околу дваесет и три години, јак и мускулест, личен, висок, вит, црномурен. Неговиот грб, меѓутоа беше прописно натепан. Тој беше разголен до самиот појас; на плеќи беше нагрнат со еден влажен чаршаф од којшто тој сиот се тресеше како во грозница, и еден и половина час одеше напред-

назад низ одајата. Јас се загледував в неговото лице, ми се чинеше дека во тој час тој не мислеше за ништо гледаше чудно и диво, со бегол поглед на којшто, очевидно, му беше тешко да го запре вниманието на што и да е. Мене ми се стори дека тој се загледа во мојот чај. Чајот беше жежок, од чашата се креваше пареа, а тој кутриот беше изземнат и се тресеше штракајќи со забите. Јас го поканив да се напие. Тој молкум и остро се сврте накај мене, го испи стоејќи чајот и без шеќер, при коешто мошне брзаше и некако особено се трудеше да не ме гледа. Откако ја испи сета, тој молкум ја остави чашата, и дури без да ми кимне со глава, почна да чекори напред-назад низ одајата. Но нему не му беше ни до зборови ни до кимање! А што се однесува пак до затворениците, сите тие отпрвин којзнае зошто избегнуваа секаков разговор со казнетиот регрут, напротив — откако отпрвин му помогнаа, тие како божем самите да се трудеа да не му обрнуваат повеќе никакво внимание, сакајќи, можеби, колку што е можно повеќе да го остават на спокојство и да не му додеваат со понатамошни распрашувања и „соучества“, од коешто, ми се чини, тој беше сосем задоволен.

Меѓутоа, се стемнуваше, ја запалија ноќната светилка. Се покажа дека некои затвореници, меѓутоа малцина, имаат дури свои сопствени шандани. Најпосле, веќе по вечерната обиколка на лекарот, влезе стражарниот подофицер, ги преброи сите болни, и одајата ја затворија, откако пред тоа го внесоа садот за ноќни потреби... Јас со зачуденост разбрав дека тој сад ќе остане саноќ, додека правото место за излегување по потреба беше уште веднаш во ходникот, сè на сè на само два чекора од вратата. Но веќе таков беше установениот ред. Дење затворениците пак ги пуштаа надвор од одајата, меѓутоа, на не повеќе од една минута; но ноќе никако и за ништо. Затвореничките одделенија не прилегаа на обичните, и болниот затвореник дури и болен ја издржуваше својата казна. Од кого отпрвин бил заведен таков ред — не знам; само знам дека во тоа немаше никаков вистински ред

и дека никогаш повеќе не се покажувала сета бесполезна суштина на формализмот појасна одошто, на пример во овој случај. Тој ред, се разбира, не беше установен од лекарите. Повторувам: затворениците не можеа да се изнафалат од своите лекари, ги сметаа како родители, ги почитаа. Секој ја осетил нивната милозливост спрема себе, чул добар збор; а затвореникот, отфрлен од сите, го ценеше токму затоа што ја гледаше ненаместеноста и искреноста на тој добар збор и таа добра милозливост. Неа можеше и да ја нема; никој не би ги прекорил лекарите ако тие со нас се држеа инаку, то ест погрубо и понечовечно: значи дека тие беа добри од вистинското човекољубие. И, се разбира, тие веќе разбираа дека на болниот, кој и да е тој, затвореник или не, му е потребен исто така свеж воздух како и на секој друг болен, дури и со највисока положба. Болните во другите одделенија, што оздравуваа, на пример, можеа слободно да се рашетуваат низ ходниците, да си додаваат повеќе движење, да дишат воздух што не е толку расипан како воздухот во одаите, тежок и секогаш неизбежно исполнет со задушни испаренија. И страшно и гнасно ми иде да си замислам себе до колкав степен дури ноќе се расипуваше и без тоа веќе отруениот кај нас воздух, кога го внесуваа тој сад, при топлата температура на одајата и при некои болести при кои е невозможно да се мине без излегување по потреба? Ако јас сега реков дека затвореникот и како болен ја поднесува својата казна, тоа, се разбира, не претполагав и не претполагам дека таквиот ред бил заведен толку само заради самата казна. Тоа, се разбира, би била бесмислена клевета од моја страна. Нема зошто повеќе да се накажува болниот? А ако е така тогаш само по себе се разбира дека, за верување, некаква строга, сурова неопходност го принудила началството на таква штетна по своите последици мерка. Но каква? Но токму тоа и јадосува дека со ништо не може барем колку-годе да се објасни неопходноста на таа мерка и освен неа на многу други мерки, дотолку неразбирливи, коишто е невозможно не само да се

објаснат, туку и да се замисли нивното објаснение. Со што да се објасни таквата бесполезна жестокост? Со ова ли, да речеме, дека затвореникот ќе дојде во болницата намерно преправен дека е болен, ќе ги измами лекарите, ќе излезе ноќе по нужда и, ползувајќи се од темнината, ќе избега? Сериозно да се докажува сета несовесност на вакво расудување речиси е невозможно. Каде ќе избега? Како ќе избега? Во што да побегне? Дење пуштаат по еден, исто така би можело да се прави и ноќе. Крај вратата стои стражар со наполнета пушка. Клозетот е далеку само на два чекори од стражарот, но без обзир на тоа дотаму болниот го придружува заменикот на стражарот и ни за миг не го губи од пред очи. Таму има само еден прозорец, зиме со двоен рам и со железна решетка. А во дворот, пак под самиот прозорец, близу до самите прозорци од затвореничките одделенија, саноќ исто така стои стражар. За да се излезе низ прозорецот, треба да се скрши рамот и решетката. А кој ќе го допушти тоа? Па, да речеме, тој првин да го отепа заменикот на стражарот, така што овој да не може ни да писне и никој нема тоа да го чуе. Но ако ја допуштиме можноста и за таква глупост, сепак треба да се искрши рамот и решетката. Имајќи предвид дека веднаш тука близу до стражарот спијат другите од болничката стража а на десетина чекори, крај другото затвореничко одделение стои друг стражар со пушка, крај него друг заменик и други стражари. И каде ќе се бега зиме по чорапи во влечки, со болничка наметка и капа? А кога е така, кога толку малку има опасност (то ест, всушност, нема сосем никаква), — зошто е такво големо отежнување на болните, можеби во последните часови од нивниот живот, болни, на коишто свеж воздух им е уште попотребен одошто на здравите? Зошто? Јас никогаш не можев да го разберам тоа...

Но кога веќе се праша еднаш: „зошто"?, и така паднало на збор, не можам да не споменам сега и за уште нешто, што толку години ми стрчеше пред очи како најзагадочен факт, за којшто јас исто така по

никаков начин не можев да најдам одговор. Не можам да не кажам за тоа барем неколку зборови, пред да продолжам со моето прикажување. Јас тука ги имам на ум оковите од коишто никаква болест не може да го спаси осуденикот. Дури и болни од офтика пред мои очи умираа во окови. А меѓутоа сите беа навикнати на тоа, сите го сметаа тоа за нешто утврдено, неизбежно. Којзнае дури и дали некој се замислил за тоа кога дури на никој од лекарите не му дошло на ум, во текот на сите тие неколку години, да помоли кај началството дозвола да се симнат оковите на тешко болниот затвореник, особено од офтика. Да речеме, самите окови не се богзнае каква тежина. Обично се тешки осум до дванаесет фунти. На здрав човек не му е тешко да носи десет фунти. Меѓутоа, мене ми прикажуваа дека од оковите по неколку години божем нозете почнувале да се сушат. Не знам да ли е тоа вистина, иако сепак тука има извесна веројатност. Тежината, иако мала, иако десет фунти, прикрепена засекогаш на ногата, ја зголемува ненормално тежината на членот и по долго време може да направи штетно дејство... Но, да речеме, дека тоа не е ништо за здрав човек. Но дали е така и за болните? Да речеме дека и за лесно болниот тоа не е тешко. Но дали тоа е така, повторувам, за тешко болните, така ли е, повторувам, за офтикавите, на коишто и без тоа им се сушат рацете и нозете, така што и секоја сламка им станува тешка? И вистина, кога лекарското началство би издејствувало олеснување барем само за офтикавите, тогаш и само тоа би било веќе вистинско и големо доброчинство. Да претпоставиме дека некој ќе рече оти затвореникот е престапник и недостоен за милост; но зар пак да му се удвојува казната на оној, до кого што и онака веќе се допрел прстот Господов? Па и не може да се верува дека тоа се прави само заради казна офтикавиот и на суд се ослободува од телесна казна. Спрема тоа, тука сепак лежи некаква таинствена, значна мерка, во вид на спасителна претпазливост. Но каква? — не може да се разбере. Па нели заправо не може да има основа

за страв дека офтикавиот ќе избега? Кому би му паднало на ум тоа, особено имајќи го предвид определениот степен од напредната болест? Да се престори на офтикав, да ги измами лекарите за да избега — е невозможно. Тоа не е таква болест, се гледа од прв поглед. Па и ова да го речам патем: зар на човека му стават окови на нозете само поради тоа тој да не избега или тие да му попречат да бега? Ни најмалку. Оковите — се само обесчесно одбележување, срам и тежина, физичка и морална. А за бегање тие никогаш на никого не можат да му попречат. Така, во краен случај, се замислува. Најнеопитниот, најнесмасниот затвореник ќе соумее мошне скоро без голема мака да ги преструже или бравата да ја скрши со камен. Оковите на нозете ни најмалку не вардат од ништо, а ако е така, ако тие му се клаваат на осуденикот само заради казна, тогаш јас пак прашувам: зар и тој што умира да се казнува?

И еве сега, додека јас го пишувам ова, живо се сеќавам за еден офтикав на умирачка, оној истиот Михајлов, што лежеше речиси спроти мене, близу до Устјанцев, и којшто, паметам, умре четвртиот ден по моето доаѓање во болницата. Можеби дека јас и заприкажав сега за офтикавите, неволно повторувајќи ги оние впечатоци и оние мисли што уште тогаш ми дојдоа на ум по повод таа смрт. Меѓутоа, самиот Михајлов јас малку го познавав. Тој беше мошне млад човек, на не повеќе од дваесет и пет години, висок, тенок, и со до немајкаде милозлива надворешност. Тој лежеше во посебното одделение и беше за чудо молчалив, секогаш некако тивко, некако спокојно тажен. Чиниш, тој „се сушеше“ во затворот. Така барем за него потоа и се изразуваа затворениците, кај коишто беше оставил добро сеќавање за себе. Паметам само дека тој имаше прекрасни очи, и вистина не знам зошто така јасно се сеќавам за него. Тој умре во три часот попладне, во еден студен и јасен ден. Паметам, сонцето со силни, коси зраци се пробиваше низ зелените, троа подмрзнати стакла на прозорците од нашето одделение. Цел поток од нив се лееше врз кут-

риот. Тој умре не на себеси и тешко, долго се мачеше, неколку часа по ред. Уште од изутрина неговите очи веќе почнуваа да не ги познаваат оние што му приjдуваа. Нему сакаа некако да му олеснат, гледаа дека му е многу тешко; збиваше длабоко, со кркорење; градите високо му се креваа како да не му достигаше воздух. Тој ја сметна од себе покривката, сета облека, и најпосле, почна да ја кине и кошулата. Беше страшно да се гледа таа долга — долга снага, со исушени, им останале само коски и кожа, нозе и раце, со спаднат стомак; со испакнати гради, со ребра што јасно се оцртуваат, како на скелет. На сета негова снага сега беше останато само едно дрвено крвче со амајлија и оковите низ кои, изгледа, тој сега можеше да ја продене исушената нога. Половина час пред неговото умирање сите ние како да стивнавме, почнаа да зборуваат речиси шепотејќи. Оној што чекореше, стапуваше некако нечујно. Меѓу себе малку зборуваа за споредни работи, само одвреме навреме погледнуваа на тој што умираше, што сè повеќе и повеќе кркореше. Најпосле, тој со бессилната рака што блудеше ја џбарна на градите својата амајлија, и почна да ја кине од себе, чиниш и таа му беше тежина, го беспокоеше, душеше. Му ја симнаа и амајлијата. По десетина минути тој умре. Му тропнаа на вратата на стражарот, му јавија. Влезе пазачот, го погледна тапо мртовецот и појде кај фелтшерот. Фелтшерот, младо и добро човече, малку премногу зафатено со својата надворешност, којшто сепак беше доста среќна, наскоро дојде. Со брзи чекори, стапувајќи шумно низ притивнатата одаја, му приjде на покојниот и со некаков особено-ненаместен начин, како божем за ваков начин замислен, го фати за рака да му го види пулсот, го подигна, мавна со раката и излезе. Уште веднаш отидоа да ѝ јават на стражата, престапникот беше важен, од посебното одделение; него и за мртов требаше да го признаат со посебни церемонии. Во очекување на стражарите, некој од затворениците тивко забележи дека не би било лошо да му се затворат очите на умрениот. Друг еден го ислуша внимателно,

молкум му приjде на мртовецот и му ги затвори очите. Кога го виде крвчето што лежеше тука на зглавjето, го зема, го погледна и молкум пак му го кладе на Михajлов пак на шиjата; му го кладе и се прекрсти. Меѓутоа лицето на мртовецот се вкочануваше; еден светол лач поигруваше на него; устата му беше наполовина отворена; од под тенките, прилепнати кон непцата усни светкаа два реда бели, млади заби. Најпосле, влезе стражарниот подофицер со сабjа и во шлем, по него двajца стражари. Тој се приближуваше сè повеќе и повеќе забавувajќи ги чекорите, нерешително погледнувajќи на стивнатите затвореници што сурово го гледаа од сите страни. Дojден на еден чекор до мртовецот, тој се запре, како закопан, како да се исплаши. Сосем разголениот исушен труп, само во окови, го вцаши, и тој одеднаш ja отстегна својата вкаменетост, го сметна шлемот, коешто воопшто не се бараше, и широко се прекрсти. Неговото лице беше тврдо, старешко, изнаслужено. Паметам, во тој ист миг исто тука стоеше Чекунов, исто така побелен старец. Преку сето време тој молкум зацарено се загледуваше во лицето на подофицерот, право и без да мигне, и со некакво чудно внимание се загледуваше во секое негово движење. Но нивните очи се сретнаа, и на Чекунов наеднаш којзнае зошто долната усна му потрепере. Тој ja искриви некако чудно, се озаби и откако брзо, чиниш не сакajќи му кимна на подофицерот кон мртовецот, проговори:

— А и тој исто така имал мајка! — и се тргна настрана.

Паметам, тие зборови мене како да ме пронижаа... И зошто ли ги кажа тој, и како му дошле тие на ум? Но ете почнаа да го креваат трупот, го кренаа заедно со леглото сламата зашушка, оковите звонливо, сред општата тишина, звечкаа на подот... Го кренаа. Го понесоа трупот. Сите наеднаш заприкажаа гласно. Беше чујно како подофицерот, веќе излезен во ходникот, го праќаше некого по ковач. Требаше да му се симнат оковите на мртовецот...

Но jас се оддалечив од предметот...

II

ПРОДОЛЖЕНИЕ

Лекарите ги посетуваа одделенијата претпладне; во единаесет часот тие доаѓаа кај нас сите заедно; придружувајќи го главниот лекар, — на еден и пол час пред нив одделението го посетуваше нашиот ординатор. Во тоа време ординатор кај нас беше еден младичок лекар, што си ја познаваше работата, милозлив и пријатен, когошто затворениците многу го сакаа и му наоѓаа само еден недостиг: „прекумера е краток". Заправо тој беше некако неразговорлив дури како божем да се збркуваше пред нас, за малку само што не поцрвенуваше, ги менуваше следувањата речиси на првото барање на болните и дури, ми се чини, беше готов и лекови да им назначува по нивна желба. Сепак, тој беше прекрасен млад човек. Треба да се признае, многу лекари во Русија се сакани и почитани од простите луѓе, и тоа, доколку сум забележал, е сосем справедливо. Знам дека моите зборови ќе изгледаат како парадокс, особено ако се земе предвид сеопштата недоверба на сиот руски прост народ кон медицината и кон туѓински лекарства. Навистина, простиот човек, патејќи од најтешки болести, поскоро неколку години едно-подруго ќе се лекува по гледачки или со свои домашни простонародни илјачи (кои ни најмалку не треба да се пренабрегнуваат), одошто да отиде на лекар или да лежи во болница. Но освен тоа, што тука има една необично важна околност, што ни најмалку не е во врска со медици-

ната, токму: сеопштата недоверба на сите прости луѓе кон сè што носи формален административен отпечаток; освен тоа народот е забркан и предубеден против болниците од разни стравови, прикажувања, често глупави, но коишто понекогаш имаат своја основа. Но него главно го плашат германскиот ред во болниците, туѓи луѓе околу, преку сето време на болеста, строгостите во однос на храната, прикажувањата за постојаната немилосрдност на фелтшерите и лекарите, за сечење и распорување на трупови и слично. Освен тоа, си размислува народот, ќе лекуваат господа, затоа што лекарите се сепак господа. Но при поблиско запознавање со лекарите, иако и со исклучоци, но во поголем дел, сите тие стравови многу скоро исчезнуваат, коешто по мое мислење, навистина им чини чест на нашите лекари, а предимно на помладите. Поголем дел од нив умеат да ја спечалат почитта и дури љубовта на простите луѓе. Јас барем пишувам за она што самиот сум го видел и преживеал, и немам зошто да мислам дека во други места мошне често се постапува инаку. Се разбира, понекаде лекарите земаат поткуп, мнозина се ползуваат од своите болници, речиси ги пренебрегнуваат болните, дури сосем ја забораваат медицината. Тоа уште го има; но јас зборувам за мнозинството, или подобро речено за оној дух, за онаа насока што сега се остварува во наше време во медицината. А оние отстапници од делото, волци во стадото на овците, што и да приведуваат за свое оправдание, како и да се оправдуваат, на пример, ако сака и со с р е д и н а т а што и нив од своја страна ги убила, секогаш нема да бидат прави, особено ако притоа го изгубиле и човекољубието. А човекољубието, милозливоста, братското сочувство кон болниот понекогаш му е повеќе потребно од какви и да е лекарства. Време е веќе да престанеме да се жалиме апатично на средината, дека таа нè убила. Тоа, да допуштиме, е вистина, дека таа многу нешто во нас убива, но тоа не значи и сè и често некој итер што ја одбира работата никаквец не само една своја слабост, а често и обично подлост, до немајкаде мајстор-

ски ја сокрива и оправдува со влијанието на таа средина, особено ако умее убаво да говори или пишува. Меѓутоа, јас пак се оддалечив од темата; јас сакав само да речам дека простите луѓе се недоверливи и непријателски повеќе кон медицинската администрација, а не кон лекарите. Кога ќе разберат какви се тие всушност, тие брзо ги губат многу од своите предубедувања. А и другите околности на нашите болници сè досега во многу не му одговараат на духот на народот, досега со своите поредоци се непријателски на нашите прости луѓе и не се во состојба да ја спечалат потполната народна доверба и почит. Барем мене ми се чини така од некои мои сопствени впечатоци.

Нашиот ординатор обично се запираше кај секој болен, сериозно и необично внимателно го прегледуваше и распрашуваше, определуваше лекарства и храна. Понекогаш и самиот тој забележуваше дека болниот заправо не боледува од ништо; но бидејќи затвореникот дошол да си отпочине од работа или да си полежи на душек наместо врз голи штици, и најпосле, сепак во топла одаја, а не во влажната корергардија, кај што обично лежат густи грмади бледи и испиени обвинети (обвинетите кај нас речиси секогаш во сета Русија, се бледи и испиени — белег дека нивното држење и душевна состојба речиси секогаш е потешка одошто на осудените); тогаш нашиот ординатор спокојно му запишуваше некаква febris catarhalis и го оставаше да лежи понекогаш дури една недела. Сите кај нас се смееја со тоа febris catarhalis. Многу добро знаеја дека тоа кај нас е примена, по меѓусебна согласност меѓу лекарот и болните, формула за означување на болест од нафол: „резервни бодежи“, како што самите затвореници ја преведуваа febris catarhalis. Понекогаш болниот злоупотребуваше со милосрдноста на лекарот и продолжуваше да лежи сè дотогаш додека сосила не го изгонуваа. Тогаш требаше да се погледа нашиот ординатор. Тој како божем да се плашеше, како божем да се срамуваше направо да му рече на болниот да оздравува што поско-

ро и да бара да го испишат, и ако имаше полно право — просто напросто, без секакви разговори и молења да го испише, напишувајќи на болничката листа sanat est. Тој отпрвин го потсетуваше оддалеку, потоа како да го канеше: „не е ли, вели, време веќе? па ти веќе си здрав, во одделението е тесно“ — и слично и слично дотогаш, додека на самиот болен му стануваше срам, и тој самиот најпосле молеше да го испишат. Најстариот лекар, иако беше и човекољубив и чесен човек, (и него исто така болните многу го сакаа), беше каде и каде построг, порешителен човек, дури и при потреба покажуваше сурова строгост, и поради тоа него кај нас некако особено го почитуваа. Тој доаѓаше по ординаторот, придружен од сите болнички лекари, исто така го прегледуваше секого поодделно, особено се запираше кај тешко болните, секогаш умееше да каже добар, ободрувачки, често дури и срдечен збор и воопшто оставаше добар впечаток. Дојдените со резервни бодежи тој никогаш не ги одбиваше и не ги враќаше назад; но ако самиот болен упорствуваше, тогаш просто напросто го испишуваше, „па што бе брат, доста полежа, отпочина, врви си, треба и за мерка да се знае.“ Обично упорствуваа или мрзливи на работа, особено во работно, летно време, или од уште неосудените, што ја очекуваа својата казна. Паметам, со еден од таквите беше употребена особена строгост, дури суровост, за да се натера да се испише. Тој беше дојден со очна болест: очите му се црвени, се оплакува од голема остра болка во очите. Почнаа да го лекуваат со капки, пијавици, му стркаа во очите некаква лута разјадлива течност и слично, но болеста сепак не поминуваше, очите не се очистуваа. Троа по троа, лекарите се досетија дека болеста е тукутака: воспалението е постојано мало, полошо не станува, но и не се лекува: сè исто си стои. Работата е сомнителна. Сите затвореници уште одамна знаеја дека тој се преправа и ги мами луѓето, иако тој самиот не го признаваше тоа. Тој беше млад човек, дури личен, но којшто оставаше некаков непријатен впечаток на сите нас: притулен, сомнителен, намуртен, со никого

не зборува, гледа на сите напреку, од сите се таи, како во сите да се сомнева. Јас паметам — на некои дури им доаѓаше на ум тој да не стори нешто. Тој беше војник, но страшно се оддал на кражба, бил фатен, и му следувале илјада праќе и затворенички чета. Понекогаш обвинетите, како што јас понапред споменав, за да го оддалечат времето на казната, се решуваат на страшни истапи: ќе го бодне со нож спроти денот на казната некого од началството, или пак својот од иста пола, таков како него брат, затвореник, и го судат наново и казната се одложува за уште еден-два месеца, и тој си ја постига целта. Тој не му мисли дека по два месеца ќе биде казнет двојно, тројно поостро, само сега да се оддалечи страшниот миг, барем за неколку дена, а после веќе нека стане што сака, — дотолку понекогаш многу се изгубуваат и стреснуваат тие несреќници. Некои кај нас веќе си шепотеа помеѓу себе да се вардат од него; не е чудо да го заколе ноќе некого. Меѓутоа, тоа само така го зборуваа, но ништо особено не правеа да се претпазат, дури и оние чии што легла се наоѓаа редум со неговото. Меѓутоа видов дека ноќе тој ги трие очите со вар од ѕидот и со уште нешто друго, за да му бидат пак изутрина црвени. Најпосле главниот лекар го заплаши со фитил за рани. При упорна очна болест, што долго продолжува и кога веќе сите медицински средства се испитани, за да се спаси видот, лекарите се решаваат на грубо и болно средство: му ставаат на болниот фитил, провлечка, како на коњ. Но кутриот и тогаш не се согласи да оздравее. Колку димноглав беше тој човек или пак до немајкаде страшлив, па фитилот, провлечката иако не токму како прат, но исто така многу болеше. На болниот му ја собираат со рака кожата одзади на вратот, колку што може да се собере низ сета зафатена кожа боцнуваат нож, од коешто се прави широка и долга рана, преку сиот тил, и во таа рана протнуваат врвка, мошне дебела, речиси како прст; по тоа секој ден, во определен час, таа врвка ја влечат во раната, така што да ја сечат одново, за да се гнои постојано раната и не

зараснува. Кутриот го поднесуваше, меѓутоа, со ужасни болки и тоа мачење упорно неколку дена, и дури најпосле се согласи да го испишат. Само за еден ден очите му станаа сосем здрави, и штом само му зарасна раната на тилот, отиде во хауптвахта,* за да излезе пак утредента на издржување на својата казна, од илјада пратови.

Се разбира, тежок е часот пред казната, дотолку тежок што јас можеби и грешам наречувајќи го тој страв како малодушност и плашливост. Бездруго да е тешко, штом се изложуваат на двојна, тројна казна, само таа да не се исполни тој час. Јас, меѓутоа, споменав и за такви коишто самите молеа да бидат испишани уште со незараснати рани на грбот од првите пратови, за да ги издржат и останатите удари и сосем да излезат од под судење; а држењето под суд, во хауптвахта, се разбира, за сите е каде и каде полошо одошто во затворот. Но освен разликата во темпераментите, голема ролја во решителноста и бестрашноста на некоја игра и вкоренетата навикнатост на удирање и тепање. Меѓутоа, многупати тепаниот некако зајакнува со духот и со грбот, и најпосле ја гледа казната скептички, речиси како мала неудобност, и веќе не се плаши од неа. Зборувајќи општо, тоа е вистина. Еден наш затвореник од посебното одделение, покрстен Калмик, Александар, или Александра, како што го викаа кај нас, чудно човече, итрец, бестрашен и во исто време многу добродушен, ми раскажуваше како тој ги издржал определените четири илјади пратови, раскажуваше смеејќи и шегувајќи се, но уште веднаш најсериозно се колнеше дека, ако тој уште од детство, од најмало, најнежно прво детство не израснал под камшик, од којшто преку целиот негов живот во племето не гинеле лузните од неговиот грб, тој на никаков начин не би ги поднесол тие четири илјади. Раскажувајќи тој како божем да го благословуваше тоа воспитание со камшик. „Мене постојано ме тепаа, Александар Петрович, — ми зборуваше тој еднаш приквечер, седејќи на моето легло, пред запалува-

*) в заб. 9

њето на свеќите, — за сè и сешто, за што и да е, ме тепаа петнаесет години по ред, уште од оној ден кога сум почнал да знам за себе, секој ден по неколкупати; не ме тепал само оној што не посакал, така што јас најпосле веќе сосем навикнав.“ Како попаднал тој војник, не знам; не паметам меѓутоа, тој можеби ми раскажувал; тој отсекогаш бил бегалец и скитник. Само го паметам неговото раскажување за тоа колку страшно се исплашил тој кога го осудиле на четири илјади пратови, поради убиството на својот началник. „Јас знаев дека мене ќе ме казнат строго, и дека можеби нема да излезам жив од под пратовите, иако бев свикнат на тепање со камшик, но ете од тие четири илјади, — не е шега! па уште сето началство е јадосано, — знаев јас, уверено знаев дека нема така да мине, нема да поминам; нема да ме пуштат да излезам жив од под пратовите. Јас прво се обидов да се покрстам, си мислам, белки ќе ми простат, иако сите мои ми зборуваа дека од таа работа ништо не станува, нема да ми простат, но јас си мислев: сепак ќе се обидам, сепак повеќе ќе им биде жал за покрстениот. Мене и навистина ме покрстија и на светото крштение ми дадоа име Александар; но, а пратовите сепак ми останаа пратови; барем еден да простеа; дури криво ми стана. Си мислам јас за себе: почекај де, на сите ќе ви го скројам. И што мислите вие, Александар Петрович, ги насамарив! Јас до немајкаде добро умеев на мртов да се преправам, т.е. не да речеш сосем мртов, туку ете сега за малку душата ќе му излезе. Ме поведоа; почнаа да ја удираат првата илјада жежи, врескам, почнаа другата, па мислам, ми дојде крајот, дека сосем ме извадија од ум; нозете ми потклекнуваа; јас се кутнав на земја: очите ми станале како на мртовец, лицето модро, не дишам, пена ми излегла на устата. Дојде лекарот: сега вели, ќе умре. Ме однесоа во болница а јас веднаш оживеав. Потоа така уште двапати ме изведуваа, и веќе се лутеа, тие многу ми се беа налутиле, а јас уште двапати ги изиграв; одвај само што ја издржав третата илјада, замрев, а кога почна четвртата, тогаш секој удар како нож во

срце да ме погодуваше, секој удар чинеше за три, толку страшно ме тепаа! Се беа настрвиле на мене! Ете токму таа пуста последна илјада (проклета да е!...) чинеше за сите три први и кога не би замрел пред самиот крај, (останувааа сè на сè само двесте пратови), би ме дотепале уште веднаш до умирачка, но и јас не дозволив да останам подолу, пак ги изиграв и пак замрев; пак поверуваа, па како и да не поверуваат кога лекарот верува, така што тие последните двесте, иако потоа ми ги удрија со сè сила, така ме тепаа, што други пати и две илјади се полесни, но нема, исекни си го носот, не ме отепаа, а зашто не ме отепаа? А ете токму затоа што уште од мал сум израснал под камшик. Затоа и сум жив до денеска. Е, ме тепале, уште како ме тепале мене во мојот живот! — додаде тој на крајот од раскажувањето, како божем во тажна размисла, како божем мачејќки се да се присети и преброи колкупати го тепале. „Но не, — додаде тој, прекинувајќи ја минатата тишина, — и не може да се пресмета колку ме тепале, па и од каде ќе се пресметне? Нема таков број што ќе стаса!“ Тој ме погледна и се насмеа, но толку добродушно што и јас самиот не можев да не му се насмевнам во одговор. „Знаете ли, Александар Петрович, јас и сега, кога сонувам ноќе, тогаш бездруго дека ме тепаат; друго и не ми доаѓа насоне“. Тој навистина, често викаше ноќе и тоа викаше со цел глас, така што затворениците го разбудуваа со туркање: „Еј, ѓавол, што викаш?“ Тој беше здрав човек, невисочок, шалав и весел, на околу четириесет и пет години, живееше дружно со сите, иако многу сакаше да краде и поради тоа многу често го тепаа кај нас, — но па кој не крадеше кај нас, и кој не би бил тепан за тоа?

Да го додадам само ова: јас секогаш се чудев на таа необична добродушност, таа незлобност со која сите тепани раскажуваа за тоа како ги тепале и за оние што ги тепале. Во таквото раскажување, од коешто мене понекогаш срцето ми се креваше, и почнуваше силно и брзо да чука, често не се насетуваше дури ни најмала сенка на лутина или омраза, а тие, ме-

ѓутоа, раскажуваат и се смеат како деца. Ете М-киј, на пример, ми прикажуваше за своето казнување, тој не беше благородник и издржал петстотини. Јас научив за тоа од други и само го прашав: вистина ли е и како било тоа? Тој ми одговори некако кусо, како божем со некаква внатрешна болка, чиниш трудејќи се да не ме гледа, и лицето му поалове; по половина минута тој ме погледна, и во очите му засветка оган, а усните му се затресоа од негодување. Јас осетив дека тој никогаш не може да ја заборави таа страница од своето минато. Но нашите, речиси сите (не гарантирам дека нема исклучоци), гледаа на тоа сосем инаку. Не е возможно, мислев понекогаш јас, тие да се сметаат сосем виновни и дека ја заслужиле казната, особено кога згрешиле не спрема своите, а спрема началството. Повеќето од нив сосем не се обвинуваа себеси. Јас веќе реков дека не сум забележил гризење на совеста, дури и во оние случаи кога престапот беше против своето општество. За престапите против началството нема ни што да се зборува. Мене понекогаш ми се чинеше дека во овој последниов случај имаше свое сопствено, така да се рече, некакво практично, поправо фактичко гледање на работата. Се земаше во обзир судбата, неизбежноста на фактот и тоа не да беше некако размислувано, а туку така, несвесно, како некаква вера. Затвореникот, на пример, иако е секогаш наклонет да се смета за прав во сторените престапи против началството, така што и самото прашање за тоа му се чини бесмислено, но сепак тој практично сознаваше дека началството го разбира неговиот престап сосем поинаку, а значи, тој треба да биде казнет и се фит. Тўку е меѓусебна борба. Притоа престапникот знае и не се сомнева дека е оправдан од судот на својата родна средина, од својата средина на простиот народ, којшто никогаш, тој сепак го знае тоа, нема да го осуди него сосем, а повеќепати и сосем ќе го оправда, само да не згрешил спрема своите, спрема своите од иста пола, такви како него, браќа, против своите родени прости луѓе. Неговата совест е спокојна, а тој со совеста е силен

и не се збркува морално, и тоа е главно. Тој како да чувствува дека има на што да се потпре, и затоа не го мрази, туку станатото со него го прима за неизбежен факт, којшто не почнува со него и нема ни да сврши со него и долго — долго уште ќе се продолжува сред еднаш почнатата пасивна, но упорна борба. Кој војник го мрази лично Турчинот; а ете Турчинот го убива, коли, стрела во него. Меѓутоа, не беа сите раскажувања толку сосем ладнокрвни и рамнодушни. За потпоручник Жеребјатников, на пример, раскажуваа дури со некоја отсенка на негодување, сепак, не многу големо. Уште во првите дни на моето лежење во болницата јас го запознав тој поручник Жеребјатников, се разбира, од раскажувањата на затворениците. Потоа јас некако случајно го видов и лично, кога стоеше кај нас на стража. Тој беше човек на помалку од триесетина години, низок, дебел, тучен, со алови, во сало пливнати образи, со бели заби и ноздревска[44]) громогласна смеа. По лицето му се виѓаше дека тој е човек што најмалку се замислува во светов. Тој страсно љубеше да тепа и казнува со пратови, кога ќе се случеше да го определат него за исполнување на казната. Брзам да додадам дека поручникот Жеребјатников, јас и тогаш го разбирав како изрод меѓу неговите, но истото така го разбираа и самите затвореници. Имаше напред и други како него исполнители, во недамнешното минато, за кое „е свежо преданието, а тешко се верува," коишто сакаа да ја исполнат својата работа старателно и усрдно. Но во поголем дел тоа стануваше наивно и без особено увлечение. А поручникот беше своевиден гастроном во исполнителното дело. Тој ја љубеше, тој страсно ја љубеше исполнителната уметност, и ја љубеше единствено заради уметноста. Тој се насладуваше од неа, и како комбусан и свенат од наслади патриций од времето на римската империја, си изнајдуваше разни утенчености, разни противприродности, за да може колку-толку да ја раздвижи и пријатно поскокотка

[44]) Ноздрев — херој од „Мртви души" на Гоголь.

својата потоната во сало душа. Ете го изведуваат затвореникот за казнување; Жеребјатников е определен за егзекутор; — само еден поглед на долгиот, построен ред на луѓето со дебели пратови веќе ги вдохновува. Тој задоволно ги прегледува редовите и остро подвлекува секој старателно, совесно, да си ја гледа работата, инаку... Но војниците веќе знаеја што значи тоа и н а к у. Но ете го доведуваат и самиот престапник, и ако тој уште дотогаш не го познава Жеребјатников, ако уште не слушал за него сè подробно, тогаш еве каква, на пример, шега изведува овој со него. (Се разбира, оваа тука е една од стотина други шеги; поручникот беше неисцрпен во пронајдувања.) Секој затвореник, во тој час кога го соблекуваат и рацете му ги врзуваат за кундакот на пушките, со коишто по таков начин потоа подофицерите го влечат низ сета „зелена улица", — секој затвореник, исполнувајќи го општиот обичај секогаш во тој час почнува со плачлив и жален глас да го моли исполнителот да го казни поблаго и да не ја отежнува двојно казната со излишна строгост: „Ваше благородие, — вика несреќниот — смилете ми се, бидете ми како роден татко, направете цел век да му се молам на господа за ваше добро, не погубувајте ме, бидете милосрдни". Жеребјатников, така беше, само тоа и го чекаше, уште веднаш ќе го запре исполнувањето на казната и исто така со расчувствуван изглед почнува разговор со затвореникот:

— Па што да правам, — зборува тој, — пријателе, со тебе? Не те казнувам јас, туку законот!

— Ваше благородие, сè е во ваши раце, бидете милосрдни!

— А ти мислиш дека мене не ми е жал за тебе? Ти мислиш, мене ми прави задоволство да гледам како ќе те тепаат? Па и самиот јас сум исто така човек! Што мислиш ти, човек ли сум јас или не?

— Се знае тоа, ваше благородие, ја разбираме работата; вие сте татковци, ние деца. Бидете роден татко! — вика затвореникот, почнувајќи веќе да се надева.

— Па премисли самиот, пријателе; имаш ум да премислиш: па и јас самиот знам дека поради човечност треба и тебе, грешник, да те гледам благо и милостиво.

— Самата вистина, ваше благородие, ви се молам, ја зборувате!

— Да, милостиво треба да гледам, колку и да си грешен. Но ете тука немам збор јас, туку законот. Помисли! Па јас му служам на Бога и татковината; па јас голем грев ќе земам на душа ако го ублажам законот, помисли си ти за тоа!

— Ваше благородие!

— Па што тогаш? Нека биде така, заради тебе! Знам дека грешам заради тебе, но нека биде така.. Ќе ти се смилувам јас овојпат, благо ќе те казнам. Но, а што ќе биде ако јас со тоа на самиот тебе ти штетам! Ете сега јас ќе ти се смилувам, благо ќе те казнам, а ти ќе се понадееш дека и другпат ќе биде исто така, и пак ќе направиш престап, тогаш што да чиниме? Па на душа ми . . .

— Ваше благородие! Нема да го сторам ни на пријател ни на непријател. Ете ви се колнам како пред престолот на небесниот создател . . .

— Е, тогаш добро, добро! А ќе ми се заколнеш ли дека и натаму добро ќе се држиш?

— Господ да ме отепа, на оној свет да ме . . .

— Не колни се, грев е. Јас и на збор ќе ти поверувам, даваш ли збор?

— Ваше благородие . . .

— Е, слушај тогаш, ти се смилувам јас само заради солзите твои на сираче; ти нели си сираче?

— Сираче, ваше благородие, сам сум како прст, ни татко ни мајка . . .

— Е, тогаш заради солзите твои на сираче; но гледај ова ти е вака за последен пат . . . водете го, — додава тој со толку благосрдечен глас што затворени кот веќе и не знае со какви молитви да му се моли на господа за доброто на тој милосрдник. Но ете кај тргна страшната процесија, го поведоа, зачука барабанот, замавтаа првите пратови . . . „Удри! вика колку

го држи гласот Жеребјатников. — Изгори го! Удри, удри! Мавај! Уште! Уште! Посилно удрете го сирачето, посилно никаквецот! Суреди му го грбот, суреди го!“ И војниците маваат со сè сила, искри му прскаат од очите на кутриот, тој почнува да вика, а Жеребјатников трча по него покрај редот на војниците и се кикоти, кикоти, се залебнува од смеа, се потпира на слабините, не може да се исправи од смеа, така што најпосле дури и жално ви станува, за него, срдечниот. И ете се радува, и му е смешно, и само одвреме навреме — ќе се прекине неговата звонлива, здрава и громогласна смеа, и пак се слуша: „удри го, удри! Изгори го, никаквецот, изгори го сирачето!...“

А еве уште какви варијации пронајдуваше тој: ќе го изведат за казна, затвореникот пак почнува да се моли. Жеребјатников овојпат не се преправа, не се виличи, а почнува отворено: „— Гледај што, љубезен, — зборува тој, — ќе те казнам јас како што треба, затоа што ти си го заслужил тоа. Но еве, ако сакаш, што ќе сторам за тебе: нема да те врзам за пушките. Сам ќе појдеш, но само поинаку. Трчај колку што можеш низ целиот ред! Тогаш и да те удри секој прат, барем поскоро ќе се сврши работата, како мислиш? Сакаш да обидеш?“

Затвореникот слуша во недоумица, со недоверба, и се задумува: „па што, — си мисли тој засебе, — а можеби тоа и навистина ќе биде полесно; ќе претрчам колку што имам сила, тогаш маката петпати ќе биде покуса, а можеби и нема да ме удри секој прат!“

— Добро, ваше благородие, сум согласен.

— Па, и јас сум согласен, трчај. А вие гледајте, не се проседајте! — им вика тој на војниците, знаејќи сепак дека ниеден прат нема да го пропушти виновниот грб: војникот што ќе пропушти исто така добро знае што го чека. Затвореникот се втурнува да трча колку што има сила по „зелената улица“, но се разбира, не претрчува ни петнаесет војници: пратовите како ситно барабанење, како молскавица, одеднаш, вкупно му се истуруваат врз грбот, и кутриот со вик

се ничкосува како поткосен, како погоден од куршум. — „Не, ваше благородие, тогаш подобро по законот", вели тој, со мака кревајќи се од земја, блед и исплашен, а Жеребјатников, којшто од порано ја знаел таа шега и што ќе излезе од неа се кикоти, се залебнува од смеа. Но и не можат да се опишат сите негови забави и сето она што кај нас го раскажуваа за него!

Неколку поинаку, во друг тон и дух, раскажуваа кај нас за еден поручник Смекалов, што во нашиот затвор беше командир пред да го назначат на таа должност нашиот мајор. Иако за Жеребјатников раскажуваа доста рамнодушно, без особена злоба, но сепак не се љубуваа на неговите подвизи, а се виѓаше дека се гнасеа од нив, дури некако одвисоко го презираа. Но за поручникот Смекалов кај нас се сеќаваа со радост и наслада. Работата е во тоа што тој ни најмалку не беше некој особен љубител за тепање; тој ни најмалку немаше чисто жеребјатнишки елементи. Но сепак тој ни најмалку не беше против и да истепа; токму во тоа е и работата, што за самото негово тепање кај нас се сеќава со некаква пријатна наслада, — дотолку тој човек умееше да им угоди на затворениците! А со што? Со што заслужил тој таква популарност? Вистина, нашите луѓе, како можеби и сиот руски народ, се готовни да забораваат секакви маки, само заради еден милозлив збор; го зборувам тоа како факт, не разгледувајќи го овој час ни од една ни од друга страна. Не беше тешко на нашите луѓе да им се угоди и да се добие популарност кај нив. Но поручникот Смекалов придоби о с о б е н а популарност — така што дури и за тоа, како тепал тој, се споменуваше речиси со трогнатост. „Татко не ти треба", зборуваат понекогаш затворениците и дури издивнуваат, споредувајќи го нивниот поранешен началник со сегашниот мајор.

„Душа човек!" — Тој беше прост човек, дури можеби и добар на свој начин. Но, се случува, се среќава не само добар, туку и великодушен човек како началник, и па што? — сите не го сакаат, а на некого гледаш и просто му се потсмеваат. Работата е во тоа,

што Смекалов умееше некако така да направи што сите кај нас го признаваа за с в о ј човек, а тоа е големо умеење, или поправо да се каже, вродена способност, за која не се замислуваат дури и оние што ја имаат. Чудна работа, меѓу таквите дури има и сосем лоши луѓе, а меѓутоа добиваат понекогаш голема популарност. Тие не се гнасат, не се гадат спрема потчинетите луѓе, — ете каде е, ми се чини, причината! Нема кај нив да се види белорака господштина, нема да се забележи господски дух, а има во нив некаков особен простонароден здив, што им е вроден, и Боже мој, колку народот е осетлив за него. И што нема да даде за него! Готовен е да го смени најмилосрдниот човек за најстрог само ако овој мириса со нивниот сопствен, конопен здив. А што станува ако тој човек со познат здив, освен тоа е и навистина добродушен иако и на свој начин? Тогаш веќе нема ни цена за него! Поручникот Смекалов, како што веќе и реков, понекогаш казнуваше и посурово, но тој умееше тоа така да го направи што не само што не му се лутеа, но дури напротив, сега во мое време, кога сè веќе одамна поминало, се сеќаваа за неговите ш е г и при тепањето со смеа и со наслада. Меѓутоа, тој немаше многу такви шеги: не му достасуваше уметничка фантазија. Да ја речеме вистината, знаеше сè на сè само една шега, една единствена, со којашто речиси цела година се забавуваа кај нас: но, можеби таа токму затоа и беше сакана само заради тоа што беше единствена. Имаше во тоа многу наивност. Ќе доведат, на пример, виновен затвореник. Смекалов сам ќе излезе за исполнување на казната, ќе дојде со насмевка, со шега, уште веднаш ќе го распраша виновникот, за нешто подруго, за некакви лични, домашни, затворенички работи, и ни најмалку со некаква цел, не со некаква намера, туку така з а т о а ш т о н а в и с т и н а с а к а д а з н а е з а т и е р а б о т и. Ќе донесат пратови, за Смекалов стол; тој ќе седне на него, дури и луле ќе си запали. Имаше една таква долга лула. Затвореникот почнува да се моли . . . „Не бива, брат, легнувај, нема тука што . . .“ — ќе рече

Смекалов; затвореникот ќе издивне и ќе легне. — „Ајде, љубезен, знаеш ли ти таква и таква молитва, напамет“? — „Како да не знам, ваше благородие, нели сме крстени, од мали сме ја учеле.“ — „Па тогаш читај!“ — и затвореникот веќе знае што ќе чита и однапред знае што ќе стане при тоа читање, затоа што таа шега триесетпати пред него се повторувала со други. Па и самиот Смекалов знае дека затвореникот го знае тоа; знае дека дури и војниците што стојат со кренати пратови над легнатата жртва, одамна веќе слушале за таа шега, и сепак тој пак ја повторува; — дотолку таа еднаш засекогаш му се свидела, можеби токму поради тоа, што тој ја измислил, од литературно самољубие. Затвореникот почнува да чита, луѓето со пратовите чекаат, а Смекалов дури ќе се припокрене од местото, ќе крене рака, ќе престане да ја пуши лулата, го чека познатиот збор. По првиот ред на познатите на секого стихови затвореникот најпосле доаѓа до зборот: „Н а н е б е с и“. Само толку и треба. „Стој!“ — вика распламенетиот поручник и во миг со вдахновен гест, обрнувајќи му се на човекот што го кренал пратот, вика: „А ти нему му поднеси!“ И прснува во смеа. Застанатите наоколу војници исто така се насмевнуваат: се насмевнува оној што тепа, замалку само што не се насмевнува дури и тепаниот, не гледајќи на тоа дека по командата „п о д н е с и“ — пратот веќе фучи во воздухот, дека по еден миг како камшик ќе го режне по неговата виновна снага. И Смекалов се радува, се радува толку од тоа што ете толку добро го замислил — и с а м и о т — го составил: „на себеси“ — и „поднеси“, и згора на тоа и се римува дури. И Смекалов си заминува од местото на казната сосем задоволен со себе, па и тепаниот исто така си оди речиси задоволен од себе и од Смекалов, и гледаш — после половина час веќе раскажува во затворот, како и сега, за триесет и првпат се повторила веќе триесетпати пред ова повторената шега. „Со еден збор, душа човек! Веселник!“

Дури понекогаш како некаква маниловштина се одзиваа со сеќавања за предобриот поручник.

„Ете така, браќа, си беше, одам јас! — раскажува некој затвореник, и сето лице му се насмевнува од сеќавање, — си одам, а тој веќе седи со насмевка под прозорецот, чајче си пие луличка си пуши. Ја симнувам капата. — Каде бе, Арсењев?

— Па на работа, Михаил Василич, најпрво во работилницата треба. — Ќе се насмее... т.е. душа човек! Со еден збор, душичка!“

— И не можеш да најдеш таков како него! — додава некој од слушателите.

III

ПРОДОЛЖЕНИЕ[45])

Јас заприкажав сега за казнувањата, како и за разни исполнители на тие интересни должности, заправо затоа, што дури тогаш, кога дојдов во болницата добив нагледна претстава за сите тие работи. Дотогаш јас знаев за нив само по слушање. Во нашите две одделенија се доведуваа сите казнети со тепање со пратови, обвиненици од сите баталјони, затворенички одделенија и други воени команди што се наоѓаа во нашиот град и сета негова околија. Во тоа прво време, кога јас сè уште така жедно се загледував во сето она што стануваше околу мене, сите тие чудни поредоци, сите казнети и што се готвеа да бидат казнети, природно ми оставаа до немајкаде силен впечаток. Јас бев возбуден, збркан и исплашен. Паметам дека тогаш јас веќе наеднаш и нестрпливо почнав да вникнувам во сите подробности на тие нови појави, да слушам разговори и раскажувања на другите затвореници на таа тема, самиот ги распрашував, барав одговори. Јас, меѓу другото, бездруго сакав да ги знам сите степени на пресуди и нивните исполнувања, сите нијанси на тие исполненија како гледаат на сето тоа самите затвореници; јас се трудев да си ја претставам психолошката состојба на оние што одеа да си ја

[45]) Сево ова што јас го пишувам тука за казнувањата и казните беше во време на моето лежење во затворот. Сега, како сум чул, сето тоа се изменило и се изменува (Ф.Д.)

издржат казната. Јас веќе реков дека ретко кој е ладнокрвен пред казната, не исклучувајќи ги дури и оние што веќе порано биле повеќепати и многу тепани. Тогаш осуденият воопшто го обзема некаков остар, но чисто физички страв, неволен и несовладлив, што го придружува сето морално суштество на човека. Јас и подоцна, во текот на сите тие неколку години од мојот затворски живот, неволно се загледував во оние што по издржаната половина, откако ќе одлежеа во болницата и ќе им зараснеше грбот, се испишуваа од болницата, за да ја издржат утредента останатата половина од досудените пратови. Таа поделба на казната на две половини секогаш станува по решение на лекарот што присуствува при исполнувањето на казната. Ако определениот спрема престапот број на ударите е голем, така што затвореникот не може наеднаш да ги издржи сите, тогаш му го поделуваат тој број на два, дури на три дела, спрема тоа што ќе рече лекарот во време веќе на самото исполнение на казната, т.е. дали казнуваниот може да продолжи да оди натаму низ стројот или тоа ќе биде опасно за неговиот живот. Обично петстотини, илјада и дури илјада и петстотини се издржуваат на еден пат, но ако пресудата е на две или три илјади, тогаш исполнението се дели на два, дури и трипати. Оние што ќе го залечеа својот грб по првата половина и излегуваа од болницата, за да ја издржат втората половина, на денот на испишувањето и спроти него беа необично мрачни, стуштени, неразговорливи. Кај нив се забележуваше некаква умствена затапеност, некаква неприродна расеаност. Таквиот не стапува во разговори и повеќе молчи; најинтересно е дека и самите затвореници не зборуваат никогаш со таквиот и се трудат да не го споменуваат она што го очекува. Нема ниеден излишен збор ни утеха; дури се трудат и воопшто сосем малку да му обрнуваат внимание на таквиот. Тоа, се разбира, е подобро за виновникот. Има и исклучоци, како на пример Орлов, за кого што јас веќе раскажував. По издржаната половина од казната тој се јадосуваше само за тоа, што раните од

рбот уште не му зараснуваат и што не може поскоро да се испише, за да ги издржи што поскоро останатите удари, да појде со дружина такви на определеното му место на прогонство и патем да бега. Но овој го крепеше целта и, господ знае што му беше на ум. Тој беше страсна и жилава природа. Тој беше многу задоволен, силно возбуден, иако ги потиснуваше своите чувства. Работата е во тоа, што тој уште пред исполнувањето на првата половина мислел дека нема да може да излезе жив од под пратовите и дека бездруго ќе умре. Нему ете му доаѓале, уште кога бил под суд, разни гласови за намерите на началството; тој уште тогаш се готвел за умирачка. Но, кога ја изминал првата половина, тој се охрабри. Тој дојде во болницата натепан до умирачка; јас уште никогаш не бев видел такви рани; но тој дојде со радост во душата, со надеж дека ќе остане жив, дека гласовите биле лажни, дека ете сега го пуштија од под пратови, така што сега, по долго лежење под суд, нему веќе му се привсенува пат, бегство, полиња и шуми... на два дни по испишувањето од болницата тој умре во истата таа болница, на поранешното легло, не можел да ја издржи втората половина. Но јас веќе споменав за тоа.

И сепак, истите тие затвореници, коишто поминуваа такви тешки денови и ноќи пред самата казна, самата казна ја поднесуваа машки, не исклучувајќи ги ни најмалодушните. Јас ретко слушав стенкања, дури и првата ноќ по нивното доаѓање, често дури и од оние што беа до немајкаде тешко натепани; воопшто, народот умее да трпи болка. Јас многу се распрашував што се однесува за болките. Јас понекогаш сакав определено да разберам колку голема е таа болка, со што, најпосле, може да се спореди? Вистина, не знам зошто сакав да го разберам тоа. Паметам само дека тоа не го правев само од просто љубопитство. Повторувам, јас бев возбуден и потресен. Но кого и да го прашав, јас никако не можев да добијам задоволителен за мене одговор. Жежи, како од оган да гори, — тоа е сè што можев да разберам, и тоа им

беше единствен одговор на сите. Жежи и — ништо повеќе. Во тоа исто прво време, зближен повеќе со М-м, јас и него го распрашував. „— Боли, — одговараше тој, — многу; а чувствуваш — како да те жежи од оган, како божем грбот ти се пече на најсилен оган.“ Со еден збор, сите до еден ми одговорија исто. Сепак, паметам, јас тогаш забележав нешто чудно, за чија што вистинитост не сум уверен; но еднаквоста на мислењата на самите затвореници многу го поткрепуваа: тоа е дека тепањето со прачки, ако се удираат во поголем број, е најтешката од сите кај нас употребувани казни. Од прв поглед би се чинело дека тоа е бесмислено и недозволено. Но сепак од петстотини, дури четиристотини прачки може човек на мртво да се натепа, а со повеќе од петстотини речиси бездруго. Илјада прачки одеднаш не може да поднесе дури ни човек со најздрава снага. Меѓутоа, илјада палки може да ги издржи без секаква опасност по живот дури и послаб со снагата човек. Дури со две илјади палки не може да се отепа човек со средна сила и јака снага. Сите затвореници зборуваа дека тепањето со прачки е полошо од она со стапови. „Прачките повеќе болат, — зборуваат тие; маките се повеќе“. Се разбира, тепањето со прачка е помачно од она со стапови. Тие повеќе раздразнуваат, дејствуваат посилно на нервите, ги возбудуваат прекумера и потресуваат повеќе одошто е можно. Јас не знам како е сега, но во недамнешното минато имаше центлмени на кои можноста да ја натепаат својата жртва им достасуваше нешто што потсетува на маркизот од де Сад и Бренвил. Јас мислам дека во тоа чувство има нешто такво — од коешто на тие центлмени им замира срцето, слатко и мачително во исто време. Има луѓе што како тигри се жедни да лизнат крв. Оној што еднаш ја испитал таа моќ, таа безгранична власт над снагата, крвта и духот на исто таков како и самиот него човек, исто така создаден, брат по законот Христов; којшто ја осетил моќта и потполната можност да го понижи со најдолно понижение друго суштество, што на себе го носи ликот Господов, тој веќе

и несакајќи губи власт над своите чувства. Тиранството е навик; тоа има способност за развиток, тоа најпосле станува болест. Јас стојам на гледиштето дека и најдобар човек може да огрубее и од навик да затапее како ѕвер. Крвта и власта опијануваат: развиваат загрубеност, расипаност; на умот и чувството му стануваат достапни и најпосле благи и најненормалните појави. Во тираниот загинуваат засекогаш човекот и граѓанинот, а враќањето кон човечко достоинство, кон каење, преродба станува за него веќе речиси невозможно. Можноста за такво своеволие, освен тоа, на пример, дејствува заразително и на сето општество: таквата моќ соблазнува. Она општество што рамнодушно гледа на таква појава, веќе самото е заразено во својата основа. Со еден збор, правото за телесно казнување, дадено на еден над друг, е една од сараците на општеството, е едно од најсилните средства за уништувањето во него на секој 'ркулец, секој обид за граѓанска свест и потполна основа за неговото неизбежно и бездруго распаѓање.

Во општеството се гнасат од џелатот, но од џелат-џентлмен ни најмалку. Дури неодамна, во последно време, се искажа спротивно мислење, но се искажа уште само во книги, обопштено. Дури и оние што го искажуваат ова, уште не успеале сите да ја задушат во себе таа потреба за самоволност. Дури секој фабрикант, секој претприемач бездруго сеќава некакво раздразливо задоволство токму од тоа што понекогаш неговиот работник, сиот, со сето свое семејство, зависи единствено од него. Тоа навистина е така; а толку скоро не се ослободува поколението од она што наследно лежи во него; не толку скоро се откажува човек од она што му влегло во крвта, што го примил, така да се каже, заедно со мајчиното млеко. Не постојат такви брзи пресврти. Да се признае вината и наследениот од татковците грев не е доста, е уште многу малку; треба сосем од него да се одучи. А тоа не станува така брзо.

Јас заприкажав за џелатот. Својствата на џелатот во никулец се наоѓаат речиси во секој современ човек. Но не кај сите луѓе подеднакво се развиваат сверските својства. А ако пак кај некого во својот развиток тие ги надвасуваат сите други негови својства тогаш таквиот човек, се разбира, станува ужасен и грд. Има два вида џелати: едни стануваат тоа доброволно, а другите по принуда, по должност. Доброволникот џелат се разбира, е во секој однос подолу од принудениот, од кого што, сепак, толку се гнаси народот, се гнаси до ужас, до гроза, до несвесен, речиси мистичен страв. Од каде пак доаѓа овој речиси суеверен страв од едниот џелат, и толкава рамнодушност, уште за малку речиси одобрување на другиот? Има примери што се прекумера чудни: јас познавав некои луѓе дури добри, дури чесни, дури почитани во општеството, а меѓутоа тие, на пример не можеа ладнокрвно да поднесат ако казнуваниот при тепањето не вика, не моли и не проколнува за поштеда. Така е восприемено; тоа се смета и за прилично и неопходно, и кога еднаш, жртвата не сакаше да вика, исполнителот на казната, кого што јас го познавав и којшто во друг однос можеше да се смета дури и за добар човек, дури лично се навреди од вакво држење. Тој отпрвин сакаше благо да го казни провинетиот, но штом не ги чу обичните „ваше благородие, бидете како роден татко, смилете ми се, вечно ќе му се молам на господа за ваше добро“ и сл., — падна во јарост и додаде педесет прачки повеќе да му удрат сакајќи да го натера да вика и моли — и успеа. „Не бива инаку, тоа не е редно, е грубост!“ — ми одговори тој многу сериозно. Што се однесува за вистинскиот џелат, принуден, задолжен, тој, се знае, е затвореник, осуден и испратен на прогонство, но оставен за џелат; откако се учи кај друг џелат и изучува кај него, тој е оставен засекогаш при затворот, кај што го држат засебно, во засебна одаја, што има дури и свое стопанство, но којшто речиси секогаш се наоѓа под стража. Се разбира, жив човек не е машина; и ако џелатот тепа по должност, но понекогаш

исто така го обзема страст, но иако тепа со извесно за себе задоволство, сепак речиси никогаш лично не ја мрази својата жртва. Смасноста на ударот, познавањето на својата работа, желбата да се покаже пред своите другари и пред публиката, го потспотнуваат неговото самољубие. Тој си ја работи работата само заради уметност. Освен тоа тој добро знае дека тој е од сите отфрлен, дека насекаде го пресретнуваат и испраќаат со суеверен страв и не може уверено да се тврди дека тоа не останува без влијание врз него, не ги засилува неговиот бес, неговите sверски наклоности. Дури децата знаат дека за него „нема ни татко ни мајка". Чудна работа, колку што мене ми се случувало да гледам џелати, сите тие беа развиени луѓе, со смисла, умни и необично самољубиви, дури горди. Дали таа гордост се развила кај нив како отпор спрот сеопштото кон нив презирање; дали се засилувала таа од сознавањето на стравот што ја обзема од нив жртвата и чувството на моќ над неа — не знам. Можеби дека дури самата парадност и театралност на околностите во кои тие се јавуваат на ешафотот пред публиката спомага за развивањето кај нив на некоја високомерност. Паметам, мене еднаш ми се случи во текот на извесно време често да го среќавам и одблизу да го гледам еден џелат. Тој беше обичен човек на среден (бој), мускулест, слабунест, на четириесетина години, со доста пријатно и умно лице и кадрава коса. Тој секогаш беше необично, важен, спокоен; навидум се држеше џентлменски, одговараше секогаш кусо, смислено и дури милозливо, но некако високомерно милозливо, како божем да се гордееше и перчеше со нешто пред мене. Стражарните офицери често заприкажуваа со него, и навистина, дури — како божем со некаква почит спрема него. Тој го сознаваше тоа и пред началниците намерно ја удвојуваше својата учтивост, студенина и чувство на сопствено достоинство. Доколку помилозливо зборуваше со него началникот, дотолку повеќе тој изгледаше повоздржан, и иако ни најмалку не отстапуваше од истенчена учтивост, сепак јас сум уверен дека во тој час тој се сметаше себеси за безмерно погоре од началникот што

разговараше со него. Тоа и на лицето му се читаше. Се случуваше што понекогаш во многу жежок летен ден го испраќаа под стража со тенок долг кол да ги сотира кучињата во градот. Во тој град имаше прекумерно многу кучиња, што сосем никому не му припаѓаа и коишто се штенеа со необична брзина. Во жешки денови тие стануваа опасни, и за нивното истребување по повелба на началството се испраќаше џелатот. Но дури и оваа понизна должност него очевидно ни најмалку не го понижуваше. Требаше да се види со колкаво достоинство тој одеше низ градските улици, придружуван од постанатиот стражар, плашејќи ги со самиот свој изглед сретнатите патем жени и деца, колку спокојно и дури одозгора ги гледаше сите пресретнати. Сепак, џелатите живеат убаво. Тие имаат пари, јадат и пијат мошне добро. Пари добиваат од поткуп. Цивилниот виновник, којшто е осуден да издржи казна, пред тоа барем колку-толку, ако сака и од последните пари, но го дарува џелатот. Но од некои богати виновници тие сами им земаат определувајќи ја сумата спрема веројатните можни средства на затвореникот, земаат и по триесет рубли, а понекогаш дури и повеќе. Со мошне богатите дури и многу се спогодуваат. Џелатот се разбира, не може многу слабо да казни за тоа тој одговара самиот со својот грб. Но затоа пак, за извесен откуп тој ѝ ветува на жртвата дека нема да ја натепа многу мачително. Речиси секогаш се согласуваат со неговиот предлог; бидејќи инаку тој навистина казнува варварски и тоа потполно е во негови раце. Се случува што тој наложува значителна сума дури на многу беден обвинет; тогаш неговите роднини одат, се погодуваат, го молат и не му чини алот ако не го задоволат. Во такви случаи нему многу му помага суеверниот страв што ги обзема луѓето од него. Какви ли не само чудесии се прикажуваат за џелатите! Меѓутоа, самите затвореници ме уверуваат дека џелатот може со еден удар да го отепа човека. Но, прво, кога било испитано тоа? Туку сепак, можеби е така. За тоа зборуваат мошне потврдно. А самиот џелат ме уверуваше дека тој може да го стори тоа. Исто така зборуваа

дека џелатот може со полн замав по грбот да го удри престапникот така, што ни најмала модрица да не излезе, и престапникот да не сети ни најмала болка. Меѓутоа, за сите тие унери и истенчености се знаат веќе мошне многу прикажувања. Но дури џелатот и да земе мито за да казни поблаго, сепак првиот удар го прави со цел размав и со сѐ сила. Тоа кај нив дури станало обичај. Следните удари тој ги ублажува, особено ако однапред му платиле. Но првиот удар, сеедно дали му платиле или не, — е негов. Навистина не знам зошто го правеа тие тоа така? Затоа ли наеднаш да се свикне жртвата на понатамошните удари, сметајќи дека по многу тешкиот удар следните ќе изгледаат не толку мачителни, или тука напросто е желба да се посилат пред жртвата да ѝ влеат страв, да ја вцашат уште од првина за да знае со кого има работа, со еден збор, да се покажат. Во секој случај, пред исполнувањето на казната, џелатот се чувствува возбуден, ја сеќава својата сила, се сознава за господар, тој во овој час е артист, нему му се љубува и се ужасува од него публиката, и тој веќе, се разбира, не без наслада ѝ вика на својата жртва пред првиот удар: „Држ се, ќе те треснам!“ — обичните и судбоносни зборови во тој случај. Тешко е да се замисли до колку може да се унакаже човечката природа.

Во тоа прво време, лежејќи во болницата, јас се изнаслушав секакви такви затворенички прикажувања. На сите ни беше страшно здодевно да лежиме. Сите денови толку многу прилегаа еден на друг! Претпладне пак нѐ забавуваше посетата на лекарите и потоа скоро по нив ручекот. Јадењето, сред такво еднообразие, се разбира, претставуваше значителна забава. Следувањата беа различни, определени спрема болеста на оние што лежеа. Некои добиваа само супа, со некаков бунгур, други само каша трети само гриз за којшто имаше мошне многу љубители. Од долго лежење затворениците се разнежуваа и љубеа да си каснат благичко. На тие што оздравуваа и речиси сосем оздравените им даваа парче варено говедско, „бик“ како што го викаа кај нас. Најубаво беше следувањето на болните од скорбут, — говедско со

лук, со рен и друго, а понекогаш и по малку ракија. Лебот беше исто така според болеста, црн, или полубел, арничко испечен. Таа официјалност и тенкост во определувањето на следувањата само им беше смешна на болните. Се разбира, во некои болести човек и самиот не сака да јаде. Но затоа оние болни што имаа апетит јадеа што сакаа. Понекои се сменуваа со порциите, така што порцијата што одговараше за една болест, доаѓаше кај некој болен од сосем друга. Други, на кои им беше определена слаба храна купуваа говедско и порција за скорбут, пиеја квас, болничко пиво, купувајќи ги од оние на кои им следуваше. Некој јадеа и по две порции. Тие следувања се продаваа и препродаваа за пари. Порција говедско се ценеше доста многу, таа чинеше пет книжни копејки. Ако немаше да се купи во нашето одделение го праќаа стражарот во другото одделение, а ако и немаше таму, тогаш и во воените одделенија, „слободните“, како што ги викаа кај нас. Секогаш имаше такви што сакаа да продадат. Тие остануваа само на леб, но затоа печалеа пари. Сиромаштијата, се разбира, беше општа, но оние што имаа парички, испраќаа дури на пазар по печиво, дури и за благи и слично. Нашите стражари ги исполнуваа сите тие порачки без каква и да е награда. По ручекот настапуваше најздодевното време: некој од немајќи што да прави, спиеше, некои си прикажуваа, некој се караше, некој нешто гласно расправаше. Кога не ќе доведеа некои нови болни беше уште поздодевно. Доаѓањето на нов болен, особено ако никој не го познаваше, секогаш оставаше некаков впечаток. Него го разгледуваа, се трудеа да разберат кој е и што е, од каде е и зошто е доведен. Во тој случај особено се интересираа од испраќаните од едно во друго место; тие секогаш расправаа за нешто, меѓутоа, не за свои интимни работи: за тоа, ако самиот човек не заприкажеше некогаш, и не го распрашуваат, туку: откај оделе? Со кого? Каков е патот? Каде тргнале? и слично. Некој, уште веднаш, штом ќе слушнеше нешто ново раскажано, како патем се присетуваше за нешто од своето минато: за разни преиспраќања, за некои дружини на осуденици

што одат на прогонство, за исполнители, за началници на групите... Во тој час, квечерум, доаѓаа и казнетите со тепање со прачки. Тие секогаш оставаа силен впечаток, како што, меѓутоа, и беше веќе споменато: но нив не ги доведуваа секој ден, и оние дни кога немаше такви, кај нас стануваше некако зачмаено, како божем сите тие лица страшно си здодеале еден на друг, дури почнуваа да се караат. Кај нас им се радуваа дури и на побрканите што ги доведуваа на испитување. Понекогаш обвинетите се преправаа на побркани за да се ослободат од казна. Некои од нив скоро ги разобличуваа, или подобро речено, тие сами се решаваа да ја променат политиката на своите дејствија, и затвореникот, откако брлавел два-три дни, одеднаш, ни пет-шест, стануваше умен, се заполтуваше и мрачно бараше да го испишат. Ни затворениците, ни лекарите, не го прекоруваа таквиот и не го срамотеа споменувајќи му ги неговите недамнешни преправања, молкум го испишуваа, молкум го испраќаа, и по две-три дни тој доаѓаше кај нас, казнет. Такви случаи, сепак, стануваа воопшто ретко. Но навистина побрканите, што ги доведуваа на испитување, претставуваа вистинска казна божја за сето одделение. Затворениците ги пречекуваа отпрвин речиси со радост понекои побркани што беа весели, живи, што викаа играа и пееја. „Еве ти забава!“ — зборуваа тие, гледајќи го некој тукушто доведен извиличен таков. Но мене ми беше ужасно тешко и мачно да ги гледам тие несреќници. Јас никогаш не сум можел ладнокрвно да гледам побркани.

Меѓутоа, беспрестаните виличења и беспокојните истапи на доведениот и пречекан со смеа побркан скоро им додеваа сосем на сите и за еден-два дни сосем нè изведуваа од трпение. Еден таков го држеа кај нас три недели и беше дојдено дотаму што просто да се бега од одделението. Како намерно, во тоа време доведоа уште еден побркан. Тој ми направи особен впечаток. Тоа стана веќе во третата година од моето лежење во затворот. Првата година, или подобро речено првите месеци од мојот затворски живот, про-

летта, јас одев со една група на мајстори за печки на работата во тулана, на две врсти од градот, како носач. Требаше за летното работење на тули да се поправат печките. Тоа претпладне во туланата, М-цкиј и Б. ме запознаа со надгледникот што живееше таму, подофицер Острожски. Тој беше Полјак, старче на околу шеесетина години, висок слабунест, со необично пријатна и дури величествена надворешност. Тој се наоѓаше на служба во Сибир уште одамна и иако беше по потекло од простиот народ, дошол како војник од бившата во триесетата година војска, на М-цкиј и Б. го сакаа и почитаа. Тој постојано ја читаше католичката библија. Јас поприкажав со него, и тој зборуваше толку милозливо, толку добродушно и чесно ме гледаше. Оттогаш јас не бев го видел две години, само бев чул дека поради нешто тој бил под следствие, и одненадеж, го воведоа кај нас во одделението како побркан. Тој влезе со пискотници, кикотници и со најнеприлични најкамарински[46]) движења се втурна да игра низ одајата. Затворениците беа одушевени, но мене ми стана така мачно и тешко . . . По три дни ние сите веќе не знаевме што да правиме со него. Тој се караше, тепаше, врескаше, пееше песни, дури и ноќе, и секој час правеше такви одвратни постакпи што на сите просто почнуваше да ни се гади. Тој не се плашеше од ништо. Му облекуваа кошула на умопобркан, за заполтување, но од тоа ни стануваше уште полошо, иако без таа кошула тој почнуваше караници и се задираше да се тепа речиси со сите. Тие три недели понекогаш целото одделение се креваше во еден глас да го моли главниот лекар да го одведе нашиот унер во другото затвореничко одделение. Отаде по два дена, измолуваа да го донесат кај нас. А бидејќи кај нас одеднаш се најдоа двајца побркани, немирни и палавници, двете одделенија се разменуваа по ред со побрканите. Но двајцата беа еден од друг полоши. Сите здивнаа олеснето кога најпосле ги одведоа некаде . . .

---

[46]) Најкамарински — т.е. најразуздани, палави, волни, весели, в. бел. 38.

Исто така се сеќавам и за уште еден чуден умопобркан. Еднаш, лете, го доведоа еден обвинет, здрав и навидум мошне недоделкан, на четириесет и пет години, со нагрдено од сипаница лице, со скриени црвени мали очиња и со необично стуштен и мрачен изглед. Тој се смести крај мене. Тој се покажа многу мирен, со никого не зборуваше, си седеше како божем обмислувајќи нешто. Почна да се стемнува. И одеднаш тој ми се обрна мене. Направо, без големи уводни извртувања, но со таков изглед, како божем да ми соопштува некаква голема тајна, тој почна да ми раскажува дека овие дни тој треба да издржи две илјади пратови, но дека сега тоа нема да стане, затоа што ќерка му на полковникот Г. се зазела за него. Јас во недоумение го погледнав и одговорив дека ми се чини во таков случај ќерката на полковникот да нема да може да стори ништо. Јас уште не се досетував за ништо; него го доведоа не како побркан туку како обичен болен. Јас го прашав од што е болен? Тој ми одговори дека не знае, дека само заради тоа го пратиле тука, но дека тој е сосем здрав, а ќерка му на полковникот е вљубена во него; дека таа еднаш, пред две недели, поминувала крај хауптвахтата, а тој тогаш погледнал зад решетчестето прозорче. Таа, штом го видела, уште веднаш се вљубила. И оттогаш, по разни изговори, била уште трипати на хауптвахтата; првиот пат дошла заедно со татка си кај својот брат, офицер што тогаш бил кај нив на стража; вториот пат дошла со мајка ѝ да раздаде милостина, и поминувајќи крај него, му шепнала дека го сака и ќе го спаси. Беше чудно со какви тенки подробности ми ја раскажуваше тој сета таа бесмислица, којашто, се разбира, исцело беше создадена во неговата кутра побркана глава. Тој свето веруваше во своето спасување од казната. За страсната љубов на таа госпоѓица кон него тој зборуваше спокојно и уверено, и не гледајќи веќе на општата бесмисленост на раскажаното беше толку чудно да се слуша таква романтична историја за вљубената девојка во човек на близу педесетина години, со таква стуштена, огорчена и унакажана физиономија. Беше чудно што можел да стори стравот

од казната со таа плашлива душа. Тој можеби и навистина видел низ прозорчето некого, и побркаиоста, што од страв се приготвувала кај него и со секој час раснела, веднаш си нашла свој израз, своја форма. Тој несреќен војник, којшто можеби цел живот и не помислил за госпоѓици, одеднаш измислил цел роман, фаќајќи се инстинктивно барем за таа сламка. Јас молкум го ислушав и им соопштив за тоа на другите затвореници. Но кога и другите почнаа да љубопитствуваат, тој чедно замолча. Утредента лекарот долго го испитуваше, и бидејќи тој му рекол дека не боледува од ништо и на прегледот навистина се покажало така, него го испишаа. Но ние дури по испишувањето на лекарите научивме дека во болничката листа му било напишано sanat, така што не можевме да им кажеме во што е работата. Па и ние самите тогаш уште не се досетувавме наполно во што е заправо работата. А меѓутоа сета работа се состоеше во грешката на началството што го испратило кај нас, а не објаснило зошто го испратиле. Тука станала некаква невнимателност. А можеби дека дури и оние што го испратиле не биле сосем уверени во неговата побркаиост а само уште нагодувале, дејствувајќи повеќе по нејасни гласови и го испратиле на преглед. Како и да било, по два дена кутриот го изведоа за издржување на казната. Тоа, изгледа, го зачудило до немајкаде многу со својата неочекуваност, тој не верувал дека ќе го казнат, сè до последната минута, и кога го повеле меѓу редовите со пратови, почнал да вика: помош! Овојпат во болницата го сместија не во нашето, бидејќи немаше легла, туку во другото одделение. Но јас се распрашував за него и се научив дека тие осум дена што лежал таму не разменил со никого ни збор, бил збркан и прекумера тажен . . . Потоа кога му заздравил грбот, го испратиле некаде. Барем јас веќе не сум чул ништо за него.

Што се однесува за лечењето и лекарствата воопшто, колку што можев јас да забележам, лесно болните речиси сосем не ги исполнуваа повелбите на лекарите и не земаа лекови, но тешко болните, многу

сакаа да се лекуваат, редовно ги земаа своите води и прашоци; но кај нас највеќе ги сакаа надворешните средства. Кај нас волно и дури со задоволство употребуваа виндузи, пијавици компреси и пуштање крв, коишто толку многу ги сакаат и на коишто толку им веруваат нашите прости луѓе. Мене ме заинтересира една чудна работа. Тие исти луѓе, што беа толку издржливи во поднесувањето на најмачителни болки од тепањето со стапови и прачки, често се плачеа, виличеа и дури стенкаа од некакви си виндузи. Дали тие многу се разнежуваа или тукутака просто се преправаа — веќе не знам самиот како тоа да го објаснам. Вистина, нашите виндузи беа особени. Дамна некогаш, којзнае кога, фелтшерот ја изгубил или расипал машинката со која в миг се пресечува кожата, или можеби самата се расипала, така што тој беше принуден самиот со ланцет да ги прави потребните режења на кожата. За секоја виндуза беа потребни околу дванаесет засеци. Со машинката не боли. Ќе удрат дванаесет ношчиња одеднаш и не се ни сеќава болка. Но сечењето со ланцет е друга работа. Ланцетот сече многу побавно; се сеќава болка, а бидејќи, на пример, за десет виндузи е потребно да се направат сто и дваесет такви засеци, коишто, се разбира, сите заедно осетно болат. Јас сум го испитал тоа, но иако болеше и додеваше, но сепак не беше дотолку што да не може да се издржи да не стенка. Дури беше смешно да се гледа некое човечиште здрав и силен, како се витка и почнува да се лигави. Воопшто ова можеше да се спореди со тоа кога некој човек, тврд и дури спокоен во некоја сериозна работа, додева и капризничи дома, од немајќи што да прави, сè му е криво, не јаде што му даваат, пцуе и се кара, ништо не му е по волја, сите го јадосуваат, сите го лутат, сите го мачат, — со еден збор, „на полна каленица вие“, како што понекогаш зборуваат за такви господа, што меѓутоа се среќаваат и сред простите луѓе, а во нашиот затвор, при меѓусебното сеопшто заедничко живеење, дури мошне често. Се случуваше што во одделението своите ќе почнеа да се подбиваат со таков нежен човек, а некој просто

и ќе го искара; тогаш тој ќе молкне, чиниш заправо тоа и го очекувал, да го искараат за да замолчи. Особено Устјанцев не ги сакаше таквите и никогаш не пропушташе случај да му се изнавика не нежниот. Тој и воопшто не пропушташе ниеден случај за да се закачи со некого. Нему тоа му беше наслада, потреба, се разбира, поради болеста, а делум и од тупоумност. Ќе погледа, обично, отпрвин сериозно и без мигнување и потоа со некаков спокоен, убеден глас ќе почне да му чита проповед. Во сè се мешаше: божем тој кај нас да беше поставен да надгледува за редот или општото добро држење.

— Во секоја чорба мирудија, — зборуваа обично, смеејќи се затворениците. Него, меѓутоа, го штедеа и избегнуваа да се караат со него, а само понекогаш се смееја.

— Глеј што назборе! На три коли не можеш да го натовариш.

— Што сум назборел! Се знае тоа, на будала капа не му сметнуваат. Што се развикал од еден ланцет? Каква попара си дробел, таква ќе си сркаш, значи трпи.

— А па тебе што ти е грижа?

— Не, браќа, — прекина еден од нашите затвореници, — виндузите не се ништо; јас сум обидел; а ете нема ништо што би болело повеќе одошто кога долго те тргаат за уши.

Сите се насмеаја.

— А зар тебе те тргале за уши?

— А ти мислиш не? Се знае, ме тргале.

— Затоа тебе ушите ти се начулени.

Тој затвореник, Шапкин, навистина имаше предолги, што стрчеа на обете страни уши. Тој беше скитник, уште млад, со смисла и умен човек, што секогаш зборуваше со некаков сериозен, прикриен хумор, што ги правеше некои негови раскажувања многу комични.

— Па што ќе му мислам јас дека тебе те тргале за ушите? Па и како ти паднало на ум тоа, димноглав човече? — се смеша одново Устјанцев, обрнувајќи му

се налутено на Шапкина, иако меѓутоа овој ни најмалку не му зборуваше нему а воопшто на сите, но Шапкин дури и не го погледна.

— А кој те тргал тебе за уши? — праша некој.

— Кој? Се знае кој, началникот на полицијата. Тоа, браќа беше заради скитништво. Дојдовме ние тогаш во К., а бевме двајца јас и уште еден исто скитник, Ефтим, без прекар. Уште патем во село Толмина, се снабдивме малку кај еден селанец. Има едно такво село се вика Толмина. Па, влеговме и меркаме, да се снабдиме тука и да ја лишнеме. В поле — четири волји[47]) а во град е страшно, тесно, се знае. Па, првин најпрвин, наминавме в крчма. Се обзревме. Ни придува еден, битисан таков, со парталави германски алишта . . . Па почнавме де ова де она. — А вие, — зборува, — дозволете да прашам, како сте со документи?

— Не, велиме, немаме документи.

— Така. И ние исто. Имам тука уште двајца пријатели, вели, исто така служат кај генерал Кукушкин*. Тогаш смеам ли да ве прашам, ние тројцата му тргнавме троа а со парчиња сме непара арно засега. Ќе ни дадете ли да испиеме едно полокарниче.

— Зошто да не, сосем нè радува, — велиме ние. — Па, испивме. И тие тогаш ни покажаа, за една работа, по темниот, то ест нашиот занает. Имаше таму една куќа, искрај град, и во неа живееше некој богат тамошен граѓанин, има за левосување колку ти душа сака, се договоривме таа ноќ и да го испитаме. Само што истата ноќ кај токму тој богат граѓанин и попаднавме сите петорица. Нè фатија и одведоа во полиција, а после и пред самиот началник. Јас, вели, самиот ќе ги испитам. Влегува со лула во устата, му носат чај за него, едно такво здраво човечиште, со бакембарди. Седна. А тука освен нас доведоа уште тројца, исто така скитници. И смешен човек, браќа ти е тоа скитникот: па, ништо не се сеќава, ако сакаш лук толчи му над глава, сè заборавил, ништо не знае.

---

47) **четири волји — т.е. да оди на која сака страна, широчина.**

* **Т. е. в шума кука кукавица. Сака да рече дека и тие се исто така скитници.**

Началникот право врз мене: кој си ти? Пројачи како од бочва. Па, се знае, му го кажувам истото она што му го велат сите: ништо, лебами, не паметам, ваше високоблагородие сè сум заборавил.

— Почекај, вели, јас уште ќе поприкажувам со тебе, муцката твоја ми е позната; — и ги втрешти очиштата напреку во мене. А јас никогаш дотогаш порано не сум го видел. На друг: — а ти кој си?

— Бегај да нè нема, ваше високоблагородие.

— Токму така значи те викаат тебе, бегај да нè нема?

— Така ме викаат, ваше високоблагородие.

— Па добро, ти си бегај да нè нема, а, ти? — на третиот значи му вели.

— А јас по него, ваше високоблагородие.

— А како те презиваат тебе?

— Така и се презивам: а јас по него, ваше високоблагородие.

— Па кој тебе, никаквец, те нарекол така?

— Добри луѓе ме нарекле, ваше високоблагородие. Во светов не е без добри луѓе, ваше високоблагородие, се знае тоа.

— А кои се тие добри луѓе?

— А малку сум ги запаметил, ваше високоблагородие, ви се молам да ми простите великодушно.

— Сите си ги заборавил?

— Сите сум ги заборавил, ваше високоблагородие.

— Па бездруго си имал исто така татко и мајка? . . . Барем нив дали ги паметиш?

— Треба да се претпостави дека сум имал, ваше високоблагородие, а сепак исто така тројчка сум ги запаметил; можеби и сум имал, ваше високоблагородие.

— Па кај си живеел ти досега?

— Во шума, ваше високоблагородие.

— Сè во шума?

— Сè во шума.

— Добро, а зиме?

— Зима не сум видел, ваше високоблагородие.

— Добро, а ти, како те викаат тебе?

— Секира, ваше високоблагородие.

— А тебе?

— Остри не прозевај се, ваше високоблагородие.

— А тебе?

— Погледај низ прсти, ваше високоблагородие.

— И навистина никој ништо не памети?

— Ништо не паметиме, ваше високоблагородие.

Стои, се смее, а тие го гледаат, се насмевнуваат. Да, а другпат и по заби ќе те тресне ако нагазиш на него. А луѓето сè беа здрави, јадри. — Одведете ги во затвор, — вели, — со нив после ќе видам; а ти остани, — ми вика мене. — Ела ваму, седни! Гледам: маса, хартија, перо. Си думам: што намислил да прави. — Седни вели, на столов, земи го перово, пиши! — А самиот ме фати за уво и ме трга. Јас го гледам како ѓавол поп: не знам, велам, ваше високоблагородие. А тој: — пиши!

— Смилете се, ваше високоблагородие. — Пишувај, како знаеш, така пишувај! — А самиот постојано ме трга за уво, само трга, па кога го заврте! Па браќа, ви велам, полесно би ми било и триста прачки да ми удреше, па ако сака искри да летаат, — пишувај и ништо повеќе.

— Па што му станало, се побркал ли, што ли?

— Не, не се побркал. Туку во Т-к писарчето работичка си направил: ги левосал државните пари и избегал со нив, а и нему исто така ушите му стрчеле. Па тоа го пријавиле насекаде. А јас по белезите како божем токму да сум прилегал, па ете затоа овој и ме мачеше: знам ли да пишувам и како пишувам?

— Каква била работата, човече! А те болеше?

— Тоа ви велам, ме болеше. Сите се насмеаја.

— Па што стана, напиша ли?

— Па што ќе напишам? Почнав да драскам со перото по хартијата, шарав, шарав, а тој крена раце од таа работа. Па, ми врза десетина жешки по лице, се разбира, и потоа ме пушти исто така, значи, во затвор.

— А ти зар умееш да пишуваш?

— Порано знаев, а ете кога почнаа со пера да пишуваат, тогаш јас веќе се одучив...

Во раскажувањето на ете такви работи, или подобро да се каже, во такво плампање проаѓаше понекогаш нашето здодевно време. Господи, колкава здодевност беше тоа! Деновите беа долги, задушни, и сите сосем прилегаа еден на друг. Барем некаква книга да имаше! Јас особено отпрвин, меѓутоа често одев во болницата, понекогаш болен, понекогаш тукутака да си полежам: избегнував од затворот. Таму беше тешко, уште потешко одошто тука, морално потешко. Злоба, непријателство, глодење, завист, постојани задирања за нас, благородниците, злобни заплашителни лица! А тука во болницата сите беа повеќе на рамна нога, живееја повеќе пријателски. Најмачно време во текот на сиот ден беше навечер, при свеќи и во почетокот на ноќта. Легнуваа рано да спијат. Бледата ноќна светилка свети подалеку таму крај вратата како светла точка, а во нашиот кат е полутемно. Станува смрадно и задушно. Некој не можеше да заспие, ќе стане и по час и повеќе седи на леглото, со сведната глава во ноќна капичка, како божем дума за нешто. Го гледаш цел час и се мачиш да се досетиш за што ли дума тој, за да го поминеш и ти некако времето. А инаку, ќе почнеш да мечтаеш, да го спомнуваш минатото, во фантазијата, се оцртуваат широки светли слики; доаѓаат на ум такви подробности, за кои во друго време не би се присетил и не би ги осетил така како сега. Или пак си ја претставуваш иднината: како ќе излезеш од затворот? Кај ќе одиш? Кога ќе стане тоа? Ќе се вратиш ли некогаш во својот роден крај? Мислиш, мислиш и во душата ти се побудува надеж . . . или пак понекогаш просто ќе почнеш да броиш: еден, два, три итн. за да би заспал некако сред тоа броење. Јас понекогаш избројував до три илјади и не заспивав. Ете некој ќе се заврти во постелата. Устјанцев се закашлува со својата гнила, офтикава кашлица и секогаш потоа слабо ќе простенка и секојпат зборува: „Господе, згрешив!“ И страшно е сред општата тишина да се слуша тој болен, скршен, плачлив глас. А ете некаде во некој кат исто така не спијат и си прикажуваат од своите легла. Некој ќе почне да раскажува нешто од своето минато, за дамнешното што понекогаш било и

поминало, за скитништво, за децата, жената, поранешната живеачка. Така и само по оддалечениот шепот веќе сеќаваш дека сето она, за кое раскажува тој, нема веќе никогаш да му се врати, а самиот тој, раскажувачот — е парче откинато, другиот го слуша. Чуен е само тивок, рамномерен шепот, чиниш тоа некаде далеку шуми вода . . . Еднаш, во една долга зимна ноќ, паметам, јас ислушав еден расказ. Од прв поглед тој ми се стори како некој грозничав сон, како божем јас сум лежел во треска, и во огнот, во занесот, сето тоа ми се присонило . . .

IV

МАЖ Ѝ НА АКУЉКА (расказ)

Беше веќе доцна ноќе, кон дванаесетте часот. Јас бев веќе заспан, но наеднаш се разбудив. Бледата, матна мала светлост на далечната ноќна светилка одвај ја осветлуваше одајата... Речиси сите веќе спиеја. Спиеше дури и Устјанцев, и во тишината беше чујно како тешко дише, и како со секој здив му крчи во грлото балгам и 'рканица. Наеднаш далеку во ходникот затупкаа тешките чекори на стражата што доаѓаше на смена. На подот тропна кундак на пушка. Се отвори вратата од одајата, полека одејќи ефрејторот ги пребројa болните. По една минута ја затворија вратата, поставија нов стражар, стражата се оддалечи и пак сè стивна како порано. Дури тогаш јас забележив дека одлево, близу до мене, двајца не спиеја и како божем си шепотеа меѓу себе. Тоа се случуваше во одделенијата: понекогаш денови и месеци лежат еден крај друг и збор нема да си прозборат, и наеднаш некако во ноќен час, што поттикнува на разговор, ќе се заприкажат, и еден на друг ќе почне да му го изнесува сето свое минато. Тие, се гледаше, зборуваа веќе одамна. Јас и не го слушнав почетокот, па и сега не можев сè да чујам, но полека-полека навикнав и почнав сè да разбирам. Мене не ми се спиеше, што друго да правам ако не да слушам?... Едниот возбудено прикажуваше, станат наполовина на леглото, со припокриена глава и испружен врат кон другарот. Тој очевидно беше загреан, возбуден, сакаше да раска-

жува. Неговиот слушател, слушаше стуштено и сосем рамнодушно седеше на своето легло, со протегнати по постелата нозе, одвреме навреме м'мкаше како одговор нешто или во знак на своето соучество кон раскажувачот, но како божем повеќе само од приличност, а не навистина, и секој час си го полнеше носот со бурмут од кесето. Тоа беше војникот од поправителната чета Черевин, човек на педесетина години, смуртен педант, студен резонер и самољубив шутрак. Раскажувачот Шишков, беше уште млад човек, на помалку од триесет години, наш цивилен затвореник, којшто работеше во шивачницата. Досега јас малку му обрнував внимание; па и потоа преку сето време на мојот затворски живот некако не ме привлекуваше со него да се бавам. Тој беше празен и не со сите чисти човек. Понекогаш молчи, живее мрачно, се држи грубо, по цели недели не зборува. А понекогаш наеднаш ќе се смеша во некоја историја, ќе почне да прави сплетки, се вжештува за ситници, снова од касарна во касарна, пронесува гласови, озборува, се лути. Ќе го натепаат, тој пак ќе замолчи. Беше плашлив и беден човек. Сите се држеа со него некако презриво. Тој беше низичок, мршав, со некако беспокојни очи, а понекогаш тупаво задуман. Се случуваше тој да почне да раскажува нешто: ќе почне возбудено, вжештен, дури мавта со рацете — и наеднаш ќе прекине, или премине на друго, ќе се вовлече во нови подробности и ќе заборави за што почнал да зборува. Тој често се поткаруваше и бездруго, кога ќе се скара, го прекоруваше во нешто човека, му сторил ѓоа некаква грешка спрема него, зборува расчувствувано, уште малку да заплаче... Свиреше убаво на балалајка и љубеше да свири, а на празниците дури играше, и тоа играше добро, кога, се случуваше, ќе го натераа... Него многу брзо можеше да го натераат да направи нешто... Тој не беше да речеш толку послушен, а сакаше да се вовира во другарство и да угодува заради другарство.

Јас долго не можев да разберам за што раскажува тој. Мене отпрвин ми се стори дека тој постојано

се оддалечува од темата и се вовлечува во други работи. Тој, можеби, и забележуваше дека на Черевин речиси ни најмалку не му е грижа за неговото раскажување, но, ми се чини, сакаше намерно да се убеди дека неговиот слушател е — сиот станат внимание, и, можеби него многу би го заболело ако тој се увереше во спротивното.

— . . . Се случуваше да излезе на пазар, — продолжуваше тој — сите му се клањаат, му оддаваат чест, со еден збор — чорбација.

— Тргувал, велиш?

— Па да, тргуваше. Вистина, сред нашите граѓани се сите и сиромаштија. Голотија. Што ја нема поголема. Жените од река до ене онаму на стрмнана ледина влечат вода да ги повадат градините; 'ргаат, 'ргаат, а наесен ни за чорба нема да наберат. Изгор. Па, имаше многу земја искрај село, со аргати ја работеше земјата, држи тројца, и освен тоа имаше и свое улиште, тргуваше со мед, а исто така и со добиток, и во нашиот крај беше многу почитан. Беше до немајкаде стар, на седумдесет години, коските му беа дотежале, беше така побелен, јадер. Кога ќе излезе со ќурк од лисица на пазар, сите чест му одаваат. Секаваа, значи: „Здраво, ваша милост Анкудин Трофимич! — Да си ми здрав, — ќе рече, — и ти. Значи, од никого не врти глава. — Да сте живи, Анкудин Трофимич, многу години!“ — А како се твоите работи? — ќе праша. — „Па, нашите работи се непара арно, како бела саѓ.“ Вие како сте, батјушка? — И ние живееме, ќе рече, со греови, исто така го чадиме небото“, — „Да сте живи, Анкудин Трофимич!“ Значи, од никого не врти глава, а кога зборува: како секој збор рубља да му чини. Беше начитан, писмен, постојано читаше побожни книги. Ќе ја седне старицата пред себе: Па, слушај, жено, разбери! — и ќе почне да толкува. А неговата старица и не беше заправо стара, таа му беше втора жена, заради деца, од првата значи, немаше род, па, од вторава де, од Марија Степановна, имаше два сина, уште неизраснати, помладиот, Васја имено, му се роди кога имаше шеесет години, а Акуль-

ка, ќерката значи, беше најголема, на осумнаесет години.

— Таа ли беше таа, жена ти?

— Причекај, првин Филка Морозов ја збрка сета каша... Ајде, му вели, значи Филька на Анкудина, да се пресметаме, дај ми ги сите четиристотини сребрени рубли, зар сум јас работник за тебе? Не сакам да работам со тебе, и твојата Акулька, вели, не сакам да ја земам. Јас сега, вели, сум ја плукнал да пијам. Мене, вели, сега ми умреа родителите, па ќе ги испијам парите, па потоа ќе се главам да служам војник наместо друг, значи, а по десет години ќе дојдам кај вас како фелдмаршал. Анкудин му ги даде парите, се пресметна со него сосем чесно, бидејќи со татко му на Филька заеднички тргувал со заеднички капитал. „Пропаднат човек, вели, си ти!“ А тој нему: „Па, дали сум пропаднат или не сум, моја работа, а со тебе, бела брадо, и млеко со шило да сркам би се научил. Ти, вели, од два гроша сакаш економија да направиш, да заштедиш, секакви отпадоци собираш — си велиш ќе го биде ли за нешто. Јас, значи, би му плукнал — на тоа. Шпараш, шпараш, па ѓавол ќе купиш. Јас вели, имам карактер. А твојата Акулька сепак нема да ја земам, јас, вели, и онака сум спал со неа...

— А како смееше, вели Анкудин, да го срамотиш чесен татко и чесна ќерка? А кога си спал со неа, стијо змиска, крв штукина, — а сиот се тресе. Самиот Филка раскажуваше.

— И не само јас, вели, не ја земам, туку ќе направам така што и за никого нема да се сврши, никој нема да ја земе вашата Акулька, и Микитка Григорич сега нема да ја земе, затоа што сега е бесчесна. Ние уште есенеска со неа се погодивме да живееме заедно. Еве за обид дај ми и сто рубли — не се согласувам!

И му ја тргна да пие момчето, и пирува! Но така што земјата трешти, низ град бучи од него. Насобрал другари, има грмада пари, три месеци веселничеше и сневрати сè. „Јас, ќе рече понекогаш, кога ќе ми се

свршат парите, и куќата ќе ја витосам, сè ќе витосам, а потоа или за војник ќе се главам, или ќе појдам да скитам! Од изутрина до навечер понекогаш беше пијан, се возеше на пајтон со рало коњи со прапорчиња. И девојките веќе го сакаа што не може повеќе да биде. Убаво свиреше на теорбан.

— Значи, тој и од порано си имал работа со Акулька?

— Стој, почекај. Тогаш и мене исто така ми умре татко ми, а мајка ми, значи гурабии печеше, работевме за Анкудина и со тоа се храневме. Лоша ни беше живеачката. Па, исто така имавме троа земјица зад шумата, житце сеевме, но кога умре тате, сè витосавме, затоа што и јас се запив исто така, брате мој. Од мајка си изнудував со тепање пари...

— Тоа не е добро, со тепање. Голем грев е.

— Понекогаш јас, братец мој, бев од утро до вечер пијан. Куќата ми беше онака наместо, иако стара, но своја, а во одајата ако сакаш зајаци бркај. Понекогаш седевме гладни, по цела недела, нема што да каснеме, гриземе некоја корка. Мајка ми понекогаш ме кара, кара; а мене што ми е грижа!... Јас, брате мој, тогаш не се делев од Филька Морзова. Од изутрина до ноќ бев со него. „Свири ми, вели на гитарата и играј, а јас ќе лежам и ќе ти фрлам пари, затоа што јас сум најбогатиот човек". И што ли не ти правеше тој? Само крадено не сакаше да прими: „Јас, вели, не сум крадец а чесен човек". „Туку ајде, вели, на Акулька вратата со катран да ѝ ја измачкаме; затоа што не сакам Акулька за Микитка Григориевич да појде. Тоа сега мене ми е поважно од сè, од мед ми е поблаго — вели. А уште пред тоа старецот сакаше да ја даде Акулька за Микитка Григорича. Тој Микитка исто така беше старец, вдовец, носеше окалки, тргуваше. Тој штом чу дека такви гласови се расправаат за Акулька, одби: „За мене, вели, Анкудин Трофимич, би било тоа голем срам, па и поради тоа што сум стар, не сакам да се женам". Ете ние ѝ ја намачкавме вратата на Акулька. Поради тоа Акулька ја тепаа дома, ја тепаа... Марија Степановна вика: „Ќе

те отепам!“ А старецот: „Во старо време, вели, кога живееле чесни патријарси, јас вели, на труп би ја исекол, а денеска, вели во светот е темнина и прав и пепел“. Соседите од целата улица слушаат, слушаат како Акуљка пишти и вика на цел глас: ја тепаат од утро до ноќ. А Филька по цел пазар вика: „Прекрасна е, вели, мома Акуљка, другар во пиење. Чисто одиш, бело носиш, кажи кого љубиш! Јас, вели, им го светив маслото, ќе ме паметат“. Во тоа време еднаш и јас ја сретнав Акуљка, одеше со кофи на вода, а јас ѝ викам: „Здраво Акуљина Кудимовна! Многу си се натокмила, чисто одиш, кај земаш, дај расписка со кого живееш!“ И само тоа, ѝ реков, а таа, со оние свои јадри очи, и самата ослабната, како ветка, само ме погледна. Кога ме погледна, а мајка ѝ помисли дека се смее со мене, ѝ вика од врата: „Што се виличиш, мори бесрамнице!“ И тој ден пак ја тепаа. Понекогаш ја тепаа по цел час. „Ќе ја умртвам, вели, затоа што таа сега не ми е ќерка.“

— Ороспија била, значи?

— Ти само слушај, пријателе, понатаму. Додека ете така ние постојано со Филька пијанчевме, доаѓа кај мене мајка ми, а јас лежам: „Зошто, вели, никаквец, лежиш? Разбојник си ти, вели, никаквец. Се кара, значи „Ожени се, вели, ете за Акуљка на', ожени се. Тие и за тебе сега се готови да ја дадат, само пари триста рубли ќе ти дадат.“ А јас нејзе ѝ велам: „Па таа ете, велам, сега пред цел свет е осрамотена.“ — „А ти, будала ниеден, не знаеш, со венец сѐ се покрива; за тебе е подобро кога таа за цел живот ќе биде виновна пред тебе. А ние би се закрепиле со нивните пари; јас веќе со Марија, вели, Степановна зборував. Ни најмалку не е против. — А јас: „Нека се донесат дваесет рубли на оваа маса, велам, тогаш ќе се женам“. И ете веруваш ли — не, јас до самата свадба бев постојано мртов пијан. А уште тогаш Филька Морозов почна да ме заплашува: „Јас тебе, вели Акулькин маже, сите ребра ќе ти ги скршам, а со жена ти, ако сакам, секоја ноќ ќе спијам.“ А јас нему: Лажеш, пес погани!“ Па, тука тој ме посрами пред

сета улица. Јас дотрчав дома: „Не сакам, велам, да се женам ако уште веднаш не ми избројат уште педесет рубли!“ — А зар ти ја даваа? — Зар мене? А зошто да не? Па ние и не бевме луѓе без чест. Татко ми дури едвај при крај пропадна од пожар, а инаку побогато и од нив живеевме. А Анкудим ми вели тогаш: „Вие, вели, сте голтари, жива сиромаштија.“ А јас му одговарам нему: „Вас, значи, доста ви ја измачкале вратата со катран“. А тој мене: „Што ни се топориш, вели, пред нас? Ти докажи дека таа е бесчесна, а на сите не може устата да им се затне. Волја господова, и ете ти ја вратана, ако сакаш не земај ја. Само врати ги парите што си ги зел. Ете тогаш јас раскинав со Филька: по Митрија Биков му порачав дека јас сега пред цел свет ќе го посрамам, и до самата свадба, брате мој, не се трезнев. Дури за венчање се отрезнив. Кога нѐ доведоа тогаш од венчањето, нѐ седнаа, а Митрофан Степанич, вујко ѝ, значи, вели: „Иако и не е чесно, но е цврсто, вели, работата е сторена и свршена.“ Старецот, Анкудим де, беше исто така пијан и заплака, седи — а по брадата солзи му течат. А јас, брат, еве што направив тогаш земав јас со себе во џебот камшик, уште пред венчањето го набавив, и така и бев намислил, што веќе ќе се истушам над Акулька, знај, си мислам, како се мажи бесчесно, па и луѓето да знаат дека јас не сум се оженил како будала...

— И редно е! Значи, таа и за натаму да му мисли и знае..

— Не, пријателе, ти само слушај, молчи. Во нашиот крај уште веднаш по венчавањето ги водат младоженците во клет, а додека оние таму пијат. Па ете и нѐ оставија мене со Акулька во клетот. Таа седи така бледа, на лицето нема ни капка крв. Се исплашила, значи. Косата ѝ беше исто така, сосем бела како лен. Очите ѝ беа јадри. И само молчи, не се слуша, чиниш е нема. Сосем чудна. Па што, брате, може ли да си го замислиш тоа: јас го приготвив камшикот ѝ уште веднаш го ставив близу до постелата, а таа, брате мој, како што си е излезе пред мене сосем без грешка.

— Што велиш?

— Во ништо виновна; како чесна од чесна куќа. И зошто тогаш, брате мој, таа потоа да претрпи толкава мака! Зошто Филька Морозов пред цел свет ја осрамоти?

— Да.

— Па јас, уште веднаш од постела, клекнав пред неа на колена, ги прекрстив рацете: „Скапа моја, велам, Акулина Кудимовна, прости ми на мене глупавиот за тоа што јас исто така те сметав за таква. Прости ми, велам, ти на мене, никаквецот!“ А таа седи пред мене на креветот, ме гледа, ми ги кладе на плеќите обете раце, се смее, а на самата солзи ѝ течат; плаче и се смее... Јас тогаш, штом излегов, им велам на сите: „Е, велам, да го сретнам сега Филька Морозов и ќе го сотрам од веков!“ А старците, тие веќе и не знаат кому да му се молат: мајка ѝ за малку само што не ѝ падна пред нозе, плаче, липа. А старецот ѝ рече: „да сме знаеле, не би ти нашле таков маж.“ А кога излеговме првата недела ние со неа во црква: јас со калпак од тукушто родено јагне, со кафтан од тенка ткаенина, со кадифени панталони, таа во ново палто од зајачка кожа, со свилена шамија, — то ест таа чини за мене и јас чинам за неа: ете како одиме! Луѓето ни се љубуваат: јас и вака и така, како обично, а Акулинка — иако не може да се пофали пред другите, не може и да се покуди, туку не можеш да ја ставиш подолу од другите...

— Па тогаш сè убаво.

— Па, слушај само. Јас уште на другиот ден по свадбата, иако пијан, но избегав од гостите; ете им се истргнав и трчам: „кај е велам, оној безделник Филька Морозов, дајте ми го ваму, велам, никаквецот!“ Тоа на пазарот го викам! Па, и бев исто така пијан; па така дури кај Власови ме фатија, тројца луѓе сосила ме доведоа. А низ градот само се прикажува. Девојките на пазар си зборуваат меѓу себе: „Девојчиња, умници, што знаете вие? Акулька излегла чесна.“ А Филька малу време потоа ми вели пред луѓе: „Продај ми ја жената, — ќе има да пиеш до пукнување. Кај

нас, вели, војникот Јашка, затоа и се ожени: не спал со жена си, а три години не се трезнеше.“ А јас му велам: „Ти си подлец!“ — „А, вели, глупак, па тебе пијан те венчале. Што си можел ти после тоа нешто да разбереш?“ Јас дојдов дома и викам: „Вие, велам, пијан сте ме венчале!“ Мајка ми се втурна, почна да се кара. „Тебе, велам, мајче со злато те заслепиле. Дај ја ваму Акулька!“ Па, и почнав јас да ја тепам неа. Ја тепав, брат, ја тепав, два часа ја тепав, додека самиот нозете не престанаа да ме држат, три недели не стана од постела.

— Она, се разбира, — флегматично забележи Черевин, — нив ако не ги тепаш . . . тие . . . А зар ти си ја затекол со љубовникот?

— Не, не да сум ја затекол, — откако помолча и како божем со напор забележи Шишков, — но мене веќе многу криво ми стана, луѓето сосем ме дразнеа и задеваа а на сето тоа главатар беше Филька. — „Ти, вели имаш жена за модел, да гледаат луѓето. Нè викна на гости; и вака почна да ја витка пред сите: „Тој, вели, има сопруга милосрдна душа, благородна, учтива, дружељубна, за сè добра, еве како кај него сега! А заборавил, момчето, како самиот ѝ ја мачкаше вратата со катран! Јас седев пијан а тој кога ме зграпчи тој час за коса, ме зграпчи и ме свитка надолу; „Играј, вели Акуљкин мажу, јас тебе, вака за коси ќе те држам, а ти играј, — забавувај ме мене!“ — „Подлец си ти!“ — викам. А тој мене: „Јас со дружина ќе дојдам кај тебе и пред тебе со прачки ќе ја натепам Акулька колку што сакам.“ Така јас — верувал не верувал, цел месец, потоа се плашев да излезам од дома: ќе дојде, си мислам, ќе обесчести. Ете токму затоа и почнав да ја тепам . . .

— Па зошто да ја тепаш! Рацете се врзуваат, јазиците не се врзуваат. Да се тепа многу исто така не чини. Казни, поучи, но и помилувај. За тоа е жената.

Шишков некое време помолча.

— Ми беше криво, — почна тој одново, — пак почнав со старата навика, понекогаш цел ден, од изутрина до вечер ја тепам; стана — не чини, ако оди

— не чини. Ако не ја потепам, ми е додевно. Понекогаш таа ќе седне крај прозорецот, гледа, плаче... Само плаче, тогаш обично ми стануваше жал за неа, а ја тепам. Мајка ми обично ме кара и ми се навикува заради тоа: „Подлец си ти, вели, арамиски сој! — „Ќе ја отепам, — викам, — и никој сега не смее да ми зборува, затоа што на измама сте ме оженили.“ Отпрвин старецот Анкудим, самиот доаѓаше и се заземаше: „Па, вели, уште не си богзнае кој, вели, јас и за тебе ќе најдам чаре да се расправам!“ А потоа крена раце. А Марија Степановна сосем се заполти. Еднаш дојде и со солзи ме моли: „Да питам сум дојдена кај тебе, вели, Иван Семјонич, работата е мала, а молбата голема. Дозволи век да види, имај душа, батјушка, — се клања — смири се, прости ѝ! Лоши луѓе ни ја наклеветиле ќерка ни: самиот знаеш, чесна си ја зел...“ Се моли на коленици, плаче. А јас се топорам: „Јас сега не сакам и да ве чујам! Што сакам сега да правам со вас, тоа ќе го правам, затоа што јас сега не сум свој господар; а Филька Морозов, велам, ми е пријател и прв другар...“

— Значи, пак запивте заедно!

— Таман! Нема ни да му пријдам. Сосем се пропил. Сето свое го сневрати и кај еден граѓанин се глави да му го замени во војската најстариот син. А во нашиот крај, веќе е така, штом си главен, сите во куќата пред него треба под нозе да му лежат, а тој над сите е потполн господар. При отидување ги добива сите пари; а во куќата на домаќинот така живее, по половина година живеат, и само што ли ти не прави со куќните луѓе, и на светец би му зоврело! Јас, како да вели, одам војник наместо твојот син, значи сум ви доброчинител, тогаш сите вие сте должни да ме почитате, инаку ќе се откажам. Така Филька кај тој граѓанин правеше чуда за унер и приказ, со ќерка му спиеше, домаќинот секој ден по ручек за брада го влечеше — правеше сè за свое задоволство. Секој ден бараше да се капи и со вино да го парат, а на капење жените на раце да го носат. Кога ќе се врати од рашетка, ќе застане на улицата: „Не сакам да вле-

зам низ врата, крши го плотот!“ Тогаш, на друго место, настрана од вратата беа должни да го уриваат плотот, тој да помине. Најпосле, дојде крајот, го поведоа да го предадат во војска, го отрезнија. Низ сета улица луѓе, прсиплева: Филька Морозов го носат да го дадат во војска! Тој се клања на сите страни. А тој час Акулька доаѓаше од градина; кога Филька ја виде, крај самата наша врата, вика: „Стој!“ вика, рипна од колата и право ѝ се клања до земја: — „Душо моја, вели, гулабичке, те сакав јас две години, а сега со музика во војска ме водат. Прости ми, вели, на чесен татко чесна ќерка, затоа што јас сум подлец пред тебе, виновен за сè!“ И повторно ѝ се поклони до земи. А Акулька застана, чиниш отпрвин се исплаши, а потоа до половина му се поклони, па му вели: „Прости ми и ти мене, младо момче, а јас не ти се лутам за ништо.“ Јас по неа во одајата: „Што му рече таму ти, кучко писна?“ А таа, еве верувале или не, ме погледна и ми рече: „Па јас сега, вели, него го сакам повеќе од целиот свет!“

— Види ти! . . .

Јас целиот тој ден ни збор не ѝ прозборев . . . Само вечерта реков: „Акулька! Јас сега тебе ќе те убијам!“, велам. Сета таа ноќ не заспав, излегов во тремот квасче да пивнам, а тогаш и почна да се зазорува. Јас влегов во одајата . . . „Акулька, велам, приготви се да одиме на нива“. А јас уште и пред тоа се готвев, и мајка ми знаеше дека ќе појдеме. „Ете тоа ти се вели, работа; работно време што нема каде повеќе, а работник, вика, цели три дена лежи мешечки.“ Јас ја впрегнав колата, молчам. Кога ќе излезиш од нашето гратче, веднаш ќе наидеш на борова шума што се простира петнаесетина врсти, а зад шумата беа нашите нивје. Поминавме три врсти од шумата, јас го запрев коњот: „Станувај, велам, Акулька, ти дојде крајот.“ Таа ме гледа, се исплаши, застана пред мене, молчи. — „Ми додеа ти мене, велам, моли му се на господа!“ Па кога ја зграпчи за коса: косата ѝ беше така густа и долга, ја завиткав околу раката, па одзади од обете страни ја притиснав со колена, го из-

вадив ножот, ѝ ја свиткав назад главата, па кога ја режнав со ножот преку грло... Таа кога зарика, крвта ѝ плисна, јас го фрлив ножот, ја прегрнав однапред со рацете, легнав на земја, ја гушкам и викам над неа, пиштам колку што ме држи глас; и таа вика и јас викам; сета се тресе, се цапа од моите раце, а крвта токму врз мене, плиска и само плиска по лице и по рацете... Ја оставив, ме обзеде страв, и коњот го оставив, а самиот бегам ли бегам; дома дотрчав одзади, па во бањата, бањата ни беше така една стара, не се служевме со неа: се ворнав под клупа и седам таму. До ноќта таму проседов.

— А Акулька?

— А таа, се виде, станала по мене и исто така тргнала накај дома. Така и ја најдоа потоа на стотина чекори од она место.

— Не си ја доклал, значи...

— Да... — Шишков за миг се запре.

— Има една таква жила, — забележи Черевин, — ако неа, таа иста жила отпрвин не ја пресечеш, тогаш човекот само ќе се мачи и колку и да му истече крв, нема да умре.

— Но таа умре. Ја нашле луѓето вечерта — мртва. Пријавиле, почнале да ме бараат и дури вечерта ме најдоа во бањата! — Еве веќе четврта година како лежам тука, — додаде тој и замолча. —

— Хм... Она, се разбира, ако не ја тепаш — нема добро, — ладнокрвно и методично забележи Черевин, вадејќи го пак ќесето со тутун. Тој почна да шмрка, долго и со паузи. — Но, сепак, момче, — продолжуваше тој, — излегува дека си бил многу глупав. Јас исто така, еднаш ја затеков жена си со љубовникот. Тогаш јас ја викнав во племната, го удвосав оглавот. „Кому, велам, му се колниш? Кому му се заколнуваш? Па дури, удри, со оглавот удри, удри, еден и пол час ја тепав, тогаш ми вели: „Нозете, вика, ќе ти ги мијам и таа вода ќе ја пијам.“ Авдотја ја викаа.

V

ЛЕТНО ВРЕМЕ

Но еве го веќе и почетокот на април, еве веќе се приближува и Страсната недела. Малку по малку почнуваат и летните работи. Секој ден сонцето е сè потопло и поблескаво, воздухот мириса на пролет и дејствува возбудливо на организмот. Убавите денови што настапуваат го возбудуваат и окованиот човек, породуваат и кај него некакви желби, стремежи. Чиниш дека под блескава сончева светлост уште посилно тагуваш за слободата одошто во стуштен зимен или есенски ден, и тоа се забележува кај сите затвореници. Тие како божем и да им се радуваат на светлите дни, но напоредно со тоа кај нив се засилува некаква нетрпеливост, праскање. Навистина, јас забележив дека напролет како божем почесто кај нас да се случуваа караници. Почесто се слушаше шум, викотница, врева, почнуваа расправии; а напоредно со тоа, се случуваше, одеднаш некаде на работа ќе го забележиш нечиј задуман и упорен поглед во синкавата далечина, таму некаде на другиот брег на Иртиш откај што на илјада и петстотини врсти се простира како недогледна простирка волната киргиска степа; ќе ја слушнеш нечија длабока издивка од длабочината на градите, како божем да го притегнува човека, да вдишне со тој далечен, слободен воздух и со него да ѝ олесни на потиснатата, прикована душа. — „Ех!“ — изречува најпосле затвореникот, и наеднаш чиниш ги стресол од себе мечтите и размислувањето, нестр-

ливо и намуртено ќе се зафати за лопатата или тулите, што треба да се пренесат од едно место на друго. По една минута тој веќе и го заборава своето одненадеж дојдено чувство и почнува да се смее или кара, според карактерот; или наеднаш со необична, сосем несразмерна со потребата одушевеност ќе се зафати за работната задача, ако му е определена и почнува да работи, — да работи со сè сила, чиниш сакајќи со тежината на работата да потисне во себе нешто што самото однатре го мачи и души. Тие сите се луѓе силни, во голем дел во најубавите години и сили. Тешки се во тоа време оковите! Јас овој час не поетизирам и сум уверен во вистинитоста на мојата забелешка. Освен тоа што на топло, под блескаво сонце кога со сета душа, со сето свое суштество ја слушаш и чувствуваш околу себе природата, што со неизмерна сила се буди, станува уште потешка затворената темница, стража и туѓа волја; освен тоа во тоа пролетно време, со првите чучулиги, во Сибир и по сета Русија почнува бегање и скитништво; бегаат луѓето божји од затворите и се спасуваат по шумите. По задушната јама во која се живеело, по судови, окови и тепање со праќе, тие скитаат по своја волја кај што сакаат, кај што е поубаво и поудобно кај што е послободно; пијат и јадат кај што ќе најдат, што ќе даде господ а ноќе заспиваат мирно некаде в шума или в поле, без голема грижа, без затворска тага и пекање, како пилци в шума, проштавајќи се пред спање само со небесните ѕвезди, под божјото око. Што да се прикажува! Понекогаш е и тешко, и се гладува и изморително е „да се служи кај генерал Кукушкин“[48]) Понекогаш се случува, по неколку денонокија нема ни залче леб; од сите треба да се крие, да се варди; потребува и да се краде и ограбува, а понекогаш и да се убие. „Дојденик ти е како мало дете, што ќе види сака да си го земе,“ — велат во Сибир за населениците. Таа поговорка сосем и дури со некоја добивка

---

[48]) Кукушка — кукавица, да се служи кај генерал Кукушкин — „да слуша кукавица“ — т.е. да биде скитник и бегалец, и живее криејќи се по шумите.

може да се примени и на скитникот. Скитникот ретко кога не е разбојник и речиси секогаш е крадец, се разбира, повеќе поради неопходност одошто од занает. Има неизлечиви скитници. Некои бегаат дури и кога ќе ги одлежат своите затворски рокови, од самото место на населување. Изгледа дека тој веќе е задоволен и обезбеден, но пак сè некаде го привлекува, нешто го вика. Животот по шумите е живот мачен и страшен, но слободен и полн со преживувања, има нешто соблазниво, некаква таинствена убавина за оние што еднаш го обиделе, и гледаш — избегал човекот, некој дури и скромен, уреден, во кој веќе се надевале дека ќе стане добар и постојан населеник и добар домаќин. Понекој дури се оженува, изродува деца, живее пет години на едно место и одеднаш, една прекрасна изутрина исчезнува некаде, оставајќи ги во недоумение жената, децата и целата општина во која е запишан. Мене ми покажаа кај нас во затворот еден од таквите бегалци. Тој не беше сторил никаков особен престап барем не се слушаше ништо да расправаат за него од тој вид, а постојано бегал, и во бегање го поминал сиот свој живот. Тој бил и на јужната руска граница, преку Дунав, а во Киргиската степа, и во источен Сибир и на Кавказ, насекаде поминал. Којзнае, можеби при други околности, со таква страст за патешествија од него и би станал некаков Робинзон Крусо. Меѓутоа, сето тоа ми го прикажуваа за него други; а самиот тој во затворот малку зборуваше, и тоа само што ќе прозбореше нешто најнеопходно. Тој беше многу низичок селанец, веќе на педесетина години, до немајкаде кроток, со прекумерно спокојно и дури тупо лице, спокојно до идиотство. Тој љубеше лете да седи на сонце и бездруго си м'мкаше за себе некоја песничка, но толку тивко, што само на пет чекори од него не се слушаше. Цртите на лицето му беа некако вкочанети; јадеше малку, повеќе само леб; никогаш не беше купил ни едно симитче или чашка пијалак, па за верување мачно и кога-годе да имал пари, којзнае дали дури знаеше и да смета. Тој се однесуваше кон сè сосем спокојно.

Понекогаш од своја рака ги хранеше затворските кучиња, а кај нас никој не ги хранеше затворските кучиња. Па и воопшто Русинот не сака да храни кучиња. Велат, тој бил женет, и дури двапати; велеа дека тој некаде имал деца ... Зошто попаднал во затвор никако не знам. Сите наши очекуваа дека тој и откај нас ќе лишне; но, којзнае, дали не му беше дошло времето или веќе поминале годините, но тој си живееше и поминуваше, некако задумано однесувајќи се кон сета таа чудна средина што го опкружуваше. Меѓутоа, не можеше ништо да се тврди. Иако, би се чинело, и зошто би бегал, што би спечалил? А меѓутоа сепак, во целост, скитничкиот живот, во шума, — е рај спрема оној во затворот. Тоа е толку разбирливо; па и не може да се прави никаква споредба. Иако е и тешка судбата, но сепак се живее по своја волја. Еве зошто секој затвореник во Русија, кај и да лежи, напролет, со првите пријатни лачи на пролетното сонце станува некако беспокоен. Иако ни најмалку не секој е со намера да бега: може да се тврди дека на тоа, поради мачнотијата и одговорноста, се решуваат од стоте еден; но затоа другите деведесет и девет барем ќе си помечтаат за тоа како би можеле да бегаат и каде би бегале: барем ќе си олеснат на душата само со желбата, само со замислувањето на можноста. Понекој барем ќе се присети како тој некогаш порано бегал ...

Јас сега зборувам само за осудените. Но, се разбира, каде и каде почесто и повеќе се решуваат на бегство оние што се под следствие, на кои им претстои судење. Осудените на рок бегаат едвај само во почеток на своето затворештво. Штом ќе одлежи две-три години од својата казна, затвореникот веќе почнува да ги цени тие години, и малку по малку се согласува дека за него е подобро на законски начин да си го одлежи својот рок на принудна работа и отиде на принудно населување, одошто да се реши на таков ризик и на таква загинувачка во случај на неуспех. А неуспехот е толку возможен. Едвај можеби на еден од десет му успева да ја смени својата

с у д б а. Од осудените исто така почесто од другите се решаваат да бегаат осудените на многу долги рокови. Петнаесет-дваесет години излегуваат како вечност и осудениот на таков рок е секојпат готов да помечтае за сменување на судбата, иако веќе и десет години одлежал на робија. Најпосле, и муровите делум пречат да се ризикува со бегство. Д а с е с м е н и с у д б а т а — е технички израз. Така затвореникот и на сослушување ако го фатат при бегство одговара дека сакал да си ја смени судбата. Овој малку книшки израз сосем е применлив кон оваа работа. Секој оној што бега има предвид не сосем да се ослободи, — тој знае дека тоа е речиси невозможно, — но или да попадне во некој друг осуденички дом, или да попадне во некое место како населеник, или одново да биде суден за нов престап, — направен веќе по бегството во скитањето, — со еден збор каде и да е само не на старото место, што му додеало, не во поранешниот затвор. Сите тие бегалци ако во текот на летото не си најдат некакво случајно легло каде да презимуваат, — ако, на пример, не се препнат на некој сокривач на бегалци, којшто има од тоа полза, ако, најпосле не си набават, понекогаш и со убиство некаков документ, со кој насекаде може да се проживее, — сите тие наесен, ако не ги испофаќаат пред тоа, во поголем дел, во големи групи самите се пријавуваат по градовите и затворите како скитници, и влегуваат во затворите да ја одлежат зимата, се разбира, не без надеж пак да избегаат.

И мене пролетта ми подејствува со своето влијание. Паметам како јас понекогаш со жед гледав низ дупките на оградата и стоев долго, со потпрена на неа глава, и ненаситно и упорно загледувајќи како зеленее тревата на нашите тврдински ѕидини, како сè погусто и погусто синее далечното небо, моето беспокојство и тага раснеа со секој ден, и затворот ми стануваше сè повеќе и повеќе омразен. Омразата на затворениците кон мене, којашто јас како благородник ја трпев постојано во текот на првите години, ми стануваше неподнослива, ми го труеше како отров жи-

вотот. Тие први години, јас често одев, без да бидам болен од ништо, да лежам во болницата, само заради тоа да не бидам во затворот, само да се спасам од оваа упорна, со ништо незаполтувана сеопшта омраза. „Вие сте железни клунови, вие нѐ исклукавте! — ни зборуваа затворениците, и тогаш јас им завидував, велам, на простите луѓе што доаѓаа во затворот. Тие наеднаш стануваа со сите другари. И затоа пролетта, видението на слободната, сеопшта веселост во природата, ми се чинеше некако исто така тажно и раздразливо. На крајот од постите, ми се чини шестата недела, дојде редот да постам. Уште првата недела сиот затвор беше разделен од постариот подофицер на седум смени, според бројот на неделите на постите, за постење. По таков начин во секоја смена имаше по триесетмина. Неделата на постење мене ми се свиде многу. Тие што постеа се ослободуваа од работа. Ние одевме в црква, што беше блиску до затворот по два и по трипати на ден. Јас одамна не бев одел в црква. Богослужението во великите пости, што ми беше толку познато уште од најраното детство, од родителската куќа, свечените молитви, метаниите, ме потсетуваше за дамнешното минато, ме потсетуваше на впечатоците уште од детските години, и паметам — мене ми беше многу пријатно кога често изутрина, по подмрзнатата преку ноќ земја нѐ водеа под стража со полни пушки во божијот дом. Сепак стражата не влегуваше во црквата. Во црквата ние застанувавме како згрмаден куп накрај на самата врата, на најпоследното место, каде што се слушаше едвај само силниот глас на ѓаконот, и сред грмадата луѓе ретко ќе ја бирнеш црната мантија и ќелата на свештеникот. Јас си припомнував како уште во детството, понекогаш стоејќи во црквата ги гледав простите луѓе, што сериозно, збиено се грмадеа на влезот и покорно им правеа пат на некои со дебелите еполети, на здебелен господин или на некоја изнаконтена, но необично богомолна госпоѓа, коишто бездруго одеа на првите места и беа секој час готови да се караат за прво место. Таму на влезот, ми изгледаше тогаш, и се молеа не како кај нас, се молеа

смирено, усрдно, со метании и некакво потполно сознание за својата пониженост.

Сега и јас требаше да стојам на истите тие места, дури и не на тие: ние бевме оковани и муросани; од нас сите се тргаа настрана, сите како дури да се плашеа од нас, нам секогаш ни даваа милостина, и паметам, мене тоа ми беше дури и некако пријатно, во тоа чудно задоволство се сеќаваше некакво истенчено особено чувство. „Па нека биде, штом е така!“ — си мислев јас. Затворениците се молеа многу усрдно и секој од нив секојпат донесуваше в црква своја сиромашка копејка за свеќа или ја клаваше во црковниот тас. „Па нели и јас сум исто така човек, — можеби си мислел или сеќавал тој подавајќи, — пред господа сите се еднакви... „Ние се причестувавме рано, уште на првото богослужение. Кога свештеникот со чаша во рацете ќе ги прочиташе зборовите: „... но јако разбојника мја прими,“ — речиси сите се повалија на земја, тропајќи со оковите, ми се чини затоа што буквално ги беа разбрале тие зборови за себеси.

Но ете дојде и Велигден. Началството ни подели по едно јајце и рибанче пченичен млечен благ леб. Затворот пак го затрупаа со дарови од градот. Пак посета на свештеникот со крстот, пак посета од началството, пак мрсна чорба, пак пијанство и тетеравење, — сосем исто како на Божиќ, само со таа разлика што сега веќе можеше да се рашетува низ двор од затворот и да се грее на сонце. Беше некако посветло, попросторно одошто зиме, но некако потажно. Долгиот, бескраен ден стануваше во празниците некако особено неподнослив. Во делниците времето се скусуваше барем со работа.

Летните работи навистина излегоа многу потешки од зимните. А работите се одвива предимно по инженерските градби. Затворениците градеа, копаа земја, правеа тули; другите од нив се занимаваа со браварската, дрводелската или молерската работа при ремонтните поправки на државните згради. Трети одеа во тулана да прават плиќе. Оваа работа се сметаше кај нас за најтешка. Туланата се наоѓаше на три-четири врсти далеку од тврдината. Секој ден, во текот на

летото, во шесте часот изутрина тргнуваше цело одделение затвореници, педесетмина, да прават плиќе. За таа работа ги избираа простите работници, то ест незанаетчии и што не припаѓаа на каков и да е занает. Тие земаа со себе леб, затоа што поради оддалеченоста на местото беше неудобно да се доаѓа дома за ручек и по таков начин да се прави излишно одење од осум врсти, и ручаа дури приквечер, кога ќе се вратеа во затворот. Задачата им се определуваше за цел ден и тоа таква што одвај во целиот ден затвореникот можеше да ја исполни. Прво требаше да се накопа и пренесе глина, да се донесе вода, сам да ја измеси човек глината во јамата и, најпосле, да направи од неа мошне многу плиќе, ми се чини, едно двесте, па и двесте педесет. Јас отидов во тулана само двапати. Работниците од туланата се враќаа дури навечер, изморени, измачени, и постојано цело лето им префрлаа на другите дека тие работат најтешка работа. Тоа, ми се чини, им беше нивната утеха. И покрај тоа, некои одеа таму дури некако со волја: прво, се работеше надвор од градот, местото беше отворено и слободно, на брегот на Иртиш. Сепак помило е да се погледа наоколу — не е како на тврдинските градби! Можеше и да се попуши слободно, и дури со големо задоволство да се полежи половина час. Јас исто така порано одев во работилниците или да печам алабастер или, најпосле, служев како подавач на тули при ѕидањето на зграда. Во последниот случај еднаш требаше да пренесувам тули од брегот на Иртиш до една касарна што се ѕидаше, на едно седумдесет сажни[49]) далечина, преку стрмнината кај нашата тврдина, и таа работа продолжуваше во текот на два месеци по ред. Таа дури ми се свиде, иако врвката, на која ги носев тулите, постојано ми ги жулеше рамениците. Но мене ми се свидеше тоа што поради работата очевидно во мене се развиваше сила. Отпрвин јас можев да носам само по осум тули, а секоја тула тежеше по дванаесет фунти, но после јас можев да носам дванаесет и петнаесет тули, и тоа многу ме радуваше.

[49]) Слично на нашиот сажен, мерка за должина од 2,134 м.

Во затворскиот живот физичката сила е потребна не помалку од моралната за поднесување на сите неудопства на тој проклет живот.

А јас уште сакав да живеам и по излегувањето од затвор!... Јас, меѓутоа, сакав да носам тули, не само поради тоа што од таа работа ми се закрепнуваше снагата, а уште и поради тоа што таа работа стануваше на брегот на Иртиш. Јас зборувам така често за тој брег, бидејќи единствено само откај него и се гледаше божјиот свет, чистина, јасна далечина, ненаселените слободни степи, што ми оставаа чуден впечаток со својата пустеливост. Само на брегот можеше човек да ѝ се сврти со грб на тврдината и да не ја гледа. Сите други места кај што работевме беа во тврдината или крај неа. Од најпрвите денови ја замразив таа тврдина и особено некои згради. Куќата на нашиот мајор ми се чинеше некакво проклето, одвратно место, и јас секојпат ја гледав со омраза, кога поминував крај неа. А на брегот можеше да се заборавиш, ја гледаш понекогаш таа неизмерна просторна пустелија, како што затвореникот од прозорецот на својот затвор ја гледа слободата. Тука сè ми беше скапо и мило: и јасното жешко сонце на без дно синото небо, и далечната песна на Киргизот, што долетуваше од киргискиот брег. Долго се загледуваш и најпосле здогледуваш некоја сиромашка исчадена јурта на некој Бајгуш; ќе видиш чад крај јуртата и Киргиска, што таму нешто се метка околу своите два овна. Сето тоа е сиромашно и диво, но слободно. Ќе здогледаш во синиот прозрачен воздух некоја птица и долго, упорно го следиш нејзиниот лет: ене таа првна над вода, ене исчезна во синината, ене пак се покажа како едвај забележлива, треперлива точка. Дури бедното закржлавено цвеќе што рано пролетта го најдов во пукнатинката на каменливиот брег, и тоа некако со болка го привлече моето внимание. Во текот на сета таа прва година од моето лежење во затворот маката беше неподнослива и дејствуваше на мене раздразливо, горчливо. Во таа прва година, поради таа мака јас многу нешто не забележував околу себе. Јас ги затворав очите и не сакав да се загледувам. Сред злоб-

ните омразни мои другари-осуденици, јас не забележував добри луѓе, луѓе способни да мислат и чувствуваат, и покрај сета одвратна корупка што однадвор ги покриваше. Меѓу зајадливите зборови јас понекогаш не го забележував милозливиот и пријателски збор, којшто беше дотолку поскап што се изговараше без секаква задна мисла, а често и право од душа, којашто можеби претрпела и препатила повеќе од мене. Но зошто да се расправа нашироко за ова. Јас прекумерно се радував ако се вратам дома многу постанат; можеби ќе заспијам! Затоа што спиењето кај нас лете беше мачење, речиси уште потешко одошто зиме. Навечер, вистина, беше понекогаш убаво. Сонцето, што везден не се тргнуваше од затворскиот двор, најпосле зајдуваше. Заладнуваше, а потоа настапуваше речиси студена (релативно земено) степска ноќ. Затворениците, во очекување да ги затворат одеа на групи низ дворот. Навистина, главната маса се грмади повеќе во кујната. Таму секогаш се покренува некое насушно затворско прашање, се расправа за ова, за она, понекогаш се претресува некаков глас, често празен и неоснован, но кој необично го возбудува вниманието на тие отфрлени од светот луѓе; како на пример, се пронесол глас дека нашиот мајор ќе го истераат. Затворениците се лековерни, како деца самите знаат дека веста е бесмислица, дека ја донесол познатото плампало и „празен и бесмислен“ човек, затвореникот Квасов, на кој одамна решиле да не му веруваат и којшто нема да каже збор а да не излаже, а сепак сите се фаќаат за таа вест, расудуваат, ја дотеруваат, самите себе се забавуваат, а се свршува со тоа што самите себеси се налутуваат, на самите им станува срам дека му поверувале на Квасов.

— Па кој ќе го истера него! — вика еден, — има јак врат, нема тој да пушти да го соборат!

— Па и нему веројатно ќе му се најде некој постар! — одговара друг, пламенен и бистар човек, што поминал и сито и решето, но препирач какви што ги има малцина.

— Врана на врана очи не вади! — мрачно, чиниш за себеси, забележува трет, веќе стар човек, што самотен во ќошето си ја досркуваше својата чорба.

— А постарите да не дојдат тебе да те прашаат — да го сменат или не? — додава рамнодушно четврт, полека дрнкајќи на балалајка.

— А зошто пак да не ме прашаат? — Со јарост одговара вториот, — значи, сета оваа сиромаштија значи бара; сите тогаш изјавите, ако почнат да распрашуваат. А нас пак нè бива за викање, а кога ќе стане збор за работа да се стори, тогаш сите нас да нè нема!

— А ти како си мислел? — вели свирачот со балалајката. — Затоа е затвор.

— Неќна — продолжува не слушајќи и возбудено препирачот, — остануваше брашно. Го собраа гребеното, солзите што се вели, пратија да го продадат. Не може, се научил, поткажал некој од дружината; го одзедоа, економија значи. Праведно ти е тоа или не?

— Па ти токму сакаш да се поплачеш?

— Кому! Па на самиот левизор што доаѓа.

— Кој е тој левизор,

— Вистина е тоа, браќа, дека доаѓа левизор, — зборува едно живо и очиклено, писмено момче, некогашен писар, оној што ја читал Херцогинката Лавалиер или нешто од тој вид. Тој вечно е весел шеговник, но поради извесно познавање на работите и заради препределоста него го почитаат. Не обрнувајќи му внимание на побуденото сеопшто љубопитство за идниот ревизор, тој оди право кај готвачката то ест готвачот, и му бара печен црн џигер. Нашите готвачи често тргуваа со по нешто од тој вид. Ќе купат, на пример, за свои пари поголемо парче џигер, ќе го испечат и го продаваат на парчиња на затворениците.

— За еден или за два гроша? — го прашува готвачот. — Сечи за два: нека заблазуваат луѓето! — одговара затвореникот. — Генерал, браќа, еден генерал доаѓа од Петербург, цел Сибир ќе го прегледува. Тоа е вистина. Прикажуваа кај командантот.

Веста предизвикува необична возбуденост. Цел четврт час луѓето распрашуваа: кој токму, каков генерал, со каков чин, поголем ли од тукашните генерали? Затворениците многу сакаат да прикажуваат за чинови, началници, кој од нив е поголем, кој кого може да гу кутне и кој од нив самиот може да биде кутнат, дури спорат и се караат за генералите, речиси до тепање доаѓа. Би се чинело, каква полза имаат од тоа? Но според подробното знаење на генералите и воопшто началниците, се цени и степенот на познавање, умноста и поранешното, пред влегувањето во затвор, значење на човекот во општеството. Воопшто разговорот за вишето началство се смета за најголем, најелегантен разговор во затворот.

— Значи, и навистина излегува, браќа, дека доаѓаат мајорот да го сменат, — забележува Квасов, мало, алово човече, пргав и сосем бесмислен. Токму тој и ја донесе прв веста за мајорот.

— Ќе го поткупи! — отсечно одговара намуртениот стар затвореник што веќе свршил со чорбата.

— А зошто и да не може да го поткупи, — вели друг. — Зар малку пари тој награбил! Пред да дојде кај нас, тој бил баталјонски офицер. Недамна сакал да се жени за ќерка му на протата.

— Но ете не се оженил, му ја покажале вратата; сиромав е, значи. Кај е тој за свадба! Стана ли од стол — се сврши неговото. На Велигден изгубил сè на карти. Феѓка кажуваше.

— Да, човекот не е непрокопсаник, но парите се сневратија.

— Ех брат, ете и јас бев женет. Тешко му е на сиромавиот да се жени. Ожени се, а ноќта ти е куса! — забележува Скуратов, што веднаш се вмеша во разговорот.

— Ами како! Токму за тебе и станува збор, — забележува распојасаниот, слободен млад човек што бил писар. — А ти, Квасов, ќе ти речам, си голем будала. Зар ти мислиш дека мајорот ќе поткупи таков генерал, и дека таков генерал токму особено за да го ревизира мајорот, ќе доаѓа од Петербург? Глупав си ти, момче, ете што ќе ти речам.

— Па што ако? Зар ако е генерал нема да земе, ами? — скептички забележи некој од купот луѓе.

— Се знае тоа дека нема да земе, а ако земе, тогаш веќе ќе земе мошне. Се знае тоа дека многу ќе земе; според чинот.

— Генерал секогаш зема, — решително забележува Квасов.

— Што, ти да не си му давал? — презриво вели наеднаш влезениот Баклушин. — Па ти којзнае и дали си видел некогаш генерал?

— Дали сум видел! Уште како!

— Лажеш!

— Ти лажеш.

— Луѓе, ако тој видел, нека каже веднаш пред сите кој генерал го знае? Па, кажувај, затоа што јас сите генерали ги знам.

— Јас сум го видел генералот Зиберт, — некако нерешително одговара Квасов.

— Зиберт? Таков генерал и нема. Бездруго тој те погалил по грбот, тој Зиберт, кога можеби бил уште потполковник, а тебе од страв и ти се сторило дека е генерал.

— Не, вие чујте ме мене, — вика Скуратов, — затоа што јас сум женет човек. Имаше навистина таков генерал во Москва, Зиберт, Германец, а не Русин. Секоја година на Богородица се исповедаше кај руски поп, и постојано, браќа, пиеше вода како пајка. Секој ден испиваше по четириесет чаши москворечка вода. Тоа, велеа тој од некаква болест се лекува со вода; мене самиот негов камардинер ми раскажуваше.

— За верување во стомакот од водата крапови му се закотиле? — забележува затворениkот со балалајка.

— Е, доста. Тука станува збор за работата, а тие... Каков е тоа левизор, браќа? — загрижено, забележува еден неспокоен затвореник, Мартинов, старец, некогашен воен хусар.

— Па ете лажат луѓето! — забележува еден од скептиците, — и откај ли само го земаат и во што го клаваат? А сето тоа е само бесмислица.

— Не, не е бесмислица! — догматично забележува Куликов, што досега величествено молчеше. Тој е

човек со смисла, има помалку од педесетина години, со необично пријатно лице и со некакво презриво величествено држење. Тој го сознава тоа и се гордее со тоа. Тој делум е Циганин, ветеринар, добива низ градот пари од лекување на коњи, а кај нас во затворот тргува со пијалак. Тој е умно човече и многу проживеал. Зборовите ги рони како божем со рубли да дарува.

— Тоа е вистина, браќа, — спокојно продолжува тој, — јас уште минатата недела, слушав; доаѓа генерал, многу голем, цел Сибир ќе го ревизира. Се знае тоа, и него ќе го поткупат, но само не нашиот осмоок, тој нема да смее ни да му се покаже. Има генерали и генерали, браќа, секакви ги има. Само јас ви велам, нашиот мајор во секој случај ќе си остане на сегашното место. Тоа е вистина. Ние сме луѓе без јазик, а од началството нема свои да го поткажуваат свој. Ревизорот само ќе свирне во затворот, и со тоа ќе си отиде, и ќе извести дека тука е сè добро и во ред...

— Токму така, браќа, а мајорот се исплашил: ене од изутрина е пијан. А навечер друга кола ќе вози. Феќка кажуваше.

— Црниот прч нема со миење бел да го направиш. Волкот ќуркот си го мени, ќудот — не. Зар првпат е пијан?

— Не, па што тогаш, ако и генералот ништо нема да стори! Не, доста е веќе таквите будалштини да ги трпиме! — возбудувајќи се зборуваат помеѓу себе затворениците.

Во еден миг низ затворот се пронесе веста за ревизорот. Луѓето сноваат низ дворот и нестрпливо ја пренесуваат еден на друг веста. Други намерно молчат, запазувајќи ја својата ладнокрвност и со тоа очевидно се трудат да изгледаат што подостоинствено. Трети остануваат рамнодушни. На скалите од касарната заседнуваат затвореници со балалајки. Некои продолжуваат да си прикажуваат. Други започнуваат песни, но воопшто сите таа вечер се необично возбудени.

Во десетте часот сите нè пребројуваа, нè отеруваа во касарна и нè затвораа да спиеме. Ноќите беа

куси; изутрина нè разбудуваа во пет часот, а сите заспиваа не порано од единаесет. Секогаш дотогаш, обично, сè уште продолжува разговор и штутканица, а понекогаш, како и зиме, има мајдани. Ноќе настапува неподнослива жештина и задушеност. Иако подувнува ноќен лад од прозорчето со кренат рам, но затворениците се превртуваат саноќ на своите легла, чиниш во треска. Вријат милијарди болви. Нив кај нас ги има и зиме, и тоа мошне доста, но почнувајќи од напролет тие се размножуваат до немајкаде, за кое јас иако бев слушал, но без самиот да сум го проживеал, не сакав да верувам. И доколку повеќе наближува летото, дотолку тие стануваа полоши и полоши. Вистина, на болви може човек да се навикне; јас самиот сум го испитал тоа, но сепак тоа е мошне тешко. Понекогаш дотолку ќе те измачат, што лежиш, најпосле, како во некој грозничав оган и самиот сеќаваш дека не спиеш и дека си во некоја треска. Кога пред самата зора ќе се заполтат, најпосле, и болвите, чиниш ќе замрат, и кога во утринскиот лад како божем и навистина слатко ќе заспиеш, — наеднаш затрештува безмилосно тропање на барабанот кај затворската врата и почнува зора. Проколнувајќи ги слушаш силните јасни удари на барабанот, завиткувајќи се во кожувот, чиниш ги броиш, а меѓутоа во сонот на ум ти доаѓа страшна мисла дека така ќе биде и утре, и задутре, и прекутре, и многу години по ред, сè до самото пуштање на слобода. Па кога веќе, си мислиш, ќе стане тоа, ќе дојде таа слобода, и кај е таа? А меѓутоа, треба да се станува; почнува секогашната трчканица, турканица... луѓето се облекуваат; брзаат на работа. Вистина, можеше да се поспие уште еден час напладне.

За ревизорот кажаа вистина. Со секој ден сè повеќе и повеќе се потврдуваа гласовите, сите веќе знаеја дека бездруго од Петербург доаѓа еден важен генерал да го ревизира целиот Сибир, дека тој веќе стасал, дека е веќе во Тоболск. Секој ден во затворот доаѓаа нови вести. Доаѓаа вести и од градот: се слушаше дека сите се исплашени, се загрижени и заваркани со штутканица, сакаа однадвор да покажат убаво лице. Расправаа дека вишите началници готват приеми, ба-

лови, свечености. Затворениците на цели групи ги испраќаа да ги порамнуваат улиците во тврдината, да ги тргаат тумбите и чистат сметот, да ги бојадисуваат и украсуваат оградите и столбовите, да подмачкуваат и малтерисуваат, со еден збор, сакаа во еден миг да го поправат сето она што требаше од налице да го покажат. Нашите многу добро ја разбираа таа работа и сè повозбудено и попргаво се расправаа меѓу себе. Нивната фантазија доаѓаше до колосални размери. Се готвеа дури да изнесат б а р а њ а, да направат п р е т е н з и ј а, кога генералот ќе почне да ги прашува дали се доволни. А меѓутоа, спореа и се караа меѓу себе. Мајорот беше возбуден. Почесто наминуваше во затворот, почесто се навикуваше, почесто се нафрлаше врз луѓето, почесто ги одведуваше луѓето во корертардијата и усилено гледаше за чистотата и редот. Во тоа време, како намерно, во затворот, стана еден ситен случај, којшто, меѓутоа, не го возбуди мајорот онака како што би требало да се очекува, напротив, дури му направи задоволство. Еден затвореник бодна друг со шило в гради, речиси под самото срце. Затвореникот, што го направи престапот, се викаше Ломов; ранетиот го викаа кај нас Гаврилка, тој беше неизлечив скитник. Не паметам, имаше ли друго име, кај нас секогаш го викаа Гаврилка.

Ломов порано бил имашен т-ски селанец од к-ска околија. Сите Ломови живееле заедно цело семејство; старецот татко, три сина и нивниот чичко Ломов. Тие биле богати селани. Во сета губернија зборувале дека тие имаат триста илјади книжни рубли. Тие орале, штавеле кожи, тргувале, но повеќе се занимавале со лихварство, криење на скитници и крадени плјачки и слични мајстории. Селаните од половина околија им биле должни, се наоѓале во нивни јарем. Тие биле познати како умни и итри селани, но најпосле, го кренале носот, особено кога една многу висока личност во тамошниот крај почнала да наминува кај нив, се запознала со старецот и лично го засакала заради пресметливоста, очикленоста и кадарноста. Тие наеднаш помислиле дека за нив нема веќе никаков суд, и почнале сè повеќе и повеќе да ризикуваат во разни

незаконски работи. Сите оплачувајќи се викале на нив; сите сакале да пропаднат вземи; но тие сè повисоко и повисоко го кревале носот. Претседатели на судови и полициски началници за нив веќе не претставувале ништо. Најпосле тие се препнале и пропаднале, но не поради нешто лошо, не поради своите тајни престапи, туку така, за ништо. На десетина врсти од селото тие имале голем чифлик, или како што во Сибир се вели „заимка". Таму еднаш кај нив наесен живееле шестмина работници Киргизи, уште одамна поробени со долгови кај нив. Еднаш, една ноќ, сите тие Киргизи — работници биле заклани. Почнало следствие. Тоа долго се продолжило. Притоа се откриле многу други неарни работи. Ломови биле обвинети за убиства на своите работници. Самите тие така раскажуваа и од затворот го знаеја тоа; на нив паднало сомнение затоа дека тие мошне многу им останале должни на работниците, а бидејќи и покрај својот голем имот, биле скржави и лакоми, затоа и ги заклале Киргизите, за да не им го платат долгот. За време на следствието и судењето сиот нивни имот станал прав и пепел, се сневратил. Старецот умрел. Децата биле испратени на прогонство. Едниот од синовите и неговиот чичко попаднаа во нашиот затвор дванаесет години. И што заправо? Тие биле сосем невини за смртта на Киргизите. После во нашиот затвор дојде Гаврилка, познат скитник како измамник и крадец; весело и очиклено човече којшто ја земаше сета таа работа врз себе. Јас не сум чул, меѓутоа, дали самиот тој го признаваше тоа, но сите во затворот беа сосем уверени дека Киргизите не умреле без да ги гибне неговата рака. Гаврилка уште како скитник си имал работа со Ломови. Тој дојде во затворот на кус рок, како воен бегалец и скитник. Киргизите тој ги заклал заедно со тројца други скитници; тие мислеле многу да се обогатат и натрабат во чифликот.

Кај нас не ги сакаа Ломови, не знам зошто. Едниот од нив, внукот, беше јунак, умно момче и со дружељубив карактер; но чичко му што го бодна Гаврилка со шило, беше глупав и будалетинка селанец. Тој пред тоа со уште мнозина се беше карал и него ар-

ничко го тепаа. Гаврилка сите го сакаа заради неговиот весел и пријатен карактер. Иако Ломови знаеја дека тој е престапникот и дека тие лежат поради негова вина, но со него не се караа, меѓутоа, никогаш и не се дружеа; па тој не им обрнуваше никакво внимание. И наеднаш изби караница меѓу него и чичкото Ломов поради една одвратна девојка. Гаврилка почнал да се фали со нејзината наклонетост; селанецот почнал да станува љубоморен, и една прекрасна пладнина го бодна со шило.

Иако Ломови прападнаа на судењето, тие во затворот живееја богато. Тие очевидно имаа пари. Тие имаа самовар, пиеја чај. Нашиот мајор знаеше за тоа и до последна крајност ги мразеше обајцата Ломови. Тој, очевидно за сите, се закачаше за нив и воопшто гледаше да најде повод да му попаднат в раце. Ломови го објаснуваа тоа со желбата на мајорот да им земе поткуп. Но тие не даваа поткуп.

Се разбира, ако Ломов барем само за малку подлабоко го боднеше шилото, ќе го убиеше Гаврилка. Но работата се сврши само со една драскаиица. Му јавија на мајорот. Јас паметам како тој дотрча зазбиван и очевидно задоволен. Тој, за чудење едно, чиниш како со роден син се држеше спрема Гаврилка.

— Па, пријателе, можеш ли да отидеш така во болницата? или не? Не, подобро да му впрегнеме коњ. Впрегни го веднаш коњот! — му завика тој на подофицерот.

— Па јас, ваше високо благородие, не осеќавам ништо. Само малку ме гребна, ваше високоблагородие.

— Ти не знаеш, ти не знаеш, скапи мој; ете ќе видиш . . . Местото е опасно, сè зависи од местото; под самото срце те погодил разбојникот! А тебе, тебе, — врескаше тој обрнувајќи му се на Ломов, — е, сега ќе ми паднеш в раце! . . . Во корегардијата!

И навистина Ломов му попадна в раце. Ломов го судеа, и иако раната излезе најлесна драскаиица, намерата беше очевидна. На престапникот му го наголемија одлежувањето на работниот рок и го натераа да

помине под илјада прачки. Мајорот беше сосем задоволен.

Најпосле, стаса и ревизорот.

Уште на вториот ден после пристигнувањето во градот, тој дојде и кај нас во затворот. Беше празник. Уште пред неколку дена кај нас беше сè измиено, исчистено, измазнето. Затворениците беа одново избричени. Облеката на нив беше бела, чиста. Лете сите одеа, по правило, во бели платнени блузи и панталони. Секому на грбот му беше зашиен црн круг, од две педи во дијаметар. Цел час ги учеа затворениците како да одговараат ако случајно високата личност се поздрави. Се правеа репетиции. Мајорот се штуткаше како побркан. Еден час пред доаѓањето на генералот сите стоеја по своите места, како скаменети, и ги држеа рацете испружени долж бедрата. Најпосле, во еден часот попладне, генералот дојде. Тој беше важен генерал, толку важен, што, ми се чини, сите началнички срца во цел западен Сибир бездруго истрпнаа од неговото доаѓање. Тој влезе сурово и величествено; по него се втурна голема грмада од месни началници што го придружуваа; неколку генерали, полковници. Имаше еден голем чиновник, висок и личен господин во фрак и плитки чевли, дојден исто така од Петербург — што се држеше необично неусилено и независно. Генералот често му се обрнуваше и тоа многу учтиво. Тоа необично ги заинтересира затворениците: цивилен, а има таква почит, и тоа уште од таков генерал! Отпосле се научивме кој е тој и како се вика, но толкувањата беа многу. Нашиот мајор, стегнат, со жолта јака, со крвјосани очи, со пламнато мозолесто лице, ми се чини, не му остави на генералот особено пријатен впечаток. Од особена почит кон високиот посетител тој беше без окалки. Тој стоеше поотстрана, истегнат, прав како свеќа, и со сето свое суштество грозничаво очекуваше миг да потреба за нешто, да полета да ги исполни желбите на неговото високо превосходство. Но тој не притреба за ништо. Генералот молкум ги обиколи касарните, погледна во кујната, ми

се чини, ја обиде чорбата. Мене ме покажаа пред него: така и така, значи благородник.

— А! — одговори генералот. — А сега какво му е држењето?

— Засега задоволително, ваше високо превосходство, — му одговорија.

Генералот кимна со главата и по две минути си замина од затворот. Затворениците, се разбира, беа штемолависани и збркани, но сепак, останаа во некакво недоумение. За никаква претензија против мајорот, се разбира, не можеше ни збор да станува. Па и мајорот беше уште од порано сосем уверен во тоа.

VI

ЗАТВОРСКИ ЖИВОТНИ

Купувањето на Дорчо, што наскоро стана во затворот, ги забави и заинтересира затворениците многу попријатно одошто високата посета. Кај нас во затворот се држеше по еден коњ за донесување вода, изнесување на нечистотијата и друго. За неговото гледање се определуваше еден затвореник. Тој и го јаздеше, се разбира, под стража. Нашиот коњ имаше мошне доста работа, и изутрина и навечер. Дорчо нѐ служеше одамна. Беше добар коњ, но веќе остарен, битисан. Една прекрасна изутрина, пред сам Петровден, Дорчо, откако го донесе вечерното буре со вода, падна и за неколку минути пцовиса. Него го жалеа, се собраа сите околу него, расправаа, спореа. Бившите војници од коњицата, Цигани и ветеринари и други што беа кај нас, покажаа притоа дури многу познанија што се однесува за коњи, дури се испокараа, но Дорчо не го воскресија. Тој лежеше пцовисан, со подуена мешина, којашто сите се сметаа должни да ја побуцнат со прст; му јавија на мајорот за станатото по божја волја, и тој реши незабавно да си купи друг коњ. На самиот Петровден, изутрина, по богослужбата кога сите кај нас беа собрани, почнаа да доведуваат коњи за продавање. Само по себе се рзбира дека самите затвореници требаше да препорачаат кој коњ да се купи. Кај нас имаше вистински познавачи и да се изиграат двесте педесетмина, што само со тоа се бавеле порано, беше тешко. Доаѓаа Киргизи, џамбази,

Цигани, прости граѓани. Затворениците нестрпливо го очекуваа појавувањето на секој нов коњ. Тие беа весели како деца. Најмногу од сè им ласкаше тоа што ете и тие, како чиниш слободни, како навистина од с в о ј џеб да купуваат з а с е б е коњ, што имаат полно право да купат. Беа доведени три коњи, и одведени, додека работата не се сврши со купувањето на четвртиот. Џамбазите што влегуваа кај нас со некаква зачуденост и плашливост се обѕираа наоколу и дури одвреме навреме погледнуваа накај стражарите што ги доведуваа. Грмадница од двестемина такви луѓе, бричени, муросани, во синџири, во своето легало, во своето затворско седало, зад чијшто праг не стапуваше никој, им влеваше своевидна почит. А нашите пронаоѓаа секакви итрини при испитувањето на секој доведен коњ. Каде и каде ли не само се загледуваа тие, што ли ти не попипуваа и озгора на тоа со таков работен, со таков сериозен и грижлив изглед, како божем од тоа да зависеше главната благосостојба на затворот. Черкезите дури и вјавнуваа на коњите; очите им се разгоруваа, и брзо — брзо ломотеа на својот неразбирлив јазик, покажувајќи ги своите бели заби и кимајќи со своите црнулести глави со криви носови. Понекој од Русите така и ќе им се прикачи со сето внимание кон нивниот спор, чиниш, во очите сака да им скокне. Зборовите не ги разбира, тогаш сака по изразот на очите да разбере како решиле: го бива ли коњот или не? И дури чудно би му се сторило на некој туѓ набљудувач што не му е грижа за таквото грозничаво внимание. Што има, се чини, тука нешто особено да се грижи и расправа некој затвореник и тоа некој затвореник што си е кроток, покорен, кој дури пред некој од своите затвореници не смееше ни да писне! Како самиот тој за себе да купува коњ, чиниш, заправо и не беше сеедно кој коњ ќе се купи. Освен Черкезите најмногу испакнуваа бившите Цигани и џамбази: нив им го пуштија првото место и главниот збор. Тука дури стана некаков благороден двобој особено меѓу двајца, — затвореникот Куликов, поранешен Циганин, коњокрадец и џамбаз, и самоукиот ве-

теринар, итер сибирски селанец, што неодамна дојде во затворот, а веќе успеа да му ја преземе на Куликов сета негова практика во градот. Работата е во тоа што нашите затворски самоуци — ветеринари многу ги ценеа во целиот град, и не само простите граѓани и трговците, но дури и најголемите чиновници се обрнуваа, кога ќе им се разболеа коњите, кон затворот, без обзир на неколкуте вистински ветеринари што ги имаше во градот. Пред да дојде Елкин, сибирскиот селанец, Куликов немаше соперник, имаше многу работа и, се разбира, добиваше парични награди. Тој многу се перчеше и шмеќаруваше и знаеше многу помалку одошто се правеше. Според доходите тој беше аристократ меѓу нашите. Со својот опит, уметност, смелост и решителност тој уште одамна се беше здобил со неволната почит на сите затвореници во затворот. Него кај нас го слушаа и му го послушуваа зборот. Но тој зборуваше малку: зборуваше како рубли да дарува, и тоа само тогаш во најважните случаи. Тој беше сосем глупав фодул, но имаше многу права вистинска енергија. Тој беше веќе на години, но многу личен, многу умен. Со нас благородните се држеше некако истенчено — учтиво и наедно со необично достоинство. Јас мислам дека кога би го промениле и како некој гроф би го довеле во некој престолничен клуб, тогаш тој и таму би се снашол, би играл вист, прекрасно би позборел малку, со смисла, и целата вечер, можеби, не би го разбрале дека не е гроф туку скитник. Јас зборувам сериозно: тој беше толку умен, пресметлив и бистер во расудувањето. Освен тоа, неговото држење беше убаво, фодулско. Бездруго, тој во својот живот гледал и испитал многу нешто. Меѓутоа, неговото минато беше покриено со темниот превез на неизвесноста. Тој кај нас лежеше во посебното одделение. Но со доаѓањето на Елкин, којшто, иако селанец, беше многу итер селанец, на педесетина години, расколник, ветеринарската слава на Куликов потемне. Само за некои два месеца тој му ја презеде речиси сета негова практика во градот. Тој ги лекуваше, и тоа мошне лесно, оние коњи од коишто Куликов уште однапред

се откажал. Тој дури ги излекуваше оние коњи од кои беа кренале раце и градските ветеринари. Тој селанец дојде во затворот заедно со други заради правење на лажни пари. Многу му требало нему на стари години да се смеша во таква дружина! Па и самиот тој, потсмевајќи се на себеси, ни раскажуваше дека од три вистински златни кај нив само еден излегол лажен. Куликов беше донекаде навреден од неговите ветеринарски успеси, дури и неговата слава меѓу затворениците почна да темнее. Тој имаше љубовница во предградието, одеше во кадифен кафтан без ракави, носеше сребрен прстен, обетка и сопствени порабени чизми и наеднаш, поради немање на приходи, беше принуден да стане крчмар, затоа сите очекуваа дека при купувањето на новиот Дорчо непријателите — што има за чудење! — уште и ќе се степаат. Чекаа со љубопитство. Секој од нив имаше своја партија. Главатарите од обете партии веќе почнаа да се возбудуваат и да си потфрлаат прекори. Самиот Елкин веќе го збрчка своето итро лице во најсаркастична насмевка. Но излезе инаку: Куликов и без караница постапи мајсторски. Тој почна со попуштања, дури со почит ги ислуша критичките мислења на својот противник, и штом го фати на еден збор, скромно и настојчиво му забележи дека греши и уште пред да може Елкин да се прибере и оправда, му докажа дека тој греши токму во тоа и тоа. Со еден збор, Елкин беше побиен необично ненадејно и мајсторски, и иако сепак Елкин остана згора, но и Куликовата партија остана задоволна.

— Не, браќа, се знае тоа, него не можеш лесно набрзина да го побиеш, знае да се држи, ами како! — зборуваа едни.

— Елкин знае повеќе! — забележуваа другите, но забележуваа некако попуштливо. Обете партии зазборуваа одеднаш во многу попуштлив тон.

— Не да знае, туку само полесно му оди одрака. А за добиток и Куликов не паѓа долу.

— Не паѓа човекот подолу!

— Не паѓа . . .

Новиот Дорчо, најпосле го избраа и купија. Тој беше прекрасен коњ: млад, убав, јак и со необично милозлив весел изглед. Се разбира дека веќе и за сите други работи тој беше без мана. Почнаа да се погодуваат: бараа триесет рубли, нашите даваа дваесет и пет. Се погодуваа вжештено и долго, додаваа и спуштаа цена. Најпосле на сите им стана смешно.

— Па од свое ќесе да не даваш ти пари? — зборуваа едни, — зошто се погодуваш?

— Државната каса да не ја жалиш? — викаа другите.

— Но сепак, браќа, сепак тоа се заеднички пари . . .

— Заеднички! Не, се гледа, такви како нас, улави, не се сеат; сами се раѓаме . . .

Најпосле се погодија за дваесет и осум рубли. Му јавија на мајорот и се реши купувачката. Се разбира, уште веднаш изнесоа леб и сол и свечено го воведоа новиот Дорчо во затворот. Ми се чини, немаше затвореник што по тој случај не го потупна по вратот или не го погали по муцката. Уште истиот ден го впрегнаа Дорчо да носи вода, и сите љубопитно гледаа како новиот Дорчо го носи своето буре. Нашит водоносец Роман се загледуваше во новиот коњ со необично задоволство. Тој беше селанец на педесетина години, со молчалив и сериозен карактер. Па и сите руски волари сè до немајкаде сериозни и дури молчаливи, како божем да е вистина дека постојаното бавење со коњи му придава на човека некаква сериозност и дури важност. Роман беше тих, милозлив со сите, незборлив, земаше бурмут од ќесето и уште одамна постојано се расправаше со затворските дорести коњи. Новокупениот беше веќе трет. Кај нас сите беа уверени дека на затворот му прилега темна боја, дека тоа божем е некако спрема куката. Така тврдеше и Роман. Шарко, или Алко на пример, не би купиле по никоја цена. Местото на водоносец, постојано, по некакво право, секогаш го држеше Роман, и никому кај нас не би му дошло на ум да му го оспорува тоа право. Кога пцовиса поранешниот Дорчо, никому ни на крај ум не му дојде, дури на мајорот, да го обвини за не-

што Романа: волја божја и ништо повеќе, а Роман е добар возар. Наскоро Дорчо стана љубимец во затворот. Затворениците, иако се груби луѓе, често доаѓаа да го помилуваат. Кога ќе се врати Роман од реката, ќе ја затвори вратата што му ја отворил подофицерот, а Дорчо влегувајќи во дворот, стои со бурето и го чека, го бара со поглед, „Диј сам!“ — ќе му викне Роман, и Дорчо уште веднаш ќе појде сам, ќе го донесе бурето до кујната и ќе се запре очекувајќи ги готвачите и дежурните со кофи да земаат вода. „Умен си, Дорчо! — му викаа, — самиот донесе! Слуша!“

— Глеј, навистина, имамче, а разбира!

— Јунак, Дорчо!

Дорчо врти со главата и првти чиниш и тој заправо разбира и е задоволен од пофалбите. И тогаш незабавно некој ќе му донесе леб со сол. Дорчо јаде и пак кима со главата, чиниш, сака да каже: „те познавам јас тебе! Познавам! И јас сум убав коњ и ти си добар човек!“

Јас исто така љубев да му подавам леб на Дорчо. Беше некако пријатно да се гледа неговата убава муцка и да се сеќаваат на дланка неговите топли, меки ноздри што умешно ја земаат давачката. Воопшто нашите затвореници би можеле да ги милуваат животните, и кога би им го дозволиле тоа, тие со радост би гледале многу домашен добиток и живина и, ми се чини, нема ништо друго што повеќе би можело да го ублажи, да го облагороди суровиот, sверски карактер на затворениците како на пример тоа. Но тоа не се дозволуваше. Ни редот кај нас, ни местото не го допуштаа тоа.

Сепак преку сето мое време во затворот случајно живееја неколку животни. Освен Дорчо кај нас имаше кучиња, гуски, прчот Васка, и малку време имаше уште и еден орел.

Како што веќе реков порано, како постојано затворско куче кај нас живееше Шарко, умно и добро куче, со коешто јас бев во постојана дружба. Но бидејќи воопшто сите прости луѓе го сметаа кучето за нечисто животно, кому не треба ни внимание да

му се обрнува, тогаш и на Шарко кај нас речиси никој не му обрнуваше внимание. Си живееше кучето, спиеше во двор, јадеше отпадоци од кујната и не побудуваше никакво интересување кај никого; меѓутоа, сите ги познаваше и сите во затворот ги сметаше за свои стопани. Кога затворениците се враќаа од работа, тоа, штом ќе го чуеше извикот: „Ефрејторот!“, трчаше кај вратата, вртеше со опашката и милозливо му се загледуваше во очите на секого што влегуваше, очекувајќи барем какво-годе помилување. Но во текот на многу години него никој ни најмалку не го помилува, освен можеби јас. Токму затоа мене тоа и ме сакаше повеќе од другите. Не паметам по каков начин потоа кај нас во затворот дојде и друго куче, Белка. Третото, Културјапка, јас самиот го донесов, донесувајќи го некаде од работа уште како кутренце. Белка беше чудно создание. Некој ја беше прегазил со кола, и грбот ѝ беше свиткан навнатре, така што кога таа трчаше, обично оддалеку се чинеше дека трчаат некакви две бели созданија, сраснати меѓу себе. Освен тоа таа беше постојано некако крастава, со загноени очи, опашката ѝ беше излитена, речиси сета без влакна и постојано подвиткана. Онесреќена од судбата таа очевидно се беше решила да се покори. Таа на никого никогаш не лаеше и не 'ржеше, како да не смееше. Таа живееше повеќе зад касарните, само за леб; а ако понекогаш ќе го види некого од нашите, тогаш уште веднаш, уште на неколку чекори тој да се приближи, во знак на покорност, ќе се превртеше на грб: „прави, чиниш сакаше да рече, што сакаш со мене, а јас, гледаш, и не мислам да се спротивставам.“ И секој затворениk пред кого таа ќе се превртеше, обично ја клоцнуваше, чиниш сметајќи го тоа за своја неизбежна должност. Гледај ја ти неа, подлата! — велеа обично затворениците. Но Белка не смееше дури и да квичи, а веќе ако мошне ќе ја заболи, тогаш некако заглушено и болно скимтеше. Исто така таа се превртуваше и пред Шарко и пред секој друг пес, кога по своја работа истрчуваше надвор од затворот. Обично ќе се превртеше и лежеше кротко, додека некој голем пес

со свиснати уши ќе се втурнеше врз неа со 'ржење и лаење. Но кучињата сакаат кроткост и покорност кај сличните на себе. Лутиот пес набргу се смируваше, со некаква задуманост се запираше крај покорното куче легнато пред него нагоре со нозете, и бавно, со големо љубопитство, почнуваше да ја души по сите делови на телото. Што ли можела да мисли тогаш Белка тресејќи се сета? „А кога, разбојникот ќе ме џапне?", за верување, ѝ доаѓало на ум. Но песот, штом ќе ја подушкаше внимателно, најпосле ја оставаше на спокојство, не наоѓајќи кај неа ништо особено интересно. Белка уште веднаш скокнуваше и обично пак се втурнуваше, разнишано влечејќи се по долгата редица кучиња што ја придружуваа некаква Жучка. И иако уверено знаеше дека нема поблиску да се запознае со Жучка, но сепак нејзе ѝ беше утеха во несреќите да се повлечка оддалеку. Очевидно и престанала да мисли на некаква чест. Со изгубена секаква кариера во иднината, таа живееше колку да јаде и сосем го сознаваше тоа. Јас еднаш се обидов да ја помилувам; тоа за неа беше толку ново и неочекувано, што таа наеднаш се протегна на земја, со сите четири нозе, сета затрепери и почна гласно да квичи од трогнатост. Бидејќи ја жалев, јас често ја милував. Затоа таа и не можеше да ме сретнува без квичење. Ќе ме здогледа оддалеку, квичи болно и жално. Се сврши со тоа што зад затворското ѕидиште ја распорија други кучиња.

Сосем поинаков беше Културјапка. Не знам зошто јас го донесов уште како слепо кутре од работилницата во затворот. Мене ми беше пријатно да го хранам и гледам. Шарко уште веднаш го прими под своја заштита и спиеше заедно со него. Кога Културјапка почна да подраснува, тој му дозволуваше да го апе за уши, да го скубе и игра со него, како што обично поголемите кучиња играат со кутриња. Беше чудно што Културјапка не раснеше во висина, туку само во должина и ширина. Власта му беше кадрава, со некаква отворена глувчова боја; едното уво му раснеше надолу а другото нагоре. Беше пламенен и восхитлив, како

и секое кутре, кое од радост што го гледа стопанот, обично ќе заквичи, залае, ќе се втурне да му го лиже самото лице и ушите веднаш пред вас е готовно да не ги задржи и сите други свои чувства: „само да се види одушевеноста, а приличноста не значи ништо!“ Обично, кај и да бев јас, кога ќе викнев: „Културјапка!“ тој веднаш се појавуваше одзад некое ќоше, чиниш од под земја, и квичејќи воодушевено леташе право накај мене, тркалајќи се како клопче и патем превртувајќи се. Јас до немајкаде го засакав тоа мало грдинче. Се чинеше дека судбата му беше определила во животот задоволство и само радост. Но еден прекрасен ден, затвореникот Неустроев, што се занимаваше со правење женски чевли и преработка на кожи, му обрна особено внимание. Него наеднаш нешто го изненади. Тој го повика Културјапка, ја попипа неговата власа и умилно го повали грбечки на земја. Културјапка, што не предосетуваше ништо, квичеше од задоволство. Но уште утредента тој загина. Јас долго го барав; како в земја да пропаднал; и дури по две недели се разбра сè: кожата на Културјапка до немајкаде му се свидела на Неустроев. Тој ја одрал, ја преработил кожата и со неа поставил зимни кадифени куси чизмички што му ги порачала жената на судијата. Тој ми ги покажа и чизмичките кога беа готови. Кожата со влакната беше прекрасна. Кутриот Културјапка!

Кај нас во затворот мнозина се занимаваа со преработка на кожи и често понекогаш доведуваа со себе кучиња со убава кожа, коишто уште во истиот миг исчезнуваа. Некои ги крадеа, а некои дури ги купуваа. Паметам, еднаш зад кујната јас видов двајца затвореници. Тие се советуваа и правеа нешто. Едниот од нив држеше на врвка прекрасен голем пес, очевидно од скапоцен сој. Некој никаквец лакеј го украл од својот господар и им го продал на нашите чевлари за триесет сребрени копејки. Затворениците се готвеа да го обесат песот. Тоа се правеше многу лесно: кожата ја одеруваа, а трупот го фрлаа во големата и длабока јама за помија што се наоѓаше сосем на задниот крај од нашиот затвор и којашто лете, во голе-

мите горештини, страшно смрдеше. Неа ретко ја прочистуваа. Кутриот пес, изгледа, разбираше каква судба го чека. Тој љубопитно и беспокојно се загледуваше во нас тројцата и само одвреме навреме се осмелуваше да помавта со својата рунтеста подвиткана опашка, чиниш сакаше да нè смилостиви со тој знак на својата доверба. Јас заминав поскоро, а тие, се разбира, среќно си ја свршија работата.

Исто така некако случајно кај нас се заведоа и гуски. Кој ги зафатил и чии беа, заправо не знам, но за извесно време тие многу ги забавуваа затворениците и дури станаа познати во градот. Тие и се изведоа во затворот и се хранеа во кујната. Кога малите гувчиња поодраснаа, сите тие, цело јато, се научија да ги придружуваат затворениците кога одеа на работа. Токму што ќе тропнеше барабанчето и ќе појдат осудениците да излегуваат, нашите гуски со крекање трчаат по нас, со раширени крилја, една по друга прескокаат преку високиот праг на вратницата и тргнуваат бездруго на десно крило, и се постројуваат во очекување на прозивката. Тие секогаш им се придружуваа на најголемата група и додека затворениците работеа, тие пасеа некаде наблизу. Тукушто групата ќе појдеше од работа назад во затворот, тргнуваа и тие по нив. Во тврдината се разгласи дека заедно со затворениците што одат на работа идат и гуски: „Гледај, идат затворениците со своите гуски!“ — зборуваа обично сретнатите. „Ами како сте ги научиле вие така!“ — „Еве ви за гуските!“ — додава друг и подаваше милостина. Но не гледајќи на сета нивна привржаност, при некое омрсување нив сите ги заклаа.

Но нашиот прч Васка никако не ќе го заколевме ако не станеше нешто особено. Исто така не знам откај се најде тој кај нас и кој го донесе, но наеднаш во затворот се најде едно мало, бело, преубаво јаре. За неколку дена сите кај нас го засакаа, и тоа стана општа забава и дури радост за сите. Најдоа и причина да го држат: требало во затворот, во шталата да се држи прч. Сепак тој живееше не во шталата, а отпрвин во кујната, а потоа низ целиот затвор. Тоа бе-

ше до немајкаде грациозно и палаво суштество: дотрчуваше на повикување: скокаше на клупи, се бодеше со затворениците, беше секогаш весело и забавно. Еднаш, кога веќе му излегоа вистински мали рогови, еднаш навечер на Лезгинецот Бабај, седејќи на скалата од касарната, сред група други затвореници, му дојде на ум да се боде со него. Тие веќе долго се удираа со челата, — тоа му беше сакана забава на затвореникот со јарето, — кога одеднаш Васка скокна на најгорното стапало од скалата и тукушто Бабај се заврте настрана, в миг се крена на задните нозе, ги прибра кон себе предните копитца и од полн замав го удри Бабаја во тил, така што овој препречен падна од скалата, за одушевување на сите присутни, а најмногу на самиот Бабај. Со еден збор, Васка сите го сакаа. Кога тој почна да подраснува, по заедничко и сериозно советување, беше направена познатата операција, којашто нашите ветеринари знаеја многу добро да ја прават. „Инаку ќе мириса на прчовина", — зборуваа затворениците. Потоа, Васка почна прекумерно да дебелее. Па и го хранеа како за клање. Најпосле, израсна прекрасен голем прч, со многу долги рогови и прекумерно дебел. Кога одеше, само се нишаше. Тој исто така се научи да оди со нас на работа, за веселба на затворениците и сретнатите на пат. Сите го знаеја затворскиот прч Васка. Понекогаш, ако работевме, на пример, на брегот, затворениците обично ќе накинеа вити ветчиња од ракидовина, ќе насоберат некакви лисја, ќе наберат на насипот цвеќиња и ќе го закитат со сето тоа Васка; ќе му ги преплетат роговите со ветчиња и цвеќиња, а сета снага со венци. Обично Васка се враќаше секогаш одејќи пред затворениците, накитен и украсен, а тие одат по него и чиниш се гордеат пред минувачите. Тоа љубување со прчот отиде дотаму што на некој од нив дури им идеше на ум, како на деца, мислата: „да му се позлатат ли на Васка роговите"? Но само така позборија, а не го сторија. Јас, меѓутоа, паметам, го прашав Аким Акимич, најдобриот наш кувенција по Исај Фомич: може ли навистина на прч да му се позлатат роговите? Тој

отпрвин го погледна внимателно прчот, сериозно помисли и одговори дека, да речеме, е можно, но „ќе биде нетрајно и освен тоа сосем бесполезно.“ Со тоа и се сврши работата. И Васка долго ќе преживееше во затворот и можеби ќе си пцовисаше тука, но еднаш, враќајќи се на чело на затворениците од работа, накитен и дотеран, тој му попадна пред очи на мајорот, што се возеше во кола. — „Стој! — се развика тој, — чиј е прчот?“ Му објасниј а. — „Како! во затворот има прч и тоа без моја дозвола! Подофицер!“ Дојде подофицерот и уште веднаш му беше повелено, незабавно да се заколе прчот. Кожата да се одере и продаде на пазар и добиените пари да се внесат во државната осуденичка каса, месото да им се даде на затворениците за чорба. Во затворот позборуваа, пожалаа, но сепак не смееја да не ја исполнат повелбата. Васка го заклаа над нашата јама за помија. Месото го купи сето еден затвореник, плаќајќи му на затворот една и пол рубља. За тие пари купија печиво, а оној што го купи Васка им го распродаде месото печено на своите. Месото излезе навистина многу вкусно.

Исто така кај нас едно време живееше орел (така викан карагуш) од сојот на степските мали орли. Некој го донесе во затворот ранет и измачен. Сите од затворот го опколија; тој не можеше да лета; десното крило му се влечеше по земја, една нога му беше шината. Паметам како тој се обзираше јаросно наоколу гледајќи ја љубопитната грмадница, го отвораше својот крив клун, готвејќи се скапо да го продаде животот. Кога му се нагледаа и почнаа да се разминуваат, тој се одвлечка куцајќи, потскокајќи на една нога и мавтајќи со здравото крило во најоддалеченото ќоше на затворот, кајшто се стутули, сосем збиен до оградата. Тука тој проживеа кај нас три месеци и ниеднаш не излезе од своето катче. Отпрвин често доаѓаа да го гледаат, с'скајќи го на него кучето. Шарко се нафрлаше врз него бесно, но очевидно се плашеше да му се приближи повеќе коешто многу ги развеселуваше затворениците. „— Sверка! — велеа тие, — не се предава!“ Потоа и Шарко почна лошо да го задева; му

беше поминат стравот, и тој кога го насаскуваа, беше се научил да го фаќа за болното крило. Орелот се заштитуваше со сите сили со ноктите и клунот, и гордо и диво, како ранет цар, стуткан во своето катче ги гледаше љубопитните што доаѓаа да го гледаат. Најпосле тој им здодеа на сите, сите го оставија и заборавија, и сепак секој ден можеше да се види крај него парчиња пресно месо и ќерамитка со вода. Пак некој се грижеше за него. Тој отпрвин не сакаше ни да јаде, не јадеше неколку дни, најпосле, почна да јаде, но никогаш не од рака и пред луѓе. Мене често ми се случуваше да го гледам оддалеку. Не гледајќи никого и мислејќи дека е сам, тој понекогаш се решаваше да излезе наблизу од местото и се влечкаше покрај оградата, на дванаесетина чекори од своето место, потоа се враќаше назад, после пак излегуваше, чиниш си правеше рашетка. Штом ќе ме видеше мене, тој веднаш со сите сили, потскокнувајќи и куцајќи брзаше на своето место, и со кренатa глава, со отворен клун, накоштравен, уште веднаш се приготвуваше за борба. Со никакви милувки не можев да го скршам, тој апеше и преташе со крилјата, не го земаше месото од моите раце и обично преку сето време додека стоев крај него, втренчено долго ме гледаше во очите со својот злобен, проникнувачки поглед. Сам злобно си ја очекуваше смртта, не доверувајќи му се никому и со никого не примирувајќи се. Најпосле, затворениците како да се сетија за него и иако никој не се грижеше за него, никој не споменуваше за него, два месеца, но одеднаш, чиниш, на сите им се породи сочувство спрема него. Зазбореа дека треба да се изнесе надвор орелот. „Ако сака нека издивне, но само не во затворов!“ — зборуваа едни.

— Се знае тоа, слободна птица, дива, нема да ја навикнеш на затвор, — потврдуваа други.

— Се разбира, тој не е како нас! — додаваше некој.

— Гледај го што тропа: па тој е птица, а ние сме значи луѓе.

— Орелот, браќа е горски цар. — сакаше да почне Скуратов, но него овојпат не сакаа да го слушаат. Едно попладне, кога изби барабанчето за одење на работа, го зедоа орелот, откако со рака му го стиснаа клунот, затоа што тој почна лошо да тепа, и го понесоа надвор од затворот. Дојдоа до ѕидиштата. Дванаесетмина, што беа во таа дружина, љубопитно сакаа да видат кај ќе појде орелот. Чудна работа: сите беа некако задоволни како божем самите тие делум да добиле слобода.

— Глеј го, кучето ниедно, ти му правиш добро, а тој само апе? — зборуваше оној што го држеше, речиси, со љубов гледајќи ја пакосната птица.

— Пушти го, Микитка!

— Немој да му баеш над глава. Дај му нему слобода, вистинска слобода, — слободичка.

Орелот го фрлија од ѕидиштата во степата. Тоа стана доцна наесен во студен и стуштен ден. Ветерот фучеше во голата степа и шумеше во пожолтената исушена, и ретка степска трева. Орелот се втурна право, мавтајќи со болното крило и како божем вракајќи да отиде откај нас каде што му гледаат очите. Затворениците љубопитно следеа како секој час се покажува сред тревата неговата глава.

— Глеј го ти него! — задумано прозборе еден.

— И не се обѕрна! — додаде друг. — Ниеднаш, браќа, не се обѕрна, само бега!

— А ти да не мислиш ќе се врати да ти заблагодари? — забележи трет.

— Се знае што ти е тоа слобода. Слобода сетил.

— Слобода, ами како!

— Нема веќе да го видиме, браќа...

— Што чекате? Марш! — завикаа стражарите и сите молкум се завлечкаа на работа.

VII

ПОПЛАКА

Почнувајќи ја оваа глава, издавачот на записите на покојниот Александар Петрович Горјанчиков, смета за своја должност да им го соопшти на читателите следново:

Во првата глава на „Записите од Мртвиот дом“ се кажаа неколку зборови за еден таткоубиец, благородник. Меѓу другото, тој беше приведен како пример за тоа со каква бесчувственост зборуваат понекогаш затворениците за направените од нив злосторства. Исто така беше речено дека убиецот не си го признал на судењето своето злосторство, но дека судејќи по прикажувањето на луѓето што ја знаеја сосем подробно сета негова историја, фактите биле дотолку јасни што не било можно да не се верува дека тој го сторил злосторството. Тие исти луѓе му раскажувале на авторот на записиве дека престапникот имал сосем развратно држење, се задолжил до гуша и го отепал татка си, полакомен за наследството. Исто така, целиот град во кој порано служел тој таткоубиец, ја раскажуваа подеднакво таа историја. За последниов факт издавачов на „Записиве“ има доста вистинити податоци. Најпосле, во записите беше речено дека убиецот во затворот се чувствувал секогаш прекрасно, највесело настроен, дека тој во голема мера бил дури човек ветерничав, лекомислен, нерасудлив, иако ни најмалку не глупав, и дека авторот на „Записите“ никогаш не забележил кај него особена

жестокост. И уште веднаш тука се додадени зборовите: „Се разбира, јас не верував во тоа злосторство!“

Дниве издавачов на „Записите од Мртвиот дом“ доби вест од Сибир дека огласениот престапник бил навистина невин и напразно страдал десет години на принудна работа и лежење во затворот; дека официјално на суд се докажала неговата невиност. Дека се нашле вистинските престапници кои признале и дека несреќниот веќе е ослободен од затворот. Издавачот исто така не може да се сомнева во вистинитоста на оваа вест . . .

Нема што друго повеќе да се додаде. Нема зошто да се зборува и расправа за сета големина на трагичното во тој факт, за загубениот уште на младини живот, под такво страшно обвинение. Сам по себе фактот е многу разбирлив, многу потресен.

Ние исто така мислиме дека ако таков факт се покажал можен, тогаш веќе само таа можност додава уште една нова и необична јасна црта за карактеристиката и потполноста на сликата на Мртвиот дом. А сега продолжуваме.

Јас веќе зборував понапред дека најпосле се навикнав на мојата положба во затворот. Но тоа „најпосле“ дојде многу тешко и мачно, мошне малку по малку. Всушност мене ми беше потребна цела година, и тоа беше најтешка година во мојот живот. Токму затоа така исцело и ми се врежала во сеќавањето. Мене ми се чини дека јас секој час едноподруго од таа година го паметам. Јас исто така зборував дека и други затвореници не можеа да н а в и к н а т на тој живот. Паметам како во таа прва година јас често си размислував: Што е и како е кај нив? Зар се спокојни? И тие прашања многу ме интересираа. Јас веќе споменував дека сите затвореници живееја тука не како кај себе дома, а како божем во ан, патно преноќиште и гостилница, на поход, на некаква етапа. Луѓето, испратени за цел живот, и тие се штуткаа или тагуваа и веќе бездруго секој од нив си мечтаеше за себе нешто невозможно. Тоа сеопшто беспокојство, што иако се изразуваше молкум, но беше очевидно, таа чудна

возбуденост и воспламенетост и нетрпеливост во понекогаш неволно искажаните надежи, понекогаш дотолку неосновани, што прилегаа на трескаво бладање, и што беше повеќе чудно, што се загнездуваа често и во најпрактичните навидум умови, сето тоа му даваше необичен изглед и карактер на тоа место, дотолку што можеби токму тие црти и го претставуваа најкарактеристичното негово својство. Некако, речиси од прв поглед, се чувствуваше дека тоа го нема надвор од затворот. Тука сите беа мечтатели и тоа стрчеше в очи. Тоа се сеќаваше болно токму затоа што мечтателноста им придаваше на повеќето од затворот смуртен и мрачен, некако нездрав изглед. Огромното мнозинство беа молчаливи и пакосни до омраза, не сакаа да ги покажуваат на видело своите надежи. Простодушноста, искреноста беа презирани. Доколку понезбидливи беа надежите и доколку повеќе ја сеќаваше таа незбидливост самиот мечтател, дотолку поупорно и потајно и почедно ги таеше за себе, но да се откаже од нив не можеше. Којзнае, можеби некој пред себеси се срамуваше од нив. Во рускиот карактер има толку позитивност и трезвеност на погледи, толку внатрешен подбив првин над самиот себе... Можеби, поради постојаното притаено незадоволство со себе и имаше толку нетрпеливост кај тие луѓе во секојдневните односи на еден со друг, толку непомирливост и потсмевање на еден со друг. И ако, на пример некој се покажеше понаивен и понездржан од сите затвореници, ќе се истрчаше и гласно ќе почнеше понекојпат да го искажува она што сите го имаа на ум, тогаш уште веднаш грубо го запираа, прекинуваа и исмејуваа, но јас сметам дека највжештените противници беа токму оние што можеби отишле уште подалеку од него во своите мечтаења и надежи. Јас веќе реков дека кај нас наивните и простодушните ги гледаа како најпрости будалетинки и се однесуваа кон нив презриво. Секој беше дотолку смуртен и самољубив што почнуваше да го презира човека што беше добар и несамољубив. Сите други, освен тие наивни и празни брборковци т. е. мол-

чаливите, се делеа на добри и пакосни, на стуштени и ведри. Стуштени и злобни имаше несразмерно повеќе; ако некои од нив и беа така по природа зборливи, тогаш бездруго беа беспокојни интриганти и заблазници што ги беспокоеја другите. Во секоја чорба тие беа мирудија, иако својата сопствена душа, своите сопствени тајни на никого не му ги покажуваа. Тоа не беше во мода, не беше восприемено. Добрите — многу мала група — беа тивки, ги таеја молчаливо за себе своите соништа, и се разбира, беа наклонети повеќе одошто намуртените на надежи и да веруваат во нив. Меѓутоа, мене ми се чини дека во затворот имаше и група на наполно очаени. Таков беше, на пример, и старецот од стародубовските населби; во секој случај такви беа мошне малцина. Старецот навидум беше спокоен (јас веќе прикажував за него) но понекои белези јас сметам дека неговата душевна состојба беше ужасна. Меѓутоа, тој имаше свој спас, свој излез, молењето на господа, и идејата за маченишство. Побрканиот, задлабочениот во библијата затвореник, за кого што јас веќе споменував и којшто замавна со тула по мајорот, за верување беше исто така од очаените, од оние што изгубиле секаква надеж; а бидејќи сосем без надеж не може да се живее, тогаш тој и си најде израз во мислата за доброволно, речиси наместено маченишство. Тој изјави дека замавнал по мајорот не од злоба, а единствено сакајќи да претрпи маки. И којзнае каков психолошки процес станал тогаш во неговата душа! Без никаква цел и стремеж кон неа не живее ниеден жив човек, кога ќе ја изгуби целта и надежта, човекот од маки често се претвора во чудовиште. Целта на сите наши им беше слобода и излегување од затворот.

Меѓутоа, еве јас се мачам да го поделам сиот наш затвор на видови: но дали е можно тоа? Стварноста е бескрајно разнообразна во споредба со сè, дури и најдлабоките заклучоци на апстрактната мисла и не трпи остри и јадри разлики. Стварноста се стреми кон расчленување. И кај нас имаше свој особен живот,

иако каков-годе но сепак имаше, и не само официјален, туку внатрешен, свој сопствен живот.

Но како што јас веќе делум споменав, јас во почетокот на моето лежење во затворот не можев и дури не умеев да викнам во внатрешната длабочина во тој живот, а затоа сите негови надворешни појави ме мачеа со безмерна болка. Јас понекогаш почнував просто да ги мразам тие исто такви како мене маченици. Јас дури им заблазував и ја обвинував судбата. Јас им завидував за тоа што тие сепак се меѓу свои, во дружба, се разбираат еден друг, и ако заправо на сите нив како и мене им беше здодеано и омрзнало тоа другарство под камшик и прат, таа на сила собрана дружина, и секој од нив гледаше за себе некаде настрана. Пак повторувам таа завист што ме обземаше во часовите на јадосаност, имаше своја оправдана основаност. Всушност, сосем немаат право оние што велат дека во нашите темници и затвори му е подеднакво тешко на образованиот благородник итн. како и на секој селанец. Јас знам, јас во последно време сум слушал за таква претпоставка, сум читал за тоа. Основата на таа идеја е вистинита, хумана. Сите се луѓе, секој е човек. Но таа идеја е многу апстрактна. Испуштени се од предвид многу практични услови, коишто не можат инаку да се разберат освен во самата стварност. Јас го велам ова не затоа што благородникот и образованиот божем да чувствуваат поистенчено, поболно, тие да се повеќе развиени. Душата и нејзиниот развиток не може да се стави на некакво определено ниво. Дури самото образование во овој случај не може да биде мерка. Јас прв сум готов да потврдам дека и во најнеобразованата, најпотиснатата средина, меѓу овие маченици, јас сум срекавал црти на најистенчена душевна развиеност. Во затворот понекогаш беше така што неколку години го познаваш некој човек и мислиш дека тој е звер а не човек, го презираш. И одеднаш, настапува случајно час во којшто неговата душа во неволен излив се покажува и вие гледате во неа такво богатство, чувство, срдечност, толку бистро разбирање на својата и на

туѓата страдба, што на вас како очите да ви се отвораат и во првиот час не ви се верува на она што самите сте го виделе и чуле. Се случува и обратно: образованието понекогаш живее напоредно со такво варварство, со таков цинизам, што се згнасувате, и колку и да сте веќе добри или предубедени, вие не наоѓате во својата душа ни прошка ни оправдание. Јас исто така не зборувам за промената на навиките, начинот на живеење, храна и слично, коешто за човекот од више општество, се разбира, е потешко, одошто за селанецот, којшто често на слобода гладувал, а во затворот барем сито се најадува. Нема да спорам и за тоа. Да речеме дека на човек со барем малку силна волја, сето тоа е ништо во споредба со други неудопства и ако всушност промената на навиките не е ни најмалку мала и последна работа. Но има неудопства пред кои сето тоа бледнее дотолку што не обрнувате внимание на нечистотијата во затворот, ни на теснотијата ни на бербатната скудна храна. Најгладниот неработник, најразгалениот разгаленик, штом ќе поработи еден ден да се испоти онака како што никогаш на слобода не работел, ќе јаде црн леб и чорба со лебарки. На тоа уште може да се навикне, како што тоа е и спомнато во хумористичката затворенички песничка за некогашниот неработник што попаднал в затвор:

Ќе ми дадат зелје со водица
и си јадам, зад уши ми трешти.

Но поважно од сето тоа е што секој од новодојдените во затворот, два часа по доаѓањето станува исто онаков какви што се и сите други, се сеќава како д о м а, исто така рамноправен стопанин во затворската дружина како и секој друг. Тој им е разбирлив на сите и самиот тој ги разбира сите, на сите им е познат, сите го сметаат за с в о ј. Инаку е со б л а г о р о д н и о т, со благородникот. Тој колку и да е справедлив, добар, умен, него цели години ќе го презираат и мразат сите до еден; него нема да го разберат, а главно, — нема да му веруваат. Тој не е дру-

гар и не е пријател, и во текот на години тој други и да постигне најпосле да не го навредуваат, сепак тој нема да биде свој и вечно ќе ја сеќава мачително својата отуѓеност и осаменост. Тоа отуѓување понекогаш се прави сосем без злоба од страна на затворениците, туку, така, несвесно. Не е свој човекот, и ништо повеќе. Нема ништо поужасно од тоа да живееш во туѓа средина. Селанецот, преселен од Таганрог во Петропавловскиот пристан, уште веднаш ќе најде таму токму исто таков руски селанец, уште веднаш ќе се погоди со него и здружи, а по два часа бездруго тие ќе заживеат најмирно во некоја обична визба или колиба. Инаку е со благородните. Тие се разделени од простите луѓе со најдлабока бездна. И тоа се виѓава наполно само тогаш кога благородникот наеднаш по силата на надворешни околности, самиот навистина, всушност ќе ги изгуби своите поранешни права и ќе стане прост човек. Инаку ако сака целиот свој живот знајте се со народот, ако сакате и четириесет години по ред секој ден општете со нив, службено на пример, во условно административни форми, или дури просто онака пријателски, како добричинител и во извесна смисла татко, — никогаш нема да ја разберете самата сушност. Сè ќе биде само оптичка измама и ништо повеќе. А јас знам дека сите, сосем до последниот, читајќи ја мојата забелешка ќе речат дека јас преувеличувам. Но јас сум уверен дека тоа е вистина. Јас се убедив не книшки, не теоретски, а всушност, јас имав мошне доста време да ги проверам моите мислења. Отпосле, можеби сите ќе разберат до колкава мерка тоа е вистина.

Настаните како нарочно ги потврдуваа моите гледања уште од прв чекор и нервно и болно дејствуваа на мене. Во тоа прво лето јас скитав низ затворот речиси сам и самотен. Јас веќе реков дека бев во таква душевна состојба, што дури не можев да ги оценам и разликувам овие затвореници што отпосле би можеле да ме сакаат, и ако никогаш не се здружуваа со мене на рамна нога. Имав и јас другари од благородниците, но тоа другарство не ја сметнуваше

од мојата душа сета тежина. — Не би гледал на ништо, но немаше кај да побегнам. И еве, на пример, еден од оние случаи што уште од првпат најмногу ми овозможија да ја разберам мојата отуѓеност и особеноста на мојата положба во затворот. Еднаш, истото тоа лето, веќе пред август месец, во жежок и јасен делничен ден, во еден часот попладне, кога обично сите почиваа пред одење на попладневна работа, наеднаш сите како еден, се кренаа и почнаа да се постројуваат во дворот. Јас ништо не знаев до самиот тој час. Во тоа време јас понекогаш бев толку задлабочен во самиот себеси, што речиси не забележував што стануваше наоколу. А меѓутоа луѓето од затворот веќе три дни потулено се бунтуваа. Можеби и многу порано почнало тоа бунтување, — јас отпосле се досетив откако неволно си припомнав за по нешто од затворенички разговори, а заедно со тоа и засилената скарливост и брецливост на затворениците и особено јадосаното настроение што се забележуваше во последно време кај нив. Јас наоѓав причина за тоа во тешката работа, додевните, долги летни дни, неволните мечти за шуми и скапа слободичка, кусите ноќи во кои беше тешко доволно да се наспиеш. Можеби сето тоа сега заедно се беше соединило во едно избувнување, но изговорот за тоа избувнување беше —храната. А во последно време, веќе неколку дни гласно се оплакуваа, се лутеа по касарните, а особено собирајќи се во кујната на ручек и на вечера, беа недоволни од готвачите, дури се обидоа да го сменат едниот од нив, но уште веднаш го избркаа новиот и вратија стариот. Со еден збор сите беа некако неспокојни и возбудени.

— Работата тешка, а нè хранат со дроб-чорба, — ќе задунда некој во кујната.

— Ако не ти се свиди, порачај си бламанже, — прифаќаше друг.

— Јас, браќа многу сакам чорба со дроб, — почнува трет, затоа што е вкусно.

— А ако постојано те хранат само со дроб-чорба ќе ти биде ли вкусно?

— Се разбира, сега му е времето за месо, — зборува четврт, ние во туланата се мачиме и ринтаме, по работа ти се сака да јадеш. А каква храна е дроб-чорба!

— А ако не сакаш чорба од внатрешности, тогаш со усрдност![50])

— Па да го дадат барем тоа. Внатрешности и бунгур — само тоа го знаат. Какво јадење е тоа! Има ли тука правда или нема?

— Да, лоша е храната.

— Бездруго си го полни цебот.

— Не е тоа твоја работа.

— А чија е тогаш? Стомакот е мој. А пред цел свет да ги изнесеме нашите барања, да направиме поплака и работата би била готова.

— Поплака?

— Да.

— Тебе бездруго малку те тепале за поплаки. Удрен!

— Вистина, — додава јадосано друг, што дотогаш молчеше, — што е брзо, да не биде кусо. Што ќе кажеш кога ќе ги изнесуваш своите барања, кажи ти прво тоа, главо букова!

— Па и ќе речам кога би тргнале сите јас тогаш со секого би зборувал, сиромаштија! Кај нас некојси јаде и свое а некој само на казан живее.

— Глеј го ти него, завидникот остроок! Ги ококоравил очите на туѓ залак.

— Не загледувај на туѓ залак, а поарно стануваj си и свој сработи си.

— Да спечалам!... Јас со тебе додека побелам ќе се расправам за таа работа. Значи, ти си богат кога сакаш да седиш со скрстени раце?

— Богат, секое месење торба тресење.

— А и навистина, браќа, што да молчиме! Значи, доста е да ги трпиме нивните будалштини. Ни ја одраа кожата. Зошто да не се кренеме?

---

[50]) т. е. со осердие (внатрешност, дроб-чорба). Затворениците, подбивно изговоруваат со усрдност. (Ф. Д.) Непреведлива игра на зборови. Прев.

— Зошто? Тебе бездруго треба да ти се прецвака па и в уста да ти се стави; се научил цвакано да јаде. Тука е затвор, ама како, ете зошто?

— Излегува: скарај го боже народот, насити ги војводите.

— Токму тоа. Се здебелил осмоокиот. Рало бели коњи купил. Па и сака да си пивне. Некна со ветеринарот на карти се степале.

— Саноќ се картале. Нашиот два часа поминал на тупаници.[51]) Феќка кажуваше

— Затоа и чорбата е со бунгур.

— Ех, вие, чукнати! Па зар за нас е таа работа.

— А ете да се кренеме, тогаш ќе видиме како ќе се оправда. Само сите да стоиме на тоа.

— Оправда! Тој ќе те тресне по идолите, и како никогаш да го немало!

— Па уште на суд ќе те даде . . .

Со еден збор, сите беа возбудени и се бунтуваа. Во тоа време кај нас навистина храната беше лоша. Па веќе сè едноподруго се насобра. А главно — општо невесело настроение, постојана затаена болка. Затвореникот е наклонет за карање и бунтување веќе по самата своја природа; но ретко се креваат сите заедно или во поголема група. Причина за тоа е секогашната неслога. Тоа секој од нив го сеќаваше и сам: ете зошто кај нас имаше повеќе караници одошто работа. И сепак овојпат лутината не помина туку така. Почнаа на групи да се собираат, се расправаа по касарните, се караа, се сеќаваа со злоба за целото управување на нашиот мајор, ја разголуваа и последната работа, и скриеното под нокти го вадеа. Особено се лутеа некои. Во секоја слична работа секогаш се наоѓаат потспотнувачи, главатари. Главатарите во тие случаи, то ест во случаи на изнесување на своите барања — се воопшто многу интересни луѓе, и не само во затворот, туку во секоја заедница и команда и другаде. Тие се особен тип што меѓусебно си прилегаат насекаде. Тоа се пламени луѓе што пекаат за справедливост и најнаивно, најчесто се уверени во нејзи-

[51]) Поминал на тупаници — т.е. се тепал, бил тепан.

ната остварлива бездруго и, главно, незабавна можност. Тие луѓе не се поглупави од другите, меѓу нив дури има и многу умни, но тие се мошне пламени за да бидат итри и пресметливи. Во тие случаи ако има луѓе што умеат опитно да ја водат масата и победат, тогаш тие претставуваат друг тип на водачи на народот и негови природни претставници, тип на луѓе што кај нас се до немајкаде ретки. Но овие за кои јас сега зборувам, потспотнувачи и главатари за поплака, речиси секогаш не успеваат во својата работа и ги исполнуваат затворите и темниците. Тие губат поради својата пламеност, но со својата пламеност тие ѝ влијаат на масата. Нив, најпосле, ги следат со голема волја. Нивната жештина и благородното негодување дејствуваат на сите и кон нив најпосле се придружуваат и најнерешителните. Нивната слепа увереност во успехот ги соблазнува дури и најзакоренетите скептици, и покрај тоа што понекогаш таа увереност има такви лабави основи, што човек што е настрана просто се чуди зошто луѓето тргнуваат по нив. А главно е тоа што тие одат први и тоа одат не плашејќи се од ништо. Тие како бикови се нафрлаат право напред со роговите, често без познавање на работите, без претпазливост, без оној практичен језуитизам со кој често и најдолниот и најподол човек победува, ја постига и целта и излегува прав и чист, како сув од вода. А тие бездруго си ги скршуваат роговите. Во обичниот живот тие се луѓе жолчни, високомерни, раздразливи и нестрпливи. А најчесто се страшно ограничени, во коешто делум и се состои нивната сила. Најмногу од сè кај нив јадосува тоа што тие наместо право кон целта се втурнуваат настрана, и наместо главната работа се закачаат за ситници. Токму тоа и ги погубува. Но тие им се разбирливи на масите; во тоа е нивната сила . . . Меѓутоа, треба да се каже уште два збора за тоа: што значи тоа п о п-л а к а?

Во нашиот затвор имаше неколку такви луѓе што беа дојдени поради поплаки, тие и се бунтуваа најмногу. Особено еден, Мартинов што понапред служел

како војник-хусар, пламенен, беспокоен и што се сомнева во сè човек, меѓутоа чесен и справедлив. Другиот беше Василиј Антонов, човек што некако ладнокрвно се јадосуваше и лутеше, со остар поглед, со високомерна саркастична насмевка, необично развиен, исто така чесен и справедлив. Но кој ќе ги преброи — беа мнозина. Петров, меѓу другото, само сноваше навака и натака, се прислушуваше кон сите групи, малку зборуваше но очевидно беше возбуден и прв излезе од касарната кога почнаа да се постројуваат.

Нашиот затворски подофицер, што кај нас ја вршеше должноста на фелтфебел, излезе исплашен уште веднаш. Построени, луѓето учтиво го замолија да му јави на мајорот дека осудениците сакаат да зборуваат со него и нешто лично да го прашаат за некои работи. После подофицерот излегоа и сите инвалиди и се построија на другата страна, спроти осудениците. Пораката дадена на подофицерот беше необична и го престраши. Но тој не смееше да не му јави незабавно на мајорот. Прво, ако веќе се кренале осудениците, тогаш би можело да стане и нешто полошо. Сите началници во однос на осудениците беа некако прекумерно страшливи. Второ, кога дури и не би станало ништо, така што сите би се предумале и разминале, и тогаш пак подофицерот би бил должен да му јави на началството за сето станато. Бледен и тресејќи се од страв тој заваркано појде кај мајорот, дури и не обидувајќи се да ги ислуша и убедува затворениците. Тој виде дека со него сега тие нема ни да зборуваат.

Не знаејќи ни најмалку ништо, и јас излегов да се постројам. Сета работа ја разбрав подробно веќе подоцна. А сега, мислев јас, станува некаков преглед; но кога не ги видов стражарите што го правеа прегледот, се зачудив и почнав да се обзирам наоколу. Лицата беа возбдени и раздразнети. Воопшто сите беа загрижени и молчаливи во исчекувањето кога ќе треба да се зборува пред мајорот. Јас забележив дека мнозина ме погледнаа прекумера зачудено, но молкум се свртија настрана. Нив очевидно им беше чудно што

и јас сум се построил. Тие, очевидно, не веруваа дека и јас исто така се придружувам на поплаката. Сепак наскоро сите што беа наоколу мене почнаа да ми се обрнуваат. Сите ме гледаа прашално.

— Што бараш ти тука? — грубо и гласно ме праша Василиј Антонов, којшто стоеше подалеку од другите и кој дотогаш секогаш у ч т и в о ми зборуваше в и е и се држеше со мене учтиво.

Јас го погледнав со недоумение, сè уште мачејќи се да разберам што претставува ова и веќе досетувајќи се дека станува нешто необично.

— И навистина, што има ти да стоиш тука? Оди си во касарната, — проговори едно младо момче, некогашен војник, со когошто јас дотогаш воопшто не се познавав добро и кротко момче. — Не е тоа твоја работа.

— Па ете се постројуваат, — му одговорив јас, — мислев дека е преглед.

— Гледај го ти само, исто така се затрчал, — викна еден.

— Остар нос, — прозборе друг.

— Лапнимува! — прозборе трет, со неизразлив презир. Овој нов прекор предизвика општо смеа.

— Во кујната, на негова милост, ѝ е како дома, — додаде уште некој.

— За нив насекаде е рај. Тука е затвор, а тие печиво си јадат и прасиња си купуваат. Па ти нели јадеш сопствена храна, тогаш што се вореваш тука?

— Не ви е тука местото, — прозборе Куликов, слободно приоѓајќи ми, ме зеде подрака и ме изведе од стројот.

Самиот тој беше блед, црните очи му светкаа а долната усна ја беше преапал. Тој не го очекуваше ладнокрвно мајорот. Патем да речам: јас до немајкаде сакав да го гледам Куликов во ете такви случаи, то ест во сите оние случаи кога тој требаше да се покаже.

Тој прекумерно се перчеше, но вршеше и работа. Мене ми се чини дека тој и на смртна казна би отишол со некаков шик, фодулски. Сега, кога сите ми зборуваа т и и ме караа, тој намерно ја удвои својата

учтивост спрема мене, а заедно со тоа неговите зборови беа некако особени, дури високомерно настојчиви, што не трпеа никакво противење.

— Ние, Александар Петрович, тука сме се собрале за своја работа а вие немате што да правите со нас. Одете некаде, почекајте . . . ене вашите сите се во кујната, одете таму.

— Море, крши глава, бегај да те нема, последна гајда, а на туѓа свадба засвирел! — додаде некој.

Низ подигнатиот прозорец на кујната јас навистина ги здогледав нашите Полјаци; меѓутоа, мене ми се стори дека освен нив таму има многу луѓе. Збркан, јас појдов во кујната. По мене се подадоа смеа, пцуења и тутукање, што кај осудениците го заменуваше исвиркувањето.

— Не му се свидело! . . . ту-ту-ту! држ го! . . .

Јас уште никогаш дотогаш не бев во затворот така навреден, и овојпат ми беше многу тешко. Но јас попаднав во таков час. Во тремот од кујната јас го сретнав Т-ски, благородник, цврст и великодушен млад човек, без големо образование, но којшто до немајкаде го сакаше Б-а. Затворениците го одделуваа него од сите други и дури по малку го сакаа. Тој беше храбар, јуначен и силен, и тоа некако се покажуваше во секое негово движење.

— Што ви е вам, Горјаничков, — ми завика тој мене, — елате ваму!

— Па што станува таму?

— Тие сакаат да ги изнесат своите барања, зар вие не го знаете тоа? Тие, се разбира, нема да успеат: кој ќе им поверува на осуденици? Ќе почнат да ги бараат потспотнувачите, и ако ние бидеме таму, се разбира, прво нас ќе нè обвинат за бунтот. Присетете се зошто ние сме дојдени тука. Нив просто ќе ги натепаат, а нас ќе нè предадат на суд. Мајорот нè мрази сите нас и одвај чека да нè погуби. Тој самиот преку нас би се оправдал.

— Па и осудениците ќе нè покажат како главатари, — додаде М-цки, кога ние влеговме во кујната.

— Немајте грижа, нема да нѐ покажат! — се смеша Т-вски.

Во кујната, освен благородниците, имаше уште мнозина луѓе, сѐ на сѐ триесетмина. Сите беа останати, не сакајќи да изнесуваат свои барања, — едни од плашливост, други од полна увереност за полната бесполезност од секаква поплака. Тука беше и Аким Акимич, непоправлив и природен непријател на вакви поплаки што пречат за правилниот тек на службата и добриот ред, кој молкум и спокојно го очекуваше крајот на работата, ни најмалку не грижејќи се како ќе се сврши; напротив, сосем уверен во неизбежната победа на редот и волјата на началството. Тука беше и Исај Фомич, што беше во прекумерно недоумение со свиснат нос, љубопитно и плашливо ислушувајќи го нашиот разговор. Тој беше многу неспокоен. Тука беа сите прости Полјачиња од затворот што исто така им се беа придружиле на благородниците. Имаше неколку плашливи Руси, луѓе секогаш молчаливи и покорни. Тие не се беа осмелиле да излезат заедно со другите и несвесно исчекуваа како ќе се сврши работата, имаше, најпосле неколку намуртени и секогаш сурови затвореници што не беа плашливи луѓе. Тие останале затоа што упорно и со омраза беа уверени дека сето тоа е бесмислица и ништо друго освен лошо не може да стане од таа работа. Но мене ми се чини дека тие сепак се чувствуваа неудобно, гледаа не сосем уверено. Тие, иако разбираа дека се сосем прави во однос на поплаката, коешто и се потврди отпосле, сепак некако се сеќаваа како отпадници што ја оставиле дружината, како да му ги предале другарите на мајорот. Тука се најде и Елкин, итер селанец-сибирец, што беше дојден поради правење лажни пари и што му ја беше презел на Куликов ветеринарната практика. Старецот од Стародубовските населби беше исто така тука. Готвачите сите до еден останаа во кујната, за верување затоа што мислеа дека тие исто така претставуваат дел од администрацијата, а спрема тоа и не им прилега да истапуваат против неа.

— Сепак, — почнав јас, нерешително обрнувајќи му се на М-м, — освен овие речиси сите излегле.

— Па што ни е грижа нам? — продунда Б.

— Ние би ризикувале стопати повеќе од нив кога би излегле, а зашто? Je hais ces brigants.* И зар вие барем за час мислите дека нивната поплака ќе стане? Каква потреба има од таква готовност да се вовира во глупости?

— Ништо нема да стане од тоа, — прифати еден од осудениците, тврдоглав и озлобен старец. Алмазов, што исто така беше тука, побрза да му потврди во одговор.

— Освен тоа што некои педесетина ќе бидат натепани — додаде — друго нема ништо да стане од таа работа.

— Мајорот дојде! — викна некој, — и сите љубопитно се стрчаа кон прозорците.

Мајорот дотрча лут и бесен, поаловен, со окалки. Молкум, но решително тој се приближи кон стројот. Во вакви случаи тој навистина беше смел и не се збркуваше. Меѓутоа, тој речиси секогаш беше наполовина пијан. Дури неговата измастена капа со жолтеникав пораб и бербатните сребрени еполети во тој час беа некако злокобни. По него одеше писарот Дјатлов, до немајкаде важна личност во нашиот затвор, кој всушност управуваше со сè во затворот и дури имаше влијание врз мајорот, итро човече, мошне умно, но не и лош човек. Затворениците беа задоволни со него. Веднаш по него одеше нашиот подофицер, којшто, очевидно беше страшно изнаискаран и прекорен и очекуваше уште десетпати повеќе; по него стражарите, тројца или четворица, не повеќе. Затворениците што ми се чини уште тогаш кога пратија, стоеја без капи, сега сите се исправија, испупчија, секој од нив се смени во стоењето од нога на нога, а потоа сите се вкочанија на место, очекувајќи го првиот збор, или поправо да се каже првиот вик на вишиот началник.

Тој последува наскоро; уште од вториот збор мајорот се развика колку што имаше глас; дури овој-

* Ги мразам тие разбојници!

пат со некаков пискот: беше веќе многу разјарен. Ние гледавме од прозорците како тој трчаше пред стројот, се нафрлуваше, и испитуваше. Меѓутоа бидејќи ние бевме оддалечени, не можевме да ги чуеме неговите прашања и одговорите на затворениците. Ние само чувме како тој пискотливо врескаше:

— Бунтовници!... Низ строј со прачки... Кои се главатарите! Ти си главатар! Ти си главатар! — се нафрли тој врз некого.

Одговор не се слушаше. Но по една минута ние видовме како затвореникот се оддели и тргна во корегардијата. Уште по една минута се оддели друг, потоа трет.

— Сите на суд! Јас вам ќе ви покажам! Кои се таму во кујната? — писна тој кога нè виде низ отворените прозорци. — Сите ваму! Терајте ги веднаш сите ваму!

Писарот Дјатлов тргна кај нас во кујната. Во кујната нему му рекоа дека немаат поплака. Тој незабавно се врати и му јави на мајорот.

— А немаат! — прозборе тој со два тона пониско, очевидно зарадуван. — Сеедно, сите ваму!

Ние излеговме. Јас осеќав дека некако ни е срам да излегуваме. Па и сите одеа како со наведнати глави.

— А, Прокофјев! Исто и Елкин, ти ли си Алмазов... Застанете, застанете тука, на куп, — ни зборуваше мајорот со некаков забрзан, но благ глас, милозливо погледнувајќи нè. — М-цкиј, и ти си исто така тука... па да се запишат. Дјатлов! Уште веднаш да се запишат засебно сите задоволни и сите незадоволни, сите до последниот, и списокот да ми се даде мене. Јас сите ќе ве дадам на суд!

Списокот подејствува.

— Сите ние сме задоволни! — јадосано викна некој од групата на незадоволните, но некако не многу решително.

— А, задоволни! Кој е задоволен? Којшто е задоволен нека излезе.

— Задоволни, задоволни! — се додадоа неколку гласови.

— Задоволни! Значи вас ве подбуцнале? Значи, имало потспотнувачи, бунтовници? Дотолку полошо за нив!

— Господи, што е ова! — се зачу од грмадата нечиј глас.

— Кој, кој викна тоа, кој? — се развика мајорот, втурнувајќи се онаму откај што се чу гласот. — Ти ли викна, Расторгуев? Во корегардијата!

Расторгуев, дебелкав и висок млад човек, излезе и бавно тргна во корегардијата. Тој не беше викнал, но бидејќи му рекоа нему тој и не противречеше.

— Од ситост збеснале! — му се развика по него мајорот. — Глеј го ти, муцка дебела, во три дена не...! Ќе ве најдам јас сите! Излегувајте задоволните!

— Задоволни сме, ваше благородие! — мрачно се јавија неколку десетици гласови; останатите упорно молчеа. Но на мајорот само толку и му требаше. Тој очевидно самиот сакаше што поскоро да се сврши работата и да се сврши некако со согласност.

— А, сега с и т е се задоволни! — прозборе тој брзајќи. — Јас тоа и го гледав... знаев. Ова сè го направиле потспотнувачи! — продолжуваше тој, обрнувајќи му се на Дјатлов, — и тоа треба подробно да се испита. А сега... сега е време за работа. Биј на барабанот!

Тој самиот присуствуваше на прегледот. Затворениците молкум и невесело се разотидуваа на работа, задоволни барем од само тоа што поскоро да му се мавнат од пред очи. Но по прегледот мајорот незабавно намина во корегардијата и се расправи со „потспотнувачите", сепак, не многу жестоко. Дури брзаше. Еден од нив, зборуваа после, побарал прошка и тој веднаш му простил. Се гледаше дека на мајорот не му се токму сите кози на број[52]) и дека можеби

---

[52]) Не му се сите кози на број, или е в небрано. На руски: не в своей тарелке — буквален превод на француското ne pas être dans son assiette. Бел. прев.

дури се исплашил. Поплаката во секој случај не е мала работа, и иако оплакувањето на затворениците всушност не можеше да се нарече поплака, затоа што тие ја беа изнеле не на повиш началник туку на самиот мајор, но сепак беше некако неудобно, недобро. Особено го збркуваше што сите сеопшто се беа кренале. Требаше да се заташка работата по секоја цена. Потспотнувачите скоро ги пуштија. Уште утредента храната се подобри, иако сепак за малу време. Првите дни потоа мајорот почна почесто да наминува во затворот и почесто наоѓаше прекршоци. Нашиот подофицер одеше загрижен и збркан, како божем уште да не можеше да дојде на себе од чудење. А што се однесува до затворениците, тие уште долго потоа не можеа да се успокојат, но веќе не се возбудуваа и бунтуваа како понапред, а беа некако молкум збркани, некако потплашени. Некои дури ги сведнаа главите, други се одзиваа за таа работа налутено и јадосано и без волја. Мнозина некако јадосано и гласно се подбиваа сами со себе, чиниш казнувајќи се за поплаката. — На ти де, брат, зини — лапни! — ќе речеше обично некој.

— На што ќе си се потсмееш на глава ќе ти дојде! — додава друг.

— Сакале глувците да ѝ закачат ѕвонче на мачката.

— Од наша пола брат, како нас, без ластагарка нема да го натераш да му дојде умот. Се знае тоа, па е добро уште што не нè натепаа сите.

— А ти за натака повеќе знај а помалку ломоти, подобро ќе биде! — јадосано ќе забележеше некој.

— Пак тебе кој те викал да нè учиш, да не си учител?

— Го кажувам она што го знам.

— А кој си ти така што се испрчи?

— Па јас сега засега сум уште човек, а ти кој си?

— Кучешко парче одгризано, ете што си ти.

— Самиот ти си тоа.

— Де, де, доста! Што сте се развикале! — им викаат од сите страни на запрепираните.

Уште истата таа вечер, то ест на самиот ден на поплаката, вратен од работа јас го сретнав Петров зад касарните. Тој веќе ме бараше. Откако ми се приближи, тој промрморе нешто, нешто како два-три неопределени извици, па скоро расеано замолча и махинално тргна со мене напоредно. Мене сета таа работа ми тежеше уште длабоко на душа и мене ми се стори дека Петров ќе ми објасни некои работи.

— Кажете ми, Петров, — го прашав јас него, — вашите дали ни се лутат нам?

— Кој се лути? — праша тој, како божем да се стресна.

— Затворениците нам . . . благородниците.

— А зошто да ви се лутат?

— Па, затоа што ние не истапивме на поплаката?

— Па што има вие да покажувате поплака? — ме праша тој мене како божем мачејќи се да ме разбере, — Па вие јадете своја храна.

— Ах, боже мој! Па и од вашите има што јадат своја храна, а пак истапија. Па, и ние требаше . . . од другарство.

— Но . . . па зар вие сте ни другар? — ме праша тој со недоумица.

Јас брзо го погледнав: тој навистина не ме разбираше, не разбираше што барам јас. Но затоа пак јас во тој час сосем го разбрав. Една мисла, што веќе одамна нејасно ми доаѓаше на ум и ме прогонуваше, сега ми се разјасни за првпат сосема, и јас наеднаш го разбрав тоа за кое дотогаш само слабо се досетував. Јас разбрав дека тие никогаш нема да ме примат за другар, ако сака јас да сум токму и вечен осуденик, ако сака дури и од посебното одделение. Но мене особено ми се врежа во сеќавањето изгледот на Петров во тој час. Во неговото прашање: „Па зар вие сте ни другар?“ — се гледаше таква непреправена наивност, толкаво простодушно недоумение. Јас мислев: да не има во тие зборови некаква иронија, злоба, подбивање? Немаше ништо такво: просто не си ни дру-

гар и ништо повеќе. Ти оди си по свој пат, а ние по својот, ти си имаш свои работи, а ние свои.

И навистина, јас тогаш мислев дека по поплаката ќе нè зајадат и не ќе има за нас живот од нив. Немаше ништо такво: ние не чувме ни најмал прекор, ни најмал знак на прекор, никаква особена злоба не се додаде. Просто нè мачеа онолку при добар случај како и порано, и ништо повеќе. Меѓутоа, тие не се лутеа исто така ни најмалку и на оние што не сакаа да излегуваат на поплакувањето и останаа во кујната, исто онака како и на оние што први викнаа дека се задоволни со сè. Дури никој и не спомена за тоа. Особено последново јас не можев да го разберам.

VIII

ДРУГАРИ

Мене, се разбира, повеќе ме привлекуваше дружењето со своите, то ест „благородниците“, особено во првото време. Но од тројца бивши руски благородници, што се наоѓаа кај нас во затворот (Аким Акимич, шпионот А-в и оној што кај нас го сметаа за таткоубиец), јас се запознав и прикажував само со Аким Акимич. Да си признаам, јас му пријдував на Аким Акимич, така да се каже, од очаеност, во часовите на најголема здодевност и кога немав во предвид никој друг освен него кому да му пријдам. Во минатата глава јас се обидов да ги поделам на видови нашите луѓе, но сепак, кога се сетив за Аким Акимич, мислам дека може да се додаде уште еден особен вид. Тоа е видот на сосем рамнодушни затвореници. Сосем рамнодушни, то ест такви на кои им е сеедно каде живеат, на слобода или во затвор, кај нас, се разбира, немаше, и не можеше да има, но Аким Акимич, ми се чини, претставуваше исклучок. Тој дури и се наслагоди во затворот така како божем да се готвеше цел живот да помине во него: сè наоколу него, почнувајќи од душекот, перницата, куќнината, беше наредено така трајно, постојано, за долго. Кај него немаше ни трага од некаква привременост, логорување. Тој требаше уште многу години да лежи во затворот, но тој едвај и да беше помислил за излегување. Но тој иако се беше примирил со стварноста се разбира, тоа не беше стсрце туку можеби од покорност, коешто за

него беше едно и исто. Тој беше добар човек и отпрвин дури ми помагаше со совети и со по некоја услуга, но понекогаш, да си признаам, тој неволно ми влеваше, особено во прво време, безмерна мака што уште повеќе го засилуваше моето и онака невесело настроение. А јас токму од мака и почнував да прикажувам со него. Така, понекогаш, пекаш за барем каков-годе жив збор, па ако сака нека биде жолчен, нетрпелив, барем некаква злоба; барем заедно би се поплакале и појадосувале на нашата судба; а тој молчи, си ги лепи своите фенерчиња или ќе раскаже нешто за тоа како едикојаси година кај нив имало парада и кој бил командант на дивизијата, и како го викале на име и презиме, и дали бил тој задоволен со парадата или не, и како им биле заменети при стрелањето сигналите и слично. И секогаш раскажува со таков едноличен, со така важен глас, чиниш тоа вода капе капка по капка. Тој дури речиси ни најмалку не се беше загреал кога ми раскажуваше како за учеството по некаква работа на Кавказ заслужил орден на „Света Ана“ на меч. Само што гласот во тој час му стана некако необично важен и солиден; тој дури малку го снизуваше до некаква таинственост, кога изговараше „Света Ана“, и по тоа едно три минути стануваше некако особено молчалив и солиден . . . Јас таа прва година имав глупави часови кога јас (и тоа секогаш одеднаш) почнував просто да го мразам Аким Акимич, не знам зошто, и молкум ја проколнував својата судба заради тоа што ме сместила на леглата заедно со него, глава до глава. Обично по еден час јас веќе се прекорував за тоа. Но тоа беше само првата година; отпосле јас во себе сосем се бев помирил со Аким Акимич и се срамував од моите поранешни глупости. Инаку, надворешно, паметам дека никогаш ние со него не се скаравме.

Освен тие тројца Руси, во моето време лежеа уште осум души. Со некои од нив јас се зближив доста и дури со задоволство, но не со сите. Најдобрите од нив беа некако болно навредливи, исклучиви и до крајност нетрпеливи. Со двајца од нив јас просто престанав да зборувам. Од нив само тројца беа образова-

ни: Б-кий, М-кий и старецот Ж-кий, којшто порано бил некаде професор по математика — добар старец, голем чудак, и без обзир на образованието, ми се чини, ограничен до крајност човек. Сосем инакви беа М-кий и Б-кий. Јас уште од прв чекор убаво се зближив со М-кий; никогаш не се карав со него, го почитав, но никогаш не можев да се спријателам, да го засакам. Тој беше многу недоверлив и озлобен човек, но којшто умееше безмерно добро да се владее. Ете токму тоа владеење со себеси мене не ми се свиде кај него: се сеќаваше некако дека тој никогаш и пред никого нема да ја отвори сета своја душа. Јас сепак можеби и се лажам. Тој беше силен и во голема мерка благороден карактер. Неговата необична, дури до некаде језуитска умешност и претпазливост во држење со луѓето го покажуваше неговиот притаен, длабок скептицизам. А меѓутоа, тој беше душа што патеше токму од таа двоинственост: поради скептицизмот и длабоката, со ништо непоколеблива увереност во некои свои лични мислења и надежи. Сепак и покрај сета таа своја умешност во животот, тој беше во непримирливо непријателство со Б-кий и неговиот другар Т-кий. Б-кий беше болен, донекаде наклонет кон офтика, човек раздразлив и нервен, но всушност до немајкаде добар и дури великодушен. Неговата раздразливост понекогаш доаѓаше до безмерна нетрпеливост и капризност. Јас не можев да го поднесам тој карактер и отпосле прекинав дружба со Б-кий, но затоа никогаш не престанав да го сакам: а со М-кий и не се карав, но никогаш не го сакав. Кога се разделив со Б-кий, така излезе што јас требаше да прекинам и со Т-кий, истиот оној млад човек за когошто веќе споменав во минатата глава, раскажувајќи за нашата поплака. За тоа ми беше многу жал. Т-кий исто така не беше образован човек, беше добар, храбар, со еден збор прекрасен млад човек. Сета работа беше во тоа што тој дотолку го сакаше и почитуваше Б-кий, толку го обожаваше, што оние што само малку се разделуваа со Б-кий ги сметаше речиси за свои непријатели. Тој, ми се чини, отпосле се отстрани заради Б-кий и од М-кий, иако дол-

го се колебаше. Меѓутоа, сите тие беа болно чувствителни, жолчни, раздразливи и недоверливи. Тоа е разбирливо: ним им беше многу тешко, многу потешко одошто нам. Тие се наоѓаа далеку од својата татковина. Некои од нив беа пратени на многу време, на десет, дванаесет години, а главно, тие гледаа со длабока предубеденост на сите околни, кај осудениците гледаа единствено само sверство и не можеа, дури не сакаа да видат кај нив ниедна добра црта, ништо човечно, и тоа исто така беше многу разбирливо: тие беа дојдени на такво несреќно гледиште по сила на околностите, по волја на судбата. Многу е јасно дека нив во затворот ги задушуваше јад и мака. Тие се држеа милозливо и пријателски со Черкезите, со Татарите, со Исај Фомич, но со одвратност ги избегнуваа сите други осуденици. Единствено само стародубовскиот староверец се беше здобил со нивната полна почит. Меѓутоа, за одбележување е дека никој од осудениците, во текот на сето она време кога јас лежев во затворот, не им префрли ни за нивното потекло, ни за нивната вера, ни за начинот на мислење, коешто кај нашите прости луѓе се среќава во однос на туѓинците, предимно Германците, иако меѓутоа ретко. Меѓутоа, на Германците сите само што им се потсмеваат; за простиот руски народ Германецот претставува нешто многу комично. А со нашите осуденици се држеа дури со почит, многу повеќе одошто со нас Русите и ни најмалку не ги з а д е в а а. Но тие, ми се чини никогаш не сакаа да го забележат тоа и да го земат предвид. Јас заприкажав за Т-кий. Тој беше оној што кога ги приведувале од местото на првото нивно прогонство во нашата тврдина, го носел Б-скиј на раце речиси цел пат, кога последниов, слаб со здравјето и снагата, снеможен останувал речиси на половина пат. Тие порано биле испратени во У-горск. Таму, раскажуваа тие, ним им било добро, то ест многу подобро одошто во нашата тврдина. Но тие почнале некакво, меѓутоа сосем наивно, допишување со испратените на прогонство од друг град, и поради тоа нив тројцата сметале за потребно да ги преместат во нашата тврдина, за да

им бидат поблиску пред очите на вишето началство. Третиот нивни другар беше Ж-кий. Пред да дојдат тие во затворот, М-кий бил сам. Токму тој којзнае колку ли пател првата година на своето прогонство!

Тој Ж-кий беше оној истиот старец што вечно му се молеше на господа, за коешто јас веќе споменував. Сите наши политички престапници беа млади луѓе, некои дури многу млади; само Ж-кий беше веќе на педесетина и повеќе години. Тој беше, се разбира, чесен човек, но донекаде чуден. Неговите другари Б-скиј и Т-скиј не го сакаа многу, дури и не зборуваа со него, велејќи дека е тврдоглав и ситничав човек. Не знам доколку беа тие во овој случај прави. Во затворот, како и на секое такво место кај што луѓето се собираат на куп не по своја волја туку на сила, ми се чини, полесно можат да се караат и дури да се мразат еден друг повеќе одошто на слобода. За тоа придонесуваа многу околности. Сепак, Ж-кий беше навистина доста тупав, и, можеби, непријатен човек. Сите негови други другари исто така не живееја дружно со него. Јас со него иако никогаш не се карав, не се дружев особено многу. Својот предмет, математиката, тој ми се чини, го познаваше. Паметам, тој постојано се мачеше со својот наполовина руски јазик да ми го објасни некој особено, од самиот него замислен астрономски систем. Мене ми кажуваа дека тој тоа го напечатил некаде, но учените луѓе само му се потсмеале. Мене ми се чини дека тој беше донекаде не сосем токму. Тој по цели дни на колеиици му се молеше на господа, со коешто ја спечали општата почит на сите од затворот и којашто до самата своја смрт не ја беше изгубил. Тој умре пред мои очи, во нашата болница, по тешка болест. Сепак, почитта на осудениците тој ја беше спечалил уште со првиот чекор во затворот по својата случка со мајорот. Патем од У-горск до нашата тврдина нив не ги бричеле и биле брадосани, така што кога ги довеле направо кај мајорот, тој тогаш збеснал од лутина поради такво нарушување на правилата, за коешто, меѓутоа, тие ни најмалку не беа виновни.

— Како изгледаат тие! — се развикал тој — тоа се скитници, разбојници!

Ж-кий, којшто тогаш уште слабо разбирал руски и помислил дека ги прашуваат: што се? скитници или разбојници? — одговорил:

— Ние не сме скитници туку политички престапници.

— Ка-а-ко! Каква е таа грубост! Ти си груб! — се развикал мајорот, — во корегардијата! Уште веднаш удрете му сто прачки, уште овој час!

Старецот го казнија. Тој без збор легнал да го казнат, си ја прекасал со заби раката и ја претрпел казната без најмал извик или стенкање, не мрднувајќи. Во тоа време, Б-кий и Т-кий веќе влегле во затворот, каде што М-кий веќе ги чекал на врата и право им се фрлил во прегратка, иако дотогаш не ги видел никогаш. Возбудени од приемот на мајорот тие му раскажале сè за Ж-кий. Паметам како М-кий ми раскажуваше за тоа. „Јас бев како не на себеси, — зборуваше тој, — јас не разбирав што станува со мене, и се тресев како во треска. Јас го чекав Ж-кий на врата. Тој требаше да дојде до корегардијата каде што го казнуваа. Наеднаш вратницата се отвори: Ж-кий, не гледајќи на никого, со бледо лице и побледени затреперени усни поминал меѓу собраните во дворот осуденици, што веќе беа разбрале дека казнуваат благородник, влегол во касарната, право на своето место, и без да каже ни збор клекнал на колена и почнал да се моли на господа. Осудениците биле многу зачудени и дури трогнати.“ „Штом го видов јас тој старец, — зборуваше М-кий, — побелени коси што таму во родниот крај оставил жена, деца, кога го видов на колеици, срамно накажан и како се моли, — јас се втурнав зад касарните и цели два часа бев како не на себеси; јас бев во припадок од јарост . . .“ Осудениците почнаа оттогаш многу да го почитуваат и се држеа со него секогаш со голема почит. Нив особено им се виде тоа што тој не викаше под ударите на прачките.

Сепак, треба да се каже сета вистина; по овој пример ни најмалку не може да се суди за држењето

на началството во Сибир со осудените прогонети благородници, па кои и да се, Руси или Полјаци. Овој пример само покажува дека може да се нагази на лош човек, и, се разбира, ако тој лош човек е некаде одделен поголем началник, судбата на прогоненикот, особено во случај таквиот лош командант да не го засака особено, е многу малку обезбедена. Но не може да не се признае дека највишите началници во Сибир, од кои зависи тонот и држењето на сите други команданти, во однос на прогонетите благородници се многу расудливи и дури во некои случаи настојуваат да им се направат олесненија во споредба со другите осуденици од простиот народ. Причините за тоа се јасни: прво, самите тие виши началници се благородници, второ, уште порано се случувало некои од благородниците да не легнуваат да бидат тепани со прачки или се нафрлале на исполнителите на казната од коешто произлегувале страшни работи; а трето, уште пред триесет и пет години, во Сибир одеднаш, на еден пат дошле голем број прогонети благородници, и таму тие прогоненици, во текот на триесет години умееле така да се постават, зацврстат авторитет и да се препорачат по старинска наследна навика, во време кога лежев јас, и неволно ги гледаа благородниците — престапници од извесен оддел со поинакви очи одошто сите други прогоненици. Со исто такви очи како и повишите началници беа научени да гледаат и на нижите команданти, се разбира, примајќи го тој поглед и тон од оние озгора, покорувајќи му се, потчинувајќи му се. Меѓутоа, мнозина од тие нижи команданти гледаа тупо, за себе ги критикуваа дојдените одозгора повелби и многу, многу би им било мило, само кога не би им се попречило, да управуваат онака како што сакаат. Но тоа ни најмалку не им го дозволуваа. Јас имам основани причини да мислам така и еве зашто. Вториот оддел на робија, во којшто јас се наоѓав и беше составен од затвореници во тврдината, под воена управа, беше неспоредливо потежок од другите два одделa, то ест третиот, (во фабриките) и првиот (во рудниците) Тој беше потежок не само за благородниците,

но и за сите затвореници, токму затоа што управата и поредокот на тој оддел — сè е воено, што многу прилега на затвореничките чети во Русија. Воената управа е построга, поредокот е потежок, осудениците се секогаш во пранги, секогаш под стража, секогаш под клуч; а тоа го нема во толкава мерка во првите два оддела. Така барем зборуваа сите наши затвореници, а меѓу нив имаше такви што добро ги знаеја тие работи. Тие со радост сите би пошле во првиот оддел што од законот се смета за најтежок, и дури многупати мечтаеја за тоа. А за воените осуденички чети во Русија сите наши зборуваа со ужас и уверуваа дека во цела Русија нема потешко место од тие затворенички четни одделенија по тврдините, и дека во Сибир е рај во споредба со тамошниот живот. Следува дека кога при такво строго држење, како во нашиот затвор, под воена команда, пред очите на самиот генерал-губернатор, најпосле, со обзир на такви случаи (што стануваа понекогаш) иако некои туѓи но службени луѓе, од пакост или од ревност кон службата, беа готови скришум да јават каде што треба дека некои неблагонадежни командири значи им прават олесненија на престапниците од тој и тој оддел, — кога на такво место, велам, престапниците-благородници нè гледаа донекаде со поинакви очи одошто другите осуденици, тогаш во толку повеќе ги гледале со многу повеќе попуштање во првиот и третиот оддел. Значи, според местото каде што бев јас, мене ми се чини дека можам да судам во однос на тоа и за цел Сибир. Сите гласови и раскажувања што во однос на тоа доаѓаа до мои уши од престапниците од прв и трет оддел го потврдуваа мојот заклучок. Во нашиот затвор, началството всушност се држеше спрема нас благородниците повнимателно и попретпазливо. Ние немавме сосем никакви олеснувања во однос на работата и држењето; истата таа работа, истите тие окови, исто такви заклучувања, со еден збор сè исто онака како и на сите други затвореници. Па и не можеше да ни се олесни. Јас знам дека во тоа н е д а м н а д а м н а п о м и н а т о в р е м е имаше толку поткажува-

чи, толку интриги, толку многу што еден на друг си копаа гроб, што беше природно управата да се плаши од поткажувачи. А во тоа време што имаше постра-шно од поткажувањето дека на престапниците од тој и тој оддел им се прават олеснувања! И така, секој се плашеше, ние живеевме исто онака како и сите осуденици, но во однос на телесно казнување имаше донекаде исклучок. Вистина, нас необично удобно би нè натепале ако ние го заслужевме тоа, то ест напра-вевме некаков престап. Тоа го бараше службената должност и равенството пред телесната казна. Но ту-ку-така, за ништо, лекомислено нас сепак не би нè натепале; а со простите затвореници, се разбира, се случуваше тоа од тој вид лекомислено постапување, особено при некои подолни чинови и онакви што во секој удобен случај имаат многу волја да повелаат, се расправаат и даваат ум. Ние знаевме дека коман-дантот, кога се научил за случката со старецот Ж-кий, многу му се налутил на мајорот и строго му забеле-жил за натаму да си ги држи понакусо рацете. Така ни раскажуваа сите. Исто така кај нас знаеја дека са-миот генерал-губернатор, што имаше доверба во мајо-рот и делум го сакаше, како исполнителен и со изве-сни способности човек, кога разбрал за оваа случка, ис-то така го прекорил. Нашиот мајор го зеде тоа пред-вид. Уште како, на пример, тој сакаше да се докачи до М-кий, когошто тој го мрзеше поради озборувања-та на А-в, но тој не можеше никако да го натепа, иа-ко бараше изговор, го гонеше и широко се загледува-ше за сè нешто кај него. За сценатa со Ж-кий наскоро разбра целиот град и јавното мислење беше против мајорот; мнозина го прекорувале, некои дури со не-пријатности. Го паметам сега моето прво среќавање со мајорот. Нас, то ест мене и еден друг прогоненик, бла-городник, со когошто јас заедно стапив во затворот, уште во Тоболск нè наплашија со раскажувања за ло-шиот карактер на тој човек. Едни стари од пред два-есет и пет години прогонети благородници што живее-ја таму, што нè пречекаа со длабока симпатија и се дружеа со нас во текот на сето време додека се нао-

ѓавме во станицата за препраќање, нè предупредуваа за нашиот иден началник и ветија дека ќе сторат сè колку што можат, преку познати луѓе да нè заштитат од неговото гонење. И навистина, трите ќерки на ге-генерал-губернаторот, што тогаш беа дојдени од Русија на гости кај татко си, добиле од нив писма и, ми се чини, зборувале со него во наша полза. Но што може-ше тој да направи? Тој само му рекол на мајорот да биде малку повнимателен. Во трите часот попладне ние, то ест јас и мојот другар, пристигнавме во тој град и стражарите нè поведоа право кај нашиот за-поведник. Ние стоевме, очекувајќи го него, во чекал-ната. Во меѓувреме веќе беа пратиле да го повикаат затворскиот подофицер. Тукушто дојде тој, излезе и мајорот. Неговото алово мозолесто и пакосно лице ни направи до немајкаде мачен впечаток: чиниш лош па-јак се стрчал на кутра мува што му попаднала во неговата пајажина.

— Како те викаат? — го праша тој мојот другар. Тој зборуваше брзо, грубо, и остро, испрекинато, и очевидно сакаше да ни остави впечаток.

— Така и така.

— Тебе? — продолжуваше тој, обрнувајќи ми се мене, со свртени кон мене очила.

— Така и така.

— Подофицер! Уште веднаш да се одведат в зат-вор, да се избричат во корергардијата незабавно како цивилните осуденици, половина глава; оковите да им се сменат уште утре. Какви се тие шинели? Откаде ви се? — праша тој наеднаш, штом му се запре вни-манието на сивите палта со жолти колца на грбот што ни ги дадоа во Тоболск и во кои ние се појавивме пред неговата светлост. — Тоа е новата униформа! — Тоа бездруго е некаква нова униформа . . . Уште е во про-ект, од Петербург . . . — зборуваше тој вртејќи нè двај-цата по ред. — Имаат ли нешто со нив? — го праша тој наеднаш стражарот што нè вардеше.

— Имаат своја облека, ваше високоблагородие, — одговори стражарот откако в миг се исправи, дури со мало треперење. Него сите го знаеја, за него сите беа слушале, сите имаа страв од него.

— Сѐ да се одземе. Да им се даде само долната облека, и тоа што е бела, а што е во бои, ако има, да се одземе. Сето останато да се продаде, со наддавање. Парите да се запишат како приход. Затвореникот нема сопственост, — продолжуваше тој со строго погледнување. — Па гледајте, мислете му добро! Да не чујам ништо! Инаку . . . телесна каз-на! За најмал прекршок — пр-р-ачки! . . .

Сета таа вечер јас, од ненавикнатост, бев болен поради таквиот прием. Меѓутоа, впечатокот се засили и со она што јас го видов во затворот; но за моето стапување во затворот јас веќе раскажував.

Јас сега споменав дека нам не ни правеа и не смееја да ни прават никакви попуштања, никакви олеснувања на работата пред другите затвореници. Но еднаш, сепак се обидоа да ни сторат; јас и Б-кий цели три месеци одевме во градежната канцеларија како писари. Но тоа го правеа скришум да не разбере никој и тоа го стори градежното началство, то ест сите други што требаше да знаат, се разбира, знаеја но се правеа дека не знаат. Тоа стана уште кога Г-в беше командир. Потполковникот Г-ков кај нас беше паднат како од небеса, остана кај нас мошне малку време, — ако не се лажам не повеќе од половина година, дури и помалку — и си замина во Русија оставајќи им до немајкаде убав впечаток на сите затвореници. Нашите затвореници не само што го сакаа, туку го обожаваа, кога само би можел тука да се употреби тој израз. Како го беше постигнал тој тоа, не знам, но тој уште од прв чекор ги придоби. „Татко, татко! Татко не ти треба!“ — зборуваа кај нас затворениците во текот на сето време на неговото командување во инженерното одделение. Тој, ми се чини, беше страшен пијаница. Со низок раст, со дрзок, самоуверен поглед. Но покрај тоа тој беше спрема затворениците милозлив речиси до нежност, и навистина буквално како татко ги сакаше. Зошто тој ги сакаше толку затворениците — не можам да кажам, но тој не можеше да види затвореник а да не му рече, пријатен, весел збор, да не се посмее, да не се пошегува со него, и главно — во сето тоа немаше ни ронка нешто началничко,

коешто барем малку би означувало нерамна или чисто началничка љубезност. Тој беше нивни другар, нивни човек, во најголема мерка. Но без обѕир на сиот тој негов инстинктивен демократизам, затворениците ниеднаш не му беа згрешиле со никаква непочитувачка семејност спрема него. Напротив, само што целото лице му светнуваше, ако тој се сретнеше со командирот и со симната капа, тој веќе насмевнато го гледаше како му се приближува. А кога тој ќе зазбореше — како рубли да подаруваше. Има такви толку популарни луѓе. Изгледаше како јунак, одеше исправено, смело. „Орел!“ — зборуваа обично затворениците за него. Тој, се разбира, не можеше со ништо да им олесни; тој управуваше само со градежните работи, коишто и при сите други командири се правеа по својот секогашен, еднаш установен од законот ред. Освен само што кога ќе сретне случајно некое одделение на работа, штом ќе види дека работата е свршена, не ги задржува, се случуваше, напразно, и ги пушташе пред да избие барабанчето. Но на луѓето им се допаѓаше неговата доверба кон затвореникот, отсуството на ситничава педантерија и раздразливост, полното отсуство на некои навредливи форми во началничките односи. Јас мислам, ако тој изгубеше илјада рубли, — најголемиот крадец од нашите да ги најдеше, ќе му ги однесеше. Да, јас сум уверен дека така би станало. Со какво длабоко сочувство разбраа затворениците дека нивниот орел — командир смртно се скарал со нашиот омразен мајор. Тоа стана уште во првиот месец по неговото доаѓање. Нашиот мајор некогаш служел заедно со него. По долга разделба тие се сретнале како пријатели и заедно почнале да пијат. Но наеднаш прекинаа. Тие се беа скарале, и Г-ков му стана смртен непријател. Се чу дека при тој случај тие дури се степале, коешто со нашиот мајор сосем можеше да се случи: тој често се споречкуваше и тепаше. Кога затворениците слушнаа за тоа, нивната радост беше безгранична. „Зар осмоокиот ќе може да живее со таков! Оној е орел, а нашиот . . .“, и тука обично се додаваше едно зборче што е неудобно за печатење. Кај нас до немајкаде се интересираа кој кого

од нив двајца го натепал. Ако гласот за нивната тепаница би излегол невистинит (коешто, можеби и беше така) тогаш ми се чини нашите затвореници многу би се јадосувале од тоа. „Не, бездруго нашиот командир надвил, — зборуваа тие, — тој е малечок, но храбар, а оној, слушаш, под креветот се пикнал.“ Но скоро Г-ков си замина и затворениците пак попаднаа во зачмаеност. Градежните командири, вистина, беа кај нас сите добри: во времето кога лежев јас се сменија тројца или четворица; „но сепак нема таков да најдеш, — зборуваа затворениците, — беше орел, орел и заштитник.“ Ете токму тој Г-ков многу нѐ сакаше ете нас, благородниците и при крајот ни повели мене и на Б-киј да одиме понекогаш во канцеларијата. А по неговото заминување тоа се нареди поправилно, поредно. Меѓу инжинерите имаше луѓе (особено еден од нив), коишто многу нѐ симпатизираа. Ние одевме, правевме преписи, дури ракописот почна да ни се усовршува, кога наеднаш од вишето начелство дојде незабавно повелба да бидеме вратени на поранешните работи: некој веќе беше стасал да поткаже! Меѓутоа, тоа беше и добро: и на двајцата канцеларијата веќе почна да ни додева. Потоа ние две години речиси неразделно со Б-киј одевме на иста работа, а најчесто во работилницата. Ние со него си прикажувавме, зборувавме за нашите надежи, мислења. Тој беше прекрасен човек; но неговите мислења беа чудни, исклучителни. Често кај некој вид луѓе, мошне умни, се зародуваат понекогаш сосем, парадоксални разбирања. Но заради нив било толку поднесено во животот, било платено толку скапоцено, што да се ослободи од нив човек е многу тешко, речиси невозможно. Б-киј со болка ги поднесуваше сите спротивставувања и зајадливо ми одговараше. Меѓутоа тој можеби во многу работи беше поправ од мене, не знам, но ние, најпосле, се разделивме, и мене ми беше многу мака поради тоа: ние веќе бевме преживеале многу заедно.

Меѓутоа, М-киј со секоја година стануваше сѐ повеќе тажен и мрачен. Болката и копнежот го совладуваа. Порано, во првото мое време во затворот, тој беше подружељубив, неговата душа сепак почесто и

повеќе се покажуваше отворена. Тој лежеше веќе трета година кога јас влегов во затворот. Отпрвин тој се интересираше за многу од она што станало во тие две години и немаше за ништо претстава, лежејќи во затворот; ме распрашуваше, слушаше, се возбудуваше. Но при крајот, со изминувањето на годините сето тоа почна да си го собира внатре, насрце. Јаглењата затлеаја како пуза. Во него се повеќе и повеќе растеше јадосаност. „Je haïs ces brigants“ ми повторуваше тој често со омраза гледајќи ги осудениците, коишто јас бев веќе успеал поблиску да ги запознам, и никакви мои докази во нивна полза не можеа да му влијаат нему. Тој не разбираше што зборувам јас; сепак понекогаш расеано се согласуваше; но уште утредента пак повторуваше: „Je haïs ces brigants“. Патем да речам: ние со него зборувавме француски, и заради тоа еден надгледник на работите пионерниот војник Дранишников, којзнае зошто, нè нарече „фершели“ М-кий се воодушевуваше само сеќавајќи се за мајка си. „Таа е стара, таа е болна“, — ми зборуваше тој мене, — „таа ме сака повеќе од сè на светов, а јас тука не знам дали таа е жива или не? Доста ѝ е нејзе веќе само тоа што таа знаеше како ме водеа низ строј со прачки“. М-кий не беше благородник и пред испраќањето на прогонство во затворот, беше телесно казнет. Сеќавајќи се за тоа, тој ги стискаше забите и се трудеше да гледа настрана. Во последно време тој почна сè почесто и почесто да оди сам. Едно претпладне, во дванаесет часот него го повикаа кај командантот. Комадантот излегол пред него со весела насмевка.

— Па, М-кий, што виде ти синоќа насоне? — го прашал тој него.

— Јас истрпнав, — раскажуваше кога се врати кај нас М-кий, — мене нешто како божем да ми го прободе срцето.

— Сонував дека сум добил писмо од мајка ми, — одговори тој.

— Поубаво, поубаво! — му одговорил командантот. — Ти си слободен! Мајка ти молела... молбата ѝ е исполнета. Еве го нејзиното писмо, а еве и по-

велба за твоето пуштање. Уште сега ќе излезеш од затворот.

Тој се врати кај нас бледен, уште недојден на себеси од веста. Ние му честитавме. Тој ни ги стискаше рацете со своите затреперени, остудени раце. Исто така мнозина други затвореници му честитаа и се радуваа на неговата среќа.

Тој стана населеник и остана пак во нашиот град. Скоро му дадоа место. Отпрвин тој често доаѓаше во нашиот затвор, и кога можеше ни соопштуваше разни новости. Него повеќе го интересираа предимно политичките.

Од другите четворица, то ест освен М-кий Т-кий, Б-кий и Ж-кий, двајца беа уште млади луѓе, пратени на куси рокови, малку образовани но чесни, прости отворени. Третиот, А-чуковски беше веќе многу прост и не претставуваше ништо особено, но четвртиот — Б-м, веќе постарикав човек, ни оставаше до немајкаде лош впечаток. Не знам како попаднал тој во таков вид престапници, па и самиот тој го одречуваше тоа. Тој беше со груба малограѓанска душа, со навики и разбирања на дуќанџија што се обогатил со лажење и зајадувања на копејки. Тој беше без секакво образование и не се интересираше за ништо друго освен за својот занает. Тој беше молер, но молер какви што ги нема, прекрасен молер. Скоро началството разбра за неговите способности и целиот град почна да го бара Б. за украсување на ѕидови и тавани. За две години тој ги украси речиси сите државни згради. Сопствениците на живеалиштата му плаќаа од себе и тој не живееше сиромашно. Но најдобро беше тоа што со него почнаа да праќаат на работа и други другари. Од оние што одеа постојано со него, двајца го научија занаетот од него и едниот од нив Т-жевски почна да украсува не полошо од него. Нашиот мајор којшто исто така имаше државно живеалиште од своја страна го побара Б. и му повели да ги украси сите ѕидови и таваници. Тука веќе Б. се покажа што знае: кај генерал-губернаторот не беше толку убаво украсено. Куќата беше дрвена, еднокатна, доста стара и со до немајкаде грда надворешност; а внатре беше украсено

како во дворец и мајорот беше одушевен... Тој си ги триеше рацете и зборуваше дека сега бездруго ќе се ожени. Со такво живеалиште не бива да не се ожени човек, додаваше тој многу сериозно. Со Б. тој беше сè повеќе и повеќе задоволен, а покрај него и со другите што работеа заедно со него. Работата продолжи цел месец. Во тој месец мајорот сосем го промени своето мислење за сите наши и почна да ги покровителствува. Дојде дотаму што тој одненадеж го повика кај себе од затворот Ж-кий.

— Ж-кий, — му рекол тој, — јас сум те навредил. Јас тебе напразно сум те натепал, јас го знам тоа. Јас се кајам. Го разбираш ли ти тоа. Јас, ј а с, ј а с — се кајам!

Ж-кий одговорил дека го разбира тоа.

— Разбираш ли ти дека ј а с, ј а с, твојот началник, те повикав затоа да те молам, за прошка. Го чувствуваш ли тоа? Што си ти за мене? Црв! Помалку од црв: ти си затвореник! А јас сум — по божја милост* — мајор, мајор! Го разбираш ли ти тоа?

Ж-кий одговорил дека и тоа го разбира.

— Па, тогаш јас се помирувам со тебе. Но чувствуваш ли ти, го чувствуваш ли ти тоа сосем, во сета потполност? Способен ли си ти да го разбереш и почувствуваш тоа. Помисли си само: јас, јас, мајор... итн. итн.

Самиот Ж-кий после ни ја прикажуваше таа сцена. Бездруго и во тој пијан, скарлив и брецлив и нередеи човек имало човечко чувство. Кога ќе се земат предвид неговите разбирања и развиеност, — ваквата постапка може да се смета дури речиси за великодушност. Сепак, можеби, многу придонела за тоа и неговата пијаност.

Неговата мечта не се оствари: тој не се ожени, иако беше веќе сосем решил кога свршија со украсувањето на неговото живеалиште. Наместо женидба, тој попадна под суд, и нему му беше повелено да даде оставка. Тогаш веќе му ги прикачија и сите стари гре-

* Буквален израз, кој впрочем во мое време го употребуваше не само мајорот, туку и мнозина понижи командири, од оние што првенствено дошле од пониски чинови. (Ф. М.)

вови. Порано тој бил во тој град началник на полицијата... Ударот го снајде неочекувано. Во затворот безмерно се зарадуваа од веста. Тоа беше празник, свеченост! Мајорот, велат јадукал и липал како стара жена и се капел во солзи. Но немало што да се прави. Тој даде оставка, ги продаде двата свои бели коњи, после сиот имот и стана дури сиромав. Ние потоа го среќававме во ветво цивилно палто, со капа и значка на главата. Тој злобно ги гледаше затворениците. Но сета негова големина мина штом само го сметна мундирот. Во мундир тој беше луња, бог. Во палто стана сосем ништожен и прилегаше на лакеј. Чудно колку многу претставува мундирот кај такви луѓе.

IX

БЕГСТВО

Скоро по сменувањето на нашиот мајор во нашиот затвор станаа темелни промени. Робијата ја укинаа и наместо неа основаа осуденичка воена чета, како руските осуденички чети. Така значи дека во нашиот затвор не доведуваа веќе прогонети осуденици од втор оддел. Тој оттогаш почна да се исполнува само со затвореници осудени само од воени судови, значи со луѓе што не беа лишени од правата на имот и положба, но исто такви војници како и сите други, само казнети, дојдени на куси рокови, најмногу до шест години, — и коишто по излегувањето од затворот стапуваа пак во своите баталјони како прости војници какви што биле порано. Меѓутоа, оние што одново се враќаа во затворот за повторните престапи беа осудени како и порано на дваесет години. Кај нас, меѓутоа, и уште пред таа промена имаше воено затвореничко одделение, но тие живееја заедно со нас, затоа што немаше каде другде да бидат сместени. Сега сиот затвор стана воен оддел. Само од себе се разбира дека поранешните осуденици, вистински цивилни осуденици, лишени од сите свои граѓански права, муросани и избричени на половина по главата, останаа во затворот до полното одлежување на нивните рокови; нови такви не доведуваа, а тие што останаа малку по малку си го одлежуваа рокот и си заминуваа, така што по десет години во нашиот затвор не можеше да остане ниеден граѓански осуденик. Посебното одделение исто

така остана во затворот, а во него сè уште одвреме навреме се испраќаа тешки престапници осудени од воени судови да лежат сè до отпочнувањето на најтешките робијашки работи во Сибир. По таков начин нашиот живот заправо продолжуваше како порано. Истото држење, истата работа и речиси истиот поредок, само што началството се промени и усложни. Беше назначен штаб-офицер, командант на затворот, и покрај него четворица обер-офицери, што еден по друг по ред дежураа во затворот. Исто така беа сменети и инвалидите: наместо нив беа поставени дванаесет подофицири со нижи чинови. Затворениците ги поделија на десетини, се назначија ефрејтори од самите затвореници, само номинално, се разбира, и веќе само по себе е јасно дека уште веднаш Аким Акимич стана ефрејтор. Сиот тој нов ред и сиот затвор, со сите командири и затвореници беше под управата на командантот како највиши началник. Тоа е сè што стана. Се разбира, затворениците отпрвин малку се возбудуваа, расправаа, се трудеа да ги разберат и проучат новите началници; но кога видоа дека всушност остана сè како што си било, уште веднаш се успокоија и нашиот живот си продолжи по старо. Најглавно беше тоа што сите се спасија од поранешниот мајор; сите како божем да здивнаа и се ободрија. Се изгуби исплашениот изглед, сега секој знаеше дека во случај на потреба може да се разбере со началникот, дека мачно, само по погрешка, може да биде казнет правиот наместо виновниот. Дури и пијалак продолжуваше да се продава кај нас исто онака и на иста основа како и порано, и покрај тоа што наместо старите инвалиди беа поставени подофицери. Тие подофицери во поголем дел се покажаа како луѓе разбрани и со смисла, што ја разбираат својата положба. Сепак некои од нив отпрвин се обидоа да се кренат со навикувања и беснеења, и, се разбира, поради неопитност, мислеа со затворениците да се држат како со војници. Но наскоро и тие разбраа каква е работата. А на другите, што мошне долго не можеа да ја разберат работата, самите затвореници им покажаа како е заправо. Имаше доста остри судрувања: на пример, ќе го

соблазнат, напијат подофицерот па после тоа ќе му јават, онака како што умеат тие, се разбира, дека тој пиел заедно со нив, па според тоа . . . Се сврши со тоа што подофицерите рамнодушно гледаа или поправо се мачеа да не гледаат како се пренесува пијалак и се продава. Но не само тоа: како поранешните инвалиди тие одеа на пазар и им донесуваа на затворениците печиво, говедско и сè друго, то ест од таков карактер коешто можеше да го земат без големо срамење. А зошто сето тоа се смени, зошто установија воена осуденичка чета, јас не знам. Тоа стана веќе во последните години на моето лежење во затворот. Но мене ми беше судено да проживеам уште две години под тој нов ред . . .

Треба ли да го запишувам сиот тој живот, сите мои години во затворот? Мислам не. Кога би пишувал за сè по ред, што се случило, што јас сум видел и проживеал во тие години, би можело, се разбира, да напишам трипати, четирипати повеќе глави, отколку што досега се напишани. Но секое такво опишување ќе стане, најпосле, многу еднообразно. Сите преживеалици ќе излезат мошне во еден и ист тон, особено ако читателот веќе успеал, според овие глави што се напишани, да си создаде барем малку целосна претстава за животот на осудениците од втор оддел. Јас сакав да го прикажам сиот наш затвор и сè она што јас сум го проживеал во тие години, преку една нагледана и јасна слика. Не знам дали јас сум ја постигнал таа цел. Па делум и не е моја работа јас да судам за тоа. Но јас сум уверен дека со ова може да се заврши. Па тешко и да можам да се сетам за сè. Последните години некако се избришале во моето сеќавање. Јас сум уверен дека многу работи и околности сосем сум ги заборавил. Јас, на пример, паметам дека сите тие години, што всушност толку прилегаа една на дурга, поминуваа невесело, мачно. Паметам дека тие долги, додевни дни беа толку однообразни, чиниш како кога по дожд водата капка по капка капе од покривот. Паметам дека единствено само страсната желба за воскреснување, преродба, нов живот, ме крепеше да чекам и да се надевам, и јас, најпосле, се зак-

репив, јас чекав, го броев секој ден и покрај тоа што остануваат уште илјади такви, со наслада го избројував секој еден по еден, го испраќав, потребував и со почнувањето на другиот ден се радував дека веќе не останале илјада дни а деветстотини деведесет и девет. Паметам дека во сето тоа време, и покрај стотина другари јас бев страшно самотен, и јас најпосле ја засакав таа самотност. Самотен душевно, јас го преразгледав сиот мој живот го претресував сè до последната подробност, се вдлабочував во моето минато, си судев сам немилосрдно и строго, и дури понекогаш ја благословував судбата заради тоа што ми ја испратила ваквата самотност, без која не би го имало ни тој суд за себе ни тоа строго прегледување на поминатиот живот. И со какви надежи тогаш зачука срцето! Јас мислев, јас решив, јас се заколнував дека во мојот иден живот веќе нема да ги има ни оние грешки ни оние падови какви што имаше порано. Јас си замислив програма на својата иднина и решив цврсто да не отстапувам од неа. Во мене се зароди слепа вера дека јас ќе го исполнам тоа и можам да го исполнам сето тоа... Јас ја очекував, ја повикував слободата да дојде што поскоро, јас сакав одново да се обидам во нова борба. Понекогаш ме обземаше грозничава нестрпливост... Но мене ми е мачно да се сеќавам за моето тогашно душевно настроение. Се разбира, сè тоа се однесува само за мене... Но јас и го запишав тоа, иако, ми се чини, секој ќе го разбере затоа што со секого тоа нешто бездруго би се случило кога тој би попаднал за извесно време в затвор во расцутот на годините и силите.

Но зошто да прикажуваме за тоа!... Подобро ќе ви раскажам уште нешто, за да не завршам со многу остро пресечување.

Мене ми дојде на ум дека некој, да речеме, ќе праша: па зар никој не можел да избега во текот на сите тие години, никој не се обидел да избега? Јас веќе пишував дека затвореникот откако ќе одлежи две-три години во затворот, почнува веќе да ги цени тие години и неволно доаѓа до заклучок да ги одлежи и останатите без непријатности и опасности и по та-

ков начин, најпосле, да излезе од затворот и да се насели на законски начин. Но таков заклучок донесуваше само оној затвореник што беше испратен на малку години. А тој што треба да лежи многу години, ти се молам, е готов да ризикува... Но кај нас тоа некако не се правеше... Не знам, дали многу се плашеа, надгледувањето ли беше особено строго, воено, или пак и местото и положбата на нашиот град во многу отежнуваше таков обид, (степа, отворено) — тешко е да се каже. Јас мислам дека сите тие причини имаа свое влијание. Навистина, откај нас беше тешко да се избега. А меѓутоа и во мое време стана една таква работа: двајца решија, и тоа беа дури едни од најголемите престапници...

По сменувањето на мајорот, А-в оној што му поткажуваше за сите од затворот остана сосем сам, без протекција. Тој беше уште доста млад човек, но неговиот карактер со минувањето на годините крепнеше и се зацврстуваше. Воопшто, тој беше човек дрзок, решителен, и дури со многу смисла. Тој така и би продолжил да поткажува и работи такви грди работи, кога би го пуштиле на слобода, но сега веќе не би попаднал така глупаво и непресметливо како порано, кога заради својата глупост плати со своето прогонување во затворот. Тој кај нас се вежбаше во правење лажни документи. Сепак, ова не го тврдам со увереност. Така бев слушал од нашите затвореници. Зборуваа дека тој работел нешто слично на тоа уште кога одел во куќата кај мајорот, и се разбира, отаде извлекувал колку што можеше полза. Со еден збор, ми се чини тој можеше да се реши на сè за да си ја промени судбата. Јас имав можност по малку да ја разберам неговата душа: неговиот цинизам стасуваше до одвратна дрскост, но најчуден подбив и побудување на несовладлива одвратност. Мене ми се чини дека кога нему многу би му се посакало да испие чаша пијалак, и ако тоа не би можел да го добие инаку освен да го заколе некого, тој бездруго би заклал, само кога би можело тоа да го стори скришно, никој да не разбере. Тој во затворот се беше научил да пресметнува.

Ете токму на тој човек и го обрнал своето внимание затвореникот Куликов од посебното одделение.

Јас веќе зборував за Куликов. Тој веќе не беше млад човек, но страстен, полн со живост, силен, со необични и разнообразни способности. Тој имаше сили и сакаше уште да поживее; на такви луѓе и до најдоцна старост сè уште им се сака да живеат. И ако јас би почнал да се чудам што кај нас не бегаат, тогаш, се разбира, прво би се зачудил на Куликов. Но Куликов се реши. Кој на кого имал поголемо влијание: А-в на Ку̀ликов или Куликов на А-в? Не знам, но обајцата чинеа еден за друг и за таква работа двајцата меѓусебно одговараа. Мене ми се чини дека Куликов сметал оти А-в ќе направи документи. А-в беше благородник, од добро општество и тоа ветуваше извесно разнообразие во идните приклученија само да можат да се доберат до Русија. Којзнае како тие се здоговориле и какви надежи имале, но веќе бездруго нивните надежи ги надминувале оние од обичната рутина на сибирското скитништво. Куликов по природа беше артист, можеше да избира многу и разнообразни ролји во животот; можеше на многу да се надева, ако не на друго, барем на разнообразие. Бездруго затворот ги задушуваше таквите луѓе. Тие се здоговориле да бегаат.

Но без стражар беше невозможно да се бега. Требаше да го наговорат некој од стражарите да појде со нив. Во еден од баталјоните, што се наоѓаше во тврдината, служеше еден Полјак, енергичен човек, и можеби достоен за подобра судба, човек веќе на години, силен, сериозен. Тој уште како млад војник, тукушто дошол на служба во Сибир, бегал од длабок копнеж по татковината. Него го фатиле, казниле и одлежал две години во воено-осуденичката чета. Кога пак го вратиле како војник, тој се прибрал и почнал ревносно да служи, колку што можел подобро. За награда го назначиле за ефрејтор. Тој беше честољубив човек, самоуверен и што знае да се цени. Тој и гледаше и зборуваше така како човек што знае да се цени. Јас тие години неколкупати го среќавав меѓу

нашите стражари. Мене по нешто ми раскажуваа за него и Полјаците. Мене ми се стори дека поранешниот копнеж и мака се претворил кај него во омраза, скриена, потулена, постојана. Тој човек можеше да се реши на сè, и Куликов не згрешил кога го избрал него за другар. Тој се презиваше Колер. Тие се здоговориле и назначиле ден. Тоа стана во јуни месец, во жешките дни. Климата во тој град е доста водначена, лете времето е непроменливо топло: а тоа е од полза за скитникот и бегалецот. Се разбира тие никако не можеа да ја лишнат право од место, од тврдината: целиот град се наоѓаше на тумба, отворен од сите страни, беше како на дланка. Наоколу него на доста големо пространство немаше шума. Требаше да се преоблече во граѓанска обична облека, а заради тоа прво да се доберат до преградието, кај што Куликов уште одамна имал свое засолниште. Не знам дали нивните добри пријатели што ги криеле, од предградието, наполно ја запазиле тајната. Треба да се претпостави дека пазеле, иако отпосле, на судењето, тоа не беше сосем објаснето. Таа година во едно катче на предградието тукушто почнуваше со својата кариера една млада и сосем убавичка девојка, којашто ја викаа Ванька — Танька, што ветуваше големи надежи коишто отпосле делум ги исполни. Неа исто така ја викаа: огнот. Ми се чини дека и таа при оваа работа имала извесно учество. Куликов веќе цела година пропаѓаше и трошеше заради неа. Нашите јунаци излегле изутрина на преглед и мајсторски ја наредиле така, да ги исправат со затвореникот Шилкин, што работи печки и малтерисува, да ги малтерисуваат празните баталјонски касарни, од кои војниците беа уште одамна заминати во логори в поле. А-в и Куликов отишле со него како подавачи на малтер. Колер попаднал меѓу стражарите, а бидејќи за тројца требало двајца стражари, на Колер, како на човек што одамна служи и е ефрејтор, со волност му доделиле некое младо војниче, за да го поучува во стражарската должност. Бездруго нашите бегалци имале големо влијание на Колера кога тој им поверувал, кога по долгогодишна и успешна служба, тој,

човек умен, расудлив, пресметлив, се решил да ги придружи.

Тие дошле во касарната. Било шесте часот изутрина. Освен нив немало никој. Откако поработиле еден час, Куликов и А-в му рекле на Шилкин дека ќе отидат во работилницата, прво да го видат некого, а второ барем патем и да земат некој алат, што се покажал како потребен а го немале. Со Шилкин работата требало да се прави итро, то ест колку што е можно поприродно. Тој беше московец, по занает мајстор на печки, московски прост граѓанец, итар, бистар, умен, незборлив. По изглед слабичок и испиен. Тој би требало векот да си го помине одејќи во жилетка и наметка, по московски, но судбата беше определила инаку, и по долги скитања тој се залежа кај нас засекогаш во посебното одделение, то ест во одделот на најстрашните воени престапници. Со што заслужил тој таква кариера не ми е познато; но кај него никогаш не се забележуваше особено незадоволство, се држеше кротко и воедначено, но и тогаш се држеше добро. Тој, се разбира, не беше запознат со оваа тајна намера, но тој имаше очи што добро гледаат. Само по себе се разбира дека Куликов му намигнал дека божем одат по пијалак што е уште вчера добавен во работилницата. Тоа го трогнало Шилкин; тој се разделил со нив без секакво сомневање и останал сам со регрутот, а Куликов, А-в и Колер тргнале во предградието.

Поминало половина час; отсутните не се враќале и наеднаш, присетен, Шилкин почнал да му дума. Тој беше човек поминат низ сито и решето. Тој почнал да се присетува: Куликов бил особено настроен, А-в како божем да пошепотил со него, барем Куликов му намигнал едно двапати, тој тоа го беше видел; тој сега тоа си го спомнал. Кај Колера исто така се забележувало нешто: во секој случај, на одење со нив, тој почнал да го поучува младото војниче како да се држи во неговото отсуство, а тоа било некако не сосем природно, барем од Колер. Со еден збор воколку повеќе се присетувал Шилкин, дотолку по-

веќе кај него раснело сомневањето. Меѓутоа, времето поминувало, тие не се враќале и неговото беспокојство дошло до крајни граници. Тој многу добро разбирал колку многу се изложува на опасност во таа работа: началството би можело да се усомни во него. Би можеле да помислат дека тој со знаење, по своја волја, по меѓусебен договор ги пуштил другарите, и ако тој би се забавил да пријави за исчезнувањето на Куликов и А-в, тие сомневања би добиле уште повеќе веројатност. Немало зошто да се губи време. Тогаш тој се сетил дека во последно време Куликов и А-в беа некако особено блиски меѓу себе, често си шепотеа, често одеа зад касарните, далеку од погледот на било кој. Тогаш се присетил дека и тогаш веќе си помислил нешто за нив... Тој прашално го погледнал својот стражар; тој се проѕевал, потпрен на пушката и најневино си го чепкал носот со прст, така што Шилкин и не го удостоил да му ги каже своите мисли, а просто напросто му рекол да го придружи во инженерската работилница. Требало да праша во работилницата дали тие доаѓале? Но се покажало дека таму никој не ги видел. Сите сомневања на Шилкин отпаднале... Кога тие просто би отишле само да пивнат и да се рашетаат во предградието, коешто понекогаш го правел Куликов, — си мислел Шилкин, — дури ни тоа не можело да биде. Тие би му рекле, бидејќи би немало зошто тоа да го кријат од него. Шилкин ја оставил работата, и без да оди во касарната, отишол право во затворот.

Било веќе девет часот кога тој му се јавил на фелтфебелот и му јавил во што е работата. Фелтфебелот се исплашил и отпрвин дури не сакал да поверува. Се разбира, и Шилкин му го јавил тоа како насетување и сомневање. Фелтфебелот се стрчал право кај мајорот. Мајорот незабавно кај командантот. По четврт час веќе биле преземени сите потребни мерки. Му јавиле на самиот генерал-губернатор. Престапниците беа големи, важни, и заради нив би можело да има големи карања и прекорувања од Петербург. Со право или не, но А-в беше сметан за политички престапник; Куликов беше од посебното од-

деление, то ест архипрестапник и згора на тоа воен. Досега немало случај да избега некој од „посебното одделение“. По тој повод се присетиле дека по правило за секој затвореник од „посебното одделение“ кога оди на работа требало да му се назначуваат двајца стражари, или барем по еден за секого. За тоа правило не се беа придржувале. Излегоа, значи, неудобна работа. По сите општини и околни места беа испратени курири да јават за бегалците и да ги кажат насекаде нивните белези. Испратија во потера козаци, на лов; испратија писма и во соседните околии и губернии... Со еден збор, многу се исплашија.

Меѓутоа, кај нас во затворот настапи возбуденост од друг вид. Затворениците, според тоа како доаѓаа на групи од работа, уште веднаш узнаваа во што е работата. Веста беше веќе разгласена на сите. Сите ја примаа веста со некаква необична, притаена радост. На сите некако им потрепери срцето... Освен тоа што овој случај го наруши монотониот живот на затворот и го раскопа мравјалникот, — бегството, и тоа такво бегство, некако блиско, како мило и свое, се одзва во сите души и ги раздвижи дамна заборавените во нив струни; во секое срце се побуди нешто како надеж, храброст, можност да се промени својата судба. „А еве избегаа луѓе: зошто да не?“... И секој при таа мисла се ободруваше и со предизвикувачки изглед ги гледаше другите. Во секој случај сите наеднаш станаа некако горди и почнаа од високо да ги гледаат подофицерите. Се разбира, началниците уште веднаш дотрчаа во затворот. Дојде и самиот командант. Нашите се беа поободриле и гледаа смело, дури донекаде презриво и со некаква молчалива и строга важност. „Ние, чиниш, велеа, знаеме работа да суправиме.“ Само по себе се разбира дека исто така предосетија за посетата на сето вишо началство, исто така предосетија, дека бездруго ќе има претреси, и од порано сокрија сѐ. Знаеја дека во такви случаи началството е секогаш решено да дејствува. Така и стана. Имаше голема штутканица, голем прав и врева се крена: сѐ прекопаа, сѐ испреистресоа и — се разбира, ништо не најдоа. На попладневна работа

затворениците ги испратија со засилена стража. Вечерта дежурните секој час наминуваа во затворот; ги пребројуваа луѓето повеќепати одошто беше вообичаено, притоа двапати повеќе се збркуваа во броењето одошто беше вообичаено. Поради тоа настана метеж и збрка: ги истераа сите во дворот и пак ги пребројија. Потоа ги избројија уште еднаш, по касарните . . . Со еден збор имаше многу расправија и штуткање . . .

Но на затворениците и окото не им трепнуваше. Сите тие гледаа многу самостојно, и како што станува тоа при такви случаи, се држеа целата таа вечер прекумерно ревносно: „значи нема зошто да не задираат". Само по себе се разбира дека началството мислеше: „останале ли во затворите соучесниците на избеганите?" и повели да се надгледуваат и прослушуваат затворениците. Но затворениците само се смееја. „Зар тоа е таква работа што по себе да се остават соучесниците!" „Таа работа се прави скришум, никој да не разбере, а не тукутака". „Па зар таков човек е Куликов, зар таков човек е А-в што нема да знаат во таква работа да ја затријат трагата? Мајсторски го извеле, никој ни видел ни чул. Тие луѓе поминале низ сито и решето, низ затворени врати ќе поминат!" Со еден збор, Куликов и А-в се издигнаа во својата слава, сите се гордееја со нив. Чувствував дека таквиот подвиг ќе се споменува и од најдалечното потомство на осудениците, ќе го надживее затворот.

— Умеат луѓето! — зборуваа едни.

— Ете, мислеа дека откај нас не бегаат. А ете избегаа . . . — додаваа други.

— Избегале! — се смешка трет, со некаква надмоќ обѕирајќи си наоколу. — Но кој токму избегал! . . . Да не се тие како тебе?

Во друго време, затвореникот за кого се однесуваа овие зборови бездруго не би премолчал и би одговорил на ова предизвикување и би ја одбранил својата чест. Но сега тој скромно премолча. „Па и вис-

тина, не се сите такви како Куликов и А-в, прво покажи се! . . .

— И навистина, браќа, зошто ние живееме тука? — го прекинува молчењето четврт, што дотогаш седеше крај прозорецот од кујната, зборувајќи како по малку да пее, од некакво немоќно, но скришум задоволно чувство, и потпирајќи го образот со рака. „Зошто сме ние тука? Живееме не како луѓе — умреле, не покојници. Е-ех!

— Не е работата чевел. Нема да го сметнеш од нога. Зошто е-ех? А па ете Куликов . . . — се смеша еден од пламените, младо лапе.

— Куликов! — подзеде уште веднаш друг и презриво го погледна напреку лапето. — Куликов! То ест тоа значи: зар мнозина се такви како Куликов? — Па и А-в, браќа, опитен и итар излезе, ух, итар!

— Уште како! Тој и Куликова на прсти ќе го свитка. Ни трага ни крај нема да му најдеш.

— А далеку ли се сега отидени, браќа, би сакал да знам . . .

И уште веднаш почнаа расправии и прикажувања дали се отидени далеку? И на која страна фатиле? И накаде би им било подобро да одат? И која општина е поблизу? Се најдоа луѓе што ја познаваа околијата. Нив ги слушаа љубопитно. Зборуваа за селаните од соседните села и решија дека тие луѓе не ги бива, не одговараат. Блиску се до градот, препредени луѓе се; нема да им погледаат на бегалците низ прсти, ќе ги фатат и предадат.

— Лоши селани се овдешниве, у-у-у, какви се тие селани!

— Ненадежни селани!

— Сибирци со наполнета пушка. Не излегувај му пред очи, ќе те отепа.

— Но, и нашите . . .

— Се разбира, веќе кој ќе надваса. И нашите не се луѓе туку така. Па нема да умреме, ќе чуеме.

— А ти што си мислел, ќе ги фатат?

— Јас мислам дека дури се живи нема да ги фатат! — подзема друг од вжештените, откако удри со тупаница по масата.

— Хм. Па, тука веќе како ќе излезе.

— А јас, браќа, еве што мислам, — подзема Скуратов, — кога јас би избегал, мене не би ме фатиле дури сум жив!

— Тебе ли бре?

Почнува смеа, други се прават како и да не сакаат да слушаат. Но Скуратов веќе се беше вжештил.

— Дури сум жив ќе би ме фатиле! — енергично подзема тој; — јас, браќа често си мислам за тоа, и самиот на себе се чудам, ете, ми се чини, низ дупче би се промолкнал а не би ме фатиле.

— Варди само да не изгладнеш, ќе отидеш кај селанецот за леб.

Сите се смеат.

— По леб? Лажеш!

— Па ти зошто тропаш? Вие со чичко Васја крвјата смрт[53]) сте ја отепале, затоа и ве испратиле тука.

Уште посилно се разнесе смеа. Сериозните гледаат со поголемо негодување.

— Ама лажеш! — вика Скуратов, — тоа Микитка така накодошил за мене, и тоа не за мене, туку за Васка, а мене ете така со него ме смешале. Јас сум московец и уште од најрано детство сум ги научил сите мајстории. Мене уште кога ѓаконот ме учеше писмо, ме трга за уши: „Читај, вели, помилуј мја боже, по велицеј милости твоеј! — и така натаму... А јас повторувам по него: „повеле ме мене во полиција по милост твоја“ и така натаму. Ете како јас така уште од детството сум почнал да постапувам.

Сите пак се засмеја. Но на Скуратов само толку и му требаше. Тој не можеше да не палави. Него скоро го оставија и пак ги продолжија сериозните разговори. Повеќе расудуваа постарите и оние што знаеја. Помладите и поскромните луѓе само се раду-

---

[53]) Крвјата смрт — т.е. отепале селанец или селанка сомневајќи се дека тие им направиле маѓија од која гине добитокот. Кај нас имаше еден таков убиец. (Ф. Д).

ваа гледајќи ги нив и си ги вореваа главите да послушаат; во кујната се беше насобрала голема грмада луѓе; се разбира, тука немаше подофицер. Пред нив не би помислиле да го зборуваат тоа. Меѓу оние што особено се радуваа јас го забележив Маметка, еден Татарин, со висок раст, со широки вилици, со необично комична фигура. Тој речиси ни најмалку не разбираше руски и речиси ништо не разбираше што зборуваат другите, но сепак си ја вореваше главата таму сред грмадата и слушаше, слушаше со наслада.

— Па што, Маметка, јакши? — му пријде од немајќи што да прави оттурнатиот од сите Скуратов.

— Јаким! ух, јаким! — замрморе сиот оживувајќи се Маметка, кимајќи му на Скуратов со својата смешна глава, — јакши!

— Нема да ги фатат? Јок?

— Јок, јок! — и Маметка пак заломоти, но овој пат мафтајќи со рацете.

— Значи твоја лажела, моја не разбрала, така нели?

— Така, така, јакши! — подзема Маметка, кимајќи со главата.

— Па тогаш јакши!

И Скуратов, откако го тупна по капа и му ја стутна на очи, излезе од кујната највесело настроен, оставајќи го во некаква изуменост Маметка.

Цела недела продолжуваа строгостите во затворот и засилени потери и гонења во околностите. Не знам по каков начин, но затворениците уште веднаш и точно ги добиваа сите вести за маневрите на началството надвор од темницата. Првите дни вестите беа во полза на избеганите: ни трага ни глас нема од нив, исчезнале и ништо повеќе. Нашите само се потсмеваа. Исчезна секакво беспокојство за судбата на бегалците. „Ништо нема да најдат, нема никого да го фатат!“ — зборуваа задоволно кај нас.

— Нема ништо; кришум!

— Проштавајте, не беспокојте се, нема скоро тилот да ни го видете!

Кај нас знаеја дека сите околни селани ги кренале на нозе, ги стражареле сомнителните места, сите шуми, сите долови.

— Ветер ја вее таа работа, — велеа нашите потсмевајќи се, — и тие бездруго имаат свој човек кај кого што сега се засолнати.

— Бездруго имаат! — зборуваа други, — не се туку такви луѓе, си приготвиле сè однапред.

Отидоа уште подалеку во претпоставките: почнаа да зборуваат дека можеби бегалците досега сè уште седат во предградието, се засолниле во некоја визба додека мине „тревогата“ и им израсне косата. Ќе поседат половина, една година, и тогаш и ќе појдат...

Со еден збор сите беа дури настроени како во роман. Некако одеднаш, по осум дена по бегството, се разнесе глас дека им попаднале на трагата. Се разбира, бесмислената вест беше уште веднаш отфрлена со презир. Но уште истата вечер веста се потврди. Затворениците почнаа да се грижат. Утредента изутрина во градот почнаа да зборуваат дека веќе ги фатиле, ги носат. Попладне разбраа уште подробности; ги фатиле во некое село на седумдесет врсти оттука. Најпосле, се доби точна вест. Фелтфебелот, вратен откај мајорот изјави потврдно дека вечерта ќе ги доведат, право во корегардијата при затворот. Веќе не можеше да се сомнева. Тешко е да се опише впечатокот што го направи на затворениците таа вест. Отпрвин сите, чиниш, се налутија, потоа се сневеселија. Потоа поползе некаква готовност за потсмевање. Почнаа да се смеат, но веќе не на гонителите туку на фатените, отпрвин малкумина, после речиси сите, освен некои сериозни и цврсти, што мислеа самостојно и коишто не можеа да бидат збркани со потсмевања. Тие презирно ја гледаа лекомисленоста на масата и си молчеа.

Со еден збор, во исто онолкава мерка колку што порано ги издигаа Куликова и А-ва, сега ги понижуваа, дури со наслада ги понижуваа. Како тие да ги навредиле сите со нешто. Раскажуваа со презрив из-

раз дека на нив многу им се пријало, дека не можеле да издржат гладување и отишле в село кај селаните да бараат леб. Тоа веќе беше најголем степен на понижение за бегалец и скитник. Меѓутоа, сите тие прикажувања беа невистинити. На бегалците им ја нашле трагата; тие се скриле во шумата; луѓето ја опколиле шумата од сите страни. Тие, гледајќи дека нема можност да се спасат, се предале самите. Ништо друго не им останувало да прават.

Но кога вечерта навистина ги доведоа, со врзани раце и нозе, со стражари, сите осуденици се втурнаа кон плотот да гледаат што ќе прават со нив. Се разбира, не видоа ништо, освен колите на командантот и на мајорот кај корергардијата. Бегалците ги затворија во посебна ќелија, ги оковаа и уште утредента ги дадоа на суд. Потсмевањата и презирот на затворениците наскоро сами од себе отпаднаа. Ја разбраа поподробно работата, разбраа дека не им останувало ништо друго освен да се предадат, и сите почнаа сочувствено да гледаат како се одвива судењето.

— Ќе им треснат една илјада, — зборуваа едни.

— Како ти илјада! — зборуваа други, — ќе ги отепаат. На А-в, да речеме, може и илјада ќе му удрат, а оној ќе го отепаат, затоа што тој, братец мој, е од посебно одделение.

Сепак не погодија. На А-в му удрија само петстотини; го зедоа предвид неговото задоволително поранешно држење и дека згрешил првпат. На Куликов му удрија, ми се чини илјада и петстотини. Ги казнија доста милосрдно. Тие, како разбрани луѓе, со смисла, на судењето никого не го замешаа, зборуваа јасно, точно, зборуваа дека бегале право од тврдината, не наминувајќи никаде. Мене ми беше најмногу жал за Колер: тој изгуби сè, своите последни надежи, истрпе повеќе од сите, ми се чини две илјади и беше испратен некаде како затвореник, но само не во нашиот затвор. А-в го казнија слабо, со сожалување, за тоа спомогнаа лекарите. Но тој се јуначеше и во болницата гласно зборуваше дека сега веќе тој е ре-

шен за сè, готов за сè, и уште многу нешто ќе направи. Куликов се држеше како секогаш, то ест сериозно, прилично, и вратен по казната во затворот, гледаше така како божем никогаш не ја напуштал. Но затворениците не го гледаа така: и покрај тоа што Куликов секогаш и насекаде знаеше да се држи, затворениците во душа некако престанаа да го почитаат, некако повеќе својски, слободно почнаа да се држат со него. Со еден збор по ова бегство славата на Куликов многу потемне. Успехот толку многу значи меѓу луѓето . . .

ИЗЛЕГУВАЊЕТО ОД ЗАТВОРОТ

Сето тоа стана веќе во последната година од моето лежење во затворот. Таа последна година јас речиси исто така ја паметам како и првата, особено, најпоследното време во затворот. Но зошто да прикажувам за подробности. Паметам само дека таа година, и покрај мојата нестрпливост поскоро да си го одлежам рокот, мене ми беше полесно да живеам одошто во сите претходни години од моето прогонство. Прво, сред затворениците јас имав многу другари и пријатели; коишто најпосле решија дека сум добар човек. Мнозина од нив ми беа приврзани и искрено ме сакаа. Пионерот за малку само што не се расплака, испраќајќи ме мене и мојот другар од затворот, и кога ние потоа, веќе по излегувањето уште цел еден месец живеевме во тој град, во една државна зграда, тој речиси секој ден наминуваше кај нас, туку-така, само да нè погледа. Сепак имаше и сурови луѓе и нељубезни сè до крај, на коишто ми се чини им беше тешко да прозборат со мене еден збор — богзнае зошто. Чиниш меѓу нас стоеше некаква преграда.

Во последно време јас воопшто имав повеќе олеснувања, одошто во текот на сето време од моето лежење во затворот. Сред воените луѓе што служеа во тој град се најдоа познати, и дури дамнешни училишни другари. Јас ги обновив со нив односите и дружењето. Преку нив јас можев да имам повеќе пари, можев да пишувам во родниот крај и дури можев да имам книги. Беа минати веќе неколку години

како јас не бев прочитал ниедна книга, и тешко е да се изрази оној чуден и заедно со тоа возбудлив впечаток што ми го направи првата прочитана од мене книга во затворот. Паметам јас почнав да ја читам навечер, кога ја затворија касарната, и читав цела ноќ сè до развиделување. Тоа беше број на некој журнал. Чиниш ми дошла вест од оној свет, пред мене јасно и светло израсна сиот мој поранешен живот, и јас се трудев да погодам според прочитаното: сум заостанал ли многу од тој живот? Дали тие таму проживеале многу без мене, што сега ги возбудува, какви прашања сега ги занимаваат? Јас ги впивав зборовите, читав меѓу редови, се мачев да ја наоѓам скришната таинствена смисла, потсетување за минатото; барав трага од она што порано, во мое време ги возбудуваше луѓето, и ми беше толку мачно сега навистина да сознам до колкав степен јас бев туѓ на тој нов живот, сум станал отсечено парче. Требаше да се навикнувам на новото, да се запознавам со новото поколение. Особено се задржав на една статија потпишана од еден познат, порано близок човек . . . Но веќе звучеа и нови имиња: се јавиле нови дејци, и јас со жед брзав да се запознам со нив и се јадосував што имав толку малку книги и дека е толку тешко да се набавуваат.

А порано, при поранешниот мајор, беше дури опасно да се носат книги во затворот. Во случај на претрес бездруго би се поставиле прашања: „Откај ти се книгите? Откај си ги зел? Значи, имаш врска! . . .“ А што можев да одговорам јас на такви прашања? И затоа, живеејќи без книги, јас по неволја се задлабочував во самиот себе, си поставав прашања, се трудев да ги решам, понекогаш се мачев со нив . . . Но зар би можело да се раскаже за сето тоа! . . .

Јас влегов во затворот зиме и затоа требаше да излезам пак зиме, на истата дата од месецот на која сум дошол. Со каква нестрпливост јас ја очекував зимата, со каква наслада гледав на крајот на летото како жолтеат лисјата од дрвјата и венее тревата во степата. Но еве веќе помина и летото, зафучи есенски

ветер, ете веќе почна да мошоли првиот снег . . . Дојде, најпосле, таа долго очекувана зима! Моето срце секој час почнуваше придушено и силно да тупти од големото претчувствување на слободата. Но чудна работа: доколку повеќе поминуваше времето и доколку повеќе се приближуваше крајот на одлежувањето, јас дотолку станував пострплив и пострплив. А најпоследните дни јас дури се зачудив и се прекорив: мене ми се стори дека јас сум станал сосем ладнокрвен и рамнодушен. Мнозина затвореници, што ме сретнуваа во слободно време во дворот, почнуваа да прикажуваат со мене, ми честитаа.

— Еве ќе излезете, скапи Александар Петрович, на слобода, скоро, скоро. Ќе нè оставите сами, кутри.

— А вие, Мартинов, кога, и вие ли скоро? — одговарав јас.

— Јас ли! Е нема тука што! Уште седум години јас ќе одлежам.

И ќе си издивне за себе, ќе се запре, погледне расеано, чиниш загледувајќи се во иднината . . . Да, мнозина искрено и радосно ми честитаа. Мене ми се стори дека и сите како божем да почнаа помилозливо да се однесуваат кон мене. Јас очевидно веќе им станував не свој, тие веќе се проштаваа со мене. К-чинскиј, Полјак, благородник, исто онака како и јас сакаше да се рашетува многу во слободно време низ дворот. Тој мислеше со чист воздух и движење да го заварди своето здравје и ја надополни сета штета од задушните ноќи во касарната. „Јас со нестрпливост го очекував вашето излегување, — ми рече тој со насмевка, кога еднаш ме сретна на прошетка, — вие ќе излезете и јас тогаш веќе ќе знам дека ми останува една година до моето излегување.“

Ќе забележам тука патем дека поради мечтателноста и дамнешната одвикнатост кај нас слободата изгледаше како послободна од вистинската слобода, то ест онаа што е всушност, во стварност. Затворениците ја преувеличуваа претставата за вистинската слобода, и тоа е толку природно, толку својствено

на секој затвореник. Некаковси парталав офицерски посилен кај нас се сметаше речиси за крал, уште за малку идеал на слободен човек, во споредба со затворениците, затоа што тој одеше со неизбричена глава, без окови и без стража. Спроти самиот последен ден, на стемнување јас за последен пат го обиколив крај оградата сиот наш затвор. Колку илјади пати јас ја обиколував таа ограда во текот на сите тие години! Тука зад касарните јас се скитав во првата година на моето лежење во затворот сам, без никој свој, отепан. Паметам, како јас тогаш броев колку илјади дена ми остануваат! Господи, колку дамна беше тоа! Ете тука, во овој кат, живееше во плен нашиот орел; еве тука често ме сретнуваше Петров. Тој и сега не се разделуваше од мене. Ќе дотрча и како божем да се досетува за моите мисли, оди молкум крај мене и чиниш за себе се чуди на нешто. Јас во мислите се проштавав со тие поцрнети дрвени ѕидови на нашите касарни. Колку непријатно ме вцашија тие мене тогаш, во прво време. И тие, бездруго исто така остареле, но јас не го забележувам тоа. И колку младост е погребена напразно меѓу тие ѕидови, колку големи сили пропаднале тука напразно! Па треба веќе да се каже: сите тие луѓе беа необични луѓе. Па тие, можеби, се најдаровитите, најсилни луѓе од сиот наш народ. Но тукутака, попусто пропаднале моќни сили, пропаднале ненормално, незаконито, неповратно. А кој е виновен?

Токму тоа, кој е виновен?

Рано другата изутрина, уште пред излегување на работа, кога одвај што почна да се разденува, ги обиколив јас сите касарни за да се опростам со сите затвореници. Многу груби, мозолести, силни раце ми се подадоа милозливо. Некои ми стегнуваа рака сосем другарски, но такви беа малцина. А другите многу добро разбраа дека јас сега ќе станам сосем инаков човек одошто се тие. Знаеја дека јас имам во градот познати, дека уште веднаш оттука ќе отидам кај господата и ќе седнам заедно со тие господа, како рамен со нив. Тие тоа го разбраа и иако се прошта-

ваа со мене пријателски, иако милозливо, но ни најмалку не како со другар, а како божем со господин. Понекои се свртуваа настрана од мене и сурово не одговараа на моето збогување. Некои дури ме поледнаа со некаква омраза. Избиј барабанчето, и сите отидоа на работа, а јас останав дома. Сушилов таа изутрина стана речиси порано од сите и од сè сила се трудеше да ми приготви чај. Кутриот Сушилов! Тој заплака, кога јас му ги подарив моите затворенички износени облеки, кошулите, подоковниците — обвивки и троа пари. „Не ми е мене за тоа, не за тоа! — зборуваше тој со сила задржувајќи ги своите затреперени усни, — како да ве изгубам, Александар Петрович? Кому ме оставате тука!“ За последен пат се простив и со Аким Акимич.

— Па сега и вие скоро ќе излезете! — му реков јас нему.

— Јас уште многу, уште мошне долго ќе бидам тука, — мрмореше тој стискајќи ја мојата рака. Јас го гушнав и ние се бакнавме.

Десет минути по излегувањето на затворениците, излеговме и ние од затворот, за да не се вратиме никогаш во него, — јас и мојот другар со којшто бевме заедно дојдени. Требаше да се оди прво во ковачницата, да ни ги отковаат оковите. Но веќе не нè придружуваше стражар со пушка: ние тргнавме со подофицерот. Ни ги отковаа оковите пак наши затвореници, во инженерната работилница. Јас причекав додека му ги симнат оковите на мојот другар, а потоа и самиот пријдов на железото за расковување. Ковачите ме свртеа со грбот кон себе, ми ја кренаа одзад ногата и ја ставија на наковалната... Тие се штуткаа и варкаа, сакаа да го направат поопитно, поубаво.

— Нитната де, првин најпрвин нитната одврти ја! — командуваше постариот, — намести ја, ете така, добро е... Удри сега со чеканот.

Оковите паднаа. Јас ги кренав... Сакав да ги подржам во рацете, да ги погледам за последен пат. Чиниш сега се чудев што тие досега биле на моите нозе.

— Па, збогум! Збогум! — зборуваа затворениците со испрекинати, груби но како божем задоволни со нешто гласови . . .

— Да, збогум! Слобода, нов живот, воскреснување од мртвите . . . Каков прекрасен миг!

1861 — 1862 година

СОДРЖИНА

Увод — — — — — — — — — — — — — — 5

ПРВ ДЕЛ

I Мртвиот дом — — — — — — — — — — 11
II Први впечатоци — — — — — — — — — 28
III Први впечатоци — — — — — — — — — 48
IV Први впечатоци — — — — — — — — — 66
V Првиот месец — — — — — — — — — 86
VI Првиот месец — — — — — — — — — 103
VII Нови познанства. — Петров — — — — — — 120
VIII Решителни луѓе. — Лучка — — — — — — 135
IX Исај Фомич. Бањата. — Расказ на Баклушина — 143
X Божиќ — — — — — — — — — — — 162
XI Претставата — — — — — — — — — 181

ВТОР ДЕЛ

I Болница — — — — — — — — — — — 204
II Продолжение — — — — — — — — — 221
III Продолжение — — — — — — — — — 238
IV Маж ѝ на Акулька (расказ) — — — — — — — 259
V Летно време — — — — — — — — — — 271
VI Затворски животни — — — — — — — — — 291
VII Поплака — — — — — — — — — — — 305
VIII Другари — — — — — — — — — — — 326
IX Бегство — — — — — — — — — — — 343
X Излегување од затворот — — — — — — — — 360